| 3. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: 4 x 2<br>- 2011, *Краток осврт на англискиот јазик од историска перспектива,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 37, стр. 309-324.<br>- 2010, *Личнозаменски падежни остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 36, стр. 223-234.<br>- 2009, *Краток преглед на употребата на саксонскиот генитив во англискиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 35, стр. 69-82.<br>- 2008, *Употребата на дативните форми при изразување посесивност во македонскиот јазик и нивните еквиваленти во англискиот јазик,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 34, стр. 263-272. | 8 |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 13 x 1<br>- ноември 2013: *Assessment, Portfolios and Learner Autonomy,* International Conference on Learner Autonomy in Higher Education, ЈИЕ- универзитет, Тетово, Македонија.<br>- јуни 2012: *Teaching, Evaluation, Assessment – An Essential Component in EFL Learning,* A National Higher Education Conference – Quality of Learning and Teaching: Policy and Practice, ЈИЕ-универзитет, Тетово, Македонија.<br>- септември 2011: *Writing Portfolios as a Means of Continuous Assessment of Students' Writing Skills,* VII меѓународна конференција - "English Language and Literary Studies", Никшиќ, Црна Гора.<br>- април 2011: *A New Dimension to Texting,* IX меѓународна ELTA – IATEFL - конференција, Нови Сад, Србија. | |


22

| | | |
|---|---|---|
| | - октомври 2010: *Welcome to the SEETA World: 12 Teachers' Associations – 1 on-line community,* VI меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL конференција, Скопје, Македонија.<br>- октомври 2010: *Texting – Aid or Hindrance in EFL Learning?,* VI Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Скопје, Македонија.<br>- октомври 2010: *Mobile Phones as a Teaching Aid in EFL Learning,* Pecha Kucha Evening – ELT Firsts во рамките на VI меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Скопје, Македонија.<br>- април 2010: *Assessing EFL Students' Writing Skills* - Меѓународна конференција "From Teaching to Learning – Current Trends in ELT", ЈИЕ-универзитет, Тетово.<br>- декември 2009: *Language Assessment in the EFL Classroom* - Меѓународна конференција "English Language and Literature Studies - Image, Identity, Reality (ELLSIIR)", Белград, Србија.<br>- септември 2009: *Teacher Language-Focused Feedback on L2 Writing* - Меѓународна конференција за англо-американски студии - "Construction, Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.<br>- септември 2009: *Culture as a Tool in the Modern EFL Classroom –* Меѓународна конференција за англо-американски студии - "Construction, Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.<br>- септември 2008: *Feedback in the EFL Writing Classroom - Teacher vs. Peer Feedback* - Меѓународна конференција "English Studies in the European/Global Context: Current Issues, Future Trends", Скопје, Македонија.<br>- октомври 2006: *Using Peer Review in the ESL Writing Class,* Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Струга, Македонија. | 13 |
| | **ВКУПНО** | **32.0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: 2 x 1<br>- оценувач на деловите: Читање и Слушање од испитот IELTS - University of<br>Cambridge (clerical marker);<br>- независен читач по предметот англиски јазик за Државната матура спроведена од Биро за развој на образованието (Министерство за образование). | 2 |
| 2. | Учество во работата на комисии за државни натпревари:<br>- учесник во спроведувањето на National Essay Contest, натпревар по пишување есеј на државно ниво | 1 |
| 3. | Превод:<br>- книга: 3 x 3 = 9<br>- 2010, превод на Информатор на Филозофски факултет – по повод јубилејот 90 години високо образование, Скопје; | |


23

| | | |
|---|---|---|
| | - 2010, превод на книга од англиски на македонски јазик, *Рим - Подемот и падот на една империја*, автор: Филип Вилкинсон, Просветно дело, Скопје. (Wilkinson, Philip. *Rome - Rise and Fall of an Empire);*<br>- 2009, превод на книга од англиски на македонски јазик, *Книга за позитивни емоции - Билни и цветни лекови за издигнување на Вашите внатрешни чувства*, автор: Малти Каитан, Просветно дело, Скопје. (Khaitan, Malti. *The Positive Emotions Book - Flower Remedies to Uplift Your Inner Senses).*<br>- дел од книга: 1 x 1<br>- *Општествени истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи* (шесто издание), автор: В. Лоренс Њуман, Просветно дело, Скопје. (Neuman, W. Lawrence. *Social Research Methods: Qualitative and Quantitative Approaches - sixth edition)*<br>- статија: 9 x 0.5 = 4.5<br>- Ilievski, Borce. *The Macedonian-Serbian Church Conflict from 1945 to the Present;*<br>- Jovanovski, Dalibor. *19th Century Ottoman Macedonia in Western History Books;*<br>- Maneva, Elica. *Examples of the Popularization of Medieval Jewelry (Vodaca Necropolis – Grave 942 – XVI century);*<br>- Filiposki, Toni. *Theophylact and the People of Ohrid: the Issue of the "Otherness";*<br>- Gjorgiev, Vanco. *Bulgaria, For or Against the Ilinden Uprising;*<br>- Gjorgiev, Vanco. *A Battle for the Graves: the Absurdity of the Propaganda in Macedonia;*<br>- Ackovska, Violeta. *Political Conditions and Parliamentary Life in Macedonia as Part of Southern Serbia, 1919-1929;*<br>- Sarakinski, Vojislav. *The Disarray in Thessaly;*<br>- Sarakinski, Vojislav. *The Fallacy of the European Satrapy* | 14.5 |
| 4. | Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик:<br>- книга: 2 x 1 = 2<br>- 2010. *Родовата обележаност во англискиот јазик* (Наумоска, Анета)<br>- 2010. *Modern English Grammar – A Handbook* (Janeva-Mihajlovska, Marija)<br>- статија: 10 x 0.25 = 2.5<br>- 2010. *Macedonian Historical Review* – A Scholarly Journal (издава: Институт за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје) *(лектура на 10 статии во списанието)(The Ethno-Cultural Basis of Ancient Macedonia; The Problem of the Discontinuity in Classical and Hellenistic Eastern Macedonia; Peliganes: the State of the Question and Some Other Thoughts; The Barbarian Incursions on Macedonia in the Early Middle Ages: Defining Chronology, Geography and Factors; The Komani-Krue Settlements and some Aspects of their Existence in the Ohrid-Struga Valley (VII – VIII century); The Triconch at Tudence: A Short Analysis of the Type in the History of Architecture; Theophylact of Ohrid: Polog Reported for the First Time in the Sources; A Signet Ring with a Bee* | 4.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Emblem; Two Concepts for the Establishment of the Macedonian State; The Ethno-Demographic Changes in the 1950s in the People's Republic of Macedonia: The Emigration Process of the Turkish and Muslim Population)* | |
| | **ВКУПНО** | **22.0** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Р. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Студиски престој во странство:<br>- до три месеци:<br>- ноември 2005, Манчестер, Велика Британија: студиски престој во рамките на Writing University Project. | 0.5 |
| 2. | Член на факултетска комисија: 5 x 0.5<br>- член на разни факултетски комисии, меѓу кои: Централна пописна комисија, Комисија за библиотечен фонд, Уписна комисија, Комисија за спроведување приемен испит на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Централна комисија за распоред (на ниво на факултет) | 2.5 |
| 3. | Координатор на студиска програма:<br>- ЕКТС - координатор за студентите од прва година при Катедрата за англиски јазик и книжевност (од 2005 до 2012 година). | 7 |
| | **ВКУПНО** | **10.0** |

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 251.3

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 32.0

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 22.0

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС: 10.0

**ВКУПНО: 315.3**

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

3. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.


25

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛЕПЧЕНСКИОТ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР ВО XVI ВЕК“ ОД М-Р СОЊА ЕНЦЕКОВА-СОПОТСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, што на својата четириесет и прва редовна седница, одржана на 29.1.2014, не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов „**Слепченскиот книжевен центар во XVI век**“, изработен од м-р Соња Енцекова-Сопотска, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторскиот труд „Слепченскиот книжевен центар во XVI век“, изработен од кандидатката м-р Соња Енцекова-Сопотска, претставува текст од 419 компјутерски печатени страници, во новинарски проред. Текстот формално е поделен на седум раздели.

Во првиот раздел, „**Пролегомена за средновековната македонска писмена традиција**“, кандидатката го разгледува средновековниот естетски развој на македонската литература, ги дефинира книжевните жанри и го објаснува стилот на епохата во XVI век. Во однос на средновековниот естетски развој на македонската писмена традиција, Енцекова-Сопотска забележува еден континуитет во книжевно-теориски поглед што ја обединува уметничката традиција во средновековната македонска литература. Кандидатката Енцекова-Сопотска, проучувајќи ги средновековните жанри, констатира дека во средниот век постои неразликување на книжевните жанри, односно за дефинирање на еден жанр не се пресудни книжевните особини на текстот, туку темата за која станува збор. Разгледувајќи ја средновековната историја и поетика, канидатката Енцекова-Сопотска зборува за т.н. стил на епохата, за стилистички норми во дадената епоха што се јавувале во зависност од жанровскиот систем, односно од тематските разновидности на делата што се пишувале/препишувале.

По ова, следува вториот дел од дисертацијата, насловен како: „**Слепченскиот книжевен центар како средновековен скрипториум**“.

Според Соња Енцекова-Сопотска, манастирот *Св. Јован Претеча* во с. Слепче, Демирхисарско, бил еден од најважните македонски духовни и книжевни светилишта во минатото. Тој бил основан во XVI век од кога и се здобил со слава на значаен духовен и книжевен центар, со бројно братство, богата библиотека и скрипториум во кој се пишувале и препишувале ракописни книги.

Слепченскиот манастир во минатото имал богата ракописна збирка во која се наоѓале значајни македонски ракописи. Еден од тие ракописи бил и *Слепченскиот апостол* XI-XII, потоа *Слепченскиот фрагмент од триод од* XII *век*, *Слепченското евангелие од* XV *век* и др.

Ракописната збирка во Слепченскиот манастир во минатото била систематски разграбувана и опустошенувана. Збирката била особено

оштетена во XIX век кога манастирот бил посетен од повеќемина познавачи на вредноста на старите ракописни книги.

Интересно е дека Соња Енцекова-Сопотска темелно и прецизно ги разгледала лицата кои работеле во рамките на манастирот на планот на ширењето на ракописната книга. Во таа смисла особено е значајно нејзиното истражување во врска со писателите, препишувачите и преведувачите во самиот манастир. Според кандидатката, од оваа група најмногубројни биле препишувачите, бидејќи во овој период немало друг начин за ширење на книгата, освен рачното препишување. Препишувачите, како што сосема точно размислува и кандидатката, строго се придржувале кон оригиналниот текст и само во исклучителни случаи правеле отстапки од основата на текстот, при што се појавувале до извесен степен и како писатели. Творците често биле и преведувачи, а и препишувачи на своите преводи. Многумина од книжевниците-писатели, преведувачи или препишувачи биле и уметници-подврзувачи. Тие ја пишувале книгата, а потоа и сами ја украсувале и подврзувале. Според авторката, повторно едно точно и прецизно тврдење-култот кон книгата се состоел од обичајот- пишаното да се украсува и да се естетизира, т.е. ликовно да се илустрира и да се илуминира. Канидатката во овој раздел се занимава и со разновидни проблеми при пишувањето/препишувањето на ракописните книги, како што се грешките на препишувачите. Од тие причини, вообичаено, секој ракопис завршувал со запис во кој се запишувала молба и извинување кон читателите за евентуално направените грешки.

Енцекова-Сопотска, користејќи ги ракописите, дава опис на изгледот и однесувањето на пишувачите на ракописни книги. Според кандидатката, основна карактеристика на средновековниот писател е неговата скромност, што се поврзува со религиозниот мироглед на човекот. Од една страна, писателот себе си се гледа како *недостоен* и *неспособен* да ја изложи својата тема со зборови, туку може да искаже почит само со молчење, а од друга страна тој чувствува должност да се изрази со зборови. Овде кандидатката ја гледа основната причина книжевникот да не се потпишува под својот труд, иако делото го пишувал со голема љубов или пак ги потпишувал своите книги со тајнопис. Анализирајќи го Слепченскиот центар низ вековите, Енцекова-Сопотска укажува на поголем број на ракописи што го карактеризираат ова светилиште. Во таа смисла, кандидатката укажува на *Слепченскиот апостол* од *XII век*, *Евангелие од кр. на XIV век*, *Слепченскиот поменик (кодик)* и др. Во XV век во Слепченскиот манастир веќе постоел оформен скрипторски центар каде што работеле даровити книжевници и илуминатори. Слепченскиот книжевен центар својата слава ја достигнал особено во XVI век кога тука работел **Висарион Дебарски** и неговите наследници**: Пахомиј Слепченски, Матеј Слепченски и инокот Сисој.**

Во следниот дел од дисертацијата кандидатката го обработува поглавјето, насловено како: „**Археографски преглед на преписите на ракописите на Висарион Дебарски“.**

Во науката преовладува мислењето дека најпознат претставник на Слепченскиот центар бил книжевникот **Висарион Дебарски**.

За негови ракописи се сметаат триесетина ракописи, меѓу кои особено се истакнуваат: 1. *Зборник од 1542 година*.Ракописот е познат само по еден лист, кој се чува во збирката на А.Ф. Гилфердинг во С.Петербург / ГПБ, Гилф. F.I. 488/. 2. *Служебен минеј за месец февруари од 1546*. Се чува


27

во Народната библиотека во Софија, под бр.913. 3. *Зборник од 1547 година.* Основниот дел од ракописот се наоѓа во библиотеката на БАН, во Софија, каде што се чува под бр.83. 4. *Зборник од поученија на Кирил Ерусалимски од 1547 година* /НБКМ,бр.305/. Се чува во Софиската народна библиотека, под бр.305. 5.*Зборник од житија и патерични раскази од 1547 година* /НБКМ 306/. 6. Четириевангелие/Слепченско/ од 1548 година. Се чува во Народната библиотека во Белград, под бр.102. 7. *Служебен минеј за месец јули од 1549 година* /НБКМ, бр. 915/. 8. Пролог за зимската половина на црковната година /септември-февруари/ од 1551 година. Се чува во Москва, ГИМ, Хлуд.192/. 9. Зборник од 1553, Софија, НБКМ, бр.1032. 10. Пролог /Варлаамов/ од 1554 година, Софија, НБКМ,бр.1041.11. Четириевангелие /Буховско/ од 1544 година, Софија,НБКМ, бр.57. Овој ракопис за првпат во науката се поврзува со името на Висарион Дебарски.

Според археографскиот опис на м-р Соња Енџекова на Висарион Дебарски му се припишуваат и ракописите: 1. *Служебен минеј за месец ноември од 40-те години на XVI век*, Софија бр.911; 2. *Прологот за зимската половина на црковната година* од средината на XVI век, НБКМ 2/19; 3. *Зборник со филозофско-богословски трактати* од средината на XVI век, Софија, БАН, бр. 82; 4. *Стишен пролог за септември-февруари* од околу 1560, Софија, БАН, бр. 75; 5. *Зборник од 60-тите години* на XVI век, Софија, НБКМ, бр. 311.

Овие ракописи треба допрва да бидат предмет на пошироки научни опсервации.

Како што може да се види од археографскиот опис на докторантката-книжевната продукција на Висарион Дебарски може условно да се подели во три групи: 1. Библиски и богослужбени книги-евангелија и минеи; 2. Монашка книжнина-пролози и патерици; 3. Зборници.

Од истражувањето на ова поглавје може да се види дека м-р Енџекова-Сопотска успеала целосно да го презентира, правилно да го класира и на соодветен начин да го анализира овој дел од материјалот којшто, впрочем, е недоволно проучен во науката.

Следниот дел од дисертацијата на м-р Соња Сопотска-Енџекова се однесува на **"Библиската егзегеза во книжевното дело на Висарион Дебарски"**, во кој се разгледуваат принципите на средновековната поетика, поврзана со овој средновековен книжевник од XVI столетие.

Библијата, според зборовите на докторантката, е таа којашто предлага модели и канони за сите делови на едно средновековно литературно дело, а тоа значи: фабула, композиција, јазик, стил и сл. Тоа значи дека евангелскиот текст се јавува како основен сижејно-фабулен модел на житијата, а цитатите од Библијата се присутни во сите жанрови на средновековната литература. За вистинитоста на ова тврдење сведочат цитатите од најстарите црковни отци, каде што се употребува Светото писмо на Новиот завет. Висарион Дебарски во своето книжевно творештво во добар дел го актуализира исихатстичкото филозофско движење. Тоа нешто е особено присутно во зборниците со неодреден мешовит состав, каде што се наоѓаат *Творбите на Дионисиј Ареопагит* во превод на Исаија Серски, *Посланието на Јован Дамаскин до Козма Мајумски*, *Богословието на Јован Дамаскин*, *Диоптрата на Филип Монотроп*, *Граматичкото дело на Константин Филозоф*, *Климентовите Предели*, *Полемичките списи на Григориј Палама против Латините*. Присуството на филозофско-богословските и догматските поими ја пренесуваат апстрактноста на времето и просторот во толкувањето на книжевното

творештво на Висарион Дебарски. Во *Зборникот со богословски трактати,* пишуван околу 1540 година, е претставена најпознатата полемика (меѓу Палама и Варлаам) во исихастичката филозофија. Во *Зборник со дела на Јован Дамаскин и Григориј Палама* се прави анализа на богословието преку историјата, литургијата, психологијата и филозофијата.

Во *Зборникот со филозофско-богословски трактати*, пишуван во средината на XVI век, станува збор за најважното дело на Јован Дамаскин- точно изложување на православната вера што претставува трет дел од општото богословие. Во херменевтичкото- библиско толкување значајно место заземаат и *Зборниците со дела од Дионисиј Аеропагит* (заради неоплатонистичкиот филозофски метод). Во зборникиот *Златоуст* и *Висарионовите пролози* е присутно тематско проширување со вклучување на вметнати текстови-патеричните раскази. Во Висарионовиот *Стиховен пролог за март-август од 1554* г. е поместена најголемата збирка патерични раскази, како што се: *Отец Герасим и лавот, За Картагенскиот војвода, Филозофот Евгариј и епископ Синесиј, За калуѓерот кој бил неправилно обвинет за кражба, За жената која била убиена од својот свекор, Папа Григориј Прмски, Препростиот, Монахот Малх.*

Присуството на патеричните раскази во *Висарионовите пролози* и во зборникот *Златоуст* сведочи за идејната насоченост кон духовните вредности на средновековниот човек. Заедничко за овој книжевен жанр претставува општата тематика што е поврзана со монашкиот аскетски живот, така што од една страна стои религиозната свест за нивниот живот, поврзан со житијните настани, а од друга страна, се опишуваат и настани надвор од манастирските ѕидини и контактите на монасите со животот на *светското* општество. Во книжевното творештво на Висарион Дебарски се вклучуваат и минеите како карактеристичен жанр, потоа епистоларната литература (што означува писмо,послание). Како пример за најстара епистоларија во книжевното творештво на Висарион Дебарски-Соња Енцекова-Сопотска го изнесува карактеристичниот пример со *Слепченскиот писмовник.*

Во разгледуваново поглавје, докторантката ги разгледува и записите на В. Дебарски од аспект на книжевноисториографски жанр, како и хрониките или летописите како оригинални книжевно-историски текстови. Додека записите се претставени преку неколкуте ракописи во кои В. Дебарски оставил свое писание, за летописите докторантката оправдано го дава примерот со т.н. *Висарионов летопис*, сместен во зборникот со мешовита содржина што се чува во црквата Св. Никола во Бијело Поље, под бр. 49.

Едно од битните прашања, кои во докторскиот труд на м-р Соња Енцекова-Сопотска се обработени со посебно внимание и компетентност, е прашањето за **преписите и црковно-литургиската книжевна дејност на Пахомиј Слепченски.** Во првиот дел од ова поглавје, насловено како: *Преписите на Пахомиј Слепченски*-кандидатката дава опширни податоци за сите ракописи кои ги пишувал овој значаен средновековен книжевник, ученик на познатиот граматик- Висарион Дебарски. Меѓу позначајните ракописи на овој талентиран калиграф се изделуваат следниве ракопси:

1. *Требник од 1540 година.* Споменикот се чувал во Белград / НБС, бр. 309/, но бил уништен за време на Втората светска војна.


29

2. *Службен минеј за месец мај од 1545 година.* Ракописот е познат според еден фрагмент од 4 листа, сочувани во збирката на А.Ф.Гилфердинг во С.Петербург /ГПБ, Ф.И. 488/.

3. *Служебник од 1547 /Загреб, ЈАЗУ, III, с. 25/.*

4. *Службен минеј за месец јуни од 1547, Софија, НБКМ, бр.914.*

5. *Пролог за летната половина на црковната година од 1560 година.* И овој ракопис бил уништен за време на Втората светска војна /Белград, НБС, бр. 396/.

6. *Службен минеј за месец октомври од 1575.* Ракописот се чувал во манастирот Русиница, а каде се наоѓа денес-не е познато. Ракописот содржи запис,кој е објавен од Љ.Стојановиќ.

7. *Панегирик од средината на XVI век.* Ракописот се чува во НБКМ, во Софија, под бр. 443. Пахомиј пишувал од л.1 а-342 б. Не е познато каде се чува денес.

8. Паренесис на Ефрем Сирин од 60-тите години на XVI век. Ракописот се чува во НБКМ во Софија, под бр.1031. Ракописот нема почеток и крај.

Тематската определба на ракописите на Пахомиј Слепченски е ориентирана главно кон пишување на литургиска и хагиографско-патерична литература. Препишаните ракописи, како што точно забележува и кандидатката, имаат чисто црковно-богослужбен карактер, односно се работи за: требници, минеи, зборници, пролози и др.

Во вториот дел од ова поглавје, насловено како**: „Црковно-литургискаta дејност на Пахомиј Слепченски“** докторантката Енцекова-Сопотска поимот *литургија* го дефинира како општо, заедничко, народно дело, јавна служба или функција на црквата, каде што се открива богочовечкото битие и неговиот небоземен живот како главен израз на црковното богослужение. Според црковната традиција, литургијата била востановена од Исус Христос кој ја дал основата за уредувањето на богослужбата, каде што Бог е почитуван со дух и со вистина, исполнувајќи го основниот принцип на вистината преку молитвата и постот. Како втемелувачи на божествената литургија се јавуваат: апостолите Јаков и Марко, кои ја составиле литургијата за Ерусалимската, Антиохиската и Египетската црква. Енцекова-Сопотска го проследува унифицирањето на литургијата од Василиј Велики и Јован Златоуст, па сè до старословенската литургија, воведена од св. Кирил и Методиј и од нивните ученици, чијашто основа потекнува од византискиот богослужбен ритуал. Енцекова-Сопотска во своето истражување го разгледува црковно-литургискиот аспект во книжевното творештво на Пахомиј Слепченски и во таа смисла ги истакнува делата на Пахомиј Слерпченски, поврзани со Божествената литугија, како што се: требникот, кој претставува богослужбена книга во која се изложени свештенодејствијата и молтвословијата од посебното (приватно) богослужение, т.с. чиновите на тајните и разни црковни молитвословија што се вршат според потребите на еден или повеќе Христијани. Како пофреквентен жанр, присутен и во книжевното творештво на П.Слепченски, докторантката го издвојува служебникот кој го дефинира како црковно-книжевен текст, наменет за презвитерите и ѓаконите за да се служат во црковните служби, литургиите: Василева, Златоустова и литургијата на преождесветените дарови. Како што е наведено и во докторатот на м-р Сопотска, кон основниот текст на богослужбените ракописи најчесто се додадени евангелијата со нивната актуализирачка улога, апостолите, типиците и сл.


30

Во рамките на разгледуваново поглавје, докторантката Соња Енцекова-Сопотска се задржува на **стилистичкиот аспект на црковно-литургиските жанрови во книжевната дејност на Похомиј Слепченски**. Стилистичкиот апект на литургијата се однесува на библиската содржина, сликите, компарациите, параболите, референциите и сето тоа претставува еден систем на изрази, преземени од Библијата како извор на севпкупното христијанско учење. Според кандидатката, лиругиските текстови на Пахомиј Слепченски претставуваат сликовит поетски израз, кој во однос на содржината и структурата се достојни на оригиналот, односно византискиот модел е присутен во основното јадро на овие ракописи.

Следниот дел од дисертацијата го претставува поглавјето „**скрипторската дејност и стилистиката во ракописите на Матеј Слепченски**“**,** каде што се разгледува еден од најзначајните претставници на Слепченскиот книжевен центар-еромонахот Матеј. Со сигурност се знае дека од раката на овој пишувач настанале два ракописа: *Диоптра на Филип Монотроп* и *Книга на пророците*.

Во *Диоптрата на Филип Монотроп* посебно место заземала монолошката форма каде што се разгледувало прашањето за покајанието пред смртта и одделувањето на душата од телото. Во *Книгата на пророците*-книжевникот Матеј вклучил текст од 16 пророци-мали и големи, а на крајот е додаден апокалипсис со толкувања од Андреј Критски.

Врз однова на палеографските, правописните и јазичните особености на Матеј Слепченски му се припипшуваат едно *Поучително евангелие,* еден *Апостол* и *Ракопис со дела од Дионисиј Ареопагит*. За сите ракописи во докторатот се изнесуваат меродавни податоци во кои се претпоставува нивното авторство.

Сепак, искуството покажува дека тие податоци не се доволни во случајот со докажувањето на авторството на ракописот или со самото дело. Тоа пак, од своја страна значи дека проучувачите на средновековната книжевност треба да бидат особено претпазливи во искажувањето на ставови од овој вид. Впрочем, кандидатката во сите случаи, а особено во овој покажува доза на претпазливост во искажувањето на тврдењето кое во науката не е докажано.

Во поднасловот на поглавјето, Енцекова-Сопотска го разгледува делот во врска со **стилистиката во ракописите на Матеј Слепченски** и во таа смисла го дефинира поимот *стилистика* и се задржува на семантичко-стилистичкиот регистар во книжевната дејност на Матеј Слепченски, како и на херменевтичкиот идентитет во преписите на Матеј Слепченски.

Централно место во стилистиката на ракописите на Матеј Слепченски зазема истражувањето за законитостите при создавањето и развојот на индивидуализмот како цврста структура од оформен систем што влегува во рамките на книжевно-уметничкиот израз. Принципот на индивидуализација претставува историски принцип, бидејќи со присуството на библиските цитати и формули се овозможува заемна поврзаност меѓу духовното и обичното, секојдневното.

Од ова што можевме да го видиме излегува дека Матеј Слепченски во своите ракописи внел *стилистичка* конкретност во филозофскиот поглед кон актуализираната реалност на христијанска вера.

Едно од реално потребните поглавја во тезата е поглавјето, поврзано со **книжевните жанри со потекло од Слепченскиот книжевен**

**центар во XVI век**. Книжевните жанри, како што можевме да видиме од претходните поглавја, повеќе или помалку беа разгледани во врска со книжевното творештво на слепченските книжевници од XVI век. Сепак, не е на одмет едно вакво поглавје да биде поставено и посебно. Енџекова-Сопотска точно укажува дека во жанровиот систем на Слепченскиот книжевен центар централно место заземаат библиските книги, што со својата стилска компонента и поетика ја определуваат конструкцијата на жанрот, чијашто основа се засновува врз библиската традиција, потоа зборниците со мешовита содржина, со поучително-дидактичка содржина, патеричните раскази што се јавуваат како компактна жанровска група со разновидна содржина и форма, поучителните и пофалните слова, евангелието и апостолот, месечните и празничните минеи, пролозите, посниот и цветниот триод, тропарите, кондаците, часословите, служебникот, требникот. Во ораторскиот дел од средновековниот книжевен жанр влегува и молитвата, прологот како средновековен хагиографски зборник, црковно-книжевниот жанр-панегирик, исполнет со свечени слова за поголемите празници во годината и пофали за значајни христијански светители. Како средновековна жанровска разновидност во книжевното творештво на слепченските книжевници се јавува панегирикот како украсно слово, патеристичните текстови, житијата, записите и натписите, мемоарските обиди.

Во делот „**Заклучни согледби**“ резимирано се претставени резултатите од истражувањето. Истакнати се клучните моменти, кои битно влијаеле врз реализацијата на овој исклучително важен труд, посветен на Слепченсклиот книжевен центар во XVI век.

На крајот од трудот, во поглавјето „**Библиографија**“ е презентиран список на користена и консултирана стручно-научна литература од 198 библиографски единици.

Трудот е снабден со неоходната научна апаратура, при што се употребени 307 фусноти.

Имајќи го предвид наведеното дотука, Рецензентската комисија едногласно констатира дека м-р Соња Енџекова-Сопотска целосно го има совладано научниот метод на работа и во нејзиниот докторски труд ни се претставува како сериозен научен работник кој поседува широки знаења од областа на медиевистиката. Ваквата солидна подготвеност и овозможи компетентно и на високо научно ниво да ја изработи својата теза со што дава своевиден придонес во развојот на средновековната книжевност кај нас и пошироко.

Поради тоа, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот фаскултет *Блаже Конески* во Скопје да ја прифати докторската дисертација на м-р Соња Енџекова-Сопотска под наслов: **„Слепченскиот книжевен центар во XVI век“** и да ја повика кандидатката на усна одбрана пред петчлената испитна комисија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Добрила Миловска, с.р.
2. Проф. д-р Михајло Георгиевски, с.р.
3. Отец, проф. д-р Стефан Санџакоски, с.р.
4. Проф. д-р Кита Бицевска, с.р.
5. Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ, с.р.


32

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 28.02.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Маја Малахова | Постапувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правата на учесниците во постапката за јавните набавки | Д-р Борче Давитковски |
| Мишо Василевски | Правна заштита во постапките за доделување договори за концесии и воспоставување јавноприватно партнерство | Д-р Борче Давитковски |
| Бојан Андонов | Управување со технолошки индустриски развојни зони | Д-р Драган Гоцевски |
| Билјана Коцева | Конституирање и надлежности на органите на локалната самоуправа – компаративна анализа | Д-р Ивана Шумановска Спасовска |
| Павлина Зефиќ | Учеството на жените во високо раководни функции и причини за родова нееднаквост | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Божидар Милошевиќ | Норми со непосредна примена во меѓународното приватно право на Европската унија и во Република Македонија | Д-р Тони Дескоски |
| Дијана Тасевска | Исклучивата економска зона како морски појас во меѓународното право: случајот на Република Хрватска | Д-р Татјана Петрушевска |
| Благица Филимановска | Економската дипломатија: случајот на Република Македонија | Д-р Татјана Петрушевска |
| Славица Живковиќ | Збратимувањето на градовите во Европа | Д-р Татјана Петрушевска |
| Александар Пеновски | Современи тенденции кај банкарските обезбедувања за | Д-р Димитар Гелев |


33

| | | |
|---|---|---|
| | дадените кредити | |
| Симон Попевски | Кривичноправна заштита на малолетниците | Д-р Методија Каневчев |
| Виолета Бојковска | Виктимолошки аспекти кај сексуални деликти | Д-р Методија Каневчев |
| Никола Јованоски | Феноменологија и етиологија на самоубиствата | Д-р Методија Каневчев |
| Натали Бојковиќ | Современите реформи на македонското казнено право во функција на воедначување на казнената постапка | Д-р Никола Тупанчески |
| Мартина Мартинова | Казнено-правни апсекти на пиратерија на аудиовизуелно дело | Д-р Никола Тупанчески |
| Димитар Алексов | Криминална политика - de lege lata и современите тенденции | Д-р Никола Тупанчески |
| Ива Спировска | Кривично правни аспекти на асиметричните закони за националната и меѓународната безбедност | Д-р Никола Тупанчески |
| Фросина Антоновска | Политички кривични дела | Д-р Никола Тупанчески |
| Дијана Дамјановска | Улогата на институциите во сузбивањето на перењето пари во Република Македонија | Д-р Никола Тупанчески |
| Стефан Дувњак | Злосторничко здружување – теоретски и практични аспекти во Република Македонија | Д-р Никола Тупанчески |
| Никола Тортевски | Поранешна осудуваност како причина за рецидивизам | Д-р Гордана Бужаровска |
| Елена Шишевска | Положбата на жената како сторител и жртва на кривично дело | Д-р Гордана Бужаровска |
| Иван Гогушовски | Феноменолошки карактеристики на трговијата со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори | Д-р Гордана Бужаровска |
| Марко Јовески | Стапка на притворени лица | Д-р Гордан Калајџиев |


34

| | | |
|---|---|---|
| Ангела Алтипармаковска | Амнестијата на Хашките случаи | Д-р Гордан Калајџиев |
| Елена Антевска | Алкохолизмот како криминоген фактор | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Викторија Јанева | Етиолошки карактеристики на рецидивизмот | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Гордана Најдоска | Положба на осудените лица во Затвор Прилеп | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Мимоза Најдова | Превенцијата од повтор на сексуалниот криминалитет | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Андријана Велинова | Наркоманија како криминоген фактор | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Даниела Горанцалиева | Криминолошки аспекти на трговијата со луѓе | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Моника Николовска | Етиологија на самоубиствата во Република Македонија | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Ивана Трифуновска | Криминолошки аспекти на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 2008-2012 | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Кристина Николовска | Сообраќајна деликвенција во Република Македонија во периодот од 2008-2012 година | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Томо Ѓорѓевиќ | Превенција на сообраќајната деликвенција | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Тања Цветановска | Одмерувањето на казната во споредбеното право (со посебен осврт на отежнувачките околности) | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Ана Гелевска | „(Де)криминализација на сурогат-мајчинството во Република Македонија и споредбеното право | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Стевчо Биноски | Кривични дела против јавниот ред и мир и јавната безбедност во потесна смисла | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Александра Марковска | Новите инкриминации | Д-р Александра |


35

| | | |
|---|---|---|
| | во областа на пресадувањето на човечки органи и ткива | Деаноска Трендафилова |
| Мартина Коцевска | Трговијата со деца заради незаконито посвојување | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Моника Чамовска | Финансиски и оперативен лизинг | Д-р Биљана Петревска |
| Симона Тримчевска | Урбанистичко планирање – правна регулација | Д-р Димитар Гелев |
| Маријан Зафиров | Разлачни права во стечајна постапка | Д-р Димитар Гелев |
| Љупчо Танчески | Улогата на Меѓународната Организација на Трудот во креирањето на меѓународното трудово право и нејзиното влијание врз трудовото законодавство во Република Македонија | Д-р Тодор Каламатиев |
| Љубица Костеска | Правни последици од отворање на стечајна постапка – споредбеноправна анализа | Д-р Горан Коевски |
| Мирче Јанев | Концептот на сообразеност на стоките во споредбеното и во домашното право на трговска продажба | Д-р Горан Коевски |
| Никола Стојановски | Улогата на транспортните клаузули во меѓународниот промет на стоки | Д-р Горан Коевски |
| Андреја Кочовски | Начини на стекнување статус на акционер, со посебен осврт на правата на малцинските акционери | Д-р Александар Климовски |
| Катерина Поп-Иванова | Спецификите на одборот на директори во англо-американскиот модел на корпоративно управување | Д-р Александар Климовски |
| Марија Маркоска | Осигурување на живот со посебен осврт на осигурителниот сектор во Република Македонија | Д-р Биљана Петревска |


36

| | | |
|---|---|---|
| Иван Радевски | Анализа на влијанието на меѓународните правни извори врз создавањето на современото европско право за трговска продажба | Д-р Дарко Спасевски |
| Ивица Бошевски | Заштита на инвеститорите на пазарот на хартии од вредност преку механизмите на делување на регулаторните органи во земјите од Југоисточна Европа и Сојузна Република Германија | Д-р Дарко Спасевски |
| Елисавета Велеска | Казнено-правна заштита од мобинг | Д-р Никола Тупанчески |
| Коста Петков | Положбата и улогата на акционерите во системот на корпоративното управување со посебен осврт на системите со дисперзирана сопственичка структура | Д-р Александар Климовски |
| | | |


37

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Александар Андонов** | **Банкарската финансиска криза – причини, последици и ефекти врз светската економија** | **доц.д-р Биљана Петревска** |
| **Аника Деловска** | **Финаннсирање на градските општини: Студија на случај во општините на градот Скопје** | **проф.д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Владимир Панчевски** | **Злоупотреби во јавните набавки во рамки на финансиско – правните односи** | **проф.д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Роберт Андоновски** | **Злоупотреба на службената положба и овластување во финансиско-правните односи во Република Македонија** | **проф.д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Марија Јовановска** | **Улогата на агенциите за кредитен рејтинг во одржувањето на стабилноста на финансискиот систем** | **доц.д-р Јован Зафироски** |
| **Аземина Колиќ** | **Улогата на Македонскиот интербанкарски платен систем во функционирањето на платниот промет во Република Македонија** | **доц.д-р Јован Зафироски** |
| **Дијана Атанасовска** | **Улога и значење на Фондот за осигурување на депозити** | **доц.д-р Јован Зафироски** |
| **Срна Илова** | **Стабилност на финансискиот систем vs. конкуренција и иновација во финансискиот сектор** | **доц.д-р Јован Зафироски** |
| **Елена Мијалова** | **Проблемите и предизвиците на корпоративното управување низ призмата на политиките за исплата на дивиденди** | **доц.д-р Александар Стојков** |
| **Андреа Лазаревска** | **Супервизија на небанкарски финансиски институции во Република Македонија** | **доц.д-р Александар Стојков** |
| **Јулијана Петрушевска** | **Форми на злоупотреба на билатералните договори за избегнување на двојно оданочување** | **проф.д-р Весна Пендовска** |
| **Љупчо Божиновски** | **Даночно бегство vs. даночна** | **проф.д-р Весна** |


38

| | | |
|---|---|---|
| | евазија | Пендовска |
| Драгица Јолевска | „Даночни раеви" во и надвор од Европската Унија | проф.д-р Весна Пендовска |
| Драгана Порчу | Реорганизација во стечајна постапка | проф.д-р Димитар Гелев |
| Дафинка Димитриевска | Капитал на друштво со ограничена одговорност | проф.д-р Димитар Гелев |
| Милена Атанасова | Капиталот и акциите кај акционерското друштво | проф.д-р Димитар Гелев |
| Санела Стојаноска | Берза и берзанско работење на Македонската берза | проф.д-р Димитар Гелев |
| Џугоманова Ана | Значењето на проспектот за новите емисии акции кај акционерските друштва | проф.д-р Димитар Гелев |
| Звездана Делиманова | Граѓанска одговорност за клевета и навреда | доц.д-р Тина Пржеска |
| Александра Скорниева | Употреба на незаконито прибавени докази во парничната постапка | проф.д-р Татјана Зороска - Камиловска |
| Бошко Кондовски | Малолетноста како брачна пречка во македонското и споредбеното право | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Драгана Анѓелова | Наследници во првиот наследен ред во македонското и споредбеното право | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Ели Јосифова | Либерализација на разводот на брак | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Елена Јосифовска | Правен режим на водите како ствари од општ интерес во Република Македонија | проф.д-р. Родна Живковска |
| Виктор Ристевски | Градежното земјиште како ствар од општ интерес | доц.д-р. Тина Пржеска |
| Викторија Наумоска | Идеалниот дел како ствар | проф.д-р Родна Живковска |
| Драгана Николова | Заедничката сопственост на брачните и вонбрачните другари како подоблик на правото на сопственост во правниот систем на Република Македонија | проф.д-р Родна Живковска |
| Симона Јандревска | Правен третман на клаузулите за ограничување/ослободување од одговорност во случаи на постоење виша сила во правото на земјите на Југоисточна Европа и во Конвенцијата на ООН за | доц.д-р Ненад Гавриловиќ |


39

| | | |
|---|---|---|
| | **договорите за меѓународна продажба на стоки** | |
| **Мартин Бошкоски** | **Општи услови на договорите за осигурување на имот во домашното право и практика** | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска** |
| **Тамара Славеска** | **Степенот на усогласеност на секундарното законодавство на Европската Унија со македонското право во уредувањето на одговорноста за еколошка штета** | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Теохаров Митко** | **Задолжително осигурување од професионалната одговорност во Р. Македонија и во споредбеното право** | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска** |
| **Мирјана Ивановска** | **Предмет на договорот за продажба во македонското и споредбеното законодавство** | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска** |
| **Горан Ѓоргиев** | **Наследноправна положба на вонбрачните партнери** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Исидора Мартиноска** | **Правни и етички аспекти на видовите зачнување на дете** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Нина Крџиќ** | **Вршење на право на сопственост на матични клетки како подвижни ствари** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Сања Марковска** | **Правниот режим на деловите од човековото тело** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Кирил Павлески** | **Службеностите како стварни права** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Атанас Тошевски** | **Правниот режим на правото на сопственост кај физичките и правните лица во Република Македонија** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Јована Баткоска** | **Правниот режим на деловната способност на физичките лица** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Мартин Саздов** | **Правниот режим на заедничката сопственост на наследниците во Република Македонија споредбено со другите современи правни системи** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Стојан Михајлоски** | **Инфраструктурните објекти како ствари** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Елена Кукоска** | **Стекнување на правото** | **проф.д-р Родна** |


40

| | | |
|---|---|---|
| | **насопственост со одлука на надлежен државен орган** | **Живковска** |
| **Симона Талевска** | **Правна уреденост на обврската на шпедитерот да постапува според упатствата на налогодавецот во македонското право и во правните системи на земјите од Југоисточна Европа** | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Ана Спиркоска** | **Одредбите од Законот за облигационите односи како правна рамка за уредување на договорот за факторинг** | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Надица Ристова** | **Форма за склучување брак** | **доц.д-р Ангел Ристов** |
| **Катерина Ризова** | **Престанок на бракот во македонското и споредбеното право** | **доц.д-р Ангел Ристов** |
| **Андријана Чекичевска** | **Посебни парнични постапки во патернитетните и матернитетните спорови** | **проф.д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Јане Јаковоски** | **Новините во постапката за посвојување во Република Македонија** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Кристијан Паневски** | **Правно уредување на понудата во Конвенцијата на ООН и во Законот за облигационите односи за договорите за меѓународна положба на стока** | **доц.д-р. Ненад Гавриловиќ** |
| **Марина Гагалеска** | **Морална и материјална сатисфакција и нематеријалната штета во правото и практиката на Република Македонија** | **проф.д-р. Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| **Мартина Мијалковска** | **Тестаментaлн способност во македонското и споредбеното право** | **доц.д-р. Ангел Ристов** |
| **Ивана Настеска** | **Положбата на брачниот другар во македонското и споредбеното наследно право** | **доц.д-р. Ангел Ристов** |
| **Владанка Грнчарова** | **Надзор над вршење на родителското право** | **проф.д-р. Дејан Мицковиќ** |
| **Милена Томиќ** | **Развод на брак по барање на еден од брачните партнери во македонското и споредбеното право** | **доц.д-р. Ангел Ристов** |
| **Кристина Деспотоска** | **Процесноправната положба на детето и неговото застапување во граѓанските судски постапки** | **проф.д-р. Татјана Зороска Камиловска** |


41

| | | |
|---|---|---|
| **Даниела Живковска** | **Спецификите на клаузулата „клуч во раце“ кај договорите за градење во македонското право и во општите услови на FIDIC** | **доц.д-р. Ненад Гавриловиќ** |
| **Ирина Нефтенова** | **Исполнувањето како начин на престанок на облигациите во домашното и споредбеното право** | **проф.д-р. Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| **Јордан Јованов** | **Вештачењето како доказно средство во парничната постапка** | **проф.д-р. Татјана Зорсока Камиловска** |
| **Марина Лазова** | **Право на детето да го знае и идентитетот на своите биолошки родители** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |


42

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Љумније Јакупи | „Етичките прашања во медиумската манипулација со младите во Република Македонија“ | **доц.д-р Дејан Донев** |
| Тамара Младеновска | Користењето на пропагандата во односите со јавноста | **проф.д-р Емилија Симоска** |
| Дивна Пеливанова | Македонското прашање во југословенско-грчките односи за време на Студената војна | **доц.д-р Мишо Докмановиќ** |
| Ненад Крајчиновиќ | Бугарско-американските дипломатски односи во првата половина на XX-от век | **доц.д-р Мишо Докмановиќ** |
| Бојана Наумовска | Политички кампањи во етнички поделени општества – случајот на Република Македонија (2004-2014) | **доц.д-р Зоран Илиевски** |
| Наташа Видова | Активни мерки и политиките на пазарот на трудот во Европската унија (со посебен осврт на примерите на Данска и Шведска) | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Симона Темелкова | Protection of Industrial Design in the European Union | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Владимир Гроздановски | Случајот Босман и импликациите на правото на Европската унија врз европското спортско право | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Марија Јованова | Правата на интелектуална сопственост и трговија со ликови | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| Анита Николоска | Patent Law as a Barrier to 3D Printing | **проф.д-р Валентин Пепељугоски** |


43

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Комисија** |
|---|---|---|
| **м-р Робер Манасиев** | **Агенции за оцена на кредитната способност – улога, правно регулирање и одговорност** | **проф.д-рВесна Пендовска<br>проф.д-р Горан Коевски<br>проф.д-р Ванчо Узунов** |

| **Кандидат** | **Тема** | **Комисија** |
|---|---|---|
| **м-р Есин Кранли Бајрам** | Тестаменталното наследување во римското и современото право | проф.д-р Мирјана Поленак Аќимовска, проф.д-р Владо Бучковски проф.д-р Гоце Наумовски |
| **м-р Јован Андоновски** | **Улогата на римската во развојот на современата правна реторика** | проф.д-р Мирјана Поленак Аќимовска, проф.д-р Владо Бучковски проф.д-р Гоце Наумовски |
| **м-р Димитар Апасиев** | **Iudicia Publica - Римското кривично процесно право** | проф. д-р Билјана Поповска<br>проф. д-р Владо Бучковски,<br>проф. д-р Гордан Калајџиев |

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО СТРУКА, АНГЛОФОНСКА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА И ТЕОРИЈА НА ПРЕВЕДУВАЊЕТО И ТОЛКУВАЊЕТО НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата четириесет и прва редовна седница одржана на 29.1.2014 година, не избра за рецензенти во врска со пријавата на д-р Солзица Поповска, вонреден професор на конкурсот за избор во звањето редовен професор по предметите: англиски јазик во струка, англофонска култура и цивилизација и теорија на преведувањето и толкувањето, објавен во весникот „Дневник". Откако го прегледавме конкурсниот материјал, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИНА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на IVСЕДНИЦА одржанана 26.02.2014 година**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| **Ред. бр.** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | **ТЕМА** | **МЕНТОР** |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Оливер Стојановски | Националната безбедносна политика на САД и карактеристиките на воените интервенции на Блискиот Исток по 11 септември<br><br>USANational Security Policy and Characteristics of the Military Interventions in the Middle East after September 11 | проф. д-р Лидија Георгиева |

***ПРЕГЛЕД***
***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ***
***ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Кристина Поповска | “Примена на маркетинг истражување за развој на малите бизниси во Република Македонија” | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| *2.* | Ивана Бољат | “Алтернативно финансирање на претпријатијата по пат на јавна понуда на сопственички хартии од вредност” | Д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | Петре Трајковски | “Улогата на социјалното претприемништво во справување со социјалните проблеми” | Д-р Зоран Јаневски |
| *4.* | Биљана Ристовска | “Влијанието на глобалната финансиска криза врз кредитирањето во Република Македонија, со осврт на Алфа Банка“ | Д-р Марија Ацковска |
| *5.* | Маја Пешевска | “Управување со ризиците во даночната администрација-компаративни искуства во Република Македонија и земји на Европска Унија “ | Д-р Биљана Ангелова |
| *6.* | Јованка Вељаноска | “Пристап до финансии и развој на модели за финансирање за поттик на женското претприемништво “ | Д-р Климентина Попоска |
| *7.* | Зоран Џотов | “Иновации во банкарската индустрија-студија на случај“ | Д-р Климентина Попоска |
| *8.* | Наташа Лазаровска | “Избор на локација како фактор за странските инвестиции во Република Македонија “ | Д-р Биљана Ангелова |
| *9.* | Јасна Татомир | “Значењето на алатките на проектен менаџмент и влијанието на тимското работење при реализација на проекти – студија на случај“ | Д-р Биљана Ангелова |
| *10.* | Илина Бошкова | “Институционална подршка за интернационализација на малите и средни претпријатија - компаративни согледувања во Република Македонија и Република Австрија“ | Д-р Биљана Ангелова |
| *11.* | Зоран Арсовски | “Корпоративно управување во банките“ | Д-р Климентина Попоска |
| *12.* | Олга Иванова | “Финансиски менаџмент и инструменти на финансиска анализа низ призма на македонските компании” | Д-р Биљана Ангелова |
| *13.* | Филип Трајковски | “Имплементација на менаџерските алатки за развој на ИПАРД програмата во Република Македонија” | Д-р Васил Поповски |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ТИПОТ НА МАКЕДОНСКИОТ МЕДИУМСКИ СИСТЕМ И МОЖНОСТА ЗА ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКИОТ ПОПУЛИЗАМ ВРЗ НЕГО" ОД М-Р САШО ОРДАНОСКИ, ПРИЈАВЕНА ВО ИСППИ ВО СКОПЈЕ

На својата седница од 27. 1. 2014, Научниот совет на ИСППИ формираше Комисија за оцена на докторскиот труд на кандидатот м-р Сашо Ордановски под наслов „Типот на македонскиот медиумски систем и можноста за влијание на политичкиот популизам врз него", во состав: проф. д-р Емилија Симоска - ментор, проф. др Петар Атанасов, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Ганка Цветанова и доц. д-р Елеонора Серафимовска. По прегледот на трудот, Комисијата го поднесува следниов

## Извештај

Трудот „Типот на македонскиот медиумски систем и можноста за влијание на политичкиот популизам врз него" од -мр Сашо Ордановски е напишан на 313 страници компјутерски обработен текст и поделен на два дела со повеќе глави.

Првиот дел се занимава со типологизација на македонскиот медиумски систем, а вториот со влијанието на политичкиот популизам врз медиумскиот систем во Македонија.

Во првата глава се анализира теорискиот контекст за типологизирање на македонскиот медиумски систем преку: општите карактеристики на медиумските системи; теорискиот развој на типологизациите и нивните суштински елементи. Авторот ја започнува анализата со Американската комисија за слобода на печатот и востановувањето на моделот на четирите теории за печатот, а завршува со најсовремената типологизација на медиумските системи на теоретичарите Халин и Манчини. Во рамките на современите теориски согледби се разгледуваат елементите на концептот на споредбените медиумски системи и одредени критички забелешки за применливоста на концептот на споредбените медиумски системи. Понатаму, теорискиот контекст се надополнува и со разгледување на поставеноста на индикаторите на УНЕСКО за оцена на степенот на припадноста на поединечните медиумски системи кон одредени типологизациски разграничувања. Оваа глава завршува со разгледување на суштествениот однос помеѓу демократијата и концептот на медиумската објективност.

Втората глава се однесува на анализа на медиумските системи во практика низ елаборација на теориските и практичните аспекти на европските медиумски модели, посткомунистичките варијации на овие европски модели, како и искуствата на Балканот во однос на теориските и практичните развојни карактеристики на медиумиските системи.

Третата глава прави подетална анализа на македонскиот медиумски систем, со посебен осврт врз односите меѓу државата, политиката и медиумите, развојот на регулативата посветена на медиумскиот систем и развојот на македонскиот медиумски пазар. Подетално се анализираат историјатот и актуелните состојби во печатот и радиодифузијата, како и посебните аспекти на

комерцијалната и јавната радиодифузија. Анализата на македонскиот медиумски систем продолжува со елаборација на структурата на вработените во медиумскиот сектор, влијанието на пазарот од страна на странските донатори, како и аспектите на новинарската професионализација и професионалните здружувања. Во тој контекст, посебно се разгледува новинарското образование и еснафските медиумски и новинарски здруженија. Оваа глава завршува со презентирање и анализа на наодите од спроведената проектна анкета.

Вториот дел од трудот започнува со елаборација на феноменот на популизмот во политиката и почнувајќи од неговиот историски развој, различните концептуални модели и неговото дефинирање.

Во посебна глава се разгледуваат сфаќањата за народот како клучен елемент на популизмот и неговиот однос кон популистичкиот лидер, како уште една дистинктивна карактеристика. Во таа смисла, посебно внимание е обрнато на социо-психолошките теории за групните однесувања, централната улога на народот во сфаќањето и функционирањето на феноменот на популизмот, како и улогата на лидерот во соодветните практични и теориски контексти. Прикажан е и односот помеѓу јавноста, медиумите и популизмот, во контекст на масовните комуникации и современата фрагментација на медиумската публика.

Посебно внимание е обрнато на историјатот и контекстот на воздигнувањето на десничарскиот популизам во Македонија (2006-2014) и неговото влијание врз медиумскиот систем во државата. Во таа смисла се разгледувани: принципот на популистичката политичка мобилизација со користење и на македонските медиуми, воспоставување на контрола врз Советот за радиодифузија на Република Македонија, како и политичката и бизнис пресметка меѓу медиумите во Македонија.

Во посебна глава авторот расправа за односот на популизмот и јавноста во Македонија, каде што акцентот е ставен врз: издигнувањето на конзервативната идеологија во општеството со нејзино поминување кон популизам, критичкиот осврт во јавноста кон популистичките практики на власта, како и дилемите на македонската левица во однос на растечкиот десен популизам во општеството. Во овој дел од трудот посебно се анализираат состојбите со авторитарната свест и односот кон популизмот во Македонија. Резимирани се и резултатите од спроведеното истражување на перцепциите во јавноста.

Трудот завршува со изведување на заклучоци произлезени од опсежната анализа и типологизација на македонскиот медиумски систем, како и со нејзино типолошко одредување, а потоа и со заклучни согледувања за слабите страни на таквиот медиумски систем во однос на политичките влијанија.

## МИСЛЕЊЕ

Трудот на м-р Сашо Орданоски „Типот на македонскиот медиумски систем и можноста за влијание на политичкиот популизам врз него" ги исполнува сите критериуми за самостојно изработена докторска дисертација. Темата која е избрана е особено актуелна и оригинална, а се базира на повеќе самостојно реализирани истражувања, заради што трудот ќе има несомнена научна, но и практична примена. Методологијата користена во истражувањата е соодветна во изборот и примената, што овозможува валидни научни заклучоци.

Кандидатот исклучително добро ги владее проблематиката, теоријата и основните поими кои ги анализира. Користената литература од светски и домашни извори, документи и релевантни истражувања е особено богата.
Од овие причини, Комисијата му предлага на Научниот совет да го прифати овој извештај и да закаже одбрана на докторскиот труд.

Комисија,

Проф. д-р Емилија Симоска - ментор с.р.

Проф. д-р Петар Атанасов - член с.р.

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф. д-р Ганка Цветанова - член с.р.

Доц. д-р Елеонора Серафимовска - член с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ *МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК, МЕТОДИКА-ПРАКТИЧНА ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВАТА ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК И ФОНЕТИКА НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК* НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ 'БЛАЖЕ КОНЕСКИ' ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата четириесет и прва редовна седница одржана на 29.1.2014 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата од д-р Мира Трајкова, на конкурсот објавен во весникот *Дневник* од 27.1.2014 година, за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите: *методика на наставата по францускиот јазик, методика – практична подготовка за наставата по францускиот јазик и фонетика на францускиот јазик.* Благодарејќи за укажаната доверба, Рецензентската комисија, во состав: д-р Алекса Попоски, редовен професор, д-р Звонко Никодиновски, редовен професор и д-р Маргарита Велевска, редовен професор, по увидот во доставениот материјал, има чест да му го предложи на Наставно-научниот совет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, по предметите: *методика на наставата по францускиот јазик, методика – практична подготовка за наставата по францускиот јазик и фонетика на францускиот јазик,* објавен во весникот *Дневник* на 25.10.2013 година, се пријави д-р Мира Трајкова, вонреден професор на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Кон пријавата, д-р Мира Трајкова приложи био-библиографија, образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање, уверение за државјанство, како и докази за исполнетост на општите и посебните услови.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Мира Трајкова е родена на 13.12.1962, во Иванград, Република Црна Гора. Основно и средно образование завршила во родниот град со континуиран одличен успех. Во учебната 1981/82 година се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за романски јазици и книжевности. Студиите ги завршила во 1985 г., со средна оценка 9,30 и се стекнала со диплома за професор по француски јазик и книжевност со италијански јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока.

Од 1987 до 1988 г., ангажирана е како стажант-приправник на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во текот на овој период, под менторство на проф. д-р Алекса Попоски, изработила стажантски труд под наслов „Застапеноста и обработката на вокабуларот во основните осумгодишни училишта и во првите две години на

средното образование“. Во 1989 г., д-р Трајкова била избрана за помлад асистент по *методика на наставата по француски јазик*, на истата Катедра.
Во 1989/90 г., се запишала на постдипломски студии од областа на методика на наставата по француски јазик на Филолошкиот факултет во Белград, кои ги продолжува на Филолошкиот факултет во Скопје. Во текот на 1991/92 г. д-р Трајкова била на студиски престој во Париз, Франција, како студент на постдипломски студии на Универзитетот Нова Сорбона-Париз 3, кадешто го изработила и го одбранила трудот на тема “*Inventaire et définitions de concepts instrumentaux en usage dans la Didactologie/didactique des langues et des cultures*”, под менторство на проф. д-р Робер Галисон, по што се здобила со *диплома за продлабочени постдипломски судии од областа на методиката на наставата по јазици и култури*. По нострификација на дипломата, во 1996 г., се здобила со академскиот степен магистер на филолошки науки. Истата година е избрана во звањето асистент по предметот *методика на наставата по француски јазик*.
Во 2004 г. докторирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на тема *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик во Р. Македонија,* под менторство на проф. д-р Алекса Попоски, и се здобила со академскиот степен доктор на филолошки науки. Истата година, д-р Мира Трајкова е избрана во звањето доцент по предметот *методика на наставата по француски јазик*, а во 2009 г. во звањето вонреден професор по предметите *методика на наставата по француски јазик* и *фонетика на францускиот јазик*.
Д-р Мира Трајкова поседува извонредни квалификации на академски наставник кој е успешен на своите предавања и вежби пренесувајќи им ги постојано на своите студенти научните иновации од областа која ја предава. Д-р Трајкова е почитувана и омилена во работната средина меѓу колегите и студентите поради нејзината педагошка подготвеност, стручна компетентност и извонредни човечки квалитети.

Кумулативната оценка од извештајот за спроведената анкета меѓу студентите за евалуација на д-р Мира Трајкова е **позитивна** (9,2).

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### Одржување настава

Во рамките на *првиот циклус студии*, од изборот за вонреден професор (во 2009 г.), д-р Мира Трајкова изведувала настава по следниве предмети:
- на Катедрата за романски јазици и книжевности, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје: *фонетика на францускиот јазик, методика на наставата по француски јазик 1 и 2, методика- практична подготовка за наставата по француски јазик 1 и 2;*
- од 2008 до 2011 г., на покана од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Битола, настава по предметите: *морфологија на францускиот јазик, фонетика на францускиот јазик и методика на наставата по француски јазик*;
- од септември 2013 г., на покана од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Ниш, Р. Србија, настава по предметите: *дидактика и методика*

*на наставата по француски јазик 1* и *методика на наставата по француски јазик 2*.
Во рамките на *вториот циклус студии*, проф. д-р Мира Трајкова изведува настава на следниве групи на постдипломски студии на Филолошкиот факултет "Блаже Конески":

- *наука за јазикот*, дел од наставата по предметот *специјален курс по романска лингвистика*;
- *наука за јазикот*, предмет: *интеркултуралност во наставата по француски јазик;*
- *јазици, бизнис и меѓународна трговија* (интердисциплинарни студии организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан, Франција), предмет *Интеркултуралност во комуникацијата.*

Во рамките на *третиот циклус (докторски студии),* задолжена е за предметот *анализа и изработка на материјали за наставата по француски јазик*

## Настава во школи и работилници

Во својство на обучувач/ предавач, д-р Трајкова учествувала на повеќе обуки наменети за усовршување на наставниот кадар по француски јазик:
- *L`evaluation de l`écrit en conformité avec le CECRL* (обука наменета за професори по француски јазик од средни училишта), Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2010;
- *Ingénierie de la formation* (обука наменета за професори по француски јазик од основно, средно и високо образование), Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2011;
- *Professionalisation de la formation initiale des futurs enseignants* (обука наменета за професори по француски јазик од основно, средно и високо образование), Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2011.

Во својство на учесник на семинари и работилници, д-р Трајкова исто така континуирано реализирала забележителен број обуки :
- 31.8-4.9.2009 г., Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Оценувањето во согласност со Заедничката европска референтна рамка за јазиците (Evaluation en conformité avec le CECRL),* во организација на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија;
- 14-18.6.2010, Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Организирање обука за наставници (Formation à l`Ingénierie de la formation),* во организација на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија;
- 11-15.10.2010, Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Организирање обука за наставници (L`Ingénierie de la formation - Concevoir et animer un dispositif de formation,)*, во организација на

Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија;
- 21-25.3.2011, *Formation destinée aux enseignants universitaires de didactique du FLE chargés de la formation initiale des futurs enseignants*, CREFECO, Sofia, Bulgarie;
- 23-27.1.2012, *FORMATION TRANSFER Atelier 3.2 «Conception, développement et utilisation d'un cours en ligne»*, Université « Sts Cyrille et Méthode » de Skopje en partenariat avec l`AUF;
- 1-5.10.2012, *FORMATION TRANSFER Atelier 3.3 «Création et gestion d`un enseignement ouvert et distant»*, Université « Sts Cyrille et Méthode » de Skopje en partenariat avec l`AUF;
- 22-23.10.2010 г., Скопје: Семинар за универзитетска дидактика, на тема *Approche actionnelle* (Акционен пристап во наставата), во организација на Француската амбасада во Македонија и Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје;
- 10-14.6.2013, *Conception et évaluation de méthode FLE*, Formation à destination de professeurs de l`enseignement secondaire et supérieur, CREFECO, Sofia, Bulgarie;
- 18-19 mars 2013, *Cooperation universitaire multiraterale francophone en Europe centrale et orientale–symposium des projets financés par l`AUF*, Targoviste, Roumanie;
- 27 март 2013, *Советување за академска примена на измените на Законот за високото образование*, во доменот на меѓународните дипломи по англиски јазик, Британски совет.

**Консултации со студенти:** Д-р Мира Трајкова редовно изведува консултации со студентите, што е од особено значење за оние што се подготвуваат за идни наставници по француски јазик. Сметаме дека особено треба да се истакне константното присуство на д-р Трајкова на сите активности на студентите кои се одвиваат во училиштата, во рамките на предметите кои ги предава, и нејзиното огромно залагање, преку константна работа со студентите во текот на практичната настава, да помогне во нивното подготвување и усовршување како наставници во сите сфери на образованието.

**Менторства и комисии**

Д-р Трајкова во повеќе наврати била ментор и член на комисии за изработка на семинарски трудови, дипломски работи, оцена за подобност на кандидатот за изработка на докторска дисертација, член на комисија за одобрување тема за изработка на докторска дисертација, одбрана на специјалистички, магистерски и докторски трудови, како и член на повеќе комисии за избор во звања.

**Изработка на семинарски трудови:** Во периодот од 2009 г., под менторство на д-р Мира Трајкова, изработени се 10 семинарски трудови на прв циклус студии и 10 семинарски трудови на втор циклус студии

**Ментор на дипломски работи и член на комисии за одбрана на дипломски:** Во извештајниот период, д-р Трајкова била ментор на 10 дипломски работи и член на 6 комисии за одбрана на дипломска работа.

**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:** Во периодот 2009-2014 г., д-р Трајкова била член на 4 комисии за оцена и одбрана на докторат (м-р Лучиана Гуидо-Шремпф, м-р Светлана Јакимовска, м-р Емина Авдиќ и м-р Јоана Хаџи Лега Христоска) и член на 4 комисии за утврдување на подобност на кандидатот и одобрување тема за изработка на докторска дисертација (м-р Маја Милевска Кулевска, м-р Катерина Сековска-Анѓелковиќ, м-р Весна Коцева и м-р Наталија Ѓорѓевиќ).

**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:** Во истиот период, д-р Трајкова била член на 3 комисии (Маја Милевска Кулевска, Катерина Сековска-Анѓелковиќ и Елена Филиповска-Божиновска).

**Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа:** Во овој извештаен период, д-р Трајкова била член на 4 комисии на кандидати од постдипломските студии по *јазици, бизнис и меѓународна трговија* (организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан, Франција).

**Рецензент на универзитетски учебник или монографија:** Во периодот 2009/2014 г., д-р Трајкова била рецензент на три универзитетски учебници или монографии:

- *Дидактика и евалуација на преведувањето од италијански јазик на македонски и обратно* од д-р Радица Никодиновска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2009;
- *Компаративниот систем во современиот француски јазик* од проф. д-р Маргарита Велевска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2010;
- *Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик* од м-р Јоана Хаџи Лега Христоска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2010.

**Усовршувања**

Континуираното усовршување во областите кои се нејзина специјалност, но и во оние кои спаѓаат во областите на нејзиниот поширок интерес, претставува императив за д-р Мира Трајкова. Тука ќе ги споменеме обуките кои се реализирани во рамките на Вториот европски конгрес на професорите по француски јазик, одржан во Прага, 2011 г. (*L`intercompréhension : le cas des langues romanes*, *Didactique de la prononciation du français parlais actuel, RFI: apprendre le français avec la radio. Sensibilisation à l`écoute de la radio en classe*).

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Мира Трајкова била ментор на еден магистерски труд и во моментов е ментор на докторски труд. Таа е и акредитиран ментор на докторски трудови на студиската програма *наука за јазик*, потпрограма: *романистика*, како и член на Одборот за докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**Ментор на магистерски труд:** Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била ментор на магистерскиот труд на Маја Милевска Кулевска, под наслов *Примена на заедничката европска референтна рамка за јазиците во наставата по француски јазик во основното образование* (2010).

**Ментор на докторски труд:** Во 2012 г., д-р Трајкова е назначена за ментор на докторскиот труд на Маја Милевска Кулевска, под наслов *Примена на заедничка европска референтна рамка за јазиците во наставата по француски и италијански јазик во средното образование во Р. Македонија.*

**Учесник во национален проект:** Д-р Мира Трајкова е успешен, динамичен и исполнителен раководител на проектот под наслов *Иновативни методологии и практики во дидактиката по францускиот како странски јазик MEPRID - FLE" (2011-2013),* што се изведува во соработка со Универзитет во Крајова, Романија, кој е носител на проектот. На задоволство на екипата која работи со д-р Трајкова, резултатите од овој проект наскоро ќе бидат објавени во Романија, во печатена форма.

Таа е учесник и во меѓународниот проект под наслов *Употреба на Европското јазично портфолио во рамките на училишната институција* (CELV - Проект ELP-WS 5/2011), Грац, мај 2011 г.

Д-р Трајкова е учесник и во националниот проект под наслов *Second Language Teaching Methodology (Изработка на методологија за изучување втор јазик)*, што се изведувал во организација на Британскиот совет во Македонија, во периодот 2010-2011 г.

**Автор на монографии:** Во извештајниот период, д-р Трајкова ја објавила монографијата под наслов *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2011, и била коавтор на дел од монографијата под наслов *Прирачник за наставата по немајчин јазик*, Биро за развој на образованието, Скопје, 2011.

Монографијата под наслов *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик* претставува оригинален научен труд кој е подготвен според соодветна методологија, со иновативен пристап кон третираниот проблем и сериозно приоѓање кон прашањата што се разгледуваат. Овој труд содржи сеопфатна анализа на интеркултуралните елементи во наставата по француски јазик и претставува значаен придонес во областа на методиката на наставата по француски јазик. Третирајќи мошне значаен сегмент од подготовката на идните

наставници, го препорачуваме како задолжително консултирана единица во наставата по методика на францускиот јазик.

**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција:**

- *Културолошките содржини во учебниците за настава по француски јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 35, 2009: 169-184;
- *Приказ на речникот на дидактика на францускиот како странски јазик* (*Le Dictionnaire de didactique du français langue étrangère et seconde),* Зборник посветен на проф. д-р Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2009: 171-174;
- *Рекламните пораки во наставата по француски јазик – интеркултурна перспектива,* Зборник посветен на проф. д-р Лилјана Минова Ѓуркова, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошкиот факултет „Б. Конески“, Скопје, 2009: 297-307
- *Културолошки и интеркултуролошки содржини во Темпо - учебник наменет за настава по француски јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 36, 2010: 321-330;
- М. Трајкова, М. Велевска, *Нова ортографија во францускиот јазик: особености и место во наставата по француски како странски јазик*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 37, 2011: 145-153;
- *За некои фразеолошки изрази со броеви во францускиот јазик и нивни еквиваленти во македонскиот и во српскиот јазик*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 38, 2012.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени зборник на трудови од научен собир:**

- *L`approche actionnelle: mérite-t-elle l`attention des enseignants de français langue étrangère* - Зборник на трудови од Научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Р. Македонија: состојби и перспективи*, во организација на ЗПФРМ и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2013: 65-69.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:**

- *Интеркултурна перспектива у настави страних језика*, Зборник радова Ставови промјена - промјена ставова, Филозофски факултет Никшиќ, 2010: 225-238;
- *Les stratégies d`apprentissage - un des moyens pour développer l`autonomie de l`apprenant*, Зборник на трудови од меѓународниот собир Langue, littérature et culture françaises en contexte francophone, Skopje, 2012: 211-225;

- *Di alcune abbreviazioni nell`italiano, nel francese e nel macedone, Lingua, letteratura e cultura italiana,* (M.Trajkova, A.Sarzoska), Atti del convegno internationale, Universita "Ss. Cirillo e Metodio" , Facolta di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, 2011: 113-124;
- *Варијантноста кај директните прашални конструкции во францускиот јазик и во македонскиот јазик,* (М.Трајкова, М. Велевска), Зборник на трудови од XXXIX научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2013: 99-110;
- *Des activités pour développer la compétence interculturelle dans la classe de FLE,* Actes du Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011: 641-648 (http://prague2011.fipf.org/sites/prague2011.fipf.org/files/actes__prague_1._net.pdf.) ;
- *Употреба на платформата Мудл во наставата по предметот Фонетика на францускиот јазик,* Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум *Електронските ресурси и филолошките студии,* Скопје, 12-13 септември 2013: 381-386;
- *Intégration des technologies de l'information et de la communication dans l`enseignement du français langue étrangère : un exemple de cours de Phonétique du français,* Actes de colloque Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE, Cluj-Napoca, Roumanie, 2013 (во печат).

**Учество на научен/стручен собир со реферат:** Во периодот од последниот избор, д-р Трајкова учествувала на еден домашен и 10 меѓународни научни/стручни собири:

- *Интеркултурна перспектива у настави страних језика, „Ставови промјена-промјена ставова“,* Филозофски факултет - Никшиќ, 2010;
- *Француски фразеолошки изрази кои во својот состав содржат броеви и нивните еквиваленти во македонскиот и во српскиот јазик, „Филолошка истраживања данас.“* Филолошки факултет Универзитета у Београду, 2010;
- *L`évaluation de l`écrit en conformité avec le CECR, rapport de stage de démultiplication de la formation,* Centre de recherche et de formation d`Europe centrale et orientale (CREFECO), - Sofija, 2010;
- *Des activités pour développer la compétence interculturelle dans la classe de FLE,* Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011;
- *Варијантноста кај директните прашални конструкции во францускиот јазик и во македонскиот јазик* (М. Трајкова, М. Велевска), Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, XXXIX научна конференција, Охрид 2012;
- *Di alcune abbreviazioni nell`italiano, nel francese e nel macedone* (M. Trajkova, A. Sarzoska), convegno internationale *Lingua, letteratura e cultura italiana,*

Universita "Ss. Cirillo e Metodio", Facolta di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, 2009;

- *Utiliser le laboratoire Sanaco pour augmenter l`efficacité d`enseignement,* South East European Project for the Advancement of Language Studies (SEEPALS) work shop *Learning and teaching foreign language in language laboratory,* Skopje from April 19th till 20 April, 2012;
- *Les stratégies d`apprentissage - un des moyens pour développer l`autonomie de l`apprenant*, Меѓународен собир Langue, littérature et culture françaises en contexte francophone, Skopje, 2011;
- *Intégration des technologies de l'information et de la communication dans l`enseignement du français langue étrangère : un exemple de cours de Phonétique du français*, Colloque international *Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE,* Cluj-Napoca, Roumanie, 10-11. Octobre 2013;
- *Употреба на платформата Мудл во наставата по предметот Фонетика на францускиот јазик*, Меѓународен симпозиум *Електронските ресурси и филолошките студии,* Скопје, 12-13 септември 2013.

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Учество во работа на комисии за државни натпревари:** Д-р Трајкова учествувала во работата на комисиите за Државниот натпревар по француски јазик за основни и средни училишта во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (2013).

**Учество во промотивни активности за Факултетот:** Д-р Трајкова била ангажирана во промотивните активности насловени како *Денови на франкофонското образование* (во соработка со Француската амбасада во РМ), во 2009, 2010 ,2011, 2012, 2013 г.

**Експертски активности** (рецензии на прилози во научни и стручни списанија и зборници): Во извештајниот период, д-р Мира Трајкова се јавува во својство на рецензент на следниве трудови:

- доц. д-р Радица Никодиновска, *Особености на компетенцијата за преведување во странски јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2011;
- проф. д-р Звонко Никодиновски, *За една семиолошка метода во семантичките истражувања – конституирање, принципи и аспекти,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“Скопје, 2011;
- доц. д-р Радица Никодиновска, *Il colore bianco nelle espressioni fraseologiche italiane e macedoni,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012;
- доц. д-р Емина Авдиќ, *Учебникот како клучен фактор во наставата по германски како странски јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012.

**Експертски активности: евалуација**

Д-р Трајкова е ангажирана како контролор на прашањата за екстерно оценување по предметот *француски јазик* (Биро за оценување, Државен испитен центар, 2013/14 г.).

За одбележување е и нејзиниот ангажман во својство на член на Научниот одбор на регионалниот семинар под наслов „Мотивацијата во предавањето и учењето на францускиот јазик“ кој беше одржан во Софија (Бугарија), во периодот од 23 до 25 октомври 2013 г.

**Учество во физибилити - студија:**

Д-р Мира Трајкова била ангажирана во проектот за изработка на физибилити-студија за организирање на електронско списание и регионална мрежа за наставници по француски како странски јазик од Земјите на централна и источна Европа (раководена од Н. Николов и С. Манеа), во 2013 г.

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:**

Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" во Скопје (во 2011 и 2012 г), како и член на Редакцискиот одбор на Зборникот на трудови од симпозиумот *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи* (Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2013) .

**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:**

Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била член на повеќе одбори:
- член на Организациски одбор на меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст,* одржан на 12 и 13 декември 2011 на Филолошкиот факултет„Блаже Конески“ во Скопје;
- член на Научниот одбор на меѓународниот симпозиум *La formation professionnelle des futurs enseignants de FLE : Enjeux et stratégies dans la zone ECO,*

одржан на 9 и 10 јули 2012, во Крајова, Романија, во рамките на проектот MEPRID- FLE.
- член на Научниот одбор на меѓународниот симпозиум *Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE,* Cluj-Napoca, Roumanie, 10-11 Octobre 2013, во рамките на проектот MEPRID- FLE.
- член на Научниот одбор на Вториот европски конгрес на професори по француски јазик, Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011.

**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:**
член на Организационен и Програмски одбор на научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" , Скопје (12-13 ноември 2010).

**Раководител на внатрешна организациона единица:** Почнувајќи од септември 2013 г., д-р Трајкова е раководител на Катедрата за романски јазици и книжевности. Таа била и заменик-шеф на истата Катедрата во учебната 2009/10 г. Како секретар на постдипломските студии за *јазици, бизнис и меѓународна трговија,* организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан (Франција), ангажирана е веќе два мандата, почнувајќи од 2009 г.

**Член на факултетска комисија:** Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била претседател на Комисијата за парични средства, побарувања и обврски, член на Комисијата за варијабила (2019/10, 2010/11 и 2011/12), член на Конкурсната комисија за реализација на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии во учебната 2011/12 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и член на Комисијата за попис на библиотечен фонд.

**Член на комисија за избор во звање:** Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била член на комисии за избор во следниве звања: лектор (К. Петрушевска, А. Кузманоска, С. Лазаревска, И. Павловска), доцент (Ј. Хаџи Лега-Христоска), вонреден професор (Р. Никодиновска).
**Учество во комисии и тела на државни и други органи:** Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова учествувала во следниве комисии и тела:

- член на Државната предметна матурска комисија по француски јазик (Државен испитен центар), 2010 година;
- претседател на Комисијата за предлагање на издавање на одобрение за употреба на учебници по француски јазик (за шесто одделение) во деветгодишното основно образование (втор странски јазик);
- член на Здружението на професорите по/на француски јазик на Република Македонија (од декември 2004 до април 2007).

**Учество во изработка на национална програма од одредена област:** Во текот на извештајниот период, д-р Трајкова била член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по француски јазик за VII, VIII и IX одделение, како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование, во рамките на Бирото за развој на образованието (Министерство за образование и наука на РМ).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид одредбите на *Правилникот* за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а врз основа на прегледот на професионалните активности на д-р Мира Трајкова, Рецензентската комисија високо ја оценува севкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот. Д-р Трајкова е вонредно компетентен и квалитетен наставник, крајно совесен во сите свои активности, а особено во работата и контактите со студентите. Кандидатот континуирано работи на своето стручно усовршување, не само во областа на методиката на наставата по француски јазик и граматиката на францускиот јазик, туку и многу пошироко, пројавувајќи интерес за повеќе области кои ја збогатуваат нејзината извонредна стручна компетенција. Сметаме дека е потребно да се нагласи дека д-р Мира Трајкова, која има вкупно 239,1 поен за сите предвидени активности, повеќекратно го надминува бројот на поените предвиден за избор во повисоко звање.

Со оглед на образложеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во повисоко наставно-научно звање и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Мира ТРАЈКОВА во звањето **редовен професор** по предметите: *методика на наставата по францускиот јазик, методика – практична подготовка за наставата по францускиот јазик и фонетика на францускиот јазик.*

Рецензентска комисија

Д-р Алекса Попоски, редовен професор, с.р.

Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Мира (Миливоје) Трајкова**

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**

**Научна област:** **романистика , методика, лингвистика, граматика на француски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| . **1.** | **Настава од прв циклус студии** | |
| 2. | Фонетика на францускиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2008/09 | 1,2 |
| 3. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1), летен семестар 2008/09 | 2,1 |
| 4. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (1+2), летен семестар 2008/09 | 1,5 |
| 5. | Фонетика на францускиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 6. | Методика на наставата по француски јазик 1 (2+1) (зимски семестар 2009/10 | 2,1 |
| 7. | Методика - практична подготовка за наставата по француски јазик 1 (1+2) зимски семестар 2009/10 | 1,5 |
| 8. | Фонетика на францускиот јазик 2 (2+0) летен семестар 2009/10 | 1,2 |
| 9. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1) летен семестар 2009/10 | 2,1 |
| 10. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (1+2) летен семестар 2010/11 | 1,5 |
| 11. | Фонетика на францускиот јазик (4+0), зимски семестар 2010/11 | 2,4 |
| 12. | Методика на наставата по француски јазик 1 (2+1) (зимски семестар 2010/11 | 2,1 |
| 13. | Методика - практична подготовка за наставата по француски јазик 1 (2+3) зимски семестар 2010/11 | 2,5 |
| 14. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1) летен семестар 2010/11 | 2,1 |
| 15. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (2+3) летен семестар 2010/11 | 2,5 |
| 16. | Фонетика на францускиот јазик (4+0) , зимски семестар 2011/12 | 2,4 |
| 17. | Методика на наставата по француски јазик 1 (2+1) (зимски семестар 2011/12 | 2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Методика - практична подготовка за наставата по француски јазик 1 (2+3) зимски семестар 2011/12 | 2,5 |
| 19. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1) летен семестар 2011/12 | 2,1 |
| 20. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (2+3) летен семестар 2011/12 | 2,5 |
| 21. | Фонетика на францускиот јазик (4+0), зимски семестар 2012/13 | 2,4 |
| 22. | Методика на наставата по француски јазик 1 (2+1) (зимски семестар 2012/13 | 2,1 |
| 23. | Методика - практична подготовка за наставата по француски јазик 1 (2+3) зимски семестар 2012/13 | 2,5 |
| 24. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1), летен семестар 2012/13 | 2,1 |
| 25. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (2+3), летен семестар 2012/13 | 2,5 |
| 26. | Фонетика на францускиот јазик (4+0), зимски семестар 2013/14 | 2,4 |
| 27. | Методика на наставата по француски јазик 1 (2+1) (зимски семестар 2013/14 | 2,1 |
| 28. | Методика - практична подготовка за наставата по француски јазик 1 (2+3), зимски семестар 2013/14 | 2,5 |
| 29. | Методика на наставата по француски јазик 2 (2+1), летен семестар 2013/14 | 2,1 |
| 30. | Методика-практична подготовка за наставата по француски јазик 2 (2+3), летен семестар 2013/14 | 2,5 |
| | **Универзитет „Св. Климент Охридски“, Педагошки факултет во Битола** | |
| 31. | Фонетика и фонологија на францускиот јазик 2009/10 (2+0) | 1,2 |
| 32. | Методика на наставата по француски јазик 2009/10 (5+0) | 3 |
| 33. | Методика на наставата по француски јазик 2010/11 (5+0) | 3 |
| | **Универзитет од Ниш, Филозофски факултет во Ниш, Р.Србија** | |
| 34. | Дидактика и методика наставе францускoг језика 1 (2+0), зимски семестар 2013/14 | 1,2 |
| | **Настава од втор циклус студии** | |
| | **Постдипломски студии по јазици, бизнис и меѓународна трговија** (организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан, Франција) | |
| 35. | *Интеркултуралност во комуникацијата* (10 часа), во првиот семестар на магистерските студии по *јазици, бизнис и меѓународна трговија,* организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан, летен семестар 2008/09 | 0,5 |
| 36. | *Интеркултуралност во комуникацијата* (10 часа) во првиот семестар на магистерските студии *Јазици, бизнис и меѓународна трговија* организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан 2010/11 | 0,5 |
| | **Постдипломски студии по јазик** | |

| | | |
|---|---|---|
| 37. | *Специјален курс по романска лингвистика* (10 часа) летен семестар 2008/09 | 0,5 |
| 38. | *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик* на постдипломските студии, насока: наука за јазик (15 часа) 2010/11 | 0,75 |
| 39. | *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик* на постдипломските студии, насока: наука за јазик (15 часа) 2011/12 | 0.75 |
| 40. | *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик* на постдипломските студии , насока: наука за јазик (15 часа) 2012/13 | 0,75 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| | **Обучувач-предавач** | |
| 41. | *L`evaluation de l`écrit en conformité avec le CECRL* (обука наменета за професори по француски јазик од средни училишта), Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, 2010 | 1,5 |
| 42. | *Ingénierie de la formation* (обука наменета за професори по француски јазик од основно, средно и високо образование), Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, 2011 | 1,5 |
| 43. | *Professionalisation de la* formation *initiale des futurs enseignants* (обука наменета за професори по француски јазик од основно, средно и високо образование) Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, 2011 | 1,5 |
| | **Учесник** | |
| 44. | 31.08-04.09.2009 г., Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Оценувањето во согласност со Заедничката европска референтна рамка за јазиците (Evaluation en conformité avec le CECRL)*, во организација на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија. | 1 |
| 45. | 14-18.06.2010, Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Организирање обука за наставници (Formation à l`Ingénierie de la formation),* во организација на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија. | 1 |
| 46. | 11-15.10.2010, Софија (Бугарија): Работен семинар за обука на наставници на тема *Организирање обука за наставници (*L`*Ingénierie de la formation*-Concevoir et animer un dispositif de formation,*),* во организација на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа (CREFECO), Меѓународна организација за франкофонија. | 1 |
| 47. | 21-25.03. 2011, Formation destinée aux enseignants universitaires de didactique du FLE chargés de la formation initiale des futurs enseignants, *CREFECO,* Sofia, Bulgarie | 1 |
| 48. | 23-27.01. 2012, FORMATION TRANSFER Atelier 3.2 « Conception, développement et utilisation d’un cours en ligne », Université « Sts Cyrille et Méthode » de Skopje en partenariat avec l`AUF | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 49. | 1-5.10. 2012, FORMATION TRANSFER Atelier 3.3 «Création et gestion d`un enseignement ouvert et distant», Université « Sts Cyrille et Méthode » de Skopje en partenariat avec l`AUF | 1 |
| 50. | 22-23.10.2010 г., Скопје: Семинар за универзитетска дидактика, на тема *Approche actionnelle (Акционен пристап во наставата)*, во организација на Француската амбасада во Македонија и Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје. | 1 |
| 51. | 10-14.06.2013 , *Conception et évaluation de méthode FLE*, Formation à destination de professeurs de l`enseignement secondaire et supérieur, *CREFECO,* Sofia, Bulgarie | 1 |
| 52. | 18-19 mars 2013, *Cooperation universitaire multiraterale francophone en Europe centrale et orientale–symposium des projets financés par l`AUF*, Targoviste, Roumanie | 1 |
| 53. | 27 март 2013, Советување за академската примена на изменитe на Законот за високо образование, во доменот на меѓународните дипломи по англиски јазик, | 1 |
| | **Изработка на семинарски трудови** | |
| 54. | Прв циклус 2009-2011: 10 семинарски трудови | 0,3 |
| 55. | Втор циклус 2009-2013: 10 семинарски трудови | 0,3 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 56. | Консултации со студенти 2009 : ( 30 студенти)<br>Консултации со студенти 2009/10: ( 50 студенти)<br>Консултации со студенти 2010/11: ( 50 студенти)<br>Консултации со студенти 2011/12: ( 50 студенти)<br>Консултации со студенти 2012/13: (50 студенти)<br>Консултации со студенти 2013/14: ( 50 студенти) | 0,5 |
| 57. **6.** | **Ментор на дипломска работа: 10 x 0.2** | 2 |
| 58.7 | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа:** 6 x 0,1 | 0,6 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| 59. | Лучиана Гуидо Шремпф, *Рекламите на италијански и нивната примена во наставата по италијански како странски јазик* (2009) | 0.5 |
| 60. | Светлана Јакимовска, *Односите меѓу терминологијата и преведувањето (врз примери од правни текстови на француски и на македонски јазик)* (2009). | 0.5 |
| 61. | Емина Авдиќ, *Интеркултурниот пристап во наставата по германски како странски јазик и неговата примена во Република Македонија*, (2010) | 0.5 |
| 62. | Јоана Хаџи-Лега Христоска, *Семиологија на жената и на мажот во францускиот и во македонскиот јазик* (2012) | 0,5 |
| | **Член на комисија за оцена на подобност на кандидатот и одобрување тема за изработка на докторска дисертација** | |
| 63. | М-р Маја Милевска Кулевска, *Примена на заедничка европска* | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *референтна рамка за јазиците во наставата по француски и италијански јазик во средното образование во Р. Македонија* (2012) | |
| 64. | м-р Катерина Сековска–Анѓелковиќ, *Функцијата на јазичните игри за усвојување на вокабулар во наставата по италијански јазик* (2012) | 0.5 |
| 65. | м-р Весна Коцева, *Имплицитно поучување на граматиката на италијанскиот јазик како странски преку имплементација на активности за обработка на инпут* (2012) | 0.5 |
| 66. | м-р Наталија Ѓорѓевиќ, *Негацијата во францускиот јазик и нејзините еквиваленти во македонскиот јазик* (2012) | 0.5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| 67. | Маја Милевска Кулевска, *Примена на заедничка европска референтна рамка за јазиците во наставата по француски јазик во основно образование* (2010) | 0,3 |
| 68. | Катерина Сековска–Анѓелковиќ *Увојување на вокабуларот во наставата по италијански јазик (*2009) | 0,3 |
| 69. | Елена Филиповска-Божиновска *Развивање интеркултурна компетенција во наставата по италијански јазик* (2011) | 0,3 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа** | |
| 70. | Член на Комисија за одбрана на професионален проект на магистерските студии по јазици, бизнис и меѓународна трговија, организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан 2009 (0.2x 8) | 1.6 |
| 71. | Член на Комисија за одбрана на професионален проект на магистерските студии по јазици, бизнис и меѓународна трговија, организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан 2013 (x 6) | 1.2 |
| 72. | Член на Комисија за одбрана на стаж на магистерските студии по јазици, бизнис и меѓународна трговија, организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан 2009 (x 8) | 1.6 |
| 73. | Член на Комисија за одбрана на стаж на магистерските студии по | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | јазици, бизнис и меѓународна трговија, организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан 2013 (x 6) | |
| | **Рецензент на универзитетски учебник или монографија** | |
| 74. | Рецензент на универзитетскиот учебник *Компаративниот систем во современиот француски јазик* од проф. д-р Маргарита Велевска – Скопје: Универзитет „ Св Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010. | 1 |
| 75. | Рецензент на универзитетскиот учебник *Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик* од м-р Јоана Хаџи Лега Христоска – Скопје: Универзитет „ Св Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010. | 1 |
| 76. | Рецензент на универзитетскиот учебник *Дидактика и евалуација на преведувањето од италијански јазик на македонски и обратно* од д-р Радица Никодиновска – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009 | 1 |
| | **Усовршувања** | |
| 77. | Parcours formation : *L`intercomprehension : le cas des langues romanes*, Gomez Fernandez Araceli, Spita Doina, Uzcanga Izabel, (10 heures de cours), Deuxième Congrès Européen de la FIPF, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011 | 1 |
| 78. | Parcours formation : *Didactique de la prononciation du français parlais actuel,* François Wiolland (10 heures de cours), Deuxième Congrès Européen de la FIPF, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011 | 1 |
| 79.**j** | Parcours formation : *RFI: apprendre le français avec la radio. Sensibilisation à l`écoute de la radio en classe* (10 heures de cours), Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011 | 1 |
| | **Вкупно** | **116,6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерска работа** | |
| | Маја Милевска Кулевска, *Примена на заедничка европска референтна рамка за јазиците во наставата по француски јазик во основно образование* (2010) | 1 |
| **2.** | **Ментор на докторска дисертација** | |
| | М-р Маја Милевска Кулевска *Примена на заедничка европска* | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *референтна рамка за јазиците во наставата по француски и италијански јазик во средното образование во Р. Македонија* (2012) | |
| **3.** | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| | „Иновативни методологии и практики во дидактиката по францускиот како странски јазик MEPRID - FLE“ 2011-2013, носител на проектот: Универзитет во Крајова, Романија | 6 |
| **4.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Проект ELP-WSU-5/2011 „Употреба на Европското јазично портфолио во рамките на училишната институција“ CELV - Грац, мај 2011 година | 5 |
| **5.** | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Project *Second Language Teaching Methodology, (*Изработка на методологија за изучување втор јазик), British Council Macedonia, 2010-2011 | **3** |
| **6.** | **Монографија** | |
| | *Интеркултурниот приод во наставата по француски јазик*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2011 | 8 |
| 7. | **Дел од монографија** | |
| | *Прирачник за наставата по немајчин јазик,* Биро за развој на образованието, Скопје, 2011 (коавтор на поглавје) | 2 |
| 8. | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| | *Културолошките содржини во учебниците за настава по француски јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр 35, 2009: 169-184 | 2 |
| | *Приказ на речникот на дидактика на францускиот како странски јазик* (***Le Dictionnaire de didactique du français langue étrangère et seconde),*** Зборник посветен на проф.д-р Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2009: 171-174 | 2 |
| | *Рекламните пораки во наставата по француски јазик – интеркултурна перспектива,* Зборник посветен на проф.д-р Лилјана Минова Ѓуркова, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2009: 297-307 | 2 |
| | *Културолошки и интеркултуролошки содржини во Темпо-учебник наменет за настава по француски јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 36, 2010: 321-330 | 2 |
| | М. Трајкова, М.Велевска, *Нова ортографија во францускиот јазик : особености и место во наставата по француски како странски јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 37, 2011: 145-153 | 2 |
| | *За некои фразеолошки изрази со броеви во францускиот јазик и нивни еквиваленти во македонскиот и во српскиот јазик*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 38, 2012 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно-научно списание** | |
| | *За значајот и местото на културата во настава по странски јазик,* Литературен збор 1-3, 2009 | 2 |
| 10. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир** | |
| | *L`approche actionnelle: mérite-t-elle l`attention des enseignants de français langue étrangère* -Зборник на трудови од Научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Р. Македонија: состојби и перспективи*, во организација на ЗПФРМ и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје 2013: 65-69 | 2 |
| 11. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Интеркултурна перспектива у настави страних језика, *Зборник радова Ставови промјена-промјена ставова,* Филозофски факултет Никшиќ, 2010: 225-238 | 3 |
| | Les stratégies d`apprentissage - un des moyens pour développer l`autonomie de l`apprenant, *Зборник на трудови од меѓународниот собир Langue, littérature et culture françaises en contexte francophone*, Skopje, 2012: 211-225 | 3 |
| | Di alcune abbreviazioni nell`italiano, nel francese e nel macedone, Lingua, letteratura e cultura italiana, (M.Trajkova, A.Sarzoska), Atti del convegno internationale, Universita "Ss. Cirillo e Metodio" , Facolta di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, 2011: 113-124 | 3 |
| | *Варијантноста кај директните прашални конструкции во францускиот јазик и во македонскиот јазик*, (М.Трајкова, М. Велевска), Зборник на трудови од XXXIX научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2013: 99-110 | 3 |
| | *Des activités pour développer la compétence interculturelle dans la classe de FLE,* Actes du Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011: 641-648 http://prague2011.fipf.org/sites/prague2011.fipf.org/files/actes__prague_1._net.pdf. | 3 |
| | *Употреба на платформата Мудл во наставата по предметот Фонетика на францускиот јазик*, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум *Електронските ресурси и филолошките студии,* Скопје, 12-13 септември 2013: 381-386 | |
| | Intégration des technologies de l'information et de la communication dans l`enseignement du français langue étrangère : un exemple de cours de Phonétique du français, Actes de colloque *Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE,* Cluj-Napoca, Roumanie, 2013 (во печат) | 3 |
| 12. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |

| | | |
|---|---|---|
| | *L`approche actionnelle: mérite-t-elle l`attention des enseignants de français langue étrangère?* Научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 12-13.11.2010 г., Скопје | 1 |
| 13. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | *Интеркултурна перспектива у настави страних језика, „Ставови промјена-промјена ставова"*, Филозофски факултет Никшић, 2010 | 2 |
| | *Француски фразеолошки изрази кои во својот состав содржат броеви и нивните еквиваленти во македонскиот и во српскиот јазик, „Филолошка истраживања данас."* Филолошки факултет Универзитета у Београду, 2010 | 2 |
| | *L`évaluation de l`écrit en conformité avec le CECR, rapport de stage de démultiplication de la formation*, Centre de recherche et de formation d`Europe centrale et orientale (CREFECO), - Sofija, 2010 | 2 |
| | *Des activités pour développer la compétence interculturelle dans la classe de FLE,* Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011 | 2 |
| | М. Трајкова, М. Велевска, *Варијантноста кај директните прашални конструкции во францускиот јазик и во македонскиот јазик*, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, XXXIX научна конференција, Охрид 2012 | 2 |
| | M. Trajkova, A. Sarzoska, Di alcune abbreviazioni nell`italiano, nel francese e nel macedone, convegno internationale *Lingua, letteratura e cultura italiana*, Universita "Ss. Cirillo e Metodio" , Facolta di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, 2009 | 2 |
| | *Utiliser le laboratoire Sanaco pour augmenter l`efficacité d`enseignement,* South East European Project for the Advancement of Language Studies (SEEPALS) work shop *Learning and teaching foreign language in language laboratory,* Skopje from April 19th till 20 April,2012 | 2 |
| | Les stratégies d`apprentissage - un des moyens pour développer l`autonomie de l`apprenant, меѓународниот собир *Langue, littérature et culture françaises en contexte francophone*, Skopje, 2011 | 2 |
| | Intégration des technologies de l'information et de la communication dans l`enseignement du français langue étrangère : un exemple de cours de Phonétique du français, colloque international *Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE,* Cluj-Napoca, Roumanie, 10-11. Octobre 2013 | 2 |
| | Употреба на платформата Мудл во наставата по предметот Фонетика на францускиот јазик, меѓународен симпозиум *Електронските ресурси и филолошките студии,* Скопје, 12-13 септември 2013 | 2 |

| | | Вкупно | 83 |
|---|---|---|---|

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во работа на комисии за државни натпревари** | |
| | Државен натпревар *Олимпијади по француски јазик* за основните и средните училишта во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (2013) | 1 |
| **2.** | **Учество во промотивни активности за факултетот** | |
| | Денови на франкофонско образование (во соработка со Француска амбасада во РМ) 2009, 2010 ,2011, 2012, 2013 | 2,5 |
| **3.** | **Експертски активности: рецензија на труд** | |
| | Доц. д-р Радица Никодиновска *Особености на компетенцијата за преведување во странски јазик*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2011 | 1 |
| | проф. д-р Звонко Никодиновски, *За една семиолошка метода во семантичките стражувања – конституирање, принципи и аспекти,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2011 | 1 |
| | Доц. д-р Радица Никодиновска Il colore bianco nelle espressioni fraseologiche italiane e macedoni, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2012 | 1 |
| | Доц.д-р Емина Авдиќ *Учебникот како клучен фактор во наставата по германски како странски јазик* Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2012 | 1 |
| **4.** | **Експертски активности: евалуација** | |
| | Контролор на прашањата за екстерно оценување по предметот француски јазик, Биро за оценување, Државен испитен центар, 2013/14 | 1 |
| | Член на научниот одбор на регионалниот семинар „Мотивацијата во предавање и учење на францускиот јазик“ кој се одржа од 23-25 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | октомври 2013 во Софија, Бугарија. | |
| **5.** | **Учество во физибилити студија** | |
| | Projet d'étude de faisabilité sur la création d'une revue numérique et un réseau régional pour les enseignants de FLE de PECO , dirigé par N.Nikolov et S. Manea, 2013 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје (2011 и 2012 година). | 0,5 |
| | Член на редакциски одбор на зборникот на трудови од симпозиумот *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2013 | 0,5 |
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на организациски одбор на меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст* одржан на 12 и 13 декември 2011, на Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје | 1 |
| | Член на научниот одбор на меѓународниот симпозиум *La formation professionnelle des futurs enseignants de FLE : Enjeux et stratégies dans la zone ECO, ш*то се одржа на 9 и 10 јули 2012 во Крајова, Романија, во рамките на проектот MEPRID- FLE. | 1 |
| | Член на научниот одбор на меѓународниот симпозиум *Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE***,** Cluj-Napoca, Roumanie, 10-11 Octobre 2013 , во рамките на проектот MEPRID- FLE. | 1 |
| | Член на научниот одбор на вториот европски конгрес на професори по француски јазик, Deuxième Congrès Européen de la FIPF – Prague 2011, Vers l'éducation plurilingue en Europe avec le français. De la diversité à la synergie, Prague 2011 | 1 |
| **3.** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| | Член на Организационен и Програмски одбор на научниот собир *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" , Скопје (12-13 ноември 2010) | 0,5 |
| **4.** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | |
| | Раководител на Катедрата за романски јазици и книжевности од септември 2013 | 3 |
| | Заменик - шеф на Катедрата за романски јазици и книжевности 2009/10 | 1 |
| | Секретар на постдипломските студии по *јазици, бизнис и меѓународна* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Трговија,* организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан (Франција) од 2009 (два мандата) | |
| **5.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Комисија за варијабила 2019/10, 2010/11 и 2011/12 | 1.5 |
| | Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии во учебната 2011/12 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје | 0.5 |
| | Претседател на Комисија за парични средства, побарувања и обврски | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на библиотечен фонд | 0,5 |
| **6.** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | лектор (К. Петрушевска, С. Лазаревска А. Кузманоска, И. Павловска) | 0.8 |
| | доцент (Ј. Хаџи Лега-Христоска) | 0.2 |
| | вонреден професор (Р. Никодиновска) | 0.2 |
| 7. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Државна предметна матурска комисија по француски јазик (Државниот испитен центар) 2010 година | 1 |
| | Претседател на Комисија за предлагање на издавање на одобрение за употреба на учебници по француски јазик за шесто одделение во деветгодишно основно образование (втор странски јазик) | 1 |
| | Член на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија (од 2009 до 2014) | 2.5 |
| **8.** | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | |
| | Член на стручен тим за изработка на наставна програма по француски јазик за VII одделение, како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на РМ. | 3 |
| | Член на стручен тим за изработка на наставна програма по француски јазик за VIII одделение, како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на РМ. | 3 |
| | Член на стручен тим за изработка на наставна програма по француски јазик за IX одделение, како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на РМ. | 3 |
| | **Вкупно** | **39.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **116,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **83** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **39,5** |
| **Вкупно** | **239,1** |

Рецензентска комисија

Д-р Алекса Попоски, редовен професор, с.р.

Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ КАЈ ВОЗРАСНИ ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ОД РАЗЛИЧНИ ЖИВОТНИ УСЛОВИ " ОД ВЕСНА КОСТИЌ-ИВАНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ - ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата III редовна седница одржана на 22.I 2014 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов „Квалитет на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови", изработена од м-р Весна Костиќ-Ивановиќ, студент на постдипломските студии на Институтот за дефектологија. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, слободни сме да му го доставиме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Весна Костиќ-Ивановиќ е самостоен труд, кој претставува современа, научно-емпириска студија презентирана на 278 страници, структурирани во пет заглавија (теоретски основи на проблемот, методологија на истражување, анализа на резултати со дискусија, заклучни согледувања со предлози, литература и прилози). Литературата која е користена за изработката на докторската дисертација е составена од 205 библиографски единици на англиски и македонски јазик, претставувајќи дел од актуелните тематски соодветни ракописи произлезени од голем број научноистражувачки студии и проекти реализирани во голем број земји низ светот.

Првото заглавие од докторската дисертација, презентирано преку осум тематски единици, претставува мошне солидна теоретска елаборација и дефинирање на проблемот на истражување. На самиот почеток кандидатката нагласува дека поимот „квалитет на живот" е тешко да се дефинира поради бројните и сложени компоненти кои тој ги вклучува. Разни автори го интерпретираат на различни начини, но главно сите се согласни дека тоа е мултидимензионален концепт кој едновремено опфаќа значаен број објективни и субјективни фактори и е под влијание на разните индивидуални и средински фактори, како и нивните меѓусебни релации. Овој поим вклучува повеќе димензии кои ги рефлектираат позитивните вредности и животните искуства.

Квалитетот на живот за лицата со интелектуална попреченост во основа е определен од истите или слични индикатори како и во општата популација, но постојат специфични обележја кои се поврзани со карактеристиките на развој на овие лица и нивната положба во општеството и интеракцијата со средината. Како што истакнуваат многу автори, квалитетот на живот кај овие лица примарно е одреден од: психолошката добросостојба, социјалните односи, физичките и материјалните фактори, личната компетентност, степенот на автономија и можноста за донесувањето на одлуки, општествената вклученост и остварувањето на нивните правата.

На крајот од теоретскиот дел на докторската дисертација, кандидатката нагласува дека на ова подрачје на истражување во светот големо внимание е посветено во последните триесетина години, особено во смисла на персонално ориентирано планирање, евалуација на резултатите на разните хабилитациски и рехабилитациски програми, со примарен фокус на подобрување на квалитетот на живот кај овие лица. Иако во современата литература од ова подрачје се утврдени многу општоважечки сознанија за чинителите и обележјата на квалитетот на живот на лицата со интелектуална попреченост, сепак се нагласува важноста од нивно постојано преиспитување во контекст на различните културни и општествени специфичности на живеење, кои се карактеристични и уникатни за поединецот и неговата околина.

Во второто заглавие од дисертацијата, објаснета е методолошката поставеност на емпириското истражување, при тоа јасно дефинирајќи ги предметот, целите и задачите на истражувањето, поставувајќи ги хипотезите и детерминирајќи го примерокот на истражување со утврдување на сите зависни и независни варијабли.

Како предмет на истражување во оваа дисертација е квалитетот на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови. Покрај тоа, предмет на истражување се и можностите за правење личен избор во секојдневниот живот и очекувањата за иднината кои ги имаат овие лица. Предметот на истражување е проценет од страна на самите лица со интелектуална попреченост, но и низ призмата на лицата од нивната блиска околина (родители и стручни лица).

Од предметот произлегуваат и целите на истражувањето: утврдување на можностите за правење сопствен избор во секојдневниот живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови (семејни, институционални или заедници за домување со поддршка); утврдување на очекувањата за иднината кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови (семејни, институционални или заедници за домување со поддршка); утврдување на разликите во квалитетот на живот помеѓу испитаниците во зависност од факторите (резиденцијален статус, пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен статус и работен статус); утврдување на разликите во можностите за правење сопствен избор помеѓу испитаниците во зависност од факторите (резиденцијален статус, пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен статус и работен статус); утврдување на разликите во очекувањата за иднината помеѓу испитаниците во зависност од факторите (резиденцијален статус, пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен статус и работен статус); утврдување на разликите во самопроцената (која ја даваат самите испитаници со интелектуална попреченост) и процената од други лица (која ја даваат нивните родители/членови на семејствата, стручните лица од институциите или заедниците за домување со поддршка); утврдување на зависноста помеѓу можностите за правење избор, односно очекувањата за иднината, и квалитетот на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови.

Остварувањето на поставените цели кандидатката го операционализирала преку призмата на повеќе задачи:

- да се утврди квалитетот на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови, според самопроценката (процената од страна на самите испитаници со интелектуална попреченост) и процената од други лица (родителите/членовите од семејствата, стручните лица од заедниците за поддржано живеење и институциите);

- да се утврди влијанието на факторите (пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен и работен статус) врз квалитетот на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост;

- да се утврдат разликите во самопроценката и проценката од други лица на квалитетот на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост;

- да се утврдат можностите за правење сопствен избор во секојдневниот живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови;

- да се утврди влијанието на факторите (пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен и работен статус) врз можноста за правење сопствен избор кај возрасните лица со интелектуална попреченост;

- да се утврдат разликите во самопроцената и процената од други лица на можностите за правење сопствен избор кај возрасните лица со интелектуална попреченост;

- да се утврдат личните очекувања за иднината кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови;

- да се утврди влијанието на факторите (пол, возраст, интелектуален статус, социо-економски статус, образовен и работен статус) врз личните очекувања за иднината кај возрасните лица со интелектуална попреченост.

- да се утврдат разликите во самопроцената и процената од други лица на личните очекувања за иднината кај возрасните лица со интелектуална попреченост;

- да се утврди зависноста на можностите за правење избор и очекувањата за иднината со квалитетот на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост од различни животни услови.

Во согласност со теоретската рамка на овој труд, поставените цели, задачи и хипотези, студијата е **современа** - проучувајќи ја актуелната проблематика на човештвото, **дескриптивно-дијагностичка** – бидејќи го евалуира општиот квалитет на живот кај возрасните лица со интелектуална попреченост, **применета** - обидувајќи се да ги утврди проблемите со кои се соочуваат лицата со ИП и да изнајде можно решение за нив и **компаративна** - сакајќи да ги спореди можностите за правење лични избори во секојдневниот живот и очекувањата за

иднината кои ги имаат лицата со интелектуална попреченост, а кои живеат во различни животни услови.

Популација на истражувањето се возрасните лица со интелектуална попреченост. Примерокот опфаќа 130 лица со ИП и тие се избрани на тој начин што било потребно да имаат најмалку 18 години и да имаат говорни способности кои дозволуваат непречена комуникација со истражувачот заради реализација на самопроцената, односно одговарање на Прашалниците. Покрај овој примерок, испитан е и примерок на други проценители (родители, членови на семејствата, стручни лица), во зависност од тоа на кои услови на живеење припаѓаа испитаниците со интелектуална попреченост (семејни, домски или институционални), чиј број исто така е 130.

Како инструменти на истражување користени се: прашалникот за квалитет на животот од Schalock и Keith, (од 1993, ревизија 2004), скалата за процена на можностите за правење сопствен избор од Kishi, и др. (1988) и прашалникот за очекувањата за иднината на Speck (1982).

Добиените податоци се обработени со примена на стандарден статистички програм SPSS (Release 18.0.0). Имајќи ги предвид сите својства на варијаблите и податоците, од множеството статистички тестови на хипотези, користени се независно примерочен Т-тест, ANOVA тест, Kruskal-Wallis H тест и Пирсонов тест за корелација. Во рамките на некои тестови правен е и тест за хомогеност на варијансите, Levene-ова статистика, со кој се одредува дали постои статистички значајна разлика помеѓу варијансите на групите, односно дали распределбата е нормална или не. За тестирањето, дефинирана е граница на значајност $\alpha=0{,}01$, која одредува дали ќе биде прифатена или отфрлена поставената хипотеза.

Во третото заглавие, кандидатката прави анализа на резултатите со богат илустративен материјал, притоа дискутирајќи ги и споредувајќи ги добиените резултати со низа релевантни истражувања. Анализата на теоретските расправи и емпириските податоци, до кои е дојдено во истражувањето, упатуваат на следниве заклучни согледувања:

- Самите испитаници со интелектуална попреченост дале повисоки вкупни бодови на прашалникот за квалитет на живот, во споредба со другите проценители. И според самопроцената и според процената од други лица, испитаниците од семејствата постигнале највисоки вкупни бодови на прашалникот, по нив се испитаниците кои се сместени во заедници за домување со поддршка, а најмалку вкупно бодови имаат испитаниците кои се институционализирани.
- Направената анализа на разликите помеѓу самопроцената и процената од други лица на квалитетот на живот укажува на тоа дека при самопроцената (во однос на процената од други лица), повисока оцена за квалитетот на живот се јавува кај лицата кои живеат во семејства, за разлика од оние кои живеат во заедници за домување со поддршка или институција. Родителите даваат пониска оцена на квалитетот на живот отколку самите лица, поради тоа што тие сметаат дека секогаш би можеле да придонесат повеќе за подобар и поквалитетен живот на своето дете. Во споредба со нив, стручните лица од заедниците за поддржано живеење или институциите сметаат дека им овозможуваат квалитет на живеење повисок отколку што самите лица со интелектуална попреченост сметаат дека имаат.

- Анализата (на тоа која оценка – дали онаа на родителите или на стручните лица е поблиску до самопроцената) покажува дека поблиску до самооцената на квалитетот на живот се оцените од стручните лица (за испитаниците кои се сместени во заедници за домување со поддршка или институција), за разлика од оцените на родителите (кај испитаниците кои живеат со своите семејства). Ваквата состојба сметаме дека се должи на поголемата субјективност при оценувањето од страна на родителите, додека професионалците (стручните лица) пообјективно и непристрасно го процениле квалитетот на живот на испитаниците, со што дале и поблиска оцена до оцената која ја даваат самите лица со интелектуална попреченост.

- Разгледувајќи ги посебните подрачјата на Прашалникот за квалитет на живот, може да се заклучи дека обете групи на испитаници (и според самопроцената и според процената од другите лица) дале највисоки бодови на подрачјето сатисфакција, потоа на подрачјето самостојност/еманципација, па на подрачјето социјална интеграција/вклученост во заедницата, а како последно е подрачјето компетентност/продуктивност.

- Во однос на резиденцијалниот статус според самопроцената на квалитетот на живот меѓу лицата со интелектуална попреченост, најдобар квалитет на живот имаат испитаниците кои живеат во своите семејства, потоа испитаниците од заедниците за поддржано живеење, па оние кои се институционализирани, додека според процената од други лица, испитаниците кои живеат во заедниците за поддржано живеење имаат најдобар квалитет на живот, потоа се испитаниците кои живеат во своите семејства, па институционализираните испитаниците.

- Во однос на интелектуалниот статус и според самопроцената и според процената од другите проценители, испитаниците со лесна интелектуална попреченост имаат најдобар квалитет на живот, потоа се испитаниците со умерена, па испитаниците со тешка интелектуална попреченост.

Кандидатката посочува дека заклучоците од ова истражување не треба да се прифатат како категорични, бидејќи тие се однесуваат на конкретен примерок, во одредено временско траење, но сепак треба да се уважат во насока на унапредување на општествената организираност, пред сè унапредување на квалитетот на животот на лицата со ИП, давајќи притоа препораки и сугестии во тој правец, пред крајот на дисертацијата во IV заглавие.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов: **„Квалитет на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови“,**

изработена од **м-р Весна Костиќ-Ивановиќ,** со својата теоретска елаборација, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава значаен придонес во расветлувањето на еден мошне сложен и актуелен проблем во нашиот општествен систем. Трудот претставува сам по себе значаен извор, стимулација и поддршка на други истражувања од овој домен, особено заради фактот што во македонската научна теорија и практика постојат мал број на трудови што како научен дискурс го имаат влијанието на интелектуалната попреченост и различните животни услови врз квалитетот на животот кај нив. Поставеноста на проблемот, аналитичкиот пристап на кандидатката и солидното владеење со методологијата доведуваат до прегледни заклучоци, кои на коректен начин ги детерминираат поставените хипотези со конзистентна научна аргументација, давајќи му на трудот значајно нагласена научна тежина.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторскиот труд, Комисијата има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација под наслов: **„Квалитет на живот кај возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови“**, изработена од **м-р Весна Костиќ-Ивановиќ,** и да одобри усна јавна одбрана на трудот.

**Комисија**

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.
Проф. д-р Даниела Братковиќ, с.р.
Проф. д-р Ристо Петров, с.р.
Проф. д-р Владимир Трајковски, с.р.
Проф. д-р Зоран Киткањ, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЛИТИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА МУСЛИМАНИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА (СЛУЧАЈ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА, ФРАНЦИЈА И ГЕРМАНИЈА)", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БАШКИМ АЉИЈИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, од редовната седница одржана на 22.1.2014 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов **Политичката интеграција на муслиманите во Европската унија (случај на Велика Британија, Франција и Германија),** поднесена од кандидатот **м-р Башким Аљији**, пријавена на Институтот за социологија – европски студии за интеграција. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, проф. д-р Марија Ташева, проф. д-р Зоран Матевски, проф. д-р Аница Драговиќ и доцент д-р Марија Дракуловска Чукалевска, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација под наслов **Политичката интеграција на муслиманите во Европската унија (случај на Велика Британија, Франција и Германија),** поднесена од кандидатот **м-р Башким Аљији**, по обем претставува компјутерски испечатен текст со еден и пол проред на 306 страници. Трудот има Вовед и осум глави, а секоја глава е структурирана во неколку потпоглавја. Од 237 до 286 страна прикажани се емпириските резултати од истражувањето кое кандидатот го спровел за целите на овој труд, поточно се анализирани одговорите добиени по спроведените интервјуа со испитаници од трите земји кои се непосреден предмет на научното интересирање. По овој дел следат заклучните согледувања од теориските и емпириските истражувања на кандидатот. На крајот од основниот текст е списокот на литература која се состои само од библиографски единици кои се користени и цитирани во трудот. Начинот на цитирање е според стандардот на ASA (American Sociological Association), со наведување на авторот на трудот, годината на излегување и страницата во самиот труд. Вкупниот број на такви библиографски единици е 190 и се состои од книги и текстови објавени на повеќе јазици: македонски, албански, српски, англиски, турски и арапски јазик, како и список на 20 референци од интернет-извори. Како прилог на трудот даден е прашалникот користен во истражувањето.

Во **воведот** на трудот кандидатот ги образложува мотивите зошто се одлучил да ги истражува интеграциските процеси кои претставуват стратешка цел на денешните општества, како и фундаментална определба на глобалната политика. Меѓутоа, веднаш, на самиот почеток кандидатот предупредува дека оптимистичките гледања на интеграциските процеси се придружени со стравот за некои негативни и невралгични врски и етнички проблеми, како и со некои

екстремни сфаќања на религијата и скептично гледање на културните, етничките и верските разлики и други суштински прашања од животот на современиот човек кои влијаат врз интеграциските процеси, односно да ги забават, а во одредени ситуации, дури и да ги запрат тие процеси. Кандидатот во воведниот дел го формулира предметот на докторскиот труд, односно политичката интеграција на муслиманите како верска заедница во некои земји на ЕУ, конкретно В. Британија, Франција и Германија и нејзиното значење за афирмација на муслиманската заедница во ЕУ преку истражувања на неколку аспекти на овој сложен процес. Во овој контекст, кандидатот прави разлика помеѓу поимите политичка интеграција и политичка партиципација. Во воведниот дел, исто така се образложуваат основните научни и практични цели на оваа дисертација.

Во првата глава од трудот под наслов **Поимот политичка интеграција и неговото значење**, откако кандидатот прво го разгледува научното и практичното значење на поимот интеграција, за разбирањето на природата на современиот свет, ги наведува дефинициите на Талкот Парсонс и Шмуел Ајзенштад, кои во социолошката литература се сметаат за најзначајни теоретичари на интеграцијата, како и дефиницијата на интеграција и нејзините карактеристики, од информацијата на *Комисијата за општата агенда за интеграција* која ќе го структурира неговото понатамошно размислување за интеграцијата на муслиманската заедница во ЕУ. Во овој дел авторот се задржува на различните видови интеграција, конкретно социјална, економска и културна интеграција, на разликата помеѓу интеграција и асимилација и во тој контекст на влијанието на таа разлика во градењето ставови кај муслиманската популација во врска со нивната интеграција во земјите на ЕУ. Понатаму, тој подетално се задржува на значењето на политичката интеграција, на разликата помеѓу политичката интеграција и политичката партиципација, на значењето на поимот политика, на исламското, како и на модерното граѓанско сфаќање на политиката, и во тој контекст на односот помеѓу политиката и моралот. Анализата на овие категории и дистинкциите помеѓу нив имаат суштинско значење за разбирањето на процесите на политичката интеграција на муслиманската заедница.

Втората глава од трудот под наслов **Религијата и политичката интеграција** е посветена на влијанието на религискиот фактор врз процесите на политичката интеграција на муслиманската заедница во ЕУ. Наведувајќи поголем број на дефиниции на религијата, дадени од страна на филозофи, социолози, антрополози и теолози, како и основните функции на религијата во општествениот живот, кандидатот се задржува на исламскиот концепт на религијата која според него претставува идеолошка основа на животот на муслиманската заедница и битно го структурира однесувањето на припадниците на муслиманската заедница не само во духовната сфера, не само во односот кон Господ, туку и во сите сфери други сфери на животот (во социјалниот, економскиот, политичкиот, моралниот и материјалниот живот). Во тој контекст, кандидатот коректно забележува дека ваквиот исламски концепт на религијата има импликации врз градењето ставови во врска со интеграцијата, поточно токму врз ваквиот концепт на религијата страните во исламскиот кампус градат позитивен или негативен став кон интеграцијата на муслиманската заедница во

ЕУ. Тој, посебно, истакнува дека сфаќањето на религијата само во нејзината универзална димензија, само како културна и цивилизациска појава, за муслиманската заедница отвора широки хоризонти и можности за нејзина сеопшта партиципација и интеграција, посебно политичка интеграција, во европските општества. Затоа, расправата за политичка интеграција не може да не го земе предвид религиското учење, кое претставува идеолошка основа врз која се гради позитивен или негативен став кон интеграцијата. Кандидатот констатира дека врз основа на коментарите на религиските текстови, како и врз основа на пораките на самите оригинални текстови и врз основа на самите оригинални текстови може јасно да се види дека исламското учење ја поддржува интеграцијата како процес, а во тој контекст и политичката интеграција на муслиманите во ЕУ. Во рамките на овој дел од втората глава се третира и прашањето на идентитетот. По детална и инструктивна анализа, проследена со свои коментари на религиските текстови и текстовите на познати муслимански мислители кои зборуваат за тоа дали политичката интеграција на муслиманите во земјите на ЕУ го загрозува нивниот религиски идентитет и укажувајќи на тоа дека обичаите и традициите, според исламското учење, не се суштински дел на верскиот идентитет, кандидадот децидно заклучува дека верските текстови се на линија на интеграција и дека интеграцијата не го загрозува религискиот идентитет. Кандидатот забележува дека во модерните демократски општества, како што се западните, не само што не се забранува верувањето туку верувањето се смета како основно човеково право кое се гарантира со устав. Затоа, според него, интегрирањето во такви општества не е некомпатибилно со исламското учење. Со тоа се побива главниот аргумент на застапниците на изолационистичката струја во муслиманската зедница во Европа и незиниот страв дека учеството во општествениот живот на тие општества, учењето на јазикот на средината во која живеат и познавањето и признавањето на основните културни вредности на земјата во која тие претставуваат верско малцинство ќе доведе до нивна асимилација и со тоа до губење на својот религиски идентитет.

Третата глава на трудот се однесува на политичките права и нивниот развиток, со посебен осврт на политичките права на малцинствата. Кандидатот започнува со разгледување на поимот политички права и развојот на идејата за правата на човекот, а поопширно се осврнува на развојот на политичките права на малцинствата и нивната заштита. Во тој контекст, кандидатот зборува за два типа спогодби како механизми за заштита на малцинствата, и тоа: 1) *спогодби со билатерален карактер* и 2) *спогодби со мултилатерален карактер*. Како карактеристични примери на првиот тип спогодби се наведуваат повеќе спогодби почнувајќи од спогодбата меѓу Франција и Отоманската Империја од 1535 година, сѐ до спогодбата меѓу Франција и Холандија од 1678 година. Со сите овие спогодби се гарантираше слободата на малцинствата слободно да ја практикуваат својата религија. Спогодбата на Вестфалија од 1648 година, претставува прва мултилитерална спогодба од областа на заштитата на малцинските права. Во оваа група може да се стави лондонскиот протокол за Грција од 1830 со кој им се гарантираше на муслиманите можноста слободно да ја изразуваат својата вера. Тоа беше еден од предусловите земјите- потписнички на протоколот, Франција, Велика Британија и Русија да ја признаат независноста на Грција. Меѓутоа, сите

овие документи беа фокусирани само на заштита на верските малцинства, односно на нивното право на веросповед и слободно практицирање на религијата. Но, во Завршниот акт од Виенскиот конгрес од 1815, како и во сите последователни мултилатерални документи по лондонскиот протокол, се промовираат и политичките и граѓанските права, а заштитата ги опфаќа и националните малцинства.

Во четвртата глава од трудот, кандидатот се осврнува на документите на европскиот систем на човекови права, на политичките права на малцинствата и нивното влијание врз процесот на интеграција на разните заедници во европските општества, посебно врз политичката интеграција на муслиманската заедница во Велика Британија, Франција и Германија. Во фокусот на интересирање е европскиот регионален систем за човекови права, кој се состои од голем број инструменти и тела во рамките на Советот на Европа, Европската унија и ОБСЕ. Како суштински, за целите на трудот, кандидатот ги издвојува следниве документи и ја анализира нивната функција на полето на правата на малцинствата: 1) Европската конвенција за човекови права; 2) Рамковната конвенција за заштита на правата на националните малцинства и 3) Спогодбата од Мастрихт. Кандидатот при анализата на овие документи покажува длабоко познавање на проблематиката која ја обработуваат овие документи, како и нејзиниот третман во релевантната научна литература. На карајот од оваа глава на трудот, кандидатот се осврнува на прашањето за тоа кои се носителите на овие права и, во тој поглед, ги анализира двете доминантни гледишта, односно гледиштето дека индивидуите се носители на првата и гледиштето дека тоа се малцинските групи.

Петтата глава под наслов **Застапеноста на муслиманите во националната власт на Велика Британија, Франција и Германија**, се состои од вовед и три потпоглавја. Првото потпоглавје е посветено на положбата на муслиманската заедница во земјите кои се предмет на интересирање на кандидатот, и во рамките на расправата, за секоја земја се зборува за предизвиците со кои се соочуваат муслиманите во таа земја. Второто, се однесува на политичката застапеност на муслиманите во тие земји, а третото на предизвиците за нивна политичка интеграција во нив, односно во Велика Британија, Франција и Германија. Во првото потпоглавје се зборува, исто така, и за организација на верскиот живот и во рамките на оваа дискусија кандидатот ги разгледува двете фази од тоа организирање: а) организирање преку џамии и б) организирање преку разни институции во сите три земји. Зборувајќи за предизвиците со кои се соочуваат муслиманите во Велика Британија, каде што тие претставуваат најголема религиозна малцинска група, кандидатот како карактеристични ги издвојува следниве: 1) непризнавањето на муслиманите како религиозна група; 2) немањето законска заштита против религиската дискриминација; 3) погрешните претстави за исламот; 4) верското образование и менталитетот на имамите и 5) непостоењето на едно претставничко тело на муслиманите. Како главни предизвици за муслиманите во Франција се издвојуваат: 1) образованието на жените во јавните училишта; 2) верското облекување на жената; 3) влијанието на одредени муслимански држави и 4)

подготвеноста на верските службеници-имами. За Германија, тоа се следниве предизвици: 1) нетрпеливоста кон странците; 2) вработувањето на покриените жени- муслиманки во јавните институции, 3) признавањето на исламот како религија и 4) исламската веронаука во јавните училишта. Отсуството на артикулирани напори креативно да се одговори на овие предизвици, како од страна на државите, за кои станува збор, така и од муслиманските заедници во нив, може, според авторот, негативно да влијае врз ставовите за интеграцијата и врз самиот процес на активно вклучување во политичкиот живот на тие земји.

Во второто потпоглавје од петтата глава се даваат бројки за политичката застапеност на муслиманите на ниво на национална власт во секоја од трите земји; се наведува дали се родени во тие земји или се мигранти; на која политичка партија припаѓаат; дали се мажи или жени; а во текстот или во фуснота се дадени и нивните имиња и основните податоци за нив и на која политичка функција се наоѓаат, ако имаат таква.

Во третото потпоглавје на трудот, кандидатот се фокусира на некои предизвици за политичката интеграција на муслиманите во Велика Британија, Франција и Германија и, во врска со тоа, наведува повеќе предизвици: а) верските струи, односно постоењето на разните верски струи кои имаа дијаметрално различни ставови во поглед на интеграцијата; б) мешаниот етнички состав на муслиманската заедница; в) слабото интересирање за политиката; г) провинцијалскот менталитет, односно еден дел од муслиманите се активираат во политичкиот живот, зависно од етничката припадност на политичките актери; д) маргинализација на жената - сè уште присутна кај муслиманската заедница, не само во политичкиот, туку и во верскиот живот. Во овој контекст, кандидатот подетално се задржува на поголем број проблеми кои го попречуваат нејзиното поголемо учество во политичкиот живот и сугерира мерки кои треба да се преземат за да се надмине таа ситуација. Во тој поглед, тој зборува за две суштински мерки: а) едукација на муслиманската жена и б) промовирање на потребата на муслиманската заедница и на општеството воопшто, за вработување на муслиманската жена.

Во ова потпоглавје кое се однесува на политичката интеграција и прашањата кои се поттикнуваат внатре, во самата муслиманска заедница за политичката интеграција, како и предизвиците на тој пат, кандидатот зборува за потребата за попрагматичен пристап на муслиманската заедница кон тие прашања и да ги има предвид следниве работи: а) разликите во рамките на општеството, како и разликите меѓу општествата; б) начинот на отворање на некои проблематични прашања, начинот на манифестирање на политичкото незадоволство, и в) да не ги пренесуваат во европските општества проблемите од земјите од кои потекнуваат.

Шестата глава се однесува на некои доктринарно-идеолошки дилеми во областа на политичките права и политичката интеграција на муслиманската заедница во ЕУ, како што се лојалноста, изворот на власта и правото на учество на муслиманите на изборите. Се зборува за изолационистичката и

интегративистичката струја внатре во самата муслиманска заедница и нивните ставови во врска со овие предизвици и се дава одговор на дилемите на изолационистичката струја во врска со политичките права и политичката интеграција на муслиманите во ЕУ. На крајот од ова поглавје се зборува за иднината на струите каде што се афирмира ставот дека иднината е на страната на интегративистичката струја, споменувајќи и некои фактори кои ќе имаат улога во оваа афирмација.

Седмата глава на овој труд се однесува на некои предизвици за интеграција на муслиманите во ЕУ, како што се: дефинирањето на европскиот идентитет, верските права и слободи, исламофобијата, глобалната војна против тероризмот, екстремистичките движења и довербата на муслиманите во ЕУ. Кога се зборува за глобалната војна против тероризмот, кандидатот се осврнува посебно и на џихадот како предизвик со глобални размери на патот на интеграцијата на муслиманите во ЕУ, при што се објаснува суштината на џихадот и правилното значење на поимот џихад во етмимолошки и терминолошки поглед. Во оваа глава се дава објаснување за тоа како овие предизвици влијааат врз интеграцијата на муслиманите во ЕУ и се нудат мислења за можни решенија за надминување на овие предизвици на патот на интеграцијата на муслиманската заедница во ЕУ.

Последната глава од теорискиот дел на трудот под наслов **Политичката иднина на муслиманите во ЕУ** се однесува на неколку комплекс на прашања, и тоа на: 1) политичките амбиции на услиманите во ЕУ; 2) верското организирање на муслиманите; 3) Самитот од Ница и политиката на проширување на ЕУ и 4) интегрирањето на Турција во ЕУ, гледано од две перспективи – од европска перспектива и од исламска перспектива. Во првиот комплекс на прашања се анализираат некои од факторите кои ќе ја определат политичката иднина на муслиманите во ЕУ, како што се:  потикнување на политичките амбиции на муслиманите во ЕУ; јакнење на убедувањето дека Европа е нивен дом и дека нема алтернативна татковина; познавањето на јазикот; подршка од верските научници и присуството и семејствата. Зборувајќи за политичките амбиции на муслиманите, кандидатот констатира дека во животот на муслиманската заедница на Запад настанале големи промени. Глобализацијата и медиумите, исто така, ги ставаат муслиманите пред нови проблеми и прашања и директно влијаат на формирањето на младите муслимански генерации изнесувајќи ги на виделина проблемите од економски, политички, морален и културен карактер. Кандидатот коректно забележува дека сето тоа бара и суштински промени и во начинот на размислување за идентитетот, културата, верската припадност и општествената одговорност на муслиманската заедница. Затоа, на Запад, младите верски мислители ја афирмираат потребата за формирање нов профил на муслиманот на Запад, кој ќе биде „европски муслиман“, како што тоа го формулира Тарик Рамадан, познатиот современ муслимански мислител, кој ќе се интегрира во европското општество во сите сфери од животот. Оваа идеја за „европски муслиман“, во голем дел, некаде експлицитно, некаде имлицитно, го структурира размислувањето на кандидатот за иднината на муслиманската заедница и нејзината политичка и севкупна интеграција во европското оштество.

Во вториот дел од трудот, од 238 до 286 стр., се прикажани резултатите од спроведеното емпириско истражување, кое кандидатот за целите на овој труд самиот го спроведе во форма на интервју со интелектуалци од Велика Британија, Франција и Германија. Интервјуирани се по десет интелектуалци од секоја земја. Мотивот да се разговара со интелектуалците е тоа што ставовите на интелектуалците имаат огромно значење во обликување на јавното мислење на секоја заедница. Во тој поглед не е исклучок ниту муслиманската заедница. Всушност, во муслиманската заедница тие можат да одиграат позначајна улога. Нивните ставови можат да ги мобилизираат разните струи кои постојат во муслиманската заедница и да ги насочат напорите на членовите на муслиманската заедница во правец на нивна итеграција во земјите на ЕУ или, пак, во правец на нивна изолација од главните текови на овие општества. Кандидатот при употребата на оваа методска постапка водел сметка соодветно да ги опфати испитаниците од аспект на тоа дали се емигранти или родени во Европа; соодветно да ги опфати од аспект на тоа дали се родени во муслимански семејства или конвертити, односно преминале во исламот од некоја друга вера; како и соодветно да ги опфати од аспект на тоа дали се приврзаници на умерени или екстремни струи. Со испитаниците кандидатот разговарал во земјите каде што живеат, со исклучок на испитаниците од Велика Британија, со кои е разговарано во Турција. За целите на интервјуто, авторот изработил прашалник кој се состои од вкупно единаесет прашања.

Во завршниот дел од трудот се дадени заклучоците кои произлегуваат од теориското и емпириското истражување на кандидатот за политичката интеграција на муслиманите во трите замји на ЕУ, Велика Британија, Франција и Англија. Кандидатот во тој контекст го формулира основниот заклучок, имено, дека развојот на човековите права и демократските процеси во земјите на Европската унија од една страна, и исламот и неговата идеолошка рамка за односот со различниот и дијалогот со другите, од друга страна, поволно влијаат на интеграцијата на муслиманската заедница воопшто во ЕУ, а посебно во насока на политичката интеграција.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов **Политичката интеграција на муслиманите во Европската унија (случај на Велика Британија, Франција и Германија),** поднесена од **м-р Башким Аљији**, пријавена во Институтот за социологија–европски студии за интеграција, претставува значаен истражувачки напор да се тематизира и понатаму да се истражи едно од најкомплексните прашања со кои се сретнуваат голем број земји од Европската унија, а посебно Велика Британија, Франција и Германија, прашањето на политичката интеграција на верските малцинства, а посебно на политичката интеграција на муслиманската зедница. Во овие три земји, муслиманската заедница е процентуално најзастапена, во однос на другите членки на Унијата, и проблемите со кои се сретнуваат, како самите земји-членки на Унијата, така и муслиманската заедница во овие три земји, се најкомплексни и успехот или

неуспехот, во решавањето на ова прашање, ќе го одредува темпото и квалитетот на интегративните процеси во Европа, но и демократизацијата на односите во голем број муслимански земји во светот од каде што потекнуваат и најголем број емигранти.

Кандидатот, при елаборацијата на сложениот комплекс прашања поврзани со оваа тема, покажува длабоко познавање на релевантната теориска и истражувачка литература, за што сведочи и бројката од 190 библиографски единици на повеќе јазици; ги истражува предизвиците со кои се соочува муслиманската заедница на патот кон интеграцијата и способноста критички да ги промислува, како европските интеграциски политики, така и дилемите во поглед на интеграцијата внатре во муслиманската заедница. Неговиот образовен *background*, односно неговото длабоко познавање на автентичната исламска идеолошка матрица, на исламското право и други апекти на исламското учење, од една страна, и познавањето на научната литература од оваа област, од друга страна, како и непосредното познавање на животот и проблемите на муслиманската заедница во повеќе национални контексти, му овозможува смостојно да ги промислува проблемите, да формулира релевантни заклучоци и да сугерира решенија кои се во прилог на едно побрзо и поефективно интегрирање на муслиманската заедница во земјите што се во фокусот на неговите научни интересирања, односно муслиманите во Велика Британија, Франција и Германија.

Комисијата за оцена, високо оценувајќи ја оваа докторска дисертација, како од аспект на применетиот истражувачки пристап, така и од аспект на теориската елаборација, има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му овозможи на кандидатот нејзина одбрана.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.
Проф. д-р Марија Ташева, с.р.
Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Аница Драговиќ, с.р.
Доц. д-р Марија Дракуловска Чукалевска, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА “КОНТАКТНА ЛИНГВИСТИКА – АГНГЛИЗМИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕРОЛ СПАХО, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет Блаже Конески во Скопје, на својата четириесеттата редовна седница одржана на 18.12.2013 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов *КОНТАКТНА ЛИНГВИСТИКА – АНГЛИЗМИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,* изработена од м-р Ерол Спахо.
Изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-нучниот совет за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, имаме чест да го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација ***Контактна лингвистика – англизмите во албанскиот јазик во Република Македонија,*** изработена од м-р Ерол Спахо, содржи 306 страници. Трудот е поделен на десет глави. Покрај воведот во дисертацијата се опфатени и заклучокот, индексот на анлизмите и користената литература.

Во воведот (8-12), кандидатот м-р Ерол Спахо ја образложува целта и важноста на трудот која се состои во застапеноста, проучувањето и анализа на англизмите во албанскиот јазик во Р. Македонија со посебен осврт кај мас-медиумите на албански јазик. Потоа, авторот ги објаснува причините за истражувањето на поставената тема, на фонолошко, морфолошко, лексичко-семантичко како и на културолошко и социолингвистичко рамниште. Тој посебно внимание посветува на низа прашања кои се тесно поврзани со заемките кои претставуваат рефлексија на културните и јазичните контакти. Тие претставуваат огледало на едно време во кое голема улога играат екстралингвистичките фактори: економски, социјални, културни и др. Според кандидатот м-р Е. Спахо, оваа гранка на лингвистиката (контактната лингвистика, н. з) ги опфаќа билингвизмот, мултилингвизмот, преведувањето и усвојувањето на другите јазици, сите видови и облици на интерференција кои се јавуваат како резултат на контактите помеѓу јазиците и културите на сите рамништа“. Што се однесува до примената на општата теорија на јазичното позајмување, теоријата на јазиците во контакт и јазичната конфронтација, кандидатот се потпира врз теоретските поставки на У. Ванрајх (“Languages in Contact”, 1953) и Р. Филиповиќ “Teorija jezika u kontaktu “, 1986). Така, за првпат терминот *контактна лингвистика* официјално се воведе на Првиот светски конгрес под наслов: “Јазични контакти и конфликти”, одржан 1979 година во Брисел.
Предмет на интересирање на кандидатот е да ги проучи и анализира застапеноста и употребата на англизмите во албанскиот јазик во Р. Македонија, со посебен акцент во печатените и електронските медиуми на албански јазик. Пополнувањето на лексичкиот (речничкиот) фонд на даден јазик, секако, спаѓа во

основните проблеми од лексиката на тој јазик. Разгледувајќи го овој проблем во албанскиот јазик, во врска со заемките се заземени различни гледишта во науката за јазикот.

Првата глава насловена како ***Историски преглед на јазичното позајмување (13-27)***, претставува мошне важене дел на трудот во кој се опфатени основните начела и процеси на позајмувањето од еден јазик во друг. Во продолжение, кандидатот дава еден кус историски преглед во врска со ова прашање поврзани за јазиците во контакт и на јазичното заемање. Според него, “историјата на јазиците покажува дека јазиците доаѓале во контакт од самите почетоци, и на тој начин влијаеле едни врз други во разни облици и разни околности. Сепак, во врска со главните прашања на јазиците во контакт и лингвистичкото позајмување, вниманието на лингвистите се пројавува многу подоцна: за средниот век – латинскиот и грчкиот, за 17 и 18 век – францускиот, за 18 и 19 век – германскиот, за периодот по 1945 година англискиот и неговата американска варијанта. На почетокот тоа беа лексикографите од 18 век кои се соочуваат со проблемите на заемките, собирајќи градиво за нивните речници а посебно проучувајќи го странското потекло на зборовите. Тогаш се појави првиот термин *јазично мешање* и *мешани јазици”*. За анализа и толкување на овие прашања, кандидатот ги користи студиите и истражувањата на познатите лингвисти У. Вајнрах, Л. Блумфилд, А. Мартине, Р. Филиповиќ, И. Клајн и др. Во натамошниот текст, Спахо се задржува околу термините *англизам, британизам и американизам*. Тоа најчесто го прават автори кои главно ги проучуваат јазичните контакти помеѓу САД и некои европски земји. Во тој контекст, англиските заемки ги анализираат со потекло од САД, па оттука тие заемки ги нарекуваат *американизми*. Според кандидатот, “користењето на овие термини би бил најсоодветен кога се сака да се направи разлика меѓу заемките од американскиот англиски јазик и тие позајмени од британскиот англиски јазик” (17-18). Како типични англизми од областа на техничките науки кои се употребуваат во албанскиот јазик, ги приведува следниве примери: *adrenalinë, gravitacion, interferon, stereo* (анг. adrenaline, gravitation, interferon, stereo). Во овој дел, кандидатот се задржува на т. н. секундарни англизми (псевдоанглизмите) од типот: *бокс, хепиенд, еркондишен* (алб. *boks, hepiend, erkondishën,* англ. *boxing happy ending, airconditioning),* потоа на калкираните зборови *(зона на самракот, ефектот на стаклената градина,* алб. *zona e muzgut, efekti i serrës* анг. *twiling zone, the green house effect)*(18-21). Својот интерес кандидатот ќе го насочи и кон видовите на адаптацијата на англизмите во албанскиот јазик, заемките и билингвизмот и интернационализмите.

Во втората глава, ***Албанскиот јазик и албанската заедница во Р. Македонија 1. Историски преглед на англискиот јазик кај албанската заедница во Р. Македонија*** (28-36), м-р Е. Спахо дава еден кус историски преглед на влијанието на англискиот јазик врз јазикот на албанската заедница во Р. Македонија, кое датира уште од 19 век, што коинцидира со јакнењето на индустрискиот капитал на Велика Британија од една страна и слабеењето на Отоманската Империја од друга страна. Иако заемките за секоја епоха сведочат за позасилено меѓународно комуницирање, најголем број лингвисти во своите истражувања за заемките поаѓаат од историјата на националниот јазик, занемарувајќи ги притоа интернационалните процеси.

"Велика Британија релативно лесно го проширила своето влијание на Балканот, вклучувајќи го и подрачјето на денешна Македонија" (цит. Х. Андонов-Полјански, Британски документи, т. 1 (1968), 2 (1977), 3 (1982), што значи дека на ова подрачје се отворија голем број ограноци на англиски фирми, англискиот капитал продирал и носел со себе и нова терминологија, особено од областа на банкарството, сп.: *банка, буџет, кредит, такса* алб. *bankë, buxhet, kredit, taksë* воената терминологија *блуза (bluzë).* За процесот на позајмување од англискиот јазик во другите јазици (во случајот и во албанскиот) од големо значење беа англиската литература, природните науки и техниката. Меѓутоа, според кандидатот, вистинскиот наплив на англизмите се забележува во виорот на Втората светска војна и по војната (особено со активирањето на радиокомуникациите од 1942 до 1945 година). Така, врските од фронтовите во овој период се совпаѓаат со тие од Би – би – си како по нивната формулација, така и по употребената терминологија. Во извештаите се јавуваат зборови од семантичкото поле на ***воениот речник***, сп.: мк. *тенк, тенкист, авроплан и авион, бомбардер и бомбардирање, бригада, фронт, (*алб. *tenk, tenkist, aeroplan, avion, bombarder, bombardim, brigadë, front).*

Во третата глава, ***Процеси на јазичното позајмување – адаптација на англиските реплики на фонолошко рамниште: Лингвистички операции –супституција и импортација*** (37-72), кандидатот Е. Спахо прави симплифициран опис и споредување на фонолошките системи на двата јазика, англискиот и албанскиот јазик. Фонетската анализа ги покажува следниве резултати: англискиот и албанскиот јазик немаат исти фонетски систем и при адаптацијата на лексемите од англискиот јазик се врши супституција на фонемите. Во овој дел тој врши фонолошко-графолошка анализа на англиските заемки ексцерпирани од обемниот корпус во печатените и електронските медиуми на албански јазик во Р. Македонија. Посебно внимание посветува на фонолошките промени низ кои минуваат англиските заемки во процесот на нивната адаптација и асимилација во албанскиот јазичен систем, како и на супституцијата и дистрибуцијата на вокалниот и консонантниот систем во двата јазика: употребата на сличните и идентичните фонеми во двата јазика, англиските фонеми кои немаат свој еквивалент во албанскиот јазик и обратно, албанските фонеми кои немаат свој еквивалент во англискиот јазик. Кај вокалите, оние фонеми што имаат физичка и акустичка сличност со најблиските албански еквиваленти се врши *целосна трансфонемизација*, сп.: *bed*>bed, *bus/bas*> bas, додека, пак, кај фонемите кои имаат привидна сличност со албанските фонеми постои *делумна трансфонемизација /i/ticket>tiket.* Потоа се задржува на описот на консонантските групи во почетокот на зборот, во средина и во финална позиција на заемките, трансфонемизација на акцентот и сл. Сите овие теоретски проблеми и прашања кандидатот преку богатиот јазичен материјал ги анализира и толкува со многубројни примери, давајќи исцрпен табеларен преглед. (44-67).

Во четвртата глава ***Адаптација на моделот на морфолошко рамниште: Морфолошки степен на адаптацијата на англизмите – принципи на јазично позајмување во областа на морфологијата*** (73-94), кандидатот м-р Е. Спахо ги изнесува основните карактеристики на адаптацијата на англиските заемки во албанскиот јазик на морфолошко рамниште. Во оваа глава, кандидатот ги опишува и ги утврдува сите промени низ

кои минува основниот облик на моделот на *јазикот давател* во текот на својата адаптација и преминот во основниот облик на репликата на *јазикот примател*. Самото навлегување и утврдување на заемките во албанскиот јазик е придружено од нивното приспособување кон графискиот, фонетскиот и морфолошкиот систем. Исто така, главна цел на кандидатот е да ги препознава, да ги опишува, да ги анализира и да ги објаснува англизмите во албанскиот јазик: трансферот на заемките, адаптацијата на фонетско-фонолошко, морфолошко и лексичко-семантичко рамниште.

Во петтата глава, ***Семантичко-лексичка адаптација на англизмите: Степени на семантичка адаптација на англизмите*** (95-110), претставен е третиот степен на адаптацијата на англиските заемки во албанскиот јазик на семантичко рамниште. Кандидатот м-р Е. Спахо ги анализира сите промени кои настануваат во значењето на моделот на заемката од моментот на трансферот во *јазикот давател* до интеграцијата во *јазикот примател*. Анализата на значењето на англиските заемки во албанскиот јазик покажуваат извесни промени. Така, семантичката адаптација се јавува во два вида: 1. *примарна адаптација* и 2. *секундарна адаптација* , која се смета за една од најважните иновации во теоријата на јазиците во контакт. Тргнувајќи од семантичкиот критериум, кандидатот Е. Спахо ги анализира сите можни јазични фактори кои влијаат во објаснувањето и толкувањето на промената на значењата на англизмите во албанскиот јазик, како и изворот каде што се употребува заемката. Посебно внимание кандидатот посветува на т. н. *нулта семантичка екстензија* с.: *trans, koka-kolë, stejt departament, softver (*транс, кока-кола, стејд департмент, софтвер и сл.) (89-99). Покрај застапеноста на интегралните заемки, кандидатот посебно внимание посветува и на одделни лични имиња, топоними, акроними и сл., кои се посебно интересни од фонолошки аспект.

Во шестата глава, ***Англизмите и младата албанска популација во Р. Македонија: Традиционалниот однос кон јазикот и англизмите*** (111-125), кандидатот се обидува да ги објасни социолингвистичките импликации на младата албанска популација во употребата и користењето на заемките од англискиот јазик, кои се тесно поврзани со примената на јазикот во секојдневната комуникација (*сленгот* и *жаргонот)* на младата албанска популација. Растечкиот престиж на англо-американската цивилизација беше многу евидентен и присутен во сите области на живеењето во западниот дел на европскиот континент (во 60-те и 70 години на минатиот век). Гламурот од холивудските црвени теписи, суперѕвездите на поп и рок - музиката, “Кока-кола”, “Мекдоналдс” и “Левис”, симболи на современиот начин на живеењето, беа широко прифатени кај младата популација во Р. Македонија. Англиските и американските филмови и други шоу-програми се следеа со голем ентузијазам. Во тој период, според кандидатот, англиските и американските весници и списанија можеа многу лесно да се најдат во киосците низ цела поранешна Југославија, додека специјализирани книжарници нудеа англиска и американска литература (книги, списанија и сл.). Ова беше и причина за навлегувањето и застапеноста на англиските лексеми во сите јазици што се зборуваа во поранешните југословенски простори, па оттука и во албанскиот јазик во Р. Македонија.

Во седмата глава, ***Калките од англиско потекло во современиот албански јазик во Р. Македонија: Опис на калката како***

***лингвистички концепт*** (126-133), м-р Е. Спахо прави обид да го објасни зборот калка како лингвистички термин *(фр. calque 'копија, отпечаток')*, потпирајќи се на класификацијата што ја прави У. Вајнрајх, кој сите заемки ги групира во: 1. интегрални заемки, 2. делумни калки и 3. калки, додека самите калки, според дословноста на преводот, се делат на: 1. *семантички заемки* и 2. *слободни калки*. Слични несовпаѓања се забележуваат и кај зборовите познати како *интернационализми (европеизми),* под кои се подразбираат предмети и поими од европската култура. Поимот заемки, од своја страна, бара извесно појаснување. Можат да се позајмуваат како цели зборови и изрази (звучни комплекси со определено значење) или некој дел од нив така и образувањата што претставуваат превод на даден странски бор или некој негов дел, коишто во науката се познати под називот калки (копии). Со други зборови, странското влијание (во случајот англискиот јазик) врз лексиката на албанскиот јазик може да биде изразено не само во непосредни заемки, туку и во зборови коишто се образувани по пат на калкирање (копирање). Нееднаквите јазични посредници или стремежот место *заемка* да се има свој збор (којшто најчесто претставува ***калка*** образувана според даден пример од овој или оној западноевропски јазик) обусловуваат несоодветства, односно разлики помеѓу стандардните балкански јазици. Како најфреквентни калки со примеси од англо-американската култура се употребуваат и во албанскиот јазик сп.: *armëpushim (*анг.*Ceasefire), ekonomi tregu (* анг.*market ekonomy), fundjavë (weekend)* (с. 126-128). Албанскиот јазик се изделува од другите балкански јазици - (не)јужнословенски со тоа што ваквата лексика најчесто не ја преземал од класичните или од западноевропските јазици, туку со посредство на соседните словенски јазици, најмногу преку македонскиот, српскиот и хрватскиот јазик. Во поново време, сепак, и во албанскиот јазик, примерите од овој вид се преземаат непосредно од одделните западноевропски јазици (италијанскиот, францускиот, англискиот, германскиот јазик), сп.: *ciao! Boutique, dragstor, hamburger (*алб. *çao!, butik, drakstor, hamburger).*

Во осмата глава, ***Категоризација на корпусот на англизмите во тематски области: Поделба на англизмите во семантички полиња*** (134-140), предмет на интерес на кандидатот м-р Е. Спахо е категоризацијата на најфреквентните англизми во албанскиот јазик според нивното семантичко значење. Употребата на заемките во албанскиот јазик припаѓаат на широк спектар семантички полиња, како на пример во **називите за облеката**, сп.: *xhaketë (jacket), xhins (jeans), levis (Lev'is)*; *називи од компјутерската технологија*, сп.: *kompjuter (computer), file (fajll), hard disk (hard disk),* **називи од економската терминологија**, сп.: *broker (broker), buxhet (budget), menaxhment (menagement);* **називи од забавата и музиката**, *(h)epening* (*heppening), hit (hit), pop rrok (pop rock), pank (punk),* **називи од кулинарството (исхраната)и гастрономијата***: (h)amburger (hamburger), çizburger (sheeseburger)*; називи од спортот, сп.: *avantazh* (*advantage), bek* (*back), boks (boxing), meç (match)*(135-14). Поголемиот дел на споменатите заемки во албанскиот јазик успешно се адаптирале на фонолошко, морфолошко и ортографско рамниште. Најчестите семантички промени се јавуваат во рестрикцијата на значењето, особено во случаите на полисемијата, кога заемките не ги задржуваат или покриваат сите значења на зборовите во јазикот давател. Така, според кандидатот, во ретки случаи значењето на некои англизми било специјализирано во албанскиот јазик

поради специфичниот социјален и културолошки контекст. Таков е случајот, на пример, со зборот *митинг* со значење *'политички собир на луѓе'*, прифатен во сите комунистички земји, кој во повеќе случаеви се користи во негативна конотација.

Во деветтата глава ***Регистар на најчесто користени англиски заемки во современиот албански јазик во Р. Македонија – во интернет - страниците, печатените и електронските медиуми на албански јазик*** (142-269), м-р Е. Спахо ги регистрирал најфреквентните лексеми - заемки кои се употребуваат во печатените, електронските медиуми и интернетот на албански јазик во Р. Македонија. Всушност, оваа глава претставува главниот дел на докторската дисертација, во која кандидатот дава табеларен преглед на англиските заемки кои се употребуваат во албанскиот стандарден јазик. Сите заемки се регистрирани по азбучен редослед. Поголемиот број на заемките датираат дури од почетокот на деведесеттите години од минатиот век и тие се селектирани врз основа на фреквентноста (употребата): во првата колумна е регистрирана репликата (заемката) на албански јазик, во втората колумна - англискиот модел, во третата колумна се објаснува значењето на заемката во албанскиот стандарден јазик, во четвртата колумна е дадена дефиницијата на зборот на англиски јазик (извор: онлајн-речникот на Кембриџ) и во петтата колона е регистрирана заемката од англискиот јазик во пишаните и електронските медиуми на албански јазик во Р. Македонија. Во последната колона е запишан датумот (време и час) кога заемката е регистрирана во медиумите на албански јазик.

Во десеттата глава, односно во ***Заклучокот: Лингвистички и социолошки импликации*** (270-303), кандидатот м-р Е. Спахо ги сумира резултатите од спроведената анализа преку елаборација на застапеноста на англиските заемки во ексцерпираните мас-медиуми на албански јазик. Преку спроведувањето на анкетата (прашалници, интервјуа, наблудувања и сл.), м-р Е. Спахо настојува да ги осознае причините до кој степен младите ги разбираат и ги интерпретираат најфреквентните англизми во југозападниот дел на Р. Македонија. Во анкетата и тестирањето се опфатени матуранти и студенти. Во прилог бр. 1, под наслов ***Индекс на англизмите во современиот албански јазик во Р. Македонција,*** м-р Е. Спахо ги регистрирал најфреквентните зборови, додека во прилог бр. 2; ***Зборови кои англискиот јазик ги преземзал од другите јазици***, на пример, лексеми позајмени од Викинзите (стар нордиски јазик), сп.: *bag, bleak, club* и сл., потоа зборови од норманско-францускиот речник, сп..: *archer, button, comfort;* зборови од латинскиот јазик, сп.*: December, diploma, extra, factor, index, medium, opera, status, vapor, virus,* **зборови од грчкиот јазик,** сп.: *atlas, architecture, Bible, biography, biology, symbol, theater, зборови од шпанскиот,* сп.; *adios, alligator, avocado, fiesta, guerilla, macho, ranch, sombrero,* **зборови од арапскиот јазик,** сп. *Almanac, arsenal, divan, gazelle, mafia, safari, sugar,* **зборови од индијанските јазици**, сп.*: kayak, moccasin, pecan, scuash,* **зборови од рускиот,** сп.: *babushka, kalashnikov, perestroika, tsar*, **зборови од германскиот јазик**, сп.: *aspirin, blits, diesel,* **зборови од кинескиот јазик,** сп.:*chop chop, ginkgo, kung fu, tai chi,* **зборови од јапонскиот јазик**, сп.: *haiku, shitake, sake,*

**зборови од италијанскиот јазик,** сп. *mascara, villa, indigo, replica, studio, cappuccino, espresso* како и од другите јазици.

**З А К Л У Ч О К**

Од приложениот извештај може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов ***Контактна лингвистика – Англизмите во албанскиот јазик во Република Македонија,*** изработена од м-р Ерол Спахо, пополнува голема празнина во проучувањето на англиските заемки во албанскиот јазик во Р. Македонија. Докторската дисертација на кандидатот претставува оригинален научен труд од областа на контактната лингвистика и во иднина може да послужи како образец за понатамошни контрастивни проучувања на јазичните контакни помеѓу англискиот и албанскиот јазик на сите рамништа: контрастивната анализа, лексикографијата, преведувањето, стручната терминологија и сл.

Со оглед на претходно изнесените факти во врска со докторската дисертација на м-р Ерол Спахо под наслов ***Контактна лингвистика – англизмите во албанскиот јазик во Р. Македонија,*** ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да го прифати нашиот извештај и да го повика кандидатот м-р Ерол Спахо на одбрана на неговиот труд.

Рецензентска комисија

Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.
Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.
Д-р Марија Јанева, редовен професор, с.р.
Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.
Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

**на пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на**
**УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје**

| Кандидат | Т е м а | М е н т о р |
|---|---|---|
| Александра Пешевска | „Продукција на визуелни ефекти-Принципи во 2Д и 3Д обработка на слика во игран филм“ | проф.Мартин Панчевски |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ СТРАТЕШКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА - ФУНДАМЕНТ НА ЕФЕКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА СО ПУБЛИКАТА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ИГОР ВЕЦОВСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема „Стратешко позиционирање на организација од културата и уметноста - фундамент на ефективна комуникација со публиката” на кандидатот м-р Игор Вецовски. Врз основа на извршениот преглед и детална анализа на докторската дисертација, како и извештајот од „Плагијати“ дека трудот е оригинално дело на авторот (само 0,04% совпаѓање на зборови), Комисијата во состав: проф. д-р Цветко Смилевски, проф. Мартин Панчевски, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, вонр. проф. д-р Сашко Насев и вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи напомени

Докторската дисертација на тема „Стратешко позиционирање на организација од културата и уметноста - фундамент на ефективна комуникација со публиката” на кандидатот м-р Игор Вецовски го третира централното прашање на секој маркетиншки концепт и доминатната маркетиншка практика. Поради тоа, овој предмет на дисертацијата не само што е незаобиколно прашање на совремните автори, туку и е актуелна преокупација и на домашните уметнички организации во контекст на современите услови на континуирано зголемен конкурентен натпревар, динамични промени на однесување на потрошувачите, нивната се поголема изложеност на маркетинг-пораки и ограничените можности за влијание врз нивниот избор. Поради тоа, авторот во оваа дисертација презентира современи согледувања на основните теоретски претпоставки за ефективна комуникација со публиката преку стратешко управување со позицијата на организација и нејзината понуда, нивната практична применливост и домашните искуства во овој домен, но ги идентификува и идните истражувачки предизвици.

Авторот на докторската дисертација, исто така, нуди и сопствен модел на маркетиншко позиционирање, кој и емприски го проверува со соодветна истражувачка методологија.

## 2. Приказ и анализа на содржината на докторскиот труд

Докторската дисертација со наслов „Стратешко позиционирање на организација од културата и уметноста - фундамент на ефективна комуникација со публиката", изработена од м-р Игор Вецовски, е предадена пишувана на персонален сметач на вкупно 186 страници, со 97 библиографски единици на современи научни трудови, доминантно од англиското говорно подрачје и 12 други документи кои се однесуваат на релевантните политики и практики во оваа област.

Докторската дисертација е составена од следниве структурни делови:

Вовед

**I. Позиционирање: компонента на стратешкиот маркетинг**

1. Специфики и тенденции кај маркетингот во уметноста
2. Релација стратешко планирање- стратешко позиционирање
3. Импликации врз градење на конкурентна предност
4. Позиционирање и други компоненти на маркетинг-стратегијата
5. Позиционирање на бренд

**II. Маркетинг-комуникации: средство за креирање на позиција**

1. Процес на донесување на одлука: импликации врз стратешкото позиционирање и маркетинг-комуникациите
2. Креирање на комуникациска стратегија и интегрирање на комуникациите

**III. Предметно истражување: модел на позиционирање во практиката**

1. Интегриран модел на позиционирање
2. Анализа на ставови кон моделот и неговите компоненти
3. Надградување на стратешката позиција на Младинскиот културен центар

**IV. Заклучни согледувања и препораки**

1. Заклучоци
2. Научен придонес и оригиналност во пристапот
3. Препораки за идни истражувања

Библиографија

Првите два дела на дисертацијата ја третираат теориската заднина на предметот на истражувањето. Во првиот дел се поместени современите аспекти на

стратешкиот маркетинг и неговите специфични појавни аспекти во областа на културата и уметноста. Тука, авторот критички ги селектира и ги прикажува ставовите  и пристапите на консултираните автори и постапно гради една конзистентна слика на позиционирањето на продуктот и институцијата од областа на уметноста и културата на соодветно дефинираниот пазар. Како резултанта на посебните аспекти на маркетиншкото позционирање, авторот темелно го елаборира позиционирањето на брендот како долгорочна маркетиншка инвестиција.

Во вториот дел, авторот ја елаборира клучната алатка (средство) во позиционирањето - комуницирањето во сите негови појавни форми, димензии и начини на ефективно користење. Со ова се заокружува дефинирањето на предметот на дефинирањето на теорискиот концепт: што, всушност, претставува позиционирањето  (во првиот дел) и како тоа се остварува (во вториот дел).

Во емпирискиот дел, авторот ни нуди еден оригинален методолошки пристап на градење на модел и негово квалитативно и квантитативно проверување во практиката на еден случај - МКЦ, како организација од областа на културата. Претходно презентираните теориски аспекти во овој дел авторот ги синтетизира во еден интегриран модел на позиционирање со доволно ниво на елаборираност за тој да биде експертски тестиран и натаму доусовршен. Така дефинираниот и опрерационализиран модел, авторот го применува на МКЦ како студија на случај и со тоа доаѓа до објективни сознанија за применливоста и ограничувањата на проектираниот модел.

Од теориските проучувања, градењето на моделот и неговата емпириска проверка, може да се идентификува следниот научен придонес на овој труд:

1. Преку метод на индукција се анализирани актуелни теории во овој домен и се систематизирани нивните релевантни аспекти, а со користење на дедуктивна постапка, клучните согледувања се сублимирани во воопштен, интегриран модел на стратешко позиционирање што ги определува фундаментите за градење на ефективна комуникација на уметничките организации со целните сегменти од публиката. Моделот ги обединува референтните теориски анализи во маркетингот и менаџментот како од универзален карактер, така и оние што ги акцентираат спецификите на дејностите од областа на уметноста и културата. Притоа, посебно се потенцирани:

- пристапите за елаборирање на постапките при стратешко планирање и следствено детерминирање на маркетинг-стратегии, вклучувајќи ги истражувањата на Kotler, Armstrong и Keller;
- општите модели на бренд-структура и компоненти и соодветно позиционирање (првенствено на Keller и Aaker) заедно со поврзани анализи (истражувања на Ries и Trout, Doyle и Stern, Percy и други теоретичари), и нивното приспособување на организациите од непрофитниот сектор (преку користење на моделот на Seargent и Wymer);
- генералните дескрипции на процесот на креирање на комуникациски стратегии и поединечните анализи на различни тактички аспекти на маркетинг-комуникациите (како што се истражувањата на Percy, Belch, Shimp, Copley, Egan и други теоретичари), вклучително и на оние од

непрофитен карактер (на пример, анализи на Durham, Wymer. McLaughlin, Lee, Patterson, итн.);

- адаптирањата на теориите во наведените области кон карактеристиките на уметничкото творештво во истражувањата на Colbert, Mokwa, Dawson и Prieve, O'Sullivan, Bernstein, Chong, Verbanova, Byrnes, Scheff и Kotler, како и други истражувачи.

2. Теоретската рамка поставена со моделот во целина, односно со неговите составни делови е валоризирана во практиката преку спроведување на примарни емпириски истражувања кои овозможуваат анализа на релевантни информации и синтеза во соодветни заклучоци, и дефинираат основи на евентуални идни анализи на проблематиката. Конкретните истражувачки активности вклучуваат:

- квалитативно теренско истражување на домашни организации од областа на уметноста и културата со користење на длабински/неструктурирани интервјуа на претставници на нивниот менаџмент како метод за испитување на ставови околу теоретската втемеленост и практичната применливост. Дополнително, целината и деловите на моделот се компарирани со досегашните искуства на организациите од перспектива на нивните претставници;

- истражувачки проект со различни коплементарни техники е употребен за утврдување на стратешки насоки за зајакнување на позицијата на конкретна уметничка организација (Младински културен центар), односно за унапредување на нејзините маркектиншки и менаџмент-практики со акцентирање на комуникацијата кон целна група од стратешко значење за организацијата. Обезбедувањето на потребните податоци, нивното процесирање и извлекувањето на заклучоци е овозможено преку спроведување на склоп од секундарни и примарни истражувања: анализа на постојни извештаи и публикации на релевантни домашни институции; систематизирање на интерни податоци на организацијата дополнети со аналитички (brainstorming) дискусии со нејзиниот програмски менаџмент; квантитативно испитување на однесувањето, навиките, потребите, перцепциите и преференците на претходно детерминираната целна публика.

Врз основа на ова образложение, како и резултатите од проверката на трудот на „Плагијати“, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на тема „Стратешко позиционирање на организација од културата и уметноста - фундамент на ефективна комуникација со публиката” на кандидатот м-р Игор Вецовски претставува оригинален труд на кандидатот и по својот формат, содржина и добиените научни сознанија во целост ги задоволува критериумите и барањата со кои се дефинира успешно изработена докторска дисертација. Со овој труд, кандидатот дава значаен научен придонес во областа на маркетингот на културата и уметноста, како и образовните науки

воопшто, и кон методиките на основното образование посебно. Со спроведеното емпириско истражување засновано на конзистентна методологија, тој го проверува проектираниот модел на стратешко позиционирање на организација од културата и уметноста како дополнително научно сознание.

Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности од Скопје да го прифати овој извештај и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Цветко Смилевски, ментор, с.р.**
2. **Проф. Мартин Панчевски, с.р.**
3. **Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, с.р.**
4. **Вонр. проф. д-р Сашко Насев, с.р.**
5. **Вонр. проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марија Димитриевска | „Професионалниот скептицизам во ревизорската практика во Република Македонија” | проф. д-р Зорица Б.Лазаревска |
| Марија Кимовска | „Ревизорската професија во Република Македонија набљудувана преку извештаите за транспарентност” | проф. д-р Зорица Б.Лазаревска |
| Марко Николовски | „Ограничувања во примена на е-бизнисот во малите и средни претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Страхил Димитровски | „Електронските услуги во јавниот сектор со посебен осврт на ефектите од нивното спроведување во Централниот регистар на Република Македонија” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Маја Тодороска | „Традиционални и современи маркетинг-комуникациски активности кај компаниите од авионската индустрија” | проф. д-р Снежана Р.Јовановска |
| Моника Темелковска | „Стратегии за управување со конфликтите и унапредување на организациските перформанси” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Викторија Илиева | „Стратегиите на штедливост и агилност и нивната комбинација кај синџирот на снабдување” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Борка Илиевска | „Стекнување конкурентска предност кај услужните компании преку стратегијата на давање дополнителни услуги” | проф. д-р Анита Ц.Шулеска |
| Марија Поповска | „Улогата на советувањето во формирањето и развојот на малите бизниси (со осврт на ваучерскиот систем на субвенционирано советување)” | акад. д-р Таки Фити |
| Маја Чубриќ | „Стратегиска организациска рамка | доц. д-р Леонид Наков |

| | | |
|---|---|---|
| | за промени” | |
| Тихона Божиновска | „Влијанието на независноста на одборот на директори врз корпоративното управување” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Огнена Ристовска | „Преференциите на потрошувачите за купување глобални наспроти национални брендови на облека во Република Македонија” | проф. д-р Анита Ц.Шулеска |
| Весна Радески | „Менаџерските способности на жените претприемачи и нивното влијание врз успехот на малите претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Филип Илиев | „Стратегиското претприемништво и успехот на малите претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Фаница Деспотовска | „Анализа на постапката за донесување на буџетот во Република Македонија и во Европската Унија” | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Илија Ќироски | „Избор на даночен систем со посебен осврт на рамниот данок и неговата примена во Европската Унија и Република Македонија” | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Нина Мојсова | „Трансферни цени во банкарството” | проф. д-р Горан Петревски |
| Елена Нечовска | „Небанкарските финансиски институции во Македонија по глобалната финансиска и економска криза” | проф. д-р Горан Петревски |
| Антонија Коцева | „Меѓународната банкарска регулација и влијанието на финансиската криза од 2007-2009 година” | проф. д-р Владимир Филиповски |

**ПРЕГЛЕД**
на прифатена тема за изработка на магистерски труд на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| 1. дипл инж. Зоран Милчовски | „Рационална пиланска преработка на трупци од орев (Juglans regia L.)“ | д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО
# РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛОЗАРСТВО
# НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата 9 (девет) седница одржана на 31.1.2014 година, со решение бр. 02-53/11, од 31.1.2014 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Петар Христов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Михаил Петков, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-истражувачките и други активности на кандидатот кој се пријави на конкурсот за избор во звањето редовен професор во научната област лозарство, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Комисијата откако ги разгледа поднесените документи во врска со конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха” од 24.1.2014 година, констатира дека за избор на еден наставник во сите научно-наставни звања во научната обаст лозарство се пријави само кандидатот д-р Крум Бошков, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Проф. д-р Крум Бошков е роден на 7 јануари 1966 година во Струмица. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. Дипломирал во 1992 година на лозаро-овоштарската насока на Земјоделскиот факултет во Скопје со среден успех 8,42.

Како помлад асистент по винарство, на 3 февруари 1993 година се вработил во РЕ Институт за лозарство и винарство, во Одделението за винарство. Во учебната 1992/93 година, се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Белград, СР Југославија, група: ампелологија. На предвидените испити за постдипломски студии постигнал среден успех од 9,67. Магистерска работа, под наслов „Ампелографска испитивања као основ за разврставање и оцену технолошких вредности белих винских сорти у условима Македоније“ ја одбранил на 9 јули 1996 година, со што се здобил со научен степен: магистер од областа на земјоделски науки, група ампелологија.

Како асистент по предметот специјално лозарство, на 1 октомври 1999 година се вработил на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Докторската дисертација ја одбранил на 17 октомври 2003 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, под наслов „Влијание на некои ампелотехнички мерки и технолошки постапки врз квалитетот на

десертните вина“, со што се здобива со научен степен доктор на земјоделски науки.

За доцент по предметот лозарство со засновување работен однос избран е од Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со Одлука бр.02-930/2 на 29.4.2004 година.

За вонреден професор по предметот лозарство со засновување работен однос избран е од Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со Одлука бр.02-861/3 од 29.4.2009 година.

**I) Наставно-образовна дејност**

**Настава**

На првиот циклус студии, во периодот од 2009 до 2014 ги изведува наставата, вежбите, консултациите и испитите на предметот избрани технологии во лозарството и овоштарството на агроекономската насока, предметот еколозарство на екоземјоделската насока, предметот лозарство на насоката заштита на растенијата на поледелската насока, како и на предметот технологија на алкохолни пијалаци на насоката преработка на земјоделски производи.

На вториот циклус студии ги изведува наставата, вежбите, консултациите и испитите на предметот лозарство, трпезно грозје и технологија на алкохолни пијалаци.

Активно учествува во изработка на наставните планови на ФЗНХ и предметните програми на кои изведува настава од првиот, вториот и третиот циклус на студии.

**Менторство, комисии, одбрани**

Проф. д-р Крум Бошков бил 3 пати ментор на дипломски труд, 23 пати член на комисија за оцена и одбрана на дипломски труд, 2 пати член за оцена и одбрана на постдипломски труд, еднаш ментор за одбрана на магистерски труд и еднаш бил член за оцена и одбрана на докторски труд.

**Научно-популарна статија во стручно методиско списание**

Проф. д-р Крум Бошков активно пишувал научно популарни статии во стручни методиски списанија, вкупно 19 статии, од кои 12 статии во списанието „Моја земја“ за теми кои се однесуваат на производство, берба, пакување и складирање на трпезно грозје, потпорни конструкции, формирање на здруженија, преработки од грозјето, 3 статии во списанието „Фармер“ за состојбата со лозаро-винарската индустрија, производство за наменски пазари на трпезно грозје, и 4 статии во списанието „Бизнис“ за статистичките показатели на лозаро-винарската индустрија.

## II) НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Проектни активнсти**

Проф. д-р Крум Бошков во изведувањето на научноистражувачката дејност бил 2 пати раководител на проект и еднаш учесник во проект. Во проектот финансиран од МЗШВ, во 2011 година работи на воведување технологија за производство на трпезно грозје на најзастапените трпезни сорти во Република Македонија, кардинал, афус али и рибиер. Во вториот проект финансиран од МОН во 2010 година работел на технологија на конфекционирање, конзервирање и чување на лозов посадочен материјал. Учесник е на проект финансиран од МЗШВ во 2009 година за примена на ампелотехнички мерки за подобрување на квалитетот на трпезното грозје.

**Научни и стручни трудови**

Проф. д-р Крум Бошков во изработката на научни и стручни трудови активно учестува како автор и коавтор. Од 1993 до 2014 година, како автор и коавтор, учествува во изработката на 47 трудови, наведени во пријавата во вид на список според периодите на избор во звања и во билтените на Универзитетот доставени во печатена форма.

Во периодот од 2009 до 2014 година учествувал во изработката на вкупно 17 трудови, од кои во 3 труда се јавува како автор, додека во 14 трудови го дава својот придонес како коавтор.

Тематски, трудовите опфаќаат испитувања од ампелографските карактеристики на сортите, влијание на климатските услови, минералната исхрана, отпорноста на ниски зимски температури, производство на трпезно грозје, хемиски состав на грозјето и виното и употребата на механизација.

Со ампелографски испитувања на сортите винова лоза изработени се 6 труда во кои се проучувани сортите вранец, каберне совињон, мерло, блек меџик, како и некои клонови на каберне франк и шардоне.

Резултатите од проучувањата на технологијата на трпезно грозје презентирани се во 5 трудови во кои се истражуваат влијанието на потпорните конструкции, бербата, пакувањето и складирањето на трпезното грозје, влијанието на гиберелинската киселина, состојбата со индустријата на трпезното грозје во Република Македонија, САД, Јужна Африка и во светот.

Во еден труд презентирани се проучувањата за влијание на механизацијата, во 2 труда учествува со изработка на хемиски анализи на грозје и вино, во еден труд учествува во проучувањата на минералната исхрана, во еден труд ја истражува отпорноста на сортите и еден труд во проучувања на еколошките услови.

Како автор се јавува во три труда, кои се однесуваат на истражувањата во технологијата на трпезно грозје преку влијанието на потпорната конструкција и влијанието на гиберелинската киселина. Во еден труд дава опис на состојбата во индустријата на трпезно грозје во САД и Јужна Африка.

**Учество на научен-стручни собири, симпозиуми, конференици**

Проф. д-р Крум Бошков учествува на научно-стручниот собир „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал" одржан во Струмица на 9-10 неоември 2009, како автор на труд и како член на Организациониот одбор. Учествува на Iinternational Symposium and XVII scientific sonference of Agronomists of Republika Srpska, Trebinje, Bosnia and Herzegovina March 19-22, 2012 со научен труд.

## III) СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Книги од стручна област**

Проф. д-р Крум Бошков бил активен и во стручно-апликативната дејност. Автор е на книга од стручната област под наслов „Индустрија на трпезно грозје во САД во Јужна Африка".

**Студиски престој**

Проф. д-р Крум Бошков, остварил студиски престои во Давис Калифорнија, САД, во јуни 2010, во траење од 10 дена, студиски престој во Италија, во јуни 2012, во траење од 7 дена и студиски престој во Турција, во октомври 2013, во траење од 7 дена.

**Учество во комисии**

Проф. д-р Крум Бошков бил член на Државна комисија за изработка на Правилник за трговија со материјал за размножување на винова лоза во 2012, член на Конкурсната комисија за запишување на студенти на ФЗНХ во 2009, 2010, 2011, 2012 и 2013 година, потоа член на комисија за избор во звање и член на факултетска комисија за спорт во 2013.

**Предлог-проекти**

Проф. д-р Крум Бошков учествувал во изготвување и пријавување на научно-образовен национален проект од МЗШВ „Колекционо испитување на отпорни сорти винова лоза за органско производство на лоза и вино", 2009, изготвување и пријавување на научен образовен национален проект од МЗШВ „Зголемување на употребната вредност на виновата лоза", 2009, изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект, билатерален меѓу Македонија и Словенија, „Параметри за определување на квалитетот на трпезното грозје", 2011, изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект, билатерален меѓу Македонија и Словенија, „Влијание на биоклиматските услови врз полифенолниот состав кај вината од сортите мерло и каберне совињон", 2011.

**Студии, елаборати и извештаи**

Проф. д-р Крум Бошков изготвувал студии од студиските престои, извештаи од резултатите од соработката со ЕПИ-центар и УСАИД Македонија со цел да се имплементираат современите технологи од САД, Јужна Африка, Италија и Турција во производството на трпезно грозје во Република Македонија. Активно учествува во изработката на елаборати за заштита на географското потекло и квалитетот на вината. Активно учествува во стручно-техничката соработка на

Катедрата за лозарство и винарство со производните фирми, како и во уматичувањето и контролата на производството на лозовиот саден материјал.

**Организација на симпозиуми**

Проф. д-р Крум Бошков бил член на Организациониот одбор на Второто советување со работилница на тема „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал“, одржан во Струмица, на 9-10 ноември, 2009, како член на Секретаријатот на „Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна“, одржан во Скопје, на 12-14 декември 2012 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија, формирана од Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со решение бр. 02-53/11, од 31.1.2014 година, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научноистражувачките и други активности на кандидатот кој се пријави на конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха” од 24.1.2014 година, за избор во звањето редовен професор во научната област лозарство, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, откако ги разгледа поднесените документи констатира дека за избор на еден наставник во сите научно-наставни звања во научната обаст лозарство се пријави само кандидатот д-р Крум Бошков, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за досегашната активност и постигнатите резултати на пријавениот кандидат, Рецензентската комисија констатира дека д-р Крум Бошков, во текот на изминатиот период од изборот во звањето вонреден професор, покажал забележителни активности во сите области, во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Д-р Крум Бошков во целост ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за избор во повисоко звање.

**Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Крум Бошков да биде избран во звањето редовен професор во научната област лозарство.**

**Рецензентска комисија**

1.Д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на
Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Петар Христов, редовен професор на
Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

3.Д-р Михаил Петков, редовен професор на
Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Бодувањето е извршено согласно со:
**Универзитетски гласник (година XIII број 250, 15 јули 2013 година)**

Конкурс: **избор во редовен професор**
Кандидат: **д-р Крум Стојмен Бошков**
Институција: УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје
Научна област: лозарство

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста: | Вк.поени |
|---|---|
| **Настава 1 циклус** | |
| 1ЦС:Лозарство(2+0),Зашт.Раст.зим2009, зим2010, зим2011, зим2012, зим 2013, настава | 6 |
| 1ЦС:Еколозарство (4+0) Еко ЗН, лет2009, лет2010, лет2011, лет2012, лет 2013, настава | 12 |
| 1ЦС:Избрани технологии во лозарството и овоштарството(2+1) АЕН зим2009, зим2010, зим2011, зим 2013, настава | 4,8 |
| 1ЦС: Лозарство, (3+2), Поледелска насока, лето 2013, настава | 1,8 |
| 1ЦС: Технологија на алкохолни пијалоци, (3+2), преработка на земј.пр, зима 2013, настава | 1,8 |
| **Вежби 1 циклус** | |
| 1ЦС:Лозарство(0+2)Зашт.Раст. зим2009, зим2010, зим2011, зим2012, вежби | 3,6 |
| 1ЦС:Еколозарство(0+2)ЕкоЗН, лет2009, лет2010, лет2011, лет2012, лет 2013 вежби | 3,6 |
| 1ЦС:Избрани технологии во лозарството и овоштарството(2+1) АЕН зим2009, зим2010, зим2011, зим2012, Вежби | 1,8 |
| 1ЦС: Технологија на алкохолни пијалоци, (3+2), Преработка на земј.пр, зима 2013, вежби | 0,9 |
| **Консултации 1 циклус** | |
| 1ЦС:Лозарство(0+2)Зашт.Раст.зим2009,зим2010,зим2011,зим2012,зим2013, консултации | 0,1 |
| 1ЦС:Еколозарство, ЕкоЗН, лет2009, лет2010, лет2011, лет2012, лет 2013, консултации | 0,1 |
| 1ЦС:Избрани технологии во лозарството и овоштарството(2+1) АЕН зим2009, зим2010, зим2011, зим2012, зим2013 Консултации | 0,1 |
| 1ЦС: Технологија на лакохолни пијалоци, (3+2), Преработка на земј.пр, зима 2013, конс. | 0,1 |
| **Предавања 2 циклус** | |
| 2ЦС: Производство, припрема и чување на трпезно грозје, Лоз.Произ. | 2,7 |
| 2ЦС: Еколозарство, Лоз.Произ. | 2,7 |
| 2ЦС: Производство на алкохолни пијалаци, Винар.Произ. | 2,7 |

| | |
|---|---|
| 2ЦС: Овошни и житни алкохолни пијалоци, Пр.Алк.Пијалаци | 2,7 |
| 2ЦС: Обработка на суровината за дестилација, Пр.Алк.Пијалаци | 2,7 |
| 2ЦС: Зреење на дестилатите, Пр.Алк.Пијал. | 2,7 |
| **Менторство, комисии, одбрани** | |
| Ментор на дипломска работа (3 x 0,2) | 0,6 |
| Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд (Даниела Раичевиќ) | 0,5 |
| Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (Роберта Јанчева) | 0,3 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (Биљана Јанковиќ, 28 септември 2012, ментор проф.д-р Петар Христов) (0,3) | 0,3 |
| Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (23 x 0,1) | 2,3 |
| | |
| **Научно популарна или наставно - историска статија во стручно методиско списание** | |
| „Моја земја“ “Норматив за производство на трпезно грозје во Јужна Африка“ | 1 |
| „Моја земја“ “Со гиберелинска киселина до поголеми зрна грозје “ | 1 |
| „Моја земја“ “Дефолијација на винова лоза“ | 1 |
| „Моја земја“ “Преработки од грозјето“ | 1 |
| „Моја земја“ “Берба и пакување на трпезното грозје“ | 1 |
| „Моја земја“ “Специјални вина“ | 1 |
| „Моја земја“ “Потпорна конструкција основа за квалитетен производ“ | 1 |
| „Моја земја“ “ Потпорни конструкции за квалитетно грозје“ | 1 |
| „Моја земја“ “Винарската визба - кооператива и главен организатор на производството“ | 1 |
| „Моја земја“ “Примена на ампелотехнички и агротехнички мерки кај трпезното грозје“ | 1 |
| „Моја земја“ “Производство на трпезно грозје“ | 1 |
| „Моја земја“ “Ешерихија - Што е следното“ | 1 |
| „Фармер“ “Во трпезното грозје е иднината на македонското лозарство“ | 1 |
| „Фармер“ “Со заеднички настап до подобар пласман“ | 1 |
| „Фармер“ “Ефектите од употребата на мрежа кај трпезното грозје“ | 1 |
| „Бизнис“ “Лозовите насади се намалуваат, бројот на винарии се зголемува“ | 1 |
| „Бизнис“ “Успехот зависи исклучиво од инвестициите во квалитет“ | 1 |
| „Бизнис“ “Место да никнуваат нови се губат старите лозови насади“ | 1 |
| „Бизнис“ “Висината на приносите зависи од застапените сорти“ | 1 |
| **ВКУПНО ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **75,9** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста: | Вк.поени |
|---|---|
| Проект од МЗШВ (2011) - Примена на современи сортни агротехники кај сортите кардинал, афус али и рибиер - раководител | 6 |
| Проект од МОН (2010) - Конфекционирање, конзервирање и чување на лозов посадочен материјал. - раководител | 6 |

| | |
|---|---|
| Проект од МЗШВ (2009) - Примена на ампелотехнички мерки за подобрување на квалитетот на трпезно грозје - учесник | 3 |
| Ментор на магистерска работа (Срѓан Петровиќ, 2012) | 1 |
| Radmila Pajović, Tatjana Popović, **Krum Boškov**, Klime Beleski (2009). Privredno-tehnološke karakteristike grožđa sorte vranac i introdukovanih sorti kaberne sovinjon i merlo u uslovima podgoričkog vinogroja (Crna Gora) i skopskog vinogorja (Makedonija). Agroznanje, vol 10, br. 1. 89 -97, Оригинален научен труд. 2 поена | 1,2 |
| Violeta Dimovska, Klime Beleski, **Krum Boskov** (2010). The influence of climate on the grapevine phenology and content of sugar and total acids in the must. VIII International Terroir Congress. June 14th, Soave, Italy. Оригинален научен труд. 3 поени | 1,8 |
| **Krum Boškov**, Vera Vukosavljevic, Zvonimir Božinovic, Petar Hristov, Klime Beleski, Ljubica Karakasova, Marina Stojanova, Frosina Babanovska-Milenkovska, Luka Čulina (2011) Efect of gibberellic acid $GA_3$ on technological properties of Smederevka, Chaouch and Italia grape vine varieties. Procedings. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (924-926 Оригинален научен труд. 2 поена | 1,2 |
| Marina Todor Stojanova, Elizabeta Angelova, **Krum Boskov**, Stanko Ilic Popov (2011). The effect of mineral fertilizing on cluster content of N, P, K at cultivar Chardonnay and Italian Riesling in Skopje vineyard area. . Procedings. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (Str.) Оригинален научен труд 2 поена | 1,2 |
| Violeta Dimovska, Klime Beleski, **Krum Boskov** (2011). The productive characteristics on Black Magic table grape variety, growing in the Tikves vineyard, Republic of Macedonia. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (Str. | 1,2 |
| Ljubica Karakasova, Frosina Babanovska-Milenkovska, **Krum Boskov,** Lasta Milenkovski, Sonja Isaeva, Biljana Culeva (2011). Kvaliteta svježih i sušenih plodova paprike Qualitative properties of fresh and dried pepper fruits. Procedings. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia | 1,2 |
| Dimovska Violeta, Bo`inovi} Z., Beleski K., **Bo{kov K.** (2011) Sostojbi so trpeznoto grozje i smestuva~ki kapaciteti vo R. Makedonija. Vtoro sovetuvawe i rabotilnica. Zbornik na trudovi и prezentacii, Skopje (19-24) | 1,2 |
| Bo`inovi} Z., **Bo{kov K.,** Beleski K., Korunovska Biwana, Dimovska Violeta (2011) Vlijanie na sortata i stepenot na zrelosta vrz ~uvaweto na grozje vo ladilnik. Vtoro sovetuvawe i rabotilnica. Zbornik na trudovi i prezentacii, Skopje (84-86). | 1,2 |
| **Boškov K.,** Bo`inovi} Z. (2011). Industrijata na trpezno grozje vo SAD i Ju`na Afrika. Vtoro sovetuvawe i rabotilnica. Zbornik na trudovi i prezentacii, Skopje (98-109). | 1,8 |
| Raicevic D., Bozinovic Z., Petkov M., Ivanova V., **Boskov K.**, Beleski K. and Maras V., 2011. The influence of chips on polyphenolic content and sensorial properties of Vranac wine, 22nd International Scientific-Expert Conference on Agriculture and Food Industry, Sarajevo | 1,2 |
| I.Canev; K. **Boskov,** 2011.Explotation test of crusher machine for white and red grapes (377-383), XVI Savetovanje o biotehnologiji, sa međunarodnim učeąćem - Zbornik Radova, Vol. 16 (18), Čačak | 1,2 |

| | |
|---|---|
| Vera Vukosavljević, **Krum Boškov**, Radmila Pajović, Marina Stojanov, Milena Đurić, Senad Murtić, Radisav Kojović. 2011. Rodni potencijal i kvalitet sorte merlo u trsteničkom vinogorju. XVI Savetovanje o biotehnologiji, sa međunarodnim učesćem - Zbornik Radova, Vol. 16 (18), 385-391, Čačak | 1,2 |
| **Boskov, Krum** and Beleski, Klime and Hristov, Petar and Petkov, Mihail and Božinović, Zvonimir and Dimovska, Violeta and Petrović, Srdjan (2012) Influence of trellis system on productive and technological characteristics of variety Victoria in Strumica vine growing district. Agro-knowledge Journal, 13 (1). pp. 145-152. | 1,8 |
| Duško Nedelkovski, Klime Beleski, **Krum Boškov**, Biljana Korunovska, Goran Milanov (2012) . Studying the Content of Starch Correlated With Resistance to Low Winter Temperatures in Some Grapevine Varieties. Agro-knowledge Journal, 13 (4). pp. 681-686 | 1,8 |
| Dimovska, Violeta and Beleski, Klime and Ivanova, Violeta and **Boskov, Krum** and Ilieva, Fidanka (2012) Agro-biological and technological characteristics of four Cabernet Franc (Vitis vinifera L.) clones grown in Republic of Macedonia. Proceedings . 47th Croatian and 7th International Symposium on Agriculture, Opatija, Croatia. pp. 756-760 | 1,2 |
| Dimovska, Violeta, Beleski, Klime, **Boskov, Krum**, Ivanova, Violeta, Ilieva, Fidanka (2013). Comparison of three Chardonnay clones (Vitis vinifera L.), growing in Skopje'vineyard region, R. Macedonia. International Journal of Agronomy and Plant Production IF=0.467 , 4 (6). 1143- 1147. ISSN 2051-1914 | 3,6 |
| Dimovska Violeta, Beleski Klime, **Boskov Krum**, Ivanova Violeta, Ilieva Fidanka (2013). The productive characteristics on black magic table grape variety, growing in the Tikves vineyard, Republic of Macedonia. IV International Symposium "Agrosym 2013". pp. 141-146. Оригинален научен труд, Меѓународен уредувачки одбор. 3 поени. | 1,8 |
| Учество на научен стручен собир „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал" Струмица 9-10 неоември 2009 | 1 |
| Учество на Iinternational Szmposium and XVII scientific sonference of Agronomists of Republika Srpska, Trebinje, Bosnia and Herzegovina March 19-22, 2012. | 1 |
| **ВКУПНО ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **43,8** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста: | Вкупно поени |
|---|---|
| Книга од стручна област - Индустрија на трпезно грозје во САД во Јужна Африка | 8 |
| Студиски престој Давис Калифорнија, САД, јуни 2010. | 0,5 |
| Студиски престој во Италија, јуни 2012. | 0,5 |
| Студиски престој во Турција, октомври 2013. | 0,5 |
| Член на државна комисија за изработка на Правилник за трговија со материјал за размножување на винова лоза, 2012 | 2 |
| Член на конкурсна комисија за запишување на студенти на ФЗНХ 2009, 2010, 2011, 2012 и 2013 | 2,5 |
| Член на комисија за избор во звање (Климе Белески) | 0,2 |

| | |
|---|---|
| Член на факултетска комисија спорт 2013 | 0,5 |
| Изготвување и пријавување на научен образовен национален проект од МЗШВ: „Колекционо испитување на отпорни сорти винова лоза за органско производство на лоза и вино“, 2009, раководител | 1 |
| Изготвување и пријавување на научен образовен национален проект од МЗШВ: „Зголемување на употребната вредност на виновата лоза“, 2009, раководител | 1 |
| Изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект билатерален меѓу Македонија и Словенија, „Параметри за определување на квалитетот на трпезното грозје“, 2011, раководител | 2 |
| Изготвување и пријавување на научен образовен меѓународен проект билатерален меѓу Македонија и Словенија, „Влијание на биоклиматските услови врз полифенолниот состав кај вината од сортите мерло и каберне совињон“, 2011, учесник | 1 |
| Студија „Имплементација на напредни технологии во производството на трпезно грозје во Алијанса Кавадарци“, УСАИД, јули 2009. | 2 |
| Член на Организационен одбор на Второто советување со работилница на тема „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал“, Струмица, 9-10 ноември. 2009. | 0,5 |
| Член на Организационен одбор на Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна, Скопје, 12-14 декември 2012. | 0,5 |
| **ВКУПНО ЗА СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ -** | **22,7** |

Бодувањето е извршено согласно со:
**Универзитетски гласник (година XIII број 250, 15 јули 2013 година)**

Конкурс: избор во звањето редовен професор
Научна област: лозарство
Кандидат: д-р Крум Стојмен Бошков
Институција: УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **75,9** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **43,8** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22,7** |
| **ВКУПНО** | **142,4** |

**Комисија**

1. **Д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор**
на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. **Д-р Петар Хритов, редовен професор**
на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. **Д-р Михаил Петков, редовен професор**
на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

# Список
# на објавени научни и стручни трудови
# на д-р Крум Бошков
# за периодот 1996-2014

## Рецензирани трудови на д-р Крум Бошков во Билтен бр. 848 од 30 март 2004 година за избор во звањето доцент за периодот 1995-2004

### 1995

1. Бошков, С., Војноски Б, Јефтимова Виолета, **Бошков К.,** Миланов Г., Сарафимовска Ана **(1995):** "Можност за проширување на сортиментот со сорти за производство на врвни и квалитетни црвени вина, Годишен зборник на Земјоделски институт, Кн-15, Скопје**, (рецензиран)**

2. Бошков С., Јефтимова Виолета, Војноски Б., **Бошков К.,** Миланов Г., Сарафимовска Ана **(1995):** "Принос и квалитет на грозјето и виното кај некои перспективни бели сорти винова лоза одгледувани во кумановско виногорје" Годишен зборник на Земјоделски институт, Кн-15, Скопје**, (рецензиран)**

3. Војноски Б., Ночковска Лена, Петков М., **Бошков К.(1995);** "Карактеристики на вината рајнски ризлинг и шардоне од тиквешкото и скопското виногорие", Годишен зборник на Земјоделскиот институт, Кн-15, Скопје**, (рецензиран)**

### 1996

4. Бошков Стојмен, Божиновиќ Звонимир, Војноски Боримир, Јевтимова Виолета, Миланов Горан, **Бошков Крум**.1996. Производствени и технологични характеристики на сорт кадарка одглеждан в Титовелешкија рајон. "Лозарство и винарство" бр.4/96, Софија, 13-17, **(рецензиран)**

5. **Бошков К. (1996):** Ампелографска испитивања као

основ за разврставање и оцену технолошких вредности белих винских сорти у условима Македоније”, магистерски труд, Београд**, (рецензиран)**

**1998**

6. Божиновиќ З., **Бошков К.,** Белески К., Марковска Биљана,(**1998):** “Технолошки карактеристики на некои застапени вариетети од сортата кадарка во Р.Македонија лоза”, И македонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓународно учество, Скопје**, (рецензиран)**

7. Којновски Б., Божиновиќ З., **Бошков К.,** Илиќ Попова Сребра, Сарафимовска Ана, Миланов Г.,(**1998):** “Влијание на агроеколошките услови врз хемискиот состав и квалитетот на виното од сортата шардоне”, **I** македонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓународно учество, Скопје**, (рецензиран)**

8. Божиновиќ З., Петков М., Белески К., **Бошков К.(1998):** Производне и технолошке особине некоих вариетета сорте кратошије у Р.Македоније.“XIII Саветовање виноградара и винара Србије. Нишка Бања, СР Југославија. **(рецензиран)**

9. Божиновиќ Звонимир, **Бошков Крум**, Којновски Боримир, Бошков Стојмен. 1998. Утицај концентрације шеќера у шири на садржај глицерола у вину сорте жупљанке. III Југословенски симпозиум прехрамбене технологије, Зборник радова, Свеска II. Технологија Врења**, (рецензиран)**

10. Сребра Илиќ-Попова; Крум Бошков; Белески Климе. 1998. Потребни активни температурни суми во поедини фенофази кај некои сорти винова лоза. **I Ma**кедонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓунардоно учество. Зборник на научни трудови. Скопје**, (рецензиран)**

**1999**

11. Илиќ-Попова С., Јефтимова В., Бошков К., Белески, К. 1999. Влијанието на ефективните температурни суми врз динамиката на фенолошкиот развој кај некои сорти винова лоза одгледувани во Скопското виногорје. *Годишен зборник на Земјоделскиот институт, Скопје.*

**2000**

12. Димовска Виолета, Божинивиќ З., Христов П., Белески К., **Бошков К.**, Марковска Биљана. 2000. Влијание на ампелотехничките мерки и биорегулаторите врз продуктивноста и квалитетот на грозјето од сортата белградска бесемена. Годишен зборник на Земјоделски факултет, Скопје.

**2001**

13. Марковска - Кочовска Биљана, Илиќ - Попова Сребра, **Бошков К.** (2001): "Сортна специфичност на мускат италија **И м**ускат хамбруг во скоспкото виногорје" **II** македонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓународно учество, Скопје**, (рецензиран)**

**2002**

14. Z. Bozinovic, K. Beleski, and **K. Boskov** 2002. The influence of morphological Characteristics on Productive Properties of Cultivar Stanusina. 8[tl] Internacional Konference on grape genetics and breeding, vol.2, Kecskemet - Hungary.

15. Bozinovic Z., **Bo{kov K**.(2002): "Characteristics of dessert wines produce of grape affected by "Noble rot" Botrytis cinerea in Skopje vineyard". II Slovenski vinogradisko - vinarski kongres z mednarodno udele`bo, 2; Otocec, Slovenija. **(pecenziran)**

**2003**

16. Божиновиќ З., **Бошков К.** (2003): "Влијание на сортата и локацијата врз степенот на отпорност на ниски зимски температури на окцата кај сортите винова лоза", **III м**акедонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓународно учество, Скопје**, (рецензиран)**

17. Христов П., Божиновиќ З., **Бошков К.**, Павлина Даскаловска (2003): "Влијание на одредени апмпелотехнички **м**ерки врз квалитетот на грозјето од сортата италија". ", **III** македонски симпозиум по лозарство и винарство со меѓународно учество, Скопје**,**

**(рецензиран)**

18. Bozinovic Z., **Boskov K.**, Hristov P., Petkov M. 2003. The effect of pruning and cluster for producing of dessert winwe's raw material from vranec cultivar in Skopje wine district's contitions. II Balkan symposium of viticulture and enology Symposium proceedings, Pleven, Bulgaria.

19. V.Dimovska, Z.Bozinovic, K.Beleski, **K. Boskov**, B.Markovska (2003): "The influence of ampelotechnical measures and bioregulators on productivity and quality of beogradska besemena grape variety". 13 èmes journees GESCO, Montevideo, Urugvay

20. **Бошков Крум** (2003): “Влијание на некои ампелотехничк**И м**ерки и технолошки постапки врз квалитетот на десертните вина”. Докторска дисертација, Скопје**, (рецензиран)**

## Рецензирани трудови на д-р Крум Бошков во Билтен бр.962 од 15 април 2009 година za izbor vo звањето vonreden profesor za periodoт 2004-2009

### 2004

21. **Boskov K.**, Bozinovic Z., Petkov M., Vojnovski B. 2004. Types of dessert wine from vranec cultivar produced in Skoje wine district. II Balkan symposium of viticulture and enology Symposium proceedings, Pleven, Bulgaria, (рецензиран)

### 2006

22. V. Dimovska, K. Belevski, B. Makrovska, Z. Bozinovic, **K. Boskov**. 2006. The influence of giberelic acid on some thechnological characteristic on cluster and berry of thompson seedless grape variety. 2nd International Conference Ampelos 2006, , Santorini island, Greece, (рецензиран)

23. **Boskov Krum,** Bozinovic Zvonimir, Hristov Petar, Petkov Mihail, Beleski Klime. 2006. Promene kod bobica sorte zupljanke pod uticajem blagorodne trulezi glivice Botritis cynerea. XI Savetovanje o biotehnologii, Cacak, 84-89, **(рецензиран)**

**24.** **Крум Бошков,** Звонимир Божиновиќ. 2006. Органско земјоделство и лозарство во светот. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна Скопје. Скопје. стр. 151. **(стручен труд)**

**2007**

25. Михаил Петков, Звонимир Божиновиќ, **Крум Бошков.** 2007. Производни и технолошки потенцијали на клоновите 66 и 151 на сортата карињан во гевгелиско валандовското виногорје. Јубилеен Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна Скопје. Скопје. 53-63**, (рецензиран)**

26. Марина Стојанова, Видоја Трпески, **Крум Бошков**, Бранимир Кнежевиќ. 2007. Влијание на минералното ѓубрење врз хемискиот состав на ширата кај сортите шардоне и италијански ризлинг. Јубилеен Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна Скопје. Скопје. 117-125**, (рецензиран)**

27. **Крум Бошков**, Михаил Петков, Звонимир Божиновиќ. 2007. Производен и технолошки потенцијал на сортите Аликант буше и Жупски бојадисер во гевгелиско валандовското виногорје. Јубилеен Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна Скопје. Скопје. 63-73**, (рецензиран)**

28. Violeta Dimovska, Zvonimir Bozinovic, Klime Beleski, **Krum Boskov** (2007): The influence of pinching on some technological charactristics of cluster and berry of italia grape variety. XV International Symposium, GESCO. 911-920, vol2. Porec, Croatia**, (рецензиран)**

29. K.Beleski, Z. Bozinovic, V. Dimovska, **K. Boskov**, V. Bakeva (2007): Phyllometric study of some wine grapevine cultivar (*Vitis vinifera* L.) from the balcan subgroup (*subconvarietas balcanica* Negr.). XV International Symposium, GESCO. 637-644, vol.1. Porec, Croatia**, (рецензиран)**

30. **Boskov K.,** Bozinovic Z., Hristov P., Petkov M., Elizabeta Angelova, Violeta Dimovska, Beleski K. 2007. The effect of pruning and cluster thinning for producing of dessert wine's

raw material from semillon cultivar in Skopje wine district's conditions. XV International Symposium, GESCO. 902-910, vol. 2. Porec, Croatia**, (рецензиран)**

**2008**

31. Pajović, R., Bozinović Z., **Boškov, K.,** Beleski, K:; (2008): 2nd International Junior Researchers - Wines From Grape to Wine - Meeting "The influence of different temperatures of fermentation on the color compounds of red Montenegrin Vranac", Book of abstracts, p.30, 10-12 July 2008, Athens, Greece.

## Трудови на д-р Крум Бошков за рецензија при избор во звањето редовен професор за период 2009-2014

**2009**

32. Radmila Pajović, Tatjana Popović, **Krum Boškov**, Klime Beleski (2009). Privredno-tehnološke karakteristike grožđa sorte vranac i introdukovanih sorti kaberne sovinjon **I м**erlo u uslovima podgoričkog vinogroja (Crna Gora) i skopskog vinogorja (Makedonija). Agroznanje, vol 10, br. 1. 89 -97

**2010**

33. Violeta Dimovska, Klime Beleski, **Krum Boskov** (2010). The influence of climate on the grapevine phenology and content of sugar and total acids in the must. VIII International Terroir Congress. June $14^{th}$, Soave, Italy.

**2011**

34. **Krum Boškov**, Vera Vukosavljevic, Zvonimir Božinovic, Petar Hristov, Klime Beleski, Ljubica Karakasova, Marina Stojanova, Frosina Babanovska- Milenkovska, Luka Čulina (2011) Efect of gibberellic acid $GA_3$ on technological properties of Smederevka, Chaouch and Italia grape vine varieties. Procedings. $46^{th}$ Croatian and $6^{th}$ International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (924-926)

35. Marina Todor Stojanova, Elizabeta Angelova, **Krum Boskov**, Stanko Ilic Popov (2011). The effect of mineral

fertilizing on cluster content of N, P, K at cultivar Chardonnay and Italian Riesling in Skopje vineyard area. . Procedings. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (Str.)

36. Violeta Dimovska, Klime Beleski, **Krum Boskov** (2011). The productive characteristics on Black Magic table grape variety, growing in the Tikves vineyard, Republic of Macedonia. 46th Croatian and 6th International Symposiium od Agriculture. Opatija. Croatia (Str.)

37. Димовска Виолета, Божиновиќ З., Белески К., **Бошков К.** (2011) Состојби со трпезното грозје и сместувачки капацитети во Р. Македонија. Второ советување и работилница. Зборник на трудови и презентации, Скопје (19-24).

38. Божиновиќ З., **Бошков К.,** Белески К., Коруновска Бињана, Димовска Виолета (2011) Влијание на сортата и степенот на зрелоста врз чувањето на грозје во ладилник. Второ советување и работилница. Зборник на трудови и презентации, Скопје (84-86).

39. **Бошков К.,** Божиновиќ З. (2011). Индустријата на трпезно грозје во САД и Јужна Африка. Второ советување и работилница. Зборник на трудови и презентации, Скопје (98-109).

40. Raicevic D., Bozinovic Z., Petkov M., Ivanova V., **Boskov K.**, Beleski K. and Maras V., 2011. The influence of chips on polyphenolic content and sensorial properties of Vranac wine, 22nd International Scientific-Expert Conference on Agriculture and Food Industry, Sarajevo.

41. I.Canev; K. **Boskov,** 2011.Explotation test of crusher machine for white and red grapes (377-383), XVI Savetovanje o biotehnologiji, sa međunarodnim učeącem - Zbornik Radova, Vol. 16 (18), Čačak.

42. Vera Vukosavljević, **Krum Boškov**, Radmila Pajović, Marina Stojanov, Milena Đurić, Senad Murtić, Radisav Kojović. 2011. Rodni potencijal i kvalitet sorte merlo u trsteničkom vinogorju. XVI Savetovanje o biotehnologiji, sa međunarodnim učesćem - Zbornik Radova, Vol. 16 (18), 385-391, Čačak.

**2012**

43. **Boskov, Krum** and Beleski, Klime and Hristov, Petar and Petkov, Mihail and Božinović, Zvonimir and Dimovska, Violeta and Petrović, Srdjan (2012) Influence of trellis system on productive and technological characteristics of variety Victoria in Strumica vine growing district. Agro-knowledge Journal, 13 (1). pp. 145-152.

44. Duško Nedelkovski, Klime Beleski, **Krum Boškov**, Biljana Korunovska, Goran Milanov (2012) . Studying the Content of Starch Correlated With Resistance to Low Winter Temperatures in Some Grapevine Varieties. Agro-knowledge Journal, 13 (4). pp. 681-686

45. Dimovska, Violeta and Beleski, Klime and Ivanova, Violeta and **Boskov, Krum** and Ilieva, Fidanka (2012) Agro-biological and technological characteristics of four Cabernet Franc (Vitis vinifera L.) clones grown in Republic of Macedonia. Proceedings . 47th Croatian and 7th International Symposium on Agriculture, Opatija, Croatia. pp. 756-760.

**2013**

46. Dimovska, Violeta, Beleski, Klime, **Boskov, Krum**, Ivanova, Violeta, Ilieva, Fidanka (2013). Comparison of three Chardonnay clones (Vitis vinifera L.), growing in Skopje'vineyard region, R. Macedonia. International Journal of Agronomy and Plant Production IF=0.467 , 4 (6). 1143-1147. ISSN 2051-1914

47. Dimovska Violeta, Beleski Klime, **Boskov Krum**, Ivanova Violeta, Ilieva Fidanka (2013). The productive characteristics on black magic table grape variety, growing in the Tikves vineyard, Republic of Macedonia. IV International Symposium "Agrosym 2013“. pp. 141-146.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р БИЛЈАНА ЈОРДАНОСКА ШИШКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, донесена на седницата одржана на 27.II 2014 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од м-р Билјана Јорданоска Шишкоска. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА е напишана на 169 страници и содржи 44 слики и 101 табела (и 3 во прилогот). Таа се состои од следниве поглавја: ВОВЕД (3 страници), ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЧВИ И ТУТУН (29 страници), ИСПИТУВАНИ ОБЛАСТИ (5 страници), ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ (5 страници), РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (99 страници), ЗАКЛУЧОК (3 страници), ЛИТЕРАТУРА (12 страници) и ПРИЛОГ (10 страници).

Во поглавјето ВОВЕД накусо е укажано на значењето на определувањето на различни макро и микроелементи во примероци од почви на кои се одгледува тутун, како и нивната содржина во самиот тутун. Основен предмет на оваа докторска дисертација се испитувањата на врската помеѓу почвените карактеристики и апсорпцијата на тешките метали во ориенталните тутуни произведени во најпознатите тутуно-производни реони во Македонија. Во докторската дисертација се презентирани резултатите од определувањето на 18 елементи во 150 примероци почви и 450 примероци тутун од 3 региони во Македонија (пелагонискиот, вардарскиот и југоисточниот производен регион). За таа цел, применета е атомската емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

Во поглавјето ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЧВИ И ТУТУН, дадено е објаснување на потеклото и изворите на загадување со тешки метали во земјоделството, значењето на тутунот како земјоделска култура, хемискиот состав на тутунот, минералните хранливи материи за тутунот, факторите кои влијаат врз достапноста и акумулацијата на елементите во растенијата, биорасположливоста и фиторасположливоста на тешките метали во тутунот и неговите органи, а даден е и преглед на досегашните истражувања извршени во однос на содржината на хранливите елементи и тешките метали во почвите во Република Македонија.

**Во поглавјето ИСПИТУВАНИ ОБЛАСТИ, дадени се основните географски податоци за трите испитувани производни региони, како и податоци за производството на тутун во секој од нив. Исто така, на посебни карти прикажани се и локациите од кои се земени примерците од почви и тутун.**

**Поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ содржи 3 дела. Тие се однесуваат на основните податоци за анализата на растителниот и почвениот материјал, методите за определување на одделни параметри кои го одредуваат квалитетот на почвата, како и нејзиниот елементен состав. Даден е и опис на методите за определување на вкупните форми, псевдовкупни и достапни форми. Во ова поглавје даден е и приказ на применетата експериментална техника за реализација на истражувањето. Исто така, опишани се и методите за статистичката обработка на податоците преку примена на корелациони анализи (Pearson correlation) и факторна анализа со примена на соодветен статистички софтвер (IBM SPSS v 19).**

Најголем и најсеопфатен дел од докторската дисертација на м-р Билјана Јорданоска Шишкоска е поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА. Тоа се состои од 3 големи потпоглавја во кои се прикажани добиените резултати со соодветна дискусија на добиените резултати. Во првото потпоглавје ЕЛЕМЕНТЕН СОСТАВ НА ТУТУНОТ, опишани се резултатите добиени со определувањето на 18 елементи со примена на ICP-AES, како и содржината на никотин, вкупен азот, растворливи шеќери и Шмуков број. Од добиените резултати на содржината на анализираните елементи во просечна сува маса на лисјата може да се заклучи дека содржините на повеќето одредени елементи се во граници за ориенталните тутуни според литературните податоци, освен што во одредени региони се добиени повисоки содржини само на Fe, Cr и Ni. Вредностите за некои параметри кои го дефинираат квалитетот на тутунот, количеството на растворливи шеќери, никотин и Шмуковиот број се во границите на висок квалитет за ориенталниот тутун. Ниту еден земен примерок од сите мерни места не ги надминува познатите минимални и максимално дозволени содржини. Од добиените резултати може да се констатира дека анализираните примероци од тутунските лисја во својот состав имаат релативно висока содржина на Fe која е условена од неговата содржина во почвата. За да се одредат корелациите меѓу елементите и да се испита можноста за разликување на производните места врз база на хемиските асоцијации на елементите во тутунските лисја, применета е факторната анализа. Добиени се шест компоненти (фактори) и дефинирани се две геолошки, две мешани (геолошко-антропогени) и две антропогени асоцијации на елементи. Согласно со просторната распределба по производни региони, во пелагонискиот регион највисоки вредности се одредени за содржината на Ba, Mg, Na и Sr, кои се поврзани со природата на педолошките материјали и еволуционите процеси на различните типови почва во оваа област. Содржината на Al, Cr, Cu, Fe и Mn во тутунските лисја има највисоки средни вредности во примероците од југоисточниот производен регион, каде што се наоѓаат рудникот и флотацијата за бакар “Бучим” и поранешниот рудник за железна руда “Дамјан”. Во вардарскиот производен регион се одредени највисоки средни содржини за Ca, Cd, Li, Ni, Pb и Zn. Содржината на повеќето токсични метали е повисока во вардарскиот

производен регион како резултат на металуршки активности во овој регион, а антропогеното влијание е најизразено и преку највисоките средни содржини на N, P и K одредени во листовите тутун. Утврдено е дека акумулацијата на повеќето елементи е најголема во листовите тутун, освен што Cu, Zn и P имаат повисока содржина во семето, Na во коренот и K во стеблото. Според распределбата на одредените елементи по бербени појаси, содржините на повеќето елементи се повисоки во првиот појас, оној што е поблиску до коренот и земјата. Во вториот појас се одредени повисоки содржини само на Cu, додека во третиот на Li.

Во второто потпоглавје, ***ПРЕГЛЕД НА ПОЧВЕНИТЕ ПАРАМЕТРИ,*** презентирани се податоците од определување на елементниот состав и одредени физички и физичко-хемиски карактеристики на почвите на кои се произведува тутунот. Утврдена е голема разновидност во почвените параметри која се должи на фактот дека во локациите на земање мостри се вклучени повеќе геолошки различни региони. Повеќето почви имаат адекватен CEC за земјоделски почви и ниту еден примерок не покажува низок капацитет за складирање на нутриенти. Резултатите покажуваат дека сите анализирани примероци се добра основа за производство на висококвалитетен ситнолистен ориентален тутун. Покрај тоа, некои потребни корекции во голема мера може да се постигнат преку соодветните препораки за ѓубрење. Во ова потпоглавје дадени се две компаративни истражувања од одредените концентрации на вкупните и псевдовкупните содржини на одредените елементи. Растворањето е извршено со примена на HF за да се овозможи определување на вкупната содржина на елемените, како и со примена на “царска вода” за определување на псевдоформите. Утврдена е мала разлика во степенот на екстрахирање на Cu, Zn и P. Покрај интензивното производство на тутун, содржините на повеќето тешки метали во почвата се на ниво кое е типично за земјоделски почви и области со ниско антропогено влијание. Само некои примероци од околината на општините Долнени, Радовиш и Чашка ги преминуваат оптималните содржини на хром, никел и бариум за земјоделските почви. Со факторната анализа, диструбуцијата е намалена на 5 синтетички променливи кои дефинираат 2 геохемиски асоцијации, 2 мешани геохемиско-антропогени и една антропогена асоцијација на елементи. Согласно со дистрибуцијата по производни места, највисоки содржини во пелагонискиот производен регион се одредени за Al, Ba, Ca, Mg, K, Mn, Na, P, Sr и V. Повеќето од елементите во оваа област се главно условени од физичката средина и хемиската природа на минералниот состав на почвите од овој регион. Содржините на P и K укажуваат на неконтролираната употреба на фосфорни и калиумови ѓубрива. Највисока содржина на Ni и Cr е одредена во примероците од вардарската производна област, додека во југоисточната област се одредени највисоки вкупни содржини на Cu, Fe и Zn во почвените примероци. Одредено е дека најголема достапност за тутунот имаат Cd и Cu, додека ориенталниот тутун акумулира поголема содржина на P, K, Cu и Cd. Најголема подвижност во надземните органи на ориенталниот тутунот имаат Cd и Li.

Во третото потпоглавје од РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА под наслов ВЛИЈАНИЕ НА ПОЧВЕНИТЕ ПАРАМЕТРИ ВРЗ ЕЛЕМЕНТНИОТ СОСТАВ НА ТУТУНОТ, дадени резултати се од испитувањето на корелациите на амбиентални почвени својства и нивното влијание врз составот и интензитетот на акумулацијата на тешки метали во ориенталниот тутун. Овие кореалции не

покажуваат значајна поврзаност на почвените карактеристики со елементниот состав. Покажано е дека механичкиот состав на почвата има умерени до силни корелации со содржината на Al и Fe во листовите ориентален тутун и на содржината на Fe, Na, Ni и Cu во почвата. Исто така, покажано е дека pH на почвениот раствор има умерени до силни корелациони врски со содржината на Ni, Cr и V во тутунот, дека CEC има значајни умерени до високи корелации со Fe, Al и V од тутунот и Li и Na од почвата и дека хумусот има умерена корелација со содржината на Mn во тутунот и Li од почвата.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК, кандидатката накусо ги сумира основните заклучоци кои произлегуваат од резултатите од испитувањата презентирани во докторската дисертација. Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА се наброени вкупно 146 референци. Речиси сите се трудови од оригинална научна литература за определување на елементи во траги во примероци од почви и тутун. Во ПРИЛОГОТ на докторската дисертација се дадени 3 табели со основните податоци за локациите од кои се земени примероците почва и резултатите од определувањата на агрохемиските својства на почвата и хемискиот состав на лисјата тутун претставени по производни области.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, може да се заклучи дека м-р Билјана Јорданоска Шишкоска успешно ја реализирала целта на нејзината докторска дисертација. Таа извршила целосно испитување на елементниот состав на тутунската суровина и почвите од различни земјоделски области на Република Македонија со цел да се направи мониторинг на нивниот квалитет. Проучен е и интензитетот на акумулација на различните елементи во органите на ориенталниот тутун и влијанијата на почвените својства врз депозиција на тешки метали во тутунската суровина. Испитувањата се спроведени со атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES). Извршено е определување на вкупната содржина, псевдовкупната и подвижната форма на испитуваните елементи. Извршена е статистичка обработка на резултатите на содржината на 18 испитувани елементи со физичките и физичко-хемиските својства на почвите. Повеќето проблеми со кои се сретнала во текот на работата м-р Билјана Јорданоска Шишкоска успешно ги разрешила и притоа ползувала соодветни експериментални методи и теориски сознанија. Заклучоците се научно издржани и имаат значаен научен придонес. За ова говори и фактот дека 3 труда со дел од резултатите од дисертацијата се објавени или прифатени за објавување во реномирани научни списанија (*Bulgarian Journal of Agricultural Science*, *Science and Technologies* и *Tobacco*).

Од сето погоре кажано, членовите на Рецензентската комисија едногласно и со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА

НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, од кандидатката м-р Билјана Јорданоска Шишоска и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Катарина Чундева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Валентина Пеливаноска, редовен професор на Научниот институт за тутун во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, с.р.

3. Д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.

4. Д-р Кирил Филипоски, редовен професор (во пензија), Научниот институт за тутун во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, с.р.

5. Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на 4СЕДНИЦА одржанана 26.02.2014 година**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Јошевска | Управување со диверзитетот во меѓународните организации – со посебен осврт на Мировен корпус од САД во Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 2. | Ристана Стојаноска Коцева | Човечките ресурси во сферата на заштита на индустриската сопственост | проф. д-р Јован Пејковски |
| 3. | Владимир Вукелиќ | Менаџмент со волонтери во Црвениот крст на Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 4. | Дарко Димитров | Европски програми за образование и обука – македонски перспективи | проф. д-р Зоран Велковски |
| 5. | Гоце Кузев | Улогата на менаџментот во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 6. | Влатко Деков | Политиката на декриминализација на дрогите од перспектива на социјалната политика: споредбени трендови и пристапи | проф. д-р Маја Геровска Митев |
| 7. | Тања Божиновска | Социјална поддршка на деца без родители и родителска грижа во град Куманово | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 8. | Алеберта Гулицовска | Улогата и значењето на човечките ресурси во ефикасноста и ефективноста на Охридските културни настани | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 9. | Александра Кацарски | Советување за кариера во организациите и развојот на кариерата на вработените | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| 10. | Мерсиха Бербери Лика | Положбата на жените и можностите за професионален развој во полициските структури | проф. д-р Јован Пејковски |
| 11. | Анита Ложанкоска | Транзицијата и индустријата за наплата, главни причинители за промената на социопсихолошкиот контекст на потрошувачот во Република Македонија | проф. д-р Илија Ацески |
| 12. | Теута Рамадани Расими | Статусот на лицата со оштетен слух во општините Тетово и Гостивар | проф. д-р Зора Јачова |
| 13. | Самир Грбле | Разлики меѓу македонскиот знаковен јазик (МЗЈ) и албанскиот знаковен јазик (АЗЈ) според класификацијата на Вунт | проф. д-р Зора Јачова |
| 14. | Сања Тасевска | Влијанието на социјалната средина врз семантичкиот развој кај децата од ушилишна возраст | проф. д-р Зора Јачова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | Сања Атанасовска | Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности кај децата со хидроцефалус | проф. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 16. | Мирјана Златковиќ | Сколиози кај деца на училишна возраст на територија на град Скопје | проф. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 17. | Весна Цековска | Дијагонистика и третман на ученици со тешкотии во учењето | проф. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 18. | Горан Саневски | Прекумерна тежина кај ученици на училишна возраст на територија на град Скопје | проф. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 19. | Бесник Зенку | Стиловите на мислење кај наставниците и учениците од средните училишта и училишните постигнувања | проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска |
| 20. | Гоце Павловски | Архитектонски карактеристики на кавеата на театарот во Стоби | доц. д-р Марјан Јованов |
| 21. | Елена Павловска | Религијата во ЕУ во ерата на глобализацијата – компаративен пристап: Белгија, Франција, Англија, Македонија | проф. д-р Зоран Матевски |
| 22. | Димитринка Јорданова Пешевска | Индивидуални фактори на ризик за извршување и за доживување насилство во романтичните врски кај адолесцентите | проф. д-р Николина Кениг |
| 23. | Ивана Начарова | Поставеноста на приватната безбедност во национални и меѓународни рамки и потребата од нејзино регулирање | проф. д-р Оливер Бакрески |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР“ ОД М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Зоран Темелков под наслов СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 100-тата седница одржана на 16.12.2013 година, донесе Одлука бр. 02-2359/2 од 24.12.2013 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. д-р Климентина Попоска
2. д-р Биљана Ангелова
3. д-р Снежана Костадиноска Милошеска
4. д-р Томе Неновски и
5. д-р Неда Петроска Ангеловска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот м-р Зоран Темелков под наслов СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР, обработува современа и актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент. Основна цел на истражувањето во рамките на докторската дисертација е да се оцени влијанието на новиот данок на каматни приходи врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор, со посебно внимание на банкарскиот сектор во Република Македонија. Исто така, ова истражување има за цел да ги идентификува најважните варијабли кои имаат влијание врз процесот на имплементација на системот на оданочување на депозитите.

Предмет на истражување во докторската дисертација се: теоретските аспекти и искуствата во однос на влијанието на нивото и структурата на депозитната база во банкарскиот сектор. Во продолжение, истражувањето е насочено и кон промените во државниот буџет и ефектот врз штедните влогови. Потребата од вакво истражување се јавува како резултат на можните ефекти кои би имале негативно влијание на нивото на депозитната база, а намалувањето на

депозитната база претставува опасност за финансиски системи кои се банкарски ориентирани.

Методолошкиот пристап и користењето на соодветните извори се определени врз основа на проучуваната проблематика. При изработката на трудот, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето, и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето. Со цел надминување на недостатоците на индивидуалните истражувачки методи, во овој труд, методологијата на истражување е составена од комбинација на повеќе истражувачки методи кои нудат адекватни и веродостојни резултати. За целите на докторската дисертација користени се класичните научни методи: анализа и синтеза, статистичка компаративна и историска метода, заедно со методата на индукција и дедукција. Посебно внимание во трудот е посветено на регресионата анализа, преку која е тестирано влијанието на одредени варијабли врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор на Република Македонија.

Во текот на изработката на дисертацијата користена е современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР, поднесена од кандидатот м-р Зоран Темелков, има 254 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, осум глави и заклучни согледувања, а користената литература содржи 14 страници со 173 библиографски единици и 14 интернет-страници. Во основниот текст на трудот се презентирани 26 табели, 6 графикони и 3 слики, додека во делот на прилозите кон трудот се дадени 3 прилози.

Во воведот на трудот, кандидатот започнува со осврт кон актуелноста на проблематиката во докторската дисертација. Во него е презентирана кратка содржина на материјата која се обработува и се елаборираат целите и предметот на истражувањето. Во овој дел е ставен посебен акцент на методите на научноистражувачката дејност кои се користат во насока на добивањето на очекуваните резултати и постигнувањето на целите на истражувањето.

Во првиот дел, „Важноста на штедењето за развој на економијата“, кандидатот ја посочува важноста на штедењето за развојот на економијата, при што се идентификувани различните теории на штедење кои произлегле од бројните истражувања и искуствата на земјите во развој и развиените земји. Секоја од овие теории има за цел да прикаже на кој начин домаќинствата ги носат одлуките за висината на штедење и потрошувачка. И покрај актуелноста на неокласичните теории, постојат и алтернативни теории кои треба наизменично да се земаат предвид при анализи на нивото на штедење. Во продолжение се претставени промените кои настануваат во економијата како последица на промените во нивото на депозитната база. Во последниот дел од првото поглавје се претставени ефектите од привремените промени во нивото на штедењето врз депозитната база и економијата.

Во рамките на второто поглавје „Фактори кои влијаат врз нивото на депозититната база во банкарскиот сектор“, се опфатени факторите кои имаат влијание врз нивото на депозитната база. Факторите се поделени во две категории во зависност од времетраењето на ефектот што би го предизвикале. Имено, во долгорочните фактори се вклучени стабилноста на банкарскиот сектор и довербата во него. Од друга страна, фактори кои би можеле да имаат влијание врз депозитната база на краток рок се: висината на каматните стапки во банкарскиот сектор, законските олеснувања, понудата на депозитни производи, како и алтернативните можности кои постојат заедно со очекувањата за девалвација. Каматните стапки, како фактор кој влијае, се анализирани од аспект на нивната промена во домашната економија, и висината на каматните стапки во другите економии. Законските олеснувања, изразени преку постоењето на капитални контроли за приливи и одливи, претставуваат важен фактор кој влијае врз нивото на депозитната база. Во случаи кога штедачите можат да ги изнесат своите средства надвор од домашната економија, мала промена во некои од факторите може да има драстично влијание врз нивото на депозити.

Предмет на опсервација во третиот дел на докторската дисертација „Теоретски и практични аспекти на системите за оданочување на приходи од камати на депозити и процесот на нивното имплементирање“ се теоретските и практичните аспекти кои го објаснуваат историскиот поглед на системите за оданочување на приходи од депозити. Притоа, најпрво предмет на анализа е потребата за воведување на данокот на приходи од депозити. Откако е претставена потребата за воведување на данокот, во продложение е елабориран процесот на имплементирање на системот за оданочување на штедни влогови. Понатаму се претставени различните видови на системи за оданочување кои се користени во развиените земји и земјите во развој. Искуството на овие категории на земји покажува дека системот за оданочување треба да биде во рамките на економската состојба на земјата е како и нејзиниот фискален систем. Во продолжение се разгледани аргументите кои го поддржуваат воведувањето на данокот и аргументите кои се против него. Од посебна важност е да се земе предвид кои видови на депозити се опфатени со системот за оданочување на приходи од депозити. За таа цел, последната точка го зема предвид оданочувањето на приходите од депозити по видување.

Во четвртиот дел од истражувањето, „Карактеристики и функционирање на системите за оданочување на приходи од депозити во селектирани земји“, кандидатот се фокусира на анализа на карактеристиките и начинот на функционирање на оданочување на депозитите и персоналниот доход во селектирани земји. За таа цел, најпрво се претставени системите на персоналниот данок на доход на селектираните земји, за да се види на кој начин е извршено вклучувањето на приходите од штедни влогови во даночната основа. Следствено, извршена е анализа на разликите и сличностите на системите за оданочување на депозитите во селектираните земји. Исто така, направена е компарација на висината на даночната стапка во земјите опфатени во анализата, при што се земаат предвид и причините за разлика во висината на даночната стапка за персонален данокот на доход и данок на депозити. Анализата на начините за подмирување на даночните обврски има за цел да го идентификува методот кој би бил соодветен во земјите во развој.

Позитивните и негативните аспекти на системите за оданочување на приходи од депозити се обработени во петтото поглавје „Позитивни и негативни аспекти на системите за оданочување на приходи од депозити“. Овој дел од докторската дисертација има за цел да ги прикаже позитивните и негативните аспекти кои произлегуваат од системот за оданочување за сите засегнати страни. Во овој дел е извршена анализа на државниот буџет од аспект на даночните приходи кои би биле собрани. Бидејќи оданочувањето на приходи од депозитите може да е проследено со даночни поволности за штедачите, тие се земени предвид во рамките на овој дел.

Предмет на разгледување во шестото поглавје, „Ефекти од оданочување на приходи од депозити“, се ефектите кои настануваат како резултат на оданочување на приходи од депозити. Истражувањето се однесува на ефектот кој што го има системот за оданочување врз буџетот на државата, како и ефектот врз работењето на банките. Анализите укажуваат на влијанието на данокот врз националното ниво на депозити, односно промените кои би настанале како резултат на промените во висината на даночната стапка.

Целта на седмото поглавје, „Состојба на системот за оданочување на депозити во банкарскиот сектор во Република Македонија и негова споредба со други земји“, е да се прикаже состојбата на системот за оданочување на штедни влогови во Република Македонија и негова споредба со селектирани земји. Може да се заклучи дека системот за оданочување на депозити на Република Македонија нема значително отстапување од системите кои се имплементирани во останатите земји во транзиција и развиените земји. Со други зборови, зборувајќи за конечнот данок по одбивка, како метод за наплата на даночната обврска, Република Македонија е во согласност со даночната регулатива на останатите земји. Отстапување, споредено со другите земји, постои во делот на депозити кои се вклучени во даночната основа. Имено, приходите од депозити по видување и тековни сметки не се оданочуваат, при што анализите покажуваат дека исклучувањето на овие приходи создава слабост во даночниот систем и можност за манипулација за банките. Што се однесува, пак, до висината на даночната стапка, Република Македонија покажува проактивност во креирањето на даночниот систем. Проактивноста е изразена преку една од најниските даночни стапки во регионот, што е можност за привлекување на странски капитал. Може да се заклучи дека, со исклучок на одредени слабости, предложениот системот за оданочување на приходи од депозити е адекватен, гледано од аспект на економската состојба на Република Македонија.

Во последното поглавје, „Квантитативна емпириска анализа на влијанието на факторите и системот за оданочување на депозити врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор во Република Македонија и селектирани земји“, кандидатот спроведува емпириска анализа на влијанието на селектираните варијаблите врз нивото на депозитната база, како и влијанието на системот на оданочување на депозити врз депозитната база. Анализата е спроведена користејќи го Vector error correction модел (VECM), кој ја покажува меѓусебната зависност на независните варијабли со зависната варијабла. Со цел потврдување на добиените резултати, користен е и тренд- пристапот за да се види сличноста на движењето на депозитната база на Република Македонија со анализираните земји, односно, Република Унгарија и Република Летонија. Добиените резултати

во ова поглавје даваат солидна основа за поставување на препораки и идни насоки за модифицирање и подобрување на системот за оданочување на штедни влогови.

Заклучните согледувања имаат за цел да ги презентираат теоретските сознанија и искуството на селектираните земји со системот за оданочување на камата на депозити од апсект на начинот на имплементирање, ефектот врз депозитната база и адекватноста на одбраниот систем за Република Македонија. Резултатите покажуваат дека системот за оданочување на депозити би имал значајано негативно влијание врз депозитната база. Од тие причини, од посебна важност е процесот, како и времето на стапување во сила на овој данок.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Темелков со наслов СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на банкарството и финансиите.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертација претставува значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем на оданочувањето на депозитите во банкарските сектори и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти на обработуваната материја, аргументација на поставените тези, соодветни методолошки пресметки и презентација на резултатите. Ваквиот пристап е надополнет со соодветна методолошка рамка, користена е најнова научна и стручна литература, како и сеопфатна компаративна анализа и емпириско истражување кои создаваат основа за изразено критичко размислување од страна на кандидатот. Претходно наведениот пристап создава солидна основа за конципирање заклучоци, насоки и препораки за предлагање на соодветен систем за оданочување на депозитите во банкарскиот сектор во Република Македонија, што му дава посебен научен придонес на трудот.

М-р Зоран Темелков во трудот сублимира голем број на елементи кои можат да бидат имплементирани во секојдневните депозитни активности на банкарскиот сектор при воведување на систем за оданочување на приходи од депозити. Препораките и заклучоците на трудот произлегуваат од теоретска анализа, како и од анализа на искуствата на земји кои го имаат воведено данокот за оданочување на депозити. Анализата ги покажува слабостите кои се идентификувани во системот за оданочување на депозити, кој треба да биде воведен во Република Македонија. Имено, при воведување на систем за оданочување на депозити, секоја земја треба да посвети внимание на неколку поважни елементи, дефинирање на даночна основа, начин на наплата на даночните обврски и собирање на даночните приходи и висината на даночната стапка. Кандидатот потенцира дека даночната основа треба да биде широка, и да се намалат, односно елиминираат, депозити кои се исклучени од даночната основа. Доколку постои потреба да се дефинира ослободувања и изземања, тогаш кандидатот посочува на потребата да се дефинира висина на каматни приходи кои

би биле ослободени од оданочување, наместо да се исклучуваат одредени депозити од даночната основа. На овој начин би се намалила можноста за даночна евазија. Начинот на наплата, односно собирање на даночните приходи, не треба да создава преголем товар за даночните обврзници и државата. При тоа во случајот со данокот на депозити, за најадекватен метод на наплата кандидатот го предложува методот на конечен данок по одбивка. Даночната стапка треба да биде во согласност со економската моќ на штедачите. Имено, данокот не треба да предизвика големо даночно оптоварување, кое би ги дестимулирало штедачите да ги депонираат своите средства во банкарскиот сектор.

Кандидатот во целост одговорил на поставената цел на истражување во трудот, односно предлагање на конкретни чекори кои треба да се преземат при воведување на данок на приходи од депозити. Активностите кои треба да бидат спроведени, како од страна на банките, така и од страна на државата, се во насока на минимизирање на можните негативни ефекти кои произлегуваат од воведување на новиот данок. Исто така, кандидатот ги посочува можните опасности кои би произлегле при неадекватно воспоставување на некој од елементите на системот за оданочување. Во трудот кандидатот користи Vector error correction модел (VECM), а со цел, потврдување на добиените резултати, користен е и тренд-пристапот за да се види сличноста на движењето на депозитната база на Република Македонија со анализираните земји, односно Република Унгарија и Република Летонија. Врз основа на опсежната теоретска и емпириска анализа, м-р Зоран Темелков заклучува дека сегашната стапка од 10% која треба да се наплаќа на приходи од депозити, е адекватна за економијата на Република Македонија.

Членовите на Комисијата се едногласни во оцената дека кандидатот м-р Зоран Темелков во докторската дисертација СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР, успеа успешно да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување. Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, кандидатот м-р Зоран Темелков изработил комплексен и сеопфатен труд со оригинален пристап во истражувањето на предметната проблематика. Теоретските и емпириските елаборации во трудот имаат реална примена во практиката, со што овој труд има како научен, така и апликативен придонес.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој узвештај со позитивна оцена на докторската дисертација СИСТЕМИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НИВОТО НА ДЕПОЗИТНАТА БАЗА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР;
2. да се формира Комисија за одбрана и на кандидатот м-р Зоран Темелков да му се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА
ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1.________________________________с.р.
/ Д-р Климентина Попоска /

2.________________________________с.р.
/ Д-р Биљана Ангелова/

3. _______________________________с.р.
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/с

4.________________________________с.р.
/ Д-р Томе Неновски /

5. ________________________________с.р.
/ Д-р Неда Петроска Ангеловска/

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 408. седница на Наставно – научниот совет одржана на 30.01.2014 година

| **Р. бр.** | **Кандидат** | **Работен наслов на темата** | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Арбен Емини, дипл.град.инж. | Споредба на Еврокод 1: дел 1-1 со актуелните македонски стандарди | проф. д-р Грозде Алексовски, Градежен факултет - Скопје |

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 409. седница на Наставно – научниот совет одржана на 06.03.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Гордана Јовановска, дипл.геод.инж. | Афирмација и компаративност на методите за масовна проценка на недвижности базирани врз ГеоИС | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет - Скопје |
| 2 | Ваљбен Мустафа, д.и.а. | Анализа на учеството на мали и средни градежни претпријатија во тендерските постапки за услуги и работи финансирани со меѓународни финансиски средства | проф. д-р Валентина Жилеска - Панчовска, Градежен факултет |
| 3 | Нена Салих, д.и.а. | Компаративна анализа помеѓу модерна пасивна куќа од нови енергетско ефикасни материјали и пасивна куќа од природни и рециклирани материјали | проф. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет |
| 4 | Шпресим Ибраими, дипл.град.инж. | Сеизмичко однесување на а.б. рамовски конструкции со исполна од зидарија со вклучена интеракција почва – конструкција | проф. д-р Љупчо Лазаров, Градежен факултет |
| 5 | Раман Ајро, дипл.геод.инж. | Компарација на современи методи испитување на сигурноста на контролните геодетски мрежи | проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет |
| 6 | Ангелка Михајловска, дипл.град.инж. | Еколошки, социјални и економски аспекти за процена на одржливоста на градежните објекти | проф. д-р Мери Цветковска, Градежен факултет |
| 7 | Ценгис Хани, дипл.град.инж. | Анализа на применети конструктивни решенија за надградба и доградба на постојни објекти | проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.2.2014 година, формира Комисија за предвремен избор на наставник на научните области: општа психологија и психологија на образование и воспитание. Комисијата е составена од: проф. д-р Виолета Арнаудова, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска и проф. д-р Благоја Јанаков. По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за предвремен избор на наставник во сите наставно-научни звања на научните области: општа психологија и психологија на образование и воспитание, објавен во дневниот весник „Дневник“ од 27.1.2014 година, се пријави д-р Огнен Спасовски, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје. Кон пријавата, тој ги поднесе потребните документи согласно со Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### *Биографски податоци*

Д-р Огнен Спасовски е роден на 14. 10. 1970 година во Скопје, каде што завршил основно и средно училиште. Во 1996 година дипломирал на Институтот за психологија, при Филозофскиот факултет во Скопје. По дипломирањето, работел на неколку проекти од сферата на применетата психологија, а во реализација на меѓународни организации. Во 1999 година се вработил како помлад асистент на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, каде што во 2004 година со одбрана на магистерската теза *Позитивна и негативна афективност како црти на личноста и когнитивното функционирање,* се стекнува со степен магистер на психолошки науки. На истиот Факултет во 2009 година, со одбрана на докторската дисертација под наслов *Односот на субјективна добросостојба, со базичните психолошки потреби, животните цели и себецененењето*, се стекнува со научниот степен доктор на психолошки науки. Во октомври 2009 година, избран е во наставно-научното звање доцент на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

### *Оцена на научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот*

Кандидатот доц. д-р Огнен Спасовски приложи документи со кои потврдува дека ги исполнува условите за предвремен избор во повисоко звање согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл.

весник бр. 15/2013), и членот 38-а од Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; според кои: *„Предвремен избор во повисоко звање пред истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање, може да се спроведе за лицата кои стекнале постдокторски научноистражувачки статус на еден од првите 50 високо рангирани универзитети согласно последното утврдено рангирање на Шангајската листа, доколку на овие универзитети раководеле научен проект. Под научен проект се подразбира проект во кој учествуваат најмалку пет члена, од кои барем два се со научноистражувачки статус на докторанди или пост-докторанди*“.

Имено, доц. д-р Огнен Спасовски приложи документи со кои потврдува дека остварил постдокторски научноистражувачки статус на Универзитетот на Пенсилванија во Филаделфија, САД (University of Pennsylvania) и дека за време на престојот бил раководител на научен проект спроведен на истиот Универзитет. Универзитетот на Пенсилванија на Шангајската листа за 2012 година (важечка листа во времето на поднесување на иницијативата) е на 14. место, додека за 2013 година го зазема 15. место во светски рамки. Воедно, на Шангајската листа за општествените науки за 2013 година, Универзитетот на Пенсилванија го зазема 9. место во светот. Во реализацијата на овој научен проект учествувале шест члена, од кои четири доктори на науки (д-р О. Спасовски, д-р М.Е.П. Селигман, д-р Ј-Х Ким, д-р Н. Кениг) и двајца асистенти-истражувачи (Џ. Оксман и К. Дан), за што кандидатот приложува список на учесниците, контакти и податоци за нив. Научноистражувачкиот проект реализиран на овој престижен Универзитет е со наслов: „Евалуација на минатото и субјективната добросостојба“, и се однесува на истражување на влијанието на евалуациите на минатото и сегашноста врз актуелната субјективна добросостојба на луѓето. Истражувањето е спроведено на испитаници од САД и Р. Македонија. Дел од резултатите од истражувањето, доц. д-р Огнен Спасовски презентираше на *Првата меѓународна конференција за временска перспектива*, која се одржа во септември 2012 година во Коимбра, Португалија, а претстои и нивна меѓународна публикација.

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот од претходниот избор во звањето доцент во 2009, а до 2014 година, доц.д-р Огнен Спасовски одржува предавања и вежби по повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии.

Од посебна важност е тоа што во овој период, тој подготви неколку нови предметни програми на прв и втор циклус кои станаа дел од акредитираните студиски програми на Институтот за психологија. Тоа се предметните програми: *позитивна психологија*, *еволуциска психологија, емоции и когниција* и *психологија на субјективната добросостојба*.

На првиот циклус студии во периодот 2009-2014 година одржува настава по предметите: емоции и мотивација (2009/2010 г. и 2010/2011 г.), позитивна психологија (2010-2014 г.), еволуциска психологија (од 2013 г.) и психологија на лица со посебни потреби (од 2013 г.), за студентите на Институтот за психологија. Потоа, психологија на лица со пречки во развојот (од 2013 г.), за студентите на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет; општа психологија, за

студентите на Филозофскиот факултет (2010-2014 г.), и психологија на образование и воспитување, за студентите на ПМФ (2010-2014 г.).

На вториот циклус студии, во овој период одржува настава по предметите *позитивна психологија, субјективна добросостојба* и *емоции и когниција,* за студентите на Институтот за психологија.

За реализација на наставата по овие предмети, д-р Огнен Спасовски има креирано соодветни материјали и интерни скрипти за предавања и вежби. Воедно, автор е и на еден позитивно рецензиран универзитетски учебник, *Позитивна психологија*, за истоимениот предмет.

Тој е ментор на петнаесетина дипломски работи, ментор е на еден магистерски труд, а бил член и на комисија за оцена или одбрана на 5 магистерски трудови.

Во поглед на педагошките аспекти на наставната дејност на кандидатот, приложени се резултатите од евалуацијата спроведена на Филозофскиот факултет. Во анкетата на студентите спроведена на четири предметни програми: еволуциска психологија, позитивна психологија, општа психологија и психологија на лица со пречки во развојот, во која учествувале вкупно 211 студенти, добиена е просечна оценка 9,19.

## Научноистражувачка дејност

Кандидатот, доц. д-р Огнен Спасовски има плодна научноистражувачка работа. Тој е координатор или учесник на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти. Воедно, автор или коавтор е на повеќе трудови објавени во странство и во земјата.

Добитник е на грант за визитинг-истражувачки престој од *Фулбрајтовата програма,* и во периодот меѓу јули 2011 и мај 2012 година, тој е на едногодишен постдокторски истражувачки престој на Универзитетот на Пенсилванија во Филаделфија, САД (Post-doctoral Research Visiting Scholar). Во тој период бил поканет и одржал предавање на престижниот Универзитетот на Чикаго (University of Chicago), на тема: “On Cultural specifics of the Subjective Wellbeing”, како и на Универзитетот Ана Мендез во Сан Хуан, Порторико (Ana Mendez University System), на тема: “Societal changes and reflections on the life domains”.

Актуелно, национален координатор е на програмата на Советот на Европа: „Поддршка на инклузивното образование во Југоисточна Европа“.

Од 2011 г., тој е национален координатор на меѓународниот научно-стручен проект на Еразмус-академската мрежа: Children Identity and Citizenship Education Association (Erasmus Academic Network).

Учесник е во меѓународен научно-стручен проект на Европскиот центар за правата на Ромите (European Roma Rights Centre) “Overrepresentation of Romani children in special schools”.

Во периодот 2009-2010 год. бил национален координатор на научен проект на Европската фондација за обуки (European Training Foundation): *Mapping policies and practices for the preparation of teachers for inclusive education.*

Во 2010 година бил национален координатор на меѓународен научен проект предводен од проф. др. Gita Steiner Khamsi од Универзитетот Колумбија од Њујорк, САД, насловен како: *International Education Policies and Teacher Quality in the CEE/CIS Region*, реализиран во соработка со УНИЦЕФ.

Во периодот од последниот избор, доц.д-р Огнен Спасовски е автор на неколку трудови објавени во странство и во земјата:

Spasovski, O. (2013). The Relation of Basic Psychological Needs, Intrinsic and Extrinsic Life Goals and Collectivism with Subjective Well-Being: A Case in Macedonia. In: Knoop, H-H., Delle Fave, A. (eds). *Well-Being and Cultures: A Positive Psychology Perspective*. Springer.

Како автор на дел од оваа престижна монографија, тој ја истражува поврзаноста на субјективната добросостојба со базичните психолошки потреби, интринзичните и екстринзичните животни цели и колективизмот. Неговите наоди во одредени аспекти се согласни на наодите од развиените земји, но во делот на животните цели добиени се специфични разлики кои се карактеристични за земјите во транзиција со социјалистичко уредување во минатото. Со наодите публикувани во оваа монографија, авторот дава поширок придонес во истражувањето и разбирањето на овие појави од крос-културна перспектива.

Spasovski, O. (2011). Subjective Well-being in Student Teachers: Relation with Intrinsic and Extrinsic Motivation, Self-esteem, Competence and Collectivism. In: Miljkovic, D., Rijavec, M., (eds). *Positive Psychology in Education: Book of selected papers, 1st Scientific Research Symposium*, 2009- Zadar, Croatia, (pp103-116). Zagreb: University of Zagreb.

Во овој труд, авторот, на популација наставници ја истражува поврзаноста на субјективната добросостојба со интринзичните и екстринзичните животни цели, себеценењето, компетенцијата и колективизмот. Вниманието е насочено на поврзаноста на одредени психолошки аспекти и чувството на компетенција кај наставниците, како извонредно важно прашање за успешна наставна дејност.

Spasovski, O., (2010). Teacher Competence as a Basis for Teacher Education: Tuning Teacher Education Curricula in Five Western Balkan Countries. In: Hudson, B., Zgaga, P., and Åstrand, B. *Advancing Quality Cultures for Teacher Education in Europe: Tensions and Opportunities*,(87-104). Umea: Umea University, Sweden

Во овој труд, авторот ги презентира наодите од обемно истражување спроведено во повеќе земји од регионот на Западен Балкан. Во него, се прави обид да се идентификуваат клучните компетенции за успешна иницијална подготовка на наставниците за нивната идна ефикасна и ефективна наставна практика.

Spasovski, O. (2010). Principles of the Inclusive Education and the Role of Teachers and In-School Professional Staff. In*: Journal of Special Education and Rehabilitation*, (67-86). Skopje: Faculty of Philosophy.

Во оваа публикација, авторот ги обработува основните принципи на кои треба да се заснова инклузивното образование, односно образованието на децата со посебни образовни потреби. Тој прави посебен осврт на потребата од редефинирање на улогата на стручните соработници во училиштето во поглед на нивната работа со децата со посебни образовни потреби.

Кандидатот, во периодот 2009-2013, е автор (или коавтор) на три труда објавени во Годишниот зборник на Филозофски факултет:

Спасовски, О., (2009). Базични психолошки потреби: Важноста на балансот во нивната задоволеност за субјективната добросостојба. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во* Скопје.

Спасовски, О., (2010). Позитивна психологија: Зошто ни треба ново движење во психологијата. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во* Скопје.

Кениг, Н., Спасовски, О., (2011). Проверка на внатрешната структура на инструментот Индекс на аспирации со користење на експлораторна факторска анализа. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во* Скопје.

Доц. д-р Огнен Спасовски во периодот од последниот избор во 2009 година има бројни учества на меѓународни научни и стручни собири. Во декември 2009 год., има одржано пленарно предавање на конференција во Торино, организирана од Европската фондација за обуки (European Training Foundation) *International Conference on education,* Turin, Italy „Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity Research and Actions”.

Пленарно предавање има одржано на *Конференција за европски и национални практики во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост* одржана во Скопје, во декември 2010 год., од Фондацијата „Фридрих Еберт“ и Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во август 2010 година има одржано и секциско предавање на меѓународната конференција во Хелсинки, Финска: “Preparing teachers for inclusive education in contexts of social and cultural diversity in the Western Balkans“, *European Conference in Educational Research*.

Во периодот 2009-2013 година, доц. др. Огнен Спасовски со свои презентации учествувал на бројни меѓународни конференции во западноевропските земји, САД и земјите од соседството:

- ноември 2013: “Embracing Diversity through Education”, во организација на Education Department of the Directorate General of Democracy of the Council of Europe, Тирана;
- октомври 2013: “Challenges facing the education of children with special educational needs in primary schools“, *Modern aspects of the special education and rehabilitation of persons with disabilities*, Охрид;
- во ноември 2012 г. учествувал на меѓународна експертска конференција во рамките на *Платформата за образование и обуки во Западниот Балкан* на Европската комисија: „Образованието и обуката на наставниците на Западниот Балкан“ во Охрид;
- август – септември 2013 учество на научен собир на *Универзитетот на Лозана*, Швајцарија на Early Researchers Union на EADP (European Association

of Developmental Psychology), со коавторски труд: “Relation between subjective well-being and personality values in Ukrainian and Macedonian samples: A cross-cultural comparison”;

- јуни 2013: “Far away but close enough: Possibilities for developing European identity in youth before becoming a member of the European Union“, Identities and Citizenship Education: Controversy, crisis and challenges, Лисабон, Португалија;
- мај 2013: “Building education for the future - From marginalization to essential inclusion of underachievers“, The 2nd International Conference on Positive *Psychology in the Czech Republic*, Брно, Чешка Република;
- септември 2012: “Evaluation of the past and subjective well-being“, *First International Conference in Time Perspective*, University of Coimbra, Portugal;
- јули 2011: “Life goals and Subjective well-being in Adolescent students, Adults and Elderly: What is pursued in Macedonia?”, *Second World Congress in Positive Psychology*, Philadelphia, U.S.;
- април 2011: “Teachers competencies and practicing inclusive education: A case in Macedonia“, *Discourse, Power And Resistance In Education Conference 2011*, University of Plymouth, United Kingdom;
- јуни 2010: „Basic psychological needs, intrinsic and extrinsic life goals and collectivism in relation to Subjective wellbeing: A case in Macedonia“, *European Conference in Positive Psychology*, Copenhagen, Denmark;
- јуни 2010: “Trough developing inclusive schools toward cohesive society: Teachers’ competencies and preparedness for practicing inclusive education”, *European Conference in Positive Psychology*, Copenhagen, Denmark;
- јуни 2010: “Mapping policies and practices for the preparation of teachers for inclusive education“, *Conference on Social Inclusion through Education and Training from a European Union perspective*, Skopje, R. Macedonia;
- јануари 2010: “Toward diversity in the school: Teachers’ competencies and preparedness for inclusive education“, *Empirical Research in Psychology*, Department of Psychology and Faculty of Philosophy in Belgrade, R. of Serbia;
- ноември 2009: “Subjective Well-being in Student Teachers: Relation with Intrinsic and Extrinsic Motivation, Self-esteem, Competence and Collectivism“, *International Symposium on education - Positive psychology in education*, Zadar, Croatia, & University in Zagreb;
- 23-24 октомври 2009: “Individualism - Collectivism and Subjective Well-being: To be collectivist in a collectivistic country“, *Current Trends in Psychology Conference*, Faculty of Philosophy, Novi Sad, Serbia.

**Стручно-апликативна дејност**

Доц. д-р Огнен Спасовски е член на експертскиот тим за изработка на *Каталог на стручни компетенции*, во рамките на проект кој е во реализација на Бирото за развој на образованието на РМ, со поддршка на УСАИД.

Меѓу другите позначајни стручно-апликативни ангажмани на кандидатот, спаѓаат и тие во програмите на БРО и УНИЦЕФ: *Училиште по мерка на детето* и

*Образование за животни вештини*; како и ангажманот како координатор на научниот проект *Mapping policies and practices for the preparation of teachers for inclusive education,* во реализација на Европската фондација за обуки (European Training Foundation).

Кандидатот е автор или коавтор на неколку научно-стручни публикации објавени во странство и во земјата:

Спасовски, О., (2013). Образованието на учениците со ниски постигања во учењето, Скопје: ФООМ & Pestalozzi Children's Foundation.

Во оваа публикација, авторот ги истражува постојните системски рамки и механизми за подобрување на квалитетот на образованието кај учениците кои забележуваат ниски постигања во учењето. Во истражувањето се идентификувани повеќе бариери за остварување на овие цели, при што се врши и анализа на причините.

Spasovski, O., Eminovska, E. (2012). *Country Assessment for the Republic of Macedonia*. Budapest: Roma Education Fund.

Во оваа публикација објавена во странство, доц. д-р Огнен Спасовски, во делот за образованието, дава преглед на состојбите во поглед на образованието на Ромите во Р. Македонија, ги обработува прашањата поврзани со квалитетот на образованието на Ромите, а воедно дава и препораки за подобрување на состојбите во оваа сфера.

Стручна монографија објавена во странство:

Spasovski, O., Balazhy, S., Friedman, E., (2010). *Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity*. Turin: European Training Foundation.

Доц. д-р Огнен Спасовски, со коавторите, во оваа научно-стручна публикација ги истражува политиките и практиките за подготовка на наставниците за инклузивно образование. Тие прават посебен осврт на структурата на иницијалните обуки (во текот на студирањето), но и на континуираните обуки во текот на нивната работа како наставници, нагласувајќи ги клучните наставнички компетенции на кои нужно треба да се посвети внимание.

Спасовски, О., (2011). *Анализа на образованието на Ромите во Република Мекедонија*. Скопје: ФИОО & Pestalozzi Children's Foundation.

Во оваа публикација, доц. д-р Огнен Спасовски прави анализа на состојбите во поглед на образованието на Ромите во Р. Македонија на сите нивоа (претшколско, основно, средно, стручно, високо). Тој прави опсежна анализа и на главните пречки за квалитетно образование на Ромите во Македонија, како и на последиците што нискиот квалитет на образование ги создава на лично ниво и на ниво на потесната и пошироката заедница. Притоа, авторот предлага мерки кои се неопходни за суштинска промена на состојбите на ова поле.

Заедно со проф.д-р. Николина Кениг, во текот на 2013 година, тој бил коевалуатор на образовна програма *Evaluation of the Macedonia Legal Socialization Program*, реализиран од PH International Macedonia.

Кандидатот, доц. д-р Огнен Спасовски членува во неколку професионални мрежи, меѓу кои и светската мрежа за позитивна психологија (IPPA), а национален претставник е на европската мрежа за позитивна психологија (EPPN).

Како член на делегирана работна група, тој учествувал во изработката на *Прирачникот за советување на родители*, во рамките на активностите на Министерството за образование и наука на РМ.

Тој е член и на работната група за реализација на тестирањата кои се спроведуваат во Агенцијата за судии и јавни обвинители на РМ.

Во изминатите години активно е вклучен во струковото организирање на психолозите во Македонија. Еден е од основачите на Комората на психолози на Македонија. Активно учествувал и во изготвувањето и донесувањето на Законот за психолошка дејност. Актуелно, тој е потпретседател на Комората на психолози.

## Заклучок и предлог

Врз основа на сите прикажани активности, како и познавањето и соработката со кандидатот, можеме да заклучиме дека д-р Огнен Спасовски е афирмиран наставно-образовен и научно-стручен работник за областите за кои конкурира. Тој во целост ги исполнува условите и критериумите за предвремен избор во наставно-научното звање вонреден професор, предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Комисијата, исто така, констатира дека кандидатот д-р Огнен Спасовски: повеќекратно ги има исполнето потребните поени за избор во звањето вонреден професор; дел од своето образование - постдокторски студиски престој и научноистражувачките активности ги остварува на престижниот Универзитет на Пенсилванија; како доцент, успешно ја реализирала наставата на предмети на првиот и вториот циклус, а обврските ги вршел одговорно и квалитетно, покажувајќи способност за сите видови високобразовна дејност; воедно, добил позитивна оценка од спроведената анкета на студентите при самоевалуацијата (9,19); автор е на повеќе научни и стручни трудови, објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации - притоа, трудовите се одликуваат со висок степен на познавање на предметот на истражување и содржат своевиден придонес во соодветните научни области; активно учествувал на повеќе меѓународни научни и стручни конференции и симпозиуми.

Од тие причини, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го избере д-р Огнен Спасовски во звањето ***вонреден професор*** во научните области општа психологија и психологија на образование и воспитание.

Рецензентска комисија
1. Д-р Виолета Арнаудова, редовен професор, с.р.
Филозофски факултет, Скопје
2. Д-р Елена Ачковска Лешковска, вонреден професор,с.р.
Филозофски факултет, Скопје
3. Д-р Благоја Јанаков, редовен професор, с.р.
Филозофски факултет, Скопје

ж

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Огнен Добре Спасовски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет, Институт за психологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: општа психологија и психологија во образованието и воспитанието**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава на прв циклус[1]<br>Настава по предметот предметот еволуциска психологија<br>Настава по предметот позитивна психологија<br>Настава по предметот општа психологија<br>Настава по предметот психологија на образование и воспитување<br>Настава по предметот психологија на лица со пречки во развојот | 28,2 |
| 2 | Одржување вежби на прв циклус[2]<br>Одржување вежби на прв циклус[3] по предметот Еволуциска психологија<br>Одржување вежби по предметот позитивна психологија<br>Одржување вежби - општа психологија<br>Одржување вежби - психологија на образование и воспитување<br>Одржување вежби - психологија на лица со пречки во развојот | 31,05 |
| 3 | Консултации со студенти[4]: 280x0.002 | 2,58 |
| 4 | Автор на позитивно рецензиран универзитетски | 8 |

[1] Ангажираност со настава по семестри: учебна 2009/10 година: 2 +4; учебна 2010/11 година: 7 +6; учебна 2010/11 година – отсуство поради студиски престој во САД; учебна 2012/13 година: 13 +3; учебна 2013/14 година- зимски семестар: 12

[2] Ангажираност со вежби по семестри: учебна 2009/10 година: 16+6; учебна 2010/11 година: 12+6; учебна 2010/11 година – отсуство поради студиски престој во САД; учебна 2012/13 година:14+2; учебна 2013/14 година, зимски семестар: 13

[3] Ангажираност со вежби по семестри: учебна 2009/10 година: 16+6; учебна 2010/11 година: 12+6; учебна 2010/11 година – отсуство поради студиски престој во САД; учебна 2012/13 година:14+2; учебна 2013/14 година, зимски семестар: 13

[4] Број на студенти по семестар: учебна 2009/10 година: 200+150; учебна 2010/11 година: 250+60; учебна 2010/11 година – отсуство поради студиски престој во САД; учебна 2012/13 година: 250+30; учебна 2013/14 година, зимски семестар: 350

| | | |
|---|---|---|
| | учебник: *Позитивна психологија* | |
| 5 | Интерна скрипта по предметот *субјективна добросостојба*, за втор циклус на студии | 4 |
| 6 | Интерна скрипта по предметот *Еволуциска психологија*, за прв циклус на студии | 4 |
| 7 | Подготовка на нова предметна програма по *позитивна психологија* - предавања | 1 |
| 8 | Подготовка на нова предметна програма по *еволуциска психологија* - предавања | 1 |
| 9 | Подготовка на нова предметна програма по *емоции и когниција* - предавања | 1 |
| 10 | Подготовка на нова предметна програма по *еволуциска психологија* – вежби | 0,5 |
| 11 | Подготовка на нова предметна програма по *емоции и когниција* – вежби | 0,5 |
| 12 | Подготовка на нова предметна програма по *позитивна психологија* – вежби | 0,5 |
| 13 | Интерна скрипта од вежби по *позитивна психологија* | 3 |
| 14 | Подготовка на нова предметна програма по *позитивна психологија* – втор циклус студии | 1 |
| 15 | Подготовка на нова предметна програма по *субјективна добросостојба* – втор циклус студии | 1 |
| 16 | Подготовка на нова предметна програма по *еволуциски основи на однесувањето* – втор циклус студии | 1 |
| 17 | Подготовка на нова предметна програма по *емоции и когниција* – втор циклус студии | 1 |
| 18 | Ментор на дипломска работа (14) | 2,8 |
| 19 | Член на на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (22) | 2,2 |
| 20 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (А. Ѓорѓевиќ, Р. Секуловска Пендевска, М. Илиќ Пешиќ, Б. Лазаровска, М. Штерјовска, =5) | 1,5 |
| | **Вкупно** | **95,83** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 21 | Ментор на магистерска работа (1, Лутовац Сретен) | 1 |
| 22 | Национален координатор на програмата на Советот на Европа: „Регионална поддршка на инклузивното образование во Југоисточна Европа“ (*Joint European Union /Council of Europe Project:* Regional Support for Inclusive Education in South East Europe). | 6 |
| 23 | Учесник во меѓународен научно-стручен проект на | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Европскиот центар за правата на Ромите (European Roma Rights Centre) “Overrepresentation of Romani children in special schools” | |
| 24 | 2011-2012: Раководител на меѓународен научен проект на еден од 50-те врвни светски универзитети: *Evaluation of the past and subjective well-being* (Евалуација на минатото и субјективната добросостојба), реализиран на Универзитетот на Пенсилванија, Филаделфија-САД | 9 |
| 25 | 2011-2013: Национален координатор на меѓународен научен проект на мрежата на ЕУ: Children Identity and Citizenship Education Association (Erasmus Academic Network) | 6 |
| 26 | 2009-2010: Национален координатор на научен проект: *Mapping policies and practices for the preparation of teachers for inclusive education*. Проектот е во реализација на European Training Foundation (Агенција на Европската Унија) и партнерските организации: Центар за образовни политики од Белград и SCIENTER - Торино, Италија; | 6 |
| 27 | 2010: Национален координатор на меѓународен научен проект во реализација на Универзитетот Колумбија од Њујорк, САД, предводен од проф. д-р Gita Steiner Khamsi: „International Education Policies and Teacher Quality in the CEE/CIS Region”, во соработка со УНИЦЕФ. | 6 |
| 28 | 2009-2011: Учесник во национален научен проект „Училиште по мерка на детето“, реализиран со поддршка на МОН на РМ и УНИЦЕФ. | 3 |
| 29 | Дел од монографија објавена во странство: Spasovski, O. (2013). The Relation of Basic Psychological Needs, Intrinsic and Extrinsic Life Goals and Collectivism with Subjective Well-Being: A Case in Macedonia. In: Knoop, H-H., Delle Fave, A. (eds). *Well-Being and Cultures: A Positive Psychology Perspective*. Springer http://www.springer.com/psychology/book/978-94-007-4610-7. | 6 |
| 30 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир, со меѓународен уредувачки одбор: Spasovski, O. (2011). Subjective Well-being in Student Teachers: Relation with Intrinsic and Extrinsic Motivation, Self-esteem, Competence and Collectivism. In: Miljkovic, D., Rijavec, M., (eds). *Positive Psychology in Education: Book of selected papers, 1st Scientific Research Symposium*, 2009- Zadar, Croatia, (pp103-116). Zagreb: University of Zagreb. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир, со меѓународен уредувачки одбор:<br>Spasovski, O., (2010). Teacher Competence as a Basis for Teacher Education: Tuning Teacher Education Curricula in Five Western Balkan Countries. In: Hudson, B., Zgaga, P., and Åstrand, B. *Advancing Quality Cultures for Teacher Education in Europe: Tensions and Opportunities,*(87-104). Umea: Umea University, Sweden<br>http://tepe.files.wordpress.com/2012/01/tepe_monograph_2010.pdf | 4 |
| 32 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>Spasovski, O. (2010). Principles of the Inclusive Education and the Role of Teachers and In-School Professional Staff. In*: Journal of Special Education and Rehabilitation*, (67-86). Skopje: Faculty of Philosophy<br>http://jser.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&catid=65%3A2010-3-4&id=905%3Ajournal-of-special-education-and-rehabilitationvolume-11issue-1-22010&Itemid=58 | 6 |
| 33 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор):<br>Спасовски, О., (2009). Базични психолошки потреби: Важноста на балансот во нивната задоволеност за субјективната добросостојба. *Годишен зборник на Филозофски факултет,* Скопје. | 2 |
| 34 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор):<br>Спасовски, О., (2010). Позитивна психологија: Зошто ни треба ново движење во психологијата. *Годишен зборник на Филозофски факултет,* Скопје. | 2 |
| 35 | Труд со оригинални науцни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавторство со Кениг, Н.):<br>Спасовски, О., (2011). Проверка на внатрешната структура на инструментот Индекс на аспирации со користење на експлораторна факторска анализа. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* Скопје. | 1,8 |
| 36 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>декември 2009 : *International Conference on education,* Turin, Italy: „Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity Research and Actions",<br>Конференција организирана од European Training | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Foundation's (Agency of European Union). | |
| 37 | Пленарно предавање на научен/стручен собир: декември 2010: „Етничките заедници и социјалната исклученост". *Конференција за европски и национални практики во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост,* Фондација „Фридрих Еберт" и Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје. | 2 |
| 38 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: 2010 – август: "Preparing teachers for inclusive education in contexts of social and cultural diversity in the Western Balkans", *European Conference in Educational Research,* Helsinki, Finland. | 2 |
| 39 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: мај 2012: "Societal changes and reflections on life domains", *Ana G. Mendez University System,* San Juan, Puerto Rico. | 3 |
| 40 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: 2012 - април: "On Cultural specifics of the Subjective Wellbeing", *University of Chicago,* U.S.A. | 3 |
| 41 | Учество на меѓународна експертска конференција: 2013 – ноември: "Embracing Diversity through Education", во организација на Education Department of the Directorate General of Democracy of the Council of Europe, Тирана. | 1 |
| 42 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со орална презентација "Challenges facing the education of children with special educational needs in primary schools", *Modern aspects of the special education and rehabilitation of persons with disabilities*, Охрид, 2013. | 1 |
| 43 | Учество на меѓународна експертска конференција во рамките на *Платформата за образование и обуки во Западниот Балкан* на Европската комисија: „Образованието и обуката на наставниците на Западниот Балкан", ноември, 2012 во Охрид. | 1 |
| 44 | Учество на меѓународен научен собир - работилница на ERU (Early Researchers Union) на EADP (European Association of Developmental Psychology), August 31st – September 2nd 2013. Учество со коавторски труд: "Relation between subjective well-being and personality values in Ukrainian and Macedonian samples: A cross-cultural comparison", одржан на Универзитетот на Лозана, Швајцарија. | 1 |
| 45 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | реферат – усна презентација: “Far away but close enough: Possibilities for developing European identity in youth before becoming a member of the European Union“, јуни 2013: *Identities and Citizenship Education: Controversy, crisis and challenges*, Лисабон, Португалија. | |
| 46 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: мај 2013: “Building education for the future - From marginalization to essential inclusion of underachievers“, *The 2nd International Conference on Positive Psychology in the Czech Republic*, Брно, Чешка Република. | 1 |
| 47 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: септември 2012: “Evaluation of the past and subjective well-being“, *First International Conference in Time Perspective*, University of Coimbra, Portugal. | 1 |
| 48 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – постер: јули 2011: “Life goals and Subjective well-being in Adolescent students, Adults and Elderly: What is pursued in Macedonia?”, *Second World Congress in Positive Psychology*, Philadelphia, U.S. | 0,5 |
| 49 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: април 2011: “Teachers competencies and practicing inclusive education: A case in Macedonia“, *Discourse, Power And Resistance In Education Conference 2011,* University of Plymouth, United Kingdom. | 1 |
| 50 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: јуни 2010: „Basic psychological needs, intrinsic and extrinsic life goals and collectivism in relation to Subjective wellbeing: A case in Macedonia“, *European Conference in Positive Psychology*, Copenhagen, Denmark. | 1 |
| 51 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: јуни 2010: “Trough developing inclusive schools toward cohesive society: Teachers’ competencies and preparedness for practicing inclusive education”, *European Conference in Positive Psychology*, Copenhagen, Denmark. | 1 |
| 52 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | реферат – усна презентација: јуни 2010: “Mapping policies and practices for the preparation of teachers for inclusive education“, *Conference on Social Inclusion through Education and Training from a European Union perspective*, Skopje, R. Macedonia. | |
| 53 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: јануари 2010: “Toward diversity in the school: Teachers' competencies and preparedness for inclusive education“, *Empirical Research in Psychology*, Department of Psychology and Faculty of Philosophy in Belgrade, R. of Serbia. | 1 |
| 54 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: ноември 2009: “Subjective Well-being in Student Teachers: Relation with Intrinsic and Extrinsic Motivation, Self-esteem, Competence and Collectivism“, *International Symposium on education - Positive psychology in education*, Zadar, Croatia, & University in Zagreb. | 1 |
| 55 | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација: 23-24 октомври 2009: “Individualism - Collectivism and Subjective Well-being: To be collectivist in a collectivistic country“, *Current Trends in Psychology Conference*, Faculty of Philosophy, Novi Sad, R. of Serbia. | 1 |
| 56 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународен научен/стручен собир: **“**Modern aspects of the special education and rehabilitation of persons with disabilities”, Охрид, 2013; достапно на: http://maser.fzf.ukim.edu.mk/index.php/en/abstracts | 1 |
| 57 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународен научен/стручен собир: Spasovski, O., **“**Building education for the future - From marginalization to essential inclusion of underachievers“, *The 2nd International Conference on Positive Psychology in the Czech Republic*, Брно, Чешка Република; достапно на: http://www.cppc2013.eu/en/articles/scientific-program.html | 1 |
| 58 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународен научен/стручен соби: Spasovski, O., (коавторство): “Far away but close enough: Possibilities for developing European identity in youth before becoming a member of | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | the European Union“, *Identities and Citizenship Education: Controversy, crisis and challenges*, 2013, Лисабон, Португалија; достсапно на: http://cice.londonmet.ac.uk/fms/MRSite/Research/cice/2013%20Conference/CiCe%20Network%20Annual%20Conference%20Programme%20Lisbon%2013.pdf | |
| 59 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција: Spasovski, O., Kenig, N., Kim, Y-H. “Evaluation of the past and subjective well-being“, *First International Conference in Time Perspective*, 2012, September, University of Coimbra, Portugal; (http://www.tpconference2012.com/pdf/ictp2012__abstracts_book.pdf) | 1 |
| 60 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција: “Life goals and Subjective well-being in Adolescent students, Adults and Elderly: What is pursued in Macedonia?”, *Second World Congress in Positive Psychology*, Philadelphia, U.S. | 1 |
| 61 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција: Spasovski, O. “Community Contribution and Status Are Not Significant for Life Satisfaction in Macedonia”, Association for Psychological Science Annual convention, 2012, May, Chicago, USA http://www.psychologicalscience.org/convention/program_2012/search/viewProgram.cfm?Abstract_ID=25118&AbType=&AbAuthor=&Subject_ID=&Day_ID=all&keyword=spasovski | 1 |
| 62 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција: Spasovski, O., (2011), Teachers competencies and practicing inclusive education: A case in Macedonia, *DPR Conference*, 2011, April, University of Plymouth; http:/www..dprconference.com/conference/dpr-10/papers/184-spasovski-ognen-teachers-competencies-and-practicing-inclusive-education-a-case-in-macedonia | 1 |
| 63 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција: Spasovski, O., Basic psychological needs, intrinsic and extrinsic life goals and collectivism in relation to Subjective wellbeing: A case in Macedonia; *European Conference in Positive Psychology*, 2011, June, Copenhagen, Denmark; http://www.ecpp2010.dk/media/ECPP_-_Book_of_Abstracts_-_24_06_2010.pdf | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 64 | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција:<br>Spasovski, O., “Trough developing inclusive schools toward cohesive society: Teachers’ competencies and preparedness for practicing inclusive education” *European Conference in Positive Psychology*, 2011, June, Copenhagen, Denmark; http://www.ecpp2010.dk/media/ECPP_-_Book_of_Abstracts_-_24_06_2010.pdf | 1 |
| 65 | **Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција:**<br>**Spasovski, O. (коавтор). вПрепаринг Теацхерс фор Инцлусиве Едуцатион ин Цонтеџтс оф Социал анд Цултурал Диверситѕ ин тхе Њестерн Балкансг,** ***Еуропеан Цонференце он едуцатионал Ресеарцх*****, 2010, Аугуст, Хелсинки, Финланд.**<br>**http://www.eera-ecer.de/ecer-programmes/print/conference/3/contribution/4942/** | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **105,03** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|
| | |
| | |
| **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 66 | Член на експертска група за подготовка на *Каталог на стручни компетенции на стручните соработници во образованието*, програма на Биро за развој на образованието на РМ во соработка со УСАИД (коавторство: 8x0,60%) | 4,8 |
| 67 | Стручна монографија:<br>Спасовски, О., (2013). Образованието на учениците со ниски постигања во учењето. Скопје: ФООМ & Pestalozzi Children’s Foundation http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/obrazovanieto-na-ucenicite-so-niski-postiganja-vo-ucenjeto-mk.pdf | 8 |
| 68 | Evaluation of the Macedonia Legal Socialization Program, PH International Macedonia, (2013), коевалуатор на образовна програма | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 69 | Стручна монографија објавена во странство (коавторство: 12x0,90%):<br>Spasovski, O., Eminovska, E. (2012). *Country Assessment for the Republic of Macedonia*. Budapest: Roma Education Fund.<br>http://www.romaeducationfund.hu/sites/default/files/publications/ref_ca_2011_mac_english_screen.pdf | 10,8 |
| 70 | Стручна монографија објавена во странство (коавторство: 12x0,80%):<br>Spasovski, O., Balazhy, S., Friedman, E., (2010). *Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity*. Turin: European Training Foundation<br>http://www.etf.europa.eu/webatt.nsf/0/C12578310056925BC125772E002C131E/$file/NOTE85SBET.pdf | 9,6 |
| 71 | Стручна монографија:<br>Спасовски, О., (2011). *Анализа на образованието на Ромите во Република Мекедонија*. Скопје: ФИОО & Pestalozzi Children's Foundation<br>http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/analiza-na-obrazovanieto-na-romite.pdf | 8 |
| 72 | Стручна публикација (коавторство: 6x0,6):<br>Прирачник за советување родители на ученици, Скопје: МОН на РМ | 3,6 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 73 | Студиски престој повеќе од 6 месеци:<br>јули 2011 – мај 2012: Фулбрајтова визитинг-програма, постдокторски престој на Универзитетот на Пенсилванија, Филаделфија, САД | 2 |
| 74 | Претседател на организационен одбор на научен/стручен собир:<br>јуни 2010: *Conference on Social Inclusion through Education and Training from a European Union perspective*, конференција одржана во Скопје, со поддршка на European Training Foundation (Агенција за образование и обуки на Европската унија). | 1 |
| 75 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>Работна група за изработка на прирачник за советување на родители, МОН на РМ | 1 |
| 76 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>Работна група за изработка на тестови за селекција на судии и јавни обвинители, Агенција за судии и јавни обвинители на РМ | 1 |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ: ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР | **Поени** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **95,83** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **105,03** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **50,8** |
| **Вкупно** | **251,66** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Виолета Арнаудова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, член, с.р.
3. Проф. д-р Благоја Јанаков, член, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНИКОТ „РИМСКО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ИВО ПУХАН, ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ПОЛЕНАК-АЌИМОВСКА, ПРОФ. Д-Р ВЛАДО БУЧКОВСКИ И ПРОФ. Д-Р ГОЦЕ НАУМОВСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, определена сум за рецензент на ракописот „Римско право“ од авторите: проф. д-р Иво Пухан, проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, проф. д-р Владо Бучковски и проф. д-р Гоце Наумовски.

Ракописот има новини во споредба со претходните учебници по римско право, првенствено затоа што во него се поместени содржини не само од jus privatum, туку и од jus publicum - и тоа дел од римското кривично право и римската кривична постапка, но и подобрувања во латинската правна терминологија и изворите на правото. Четивото го расветлува не само историскиот и социолошкиот контекст на римското приватно право, туку и на римското јавно право. Со тоа на студентите по право и на заинтересираните читатели им се прави достапна една релативно заокружена целина од правото во минатото (правниот систем во римската држава), кое е релевантно и денес - не само како историско правна-содржина, туку и многу пошироко како инспирација, пример и патоказ за нашето современо право.

Ракописот опфаќа 470 страници компјутерски отчукан текст, структурно организирани во три книги, и тоа: општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото (прва книга); лично, имотно и процесно право (jus quod ad personas, jus quod ad res et jus quod ad actiones pertinet) (втора книга) и римско кривично право (трета книга).

Во првата книга (општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото) детално е разработена периодизацијата на римската држава и право, а сеопфатно се анализирани општествено-економските односи и организацијата на власта во републиката, класичната римска држава и апсолутистичката држава. Централен дел во оваа книга е анализата на изворите во сите три периоди, односно анализата на следниве прашања: период на обичајни правила за поведение; период на обичајното право; закон на 12 таблици; закони (leges); одлуки на concilia plebis (plebiscita); едикти на магистратите; Interpretatio; почетоци на правната наука; општи белези на старото римско право (за периодот на старото право); правна наука (jurisprudentia); стари правници (veteres); сабиниевци и прокулеанци; класични правници; обичајно право; закони и плебисцити; едикти на магистратите (Jus honorarium); Senatus consulta и orationes principum; Responsa prudentium; Constitutiones principum (за перидот на класичното римско право); како и Закон за цитирањето; конституции (Leges) и општите белези (за посткласичното римско право). Даден е посебен осврт на римските кодификации пред Јустинијан, таканаречените варварски кодификации на римското право, а посебно е разработена кодификацијата на Јустинијан, како и римското право по Јустинијановата кодификација во Ромејското царство и на Запад.

Втората книга (лично, имотно и процесно право (jus quod ad personas, jus quod ad res et jus quod ad actiones pertinet)) го сочинува најголемиот дел од ракописот.

Првиот дел на оваа книга ги опфаќа прашањата на статусното право (правната и деловната способност на физичките и правните лица); семејното право и семејството, брачното право, patria potestas (во чии рамки е разработена и положбата на лицата alieni iuris), како и туторството и старателството. Овие прашања се поткрепени со презентација на соодветните извори.

Вториот дел на втората книга (jus quod ad res pertinet) започнува со разработка на стварното право, при што детално се обработени: стварно-правниот однос; класификацијата на стварите; поимот и видовите на сопственост и начинот на здобивање со сопственоста; заштитата и престанот на правото на сопственост, владението и стварните права врз туѓи ствари (службеностите, долгорочните закупи на земјиштето и заложните договори). Натаму, во вториот дел на втората книга разработено е облигационото право, поточно: облигационите односи, субјектите на облигационите односи, содржината на облигационите односи, изворите на облигациите, класификацијата на договорите (формалистички, вербални, реални, литерарни, консензуални), пактите, variae causarum figurae, обезбедувањето на побарувањата, гасењето на облигациите и последиците од неизвршувањето на обврските. Во овој дел е опфатено и наследното право, и тоа конкретно: наследноправниот однос, законскиот наследен ред, тестаменталното наследување, нужното наследно право, здобивањето со наследство и сингуларната сукцесија-легати и фидеикомиси.

Третиот дел на втората книга (jus quod ad actiones pertinet) го разработува поимот и настанувањето на граѓанската постапка, детално осврнувајќи се на следниве прашања: легисакциона постапка, формуларна постапка, вонредни средства за заштита и екстраординерна постапка.

Во третата книга (римско кривично право) во првиот дел се опфатени периодизацијата и концептуалната поделба на деликтите и карактеристиките на некои видови деликти (деликти против личноста, деликти против семејството и моралот, деликти против имотот, деликти против државата и деликти против јавниот поредок).

Вториот дел на третата книга ги анализира прашањата од сферата на кривичната постапка преку нејзината периодизација во кралството (сакрална постапка), кривичната постапка во републиката (коерцицијата на магистратите, нередовни и вонредни кривични судови); како и кривичната постапка во империјата (конзулско сенатските кривични судови и принцепсовото правосудство и императорското правосудство).

На крајот од текстот содржан е исклучително полезен предметен регистар кој на читателот ќе му овозможи технички полесно да ја совлада материјата.

Учебникот е резултат на долгогодишната работа на професорите од Катедрата за римско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Евидентно е дека во овој обемен труд е кумулирано драгоцено искуство од секојдневната педагошка практика, но и голема стручна и научна компетенција. Тој е наменет првенствено за предметната програма по римско право за студентите од прва година од студската програма за прв циклус на правни студии, но ќе биде од полза и за студентите од втор и трет

циклус на правни студии, како и на сите читатели кои се заинтересирани за римското право. Учебникот придонесува за афирмацијата на римското право како наука, не само во македонската научна и стручна јавност, туку и на Балканот и пошироко. Четивото им овозможува на студентите по право и на заинтересираните читатели да се запознаат со основите на римското право, не само од историски аспект, туку и како патоказ за нашето современо право. Покрај останатите академски доблести на овој текст, заслужуваат да се истакнат неговата исцрпност, систематичност, јасен и прифатлив стил (соодветен за учебник), како и педантната поткрепеност со референци и цитати на изворите.

Читателот лесно може да ги осознае придобивките на римското право, токму низ деловите на текстот кадешто е презентирана флексибилноста на римското право преку кодификаторските потфати. Овој ракопис го истакнува и значењето на римското право за развојот на вештината на пишувањето закони и други прописи како и на зачетоците на адвокатурата. Учебникот ќе има значење и за запознавањето на студентите со основите на латинската правна терминологија, која е основа на голем број современи правни термини и овозможува поефикасна комуникација на правниците ширум светот. Оттука, учебникот претставува пример за значајно правно наследство, но има и големо практично значење.

Од овие причини, ова издание со сигурност ќе предизвика интерес и кај пошироката читателска научна и стручна јавност.

***

**Со оглед на наведеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го прифати ракописот „Римско право“ од авторите: проф. д-р Иво Пухан, проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска, проф. д-р Владо Бучковски и проф. д-р Гоце Наумовски и да овозможи негово издавање како универзитетски учебник.**

**Рецензент**
**Проф. д-р Весна Димовска с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „РИМСКО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ.Д-Р ИВО ПУХАН, ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ПОЛЕНАК-АЌИМОВСКА, ПРОФ. Д-Р ВЛАДО БУЧКОВСКИ И ПРОФ.Д-Р ГОЦЕ НАУМОВСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, определена сум за рецензент на ракописот „Римско право“ од авторите: проф. д-р Иво Пухан, проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, проф. д-р Владо Бучковски и проф. д-р Гоце Наумовски.

Учебникот е резултат на долгогодишната работа на професорите од Катедрата за римско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“во Скопје. Тој е првенствено наменет за предметната програма по римско право за студентите од прва година од студската програма прв циклус правни студии, но ќе биде од полза и за студентите од втор и трет циклус на правни студии, како и за сите читатели кои се заинтересирани за римското право. Учебникот придонесува за афирмацијата на римското право како наука, не само во македонската научна и стручна јавност, туку и на Балканот и пошироко. Четивото им овозможува на студентите по право и на заинтересираните читатели да се запознаат со основите на римското право, не само од историски аспект, туку и како патоказ за нашето современо право.

Ракописот опфаќа 470 страници компјутерски отчукан текст, во кој се поместени содржини не само од jus privatum, туку и од jus publicum - и тоа дел од римското кривично право и римската кривична постапка.
Низ текстот коректно е дадена соодветна латинска правна терминологија.

Структурално, ова четиво содржи три книги, и тоа: општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото (прва книга); лично, имотно и процесно право (jus quod ad personas, jus quod ad res et jus quod ad actiones pertinet) (втора книга) и римско кривично право (трета книга).

Во првата книга (општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото;) детално е разработена периодизацијата на римската држава и право, а сеопфатно се анализирани општествено-економските односи и организацијата на власта во републиката, класичната римска држава и апсолутистичката држава.Централен дел во оваа книга е анализата на изворите во сите три периоди, односно анализата на следниве прашања: период на обичајни правила за поведение; период на обичајното право; закон на 12 таблици; закони (leges);одлуки на concilia plebis (plebiscita);едикти на магистратите; Interpretatio; почетоци на правната наука; општи блези на старото римско право (за периодот на старото право); правна наука (jurisprudentia); стари правници (veteres); сабинијанци и прокулеанци; класични правници; обичајно право; закони и плебисцити; едикти на магистратите (Jus honorarium); Senatus consulta и orationes principum; Responsa prudentium; Constitutiones principum (за перидот на класичното римско право); како и Закон за цитирањето; Конституции (Leges) и општите белези (за посткласичното римско право). Даден е посебен осврт на

римските кодификации пред Јустинијан, таканаречените варварски кодификации на римското право, а посебно е разработена кодификацијата на Јустинијан, како и римското право по Јустинијановата кодификација во Ромејското царство и на Запад.

Втората книга (лично, имотно и процесно право (jus quod ad personas, jus quod ad res et jus quod ad actiones pertinet)) е најголем дел од ракописот.

Првиот дел на оваа книга ги опфаќа прашањата на статусното право (правната и деловната способност на физичките и правните лица); семејното право и семејството, брачното право, patria potestas (во чии рамки е разработена и положбата на лицата alieni iuris), како и туторството и старателството. Овие прашања се поткрепени со презентација на соодветните извори.

Вториот дел на втората книга (jus quod ad res pertinet) започнува со разработка на стварното право, при што детално се обработени: стварноправниот однос; класификацијата на стварите; поимот и видовите на сопственост и начинот на здобивање со сопственоста; заштитата и престанот на правото на сопственост, владението и стварните права врз туѓи ствари (службеностите, долгорочните закупи на земјиштето и заложните договори). Натаму, во вториот дел на втората книга разработено е облигационото право, поточно: облигационите односи, субјектите на облигационите односи, содржината на облигационите односи, изворите на облигациите, класификацијата на договорите (формалистички, вербални, реални, литерарни, консензуални), пактите, variae causarum figurae, обезбедувањето на побарувањата, гасењето на облигациите и последиците од неизвршувањето на обврските. Во овој дел е опфатено и наследното право, и тоа конкретно: наследноправниот однос, законскиот наследен ред, тестаменталното наследување, нужното наследно право, здобивањето со наследство и сингуларната сукцесија-легати и фидеикомиси.

Третиот дел на втората книга (jus quod ad actions pertinet) го разработува поимот и настанувањето на граѓанската постапка, детално осврнувајќи се на следниве прашања: легисакциона постапка, формуларна постапка, вонредни средства за заштита и екстраординерна постапка.

Во третата книга (римско кривично право) во првиот дел се опфатени периодизацијата и концептуалната поделба на деликтите и карактеристиките на некои видови деликти (деликти против личноста, деликти против семејството и моралот, деликти против имотот, деликти против државата и деликти против јавниот поредок).

Вториот дел на третата книга ги анализира прашањата од сферата на кривичната постапка преку нејзината периодизација во кралството (сакрална постапка), кривичната постапка во републиката (коерцицијата на магистратите, нередовни и вонредни кривични судови); како и кривичната постапка во империјата (конзулско сенатските кривични судови и принцепсовото правосудство и императорското правосудство).

На крајот од текстот содржан е предметен регистар со 760 поими, кои, во суштина, во најголем дел се институциите на римското право што му се од извонредна полза на читателот.

Ракописот „Римско право“ е извонреден пример за јасен, конзистентен и прецизен учебник кој со сигурност на идните правници им овозможува да се стекнат со основите на правната логика. Овој учебник ги наоружува студентите со

критичко размислување во нивната професија кое ќе им помогне да не паднат во замката на вулгарниот правнички позитивизам, туку успешно да се соочат со предизвиците на правото како „вештина на доброто и праведното (Ulp. D.1.1.1,1)“ , држејќи се до познатата максима „Сето право е создадено заради луѓето (Herm. ***D. 1, 5, 2***.).“

Солидната методолошка концепција на учебникот овозможува тој да и биде значајна алатка во натамошните истражувања од областа на римското право и современото приватно право, но и во правните и општествените науки воопшто.

Учебникот придонесува и за развојот на номотехничките вештини на студентите, преку разработката на примерите од римската казуистика. Несомнен е придонесот на учебникот во сферата на латинската правна терминологија, но и на усовршувањето на говорничките вештини на студентите , имајќи ја предвид нераскинливата врска на римското право со реториката. Од овие причини, ова издание со сигурност ќе предизвика интерес и кај пошироката читателска научна и стручна јавност.

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД СЕТО НАВЕДЕНО, СО ЗАДОВОЛСТВО МУ ПРЕДЛАГАМ НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ДА ГО ПРИФАТИ РАКОПИСОТ „РИМСКО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ИВО ПУХАН, ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ПОЛЕНАК АЌИМОВСКА, ПРОФ. Д-Р ВЛАДО БУЧКОВСКИ И ПРОФ. Д-Р ГОЦЕ НАУМОВСКИ И ДА ОВОЗМОЖИ НЕГОВО ИЗДАВАЊЕ КАКО УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК.**

**Рецензент**

**Проф. д-р Емилија Станковиќ с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ АЛГЕБАРСИ N-АРНИ СТРУКТУРИ“
# ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА МИОВСКА
# И ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ЦЕЛАКОСКА-ЈОРДАНОВА

На седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ од Скопје, одржана на 30.1.2014 година, избрана сум за рецензент на ракописот „Алгебарски n-арни структури“ од авторите проф. д-р Валентина Миовска и доц. д-р Весна Целакоска Јорданова. По разгледувањето на ракописот го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Алгебарски n-арни структури“, од авторите проф. д-р Валентина Миовска и доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова, е работен според предметната програма на предметот **алгебарски n-арни структури** на наставната програма **математички науки и примени** од вториот циклус студии на Институтот за математика. Овој предмет е предвиден со 3+3 часа неделно и вкупно 10 кредити. Ова е прво издание на овој ракопис.

Ракописот се состои од 112 страници, поделени во 5 глави. На почетокот има предговор, содржина; во последната глава се дадени дополнителни резултати како прилог, има список на користена и дополнителна литература од оваа област, како и индекс на основните поими.

Во првата глава разгледани се основните дефиниции и резултати за $n$-арните алгебарски структури, дефинирани се $n$ – полугрупи и резултати од тернарните операции со неутрални низи.

Во втората глава дадени се дефиниции и својства за финитарните асоцијативни операции, како и $(i,j)$ - асоцијативните операции со неутрални низи. Дефинирани се и делумно асоцијативни $n$–групоиди со неутрални елементи.

Третата глава е посветена на $n$ – групите и нивната аксиоматика. Дефинирани се и изводни $n$ – групи, како и нивни претставувања.

Во четвртата глава посветено е внимание на цикличните $n$ – полугрупи и цикличните $n$ –групи, како и на својства поврзани со генераторните елементи.

Во секоја од овие глави, по секој оддел, даден е список на задачи за вежбање.

Во последната, петтата глава, дадени се некои дополнителни дефиниции и резултати за идеали во сурјективни $n$ –полугрупи, како и за $\{i, j\}$ – неутрални операции во $n$ –групоиди.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Овој ракопис е добро напишан, со јасно и прецизно издвоени дефиниции, својства и докази, за студентите од втор циклус студии да можат да го користат како учебник за предметот **алгебарски n-арни структури;** комплетно го содржи материјалот предвиден со предметната програма и содржи доволно задачи за совладување на материјалот и вежбање.

Затоа му предлагам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го прифати овој ракопис како **учебник** по предметот **алгебарски n-арни структури** за студентите од втор циклус студии на наставната програма м**атематички науки и примени.**

Рецензент

Д-р Биљана Јанева, редовен професор (во пензија), с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ АЛГЕБАРСИ N-АРНИ СТРУКТУРИ“
# ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА МИОВСКА
# И ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ЦЕЛАКОСКА-ЈОРДАНОВА

Наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Природно-математички факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.1.2014 година, донесе Одлука за избор на Рецензентска комисија во состав проф. д-р Биљана Јанева и проф. д-р Костадин Тренчевски за оцена на ракопис под наслов „Алгебарски $n$-арни структури“ од авторите проф. д-р Валентина Миовска и доц. д-р Весна Целакоска-Јорданова. По прегледот на ракописот со приложувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Алгебарски $n$-арни структури“, од авторите Валентина Миовска и Весна Целакоска-Јорданова, е наменет главно за студентите од вториот циклус на студии по математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Ракописот е напишан на 112 страници и се состои од пет глави, литература (од 31 референца), показател на поими, како и предговор и содржина на почетокот на ракописот.

Првата глава, „Алгебарски $n$-полугрупи“, е поделена на 3 параграфи и во неа е даден историски преглед на алгебарските $n$-структури, некои поими што се користат во останатите глави и некои резултати во врска со алгебарските $n$-структури.

Втората глава, „$(i,j)$-асоцијативни операции“, е поделена на 3 параграфи. Тука се воведени поимите $(i,j)$-асоцијативна операција и $(i,j)$-комутативен $n$-групоид. Изведени се разни тврдења за $(i,j)$-асоцијативни операции, нивната врска со неутралните елементи, централните елементи во даден $n$-групоид, со неутралните низи, со $(i,j)$-комутативните $n$-групоиди, а разгледани се исто така и делумно асоцијативни $n$-групоиди со неутрални елементи.

Третата глава, „Алгебарски $n$-групи“, е поделена на 5 параграфи. Тука се воведуваат различни дефиниции на $n$-група (според Дернте, Пост и Чупона) кои меѓусебно се еквивалентни. Разгледани се повеќе тврдења во врска со $n$-групите, воведени се изводни $n$-групи, а докажани се и теоремите на Пост и Хосу-Глускин.

Во четвртата глава, во два параграфа се разгледуваат својства на $n$-адични степени во $n$-полугрупи и $n$-групи, како и нивната врска со цикличните $n$-полугрупи и $n$-групи.

Во петтата глава, во два параграфа разгледани се идеали во сурјективни $n$-полугрупи и $\{i,j\}$-неутрални операции во $n$-групоиди.

Во текстот се дадени голем број на примери, меѓу кои и од геометриска природа, со што ја доближуваат содржината на книгата до читателот. Дадени се исто така и задачи за самостојна работа. Содржините се изнесени на таков начин

што го воведуваат читателот во научноистражувачката дејност од соодветната област.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените аргументи, заклучуваме дека во предложениот ракопис „Алгебарски $n$-арни структури“ се дадени поголем број на резултати од оваа област кои можат да ги користат студентите од вториот циклус на студии по математика на Природно-математичкиот факултет, а исто така можат да ги користат и други читатели кои се интересираат од оваа област и со тоа да добијат солидни познавања. Затоа, му препорачувам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го прифати овој ракопис за печатење.

Рецензент

Проф. д-р Костадин Тренчевски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „КОМПЈУТЕРСКА ГРАФИКА“**
**ОД ДОЦ. Д-Р СИЛВАНА ПЕТРУШЕВА**

Универзитетскиот учебник **Компјутерска графика** од авторот **доц. д-р Силвана Петрушева** се базира на усвоената наставна програма на Природно-математичкиот факултет, институт за математика, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и дава сеопфатен и јасен приказ на материјалот што го обработува оваа област. Учебникот е наменет за студентите на студиската група математика - информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје за предметот *компјутерска графика*. Текстот во книгата во целост е соодветен со наставната програма на оваа студиска група. Во текот на академската едукација со компјутерската графика се сретнуваат и студенти од другите факултети на студии по информатика, па книгата може да биде и нивно учебно помагало.
Целта на оваа книга е да овозможи основни систематизирани знаења од многу важна област од информатиката – **компјутерската графика**, која во последниве декади наоѓа широка примена во многу научни дисциплини, индустријата, архитектурата и дизајнот.

Во овој учебник се опфатени најнови принципи и техники од компјутерската графика и заради тоа е од голема важност за нашата научна литература.

Материјалот во учебникот **Компјутерска графика** е распореден во девет глави. Книгата има 243 страници и има вкупно 125 слики, со кои значително се олеснува разбирањето на материјалот и неговата практична примена.

**Првата глава,** “**Компјутерската графика како научна дисциплина**“, е воведна. Овде се дадени некои основни дефиниции за компјутерската графика како научна дисциплина, краток историски развој и полињата за примена во практиката.

Во **втората глава,** “**Основни елементи на графички систем**“, се дадени основните елементи на графички систем, технологиите за приказ и технологиите за печатење (4 слики).

Во **третата глава, “Категории на компјутерска графика“,** се опишани главните карактеристики на двете категории компјутерска графика: *векторската графика* – каде што основни делови на сликата се објекти (вектори), и *растерската графика*, каде што основни елементи на сликата се пикселите (1 слика).

Во **четвртата глава, “Манипулација со слики“,** се дадени основните методи на компресија на сликите (компресија без загуба и со загуба на информации), видовите формати за складирање на дигиталните слики, како и основните методи на обработка (унапредување) на сликите: поправање на контрастот, филтрирање, сенчење (dithering) и антиназабување (antialiasing) (9 слики).

**Петтата глава, “Бои во компјутерска графика“,** се занимава со квантитативните аспекти на боите. Дадени се множествата бои релевантни во компјутерската графика, основните техники за работа со нехроматски слики ( полутонирање и шаблонизирање), како и основните колор-модели за опишување на обоените слики ( RGB , HSV, YIQ, CMY колор модели) (7 слики).

Во **шестата глава, “Математички принципи во компјутерската графика“,** се дадени некои основни поими од некои математички дисциплини кои се неопходни во компјутерската графика, како на пример: векторска алгебра и аналитичка геометрија и нивна примена на пример во проучувањето на геометријата на зраци во компјутерската графика (пресеци на зраци со површини, рефлексија и рефракција), особено при познатата техника на *следење зраци ( ray tracing*) која е опишана во оваа глава. Понатаму, се дадени основните 2Д и 3Д - трансформации: транслација, ротација, скалирање и композиција од овие трансформации. Воведени се и поимите за афина и инверзна трансформација, како и трансформации кои ја менуваат структурата на објектите: стеснување, вртење и искривување (свиткување) (19 слики).

Во **седмата глава, “Основни 2Д алгоритми“,** се изложени основните 2Д - алгоритми за цртање 2Д - примитиви: линии, кружници и елипси. Овие основни алгоритми на компјутерската графика, поради нивната едноставност и ефикасност, се вградени во многу софтверски графички библиотеки, во плотерите и во графичкиот хардвер на модерните графички картици. Тоа се Бресенхамовите (мидпоинт) алгоритми за цртање линија, кружница и елипса. Потоа се дадени и трите основни геометриски алгоритми: за одредување дали точка припаѓа во внатрешноста на комплексен полигон, за пополнување на полигон и за исцртување на прост многуаголник, кога се дадени n точки во рамнината (кои не се колинеарни) (13 слики).

**Осмата и деветтата глава** гласат “ **Моделирање на објекти (1)“ и “Моделирање на објекти (2)“** соодветно, каде што се опишани современите модели за приказ на објектите кои потоа треба да бидат подложени на процесот на моделирање – што, всушност, претставува главна задача на компјутерската графика.

Во **осмата глава** се опишани: *полигоналниот мрежен модел*, како еден од најчесто користените модели за приказ на објектите и некои методи за креирање ваков модел, потоа познатиот метод на репрезентација на објекти преку *геометрија за конструкција на тврди тела* (CGS – Construction Solid Geometry) и техниките за *поделба на просторот* што го опфаќа објектот, кои се обидуваат да конструираат 3Д - објекти од фамилија вгнездени елементарни коцки наречени воксели, кои се 3Д - еквиваленти на пикселите во 2Д репрезентацијата. На крај е опишана репрезентацијата на објекти со *имплицитни функции*, каде површините на објектите, наречени меки објекти (soft objects), се претставени математички со имплицитни формули.Ова е многу погоден модел кој се користи често во компјутерската графика како средство за намалување на комплексноста на алгоритмите за моделирање на објектите (31слика).

Во последната **(деветта) глава** се прикажани методите за приказ на објектите кои користат *би-кубни параметарски делови* – каде што основниот дел за приказ е криволиниски четириаголник, чии рабови претставуваат кубни криви, а внатрешноста на делот е закривена површина. Разгледани се најпопуларните формулации за вакви делови: Безиер и Б-сплајн дел. Овој метод се користи во случаи кога е потребно попрецизно претставување (заради параметарскиот приказ) во однос на приближното претставување со полигонална мрежна репрезентација, каде полигоните се отсечки, дел од прави линии. Вообичаениот пристап за ваквите параметарски делови е преку 3Д (просторни) криви. Како најкарактеристични примери се разгледани Безиер и Б-сплајн кривите со нивните карактеристични својства. Потоа се дефинирани параметарските би-кубни делови како обопштување на овие криви. Рабовите на Безиер дел се Безиер криви и аналогно на Б - сплајн дел рабовите се Б-сплајн криви. На крај се разгледани неколку методи на моделирање на површини со овие делови: дизајн на пресек со линеарни оски, потоа интерактивен дизајн со манипулација на полиедарот од контролни точки и методот на креирање делови од објекти со монтирање (вметнување) површини (41 слика).

## I. Методичко-дидактички и други вредности

Овој ракопис е логично продолжение на наставно – научната работа на доц. д-р Силвана Петрушева, како професор по предметот Компјутерска графика на ПМФ – Скопје. Стручната и научна јавност со овој учебник добива можност за подобар пристап во работата во образовниот процес, како и за подобра едукација на сите оние кои имаат потреба од компјутерска графика.

Насловот на книгата е соодветен и дава јасна претстава за содржината која е обработена. Графиката претставува визуелно претставување на информации со помош на слики т.е. бои и форми на некоја подлога, како на пример, на хартија, компјутерски екран или платно. Компјутерска графика е графика креирана со помош на компјутер и претставува креирање и обработка на сликовита содржина со помош на комјутер. Развојот на компјутерската графика започнува со појавата на персоналните компјутери. Заради способноста на човекот да ги препознава формите, компјутерската графика е најприроден начин за комуникација со компјутер. Денес секој компјутер користи некој вид на графика, бидејќи корисникот наместо тастатурата може

да користи икони и слики. Компјутерската графика е присутна во многу аспекти од нашето секојдневие – телевизија, списанија, временски извештаи и др. Компјутерската графика се користи во администрација, едукација, во индустријата, за забава и во секојдневниот живот**.**

Сметам дека содржината на книгата според применетата методологија, современите сознанија, теории и ставови од оваа област е многу актуелна и потребна во научната дејност. Книгата придонесува за зголемување на теориските и практични знаења на студентите за компјутерска графика и заради тоа сметам дека од нивен интерес е нејзиното објавување.

Во текстот се вклучени бројни табели, графикони, шеми и прегледи, со кои значително се олеснува разбирањето на материјалот и неговата практична примена при едукацијата на студентите. Сметам дека според пристапот во научно - методолошката и стручна елаборација на проблемите за компјутерска графика, овој учебник на доц. д-р Силвана Петрушева е единствен кај нас, па и во поширокиот регион.

Голема предност на авторот е што ја владее најрелевантната стручно-научна литература од доменот на компјутерската графика и нејзиното искуство како професор по истиот предмет. Доброто познавање на математиката која ја применува во компјутерската графика е аргумент повеќе за нејзината стручност.

Текстот и изложувањето на авторот доц. д-р Силвана Петрушева, се јасни, терминолошки и концепциски, солидно илустрирани и документирани со цртежи и шеми со користење на меѓународни стандарди и модели. Заклучно може да се каже дека делото соответствува на критериумите и стандардите на универзитетски учебник кај нас и во светот.

Авторот користел релевантна стручна литература. Авторот за преземените научни факти, илустрации, дефиниции на поими, податоци и слично, ги има точно наведено изворите.

## II. Мислење и предлог

Сметам дека учебникот **Компјутерска графика** на авторот доц. д-р Силвана Петрушева заслужува висока научна, стручна и професионална оценка. Претставува голем придонес за студентите на студиската група математика - информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје за предметот *компјутерска графика*. Прифатлив е како универзитетски учебник, но и како прирачник за секој студент и постдипломец, особено за студентите од областа на информатиката. Учебникот можат да го користат истражувачи за кои било научни проблеми, за дизајнирање на своите научни трудови.

Со задоволство и полна одговорност, му предлагам на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, книгата **Компјутерска графика** од авторот **доц. д-р Силвана Петрушева да се објави како универзитетски учебник.**

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Александар Печков, с.р.**

**Рецензија**
**на ракописот Компјутерска графика**
**од авторот д-р Силвана Петрушева**

Книгата **Компјутерска графика** е напишана на 243 страници, материјалот е поделен во 9 глави и има вкупно 125 слики и 48 референци.

Книгава е наменета за учебник за студентите на студиската група математика - информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје за предметот ***компјутерска графика,*** бидејќи содржината на книгата ја покрива во целост наставната програма за овој предмет, но и како учебник за основен курс по компјутерска графика на техничките факултети.

Компјутерската графика е многу важна област од информатиката и компјутерското инженерство, која покрива широк спектар на подобласти. Во последниве декади, компјутерската графика наоѓа широка примена во многу научни дисциплини, индустријата, архитектурата и дизајнот. Во книгата во 9 глави се систематизирани основните знаења од неколку подобласти на **компјутерската графика.**

**Првата глава** "**Компјутерската графика како научна дисциплина**" е воведна. Овде се дадени некои основни дефиниции за компјутерската графика како научна дисциплина, краток историски развој и полињата за примена во практиката.

Во **втората глава,** "**Основни елементи на графички систем**", се дадени основните елементи на графички систем, технологиите за приказ и технологиите за печатење (4 слики)

Во **третата глава, "Категории на компјутерска графика",** се опишани главните карактеристики на двете категории компјутерска графика: *векторската графика* – каде што основни делови на сликата се објекти (вектори), и *растерската графика*, каде што основни елементи на сликата се пикселите (1 слика).

Во **четвртата глава, "Манипулација со слики",** се дадени основните методи на компресија на сликите (компресија без загуба и со загуба на информации), видовите формати за складирање на дигиталните слики, како и основните методи на обработка (унапредување) на сликите: поправање на контрастот, филтрирање, сенчење (dithering) и антиназабување (antialiasing) (9 слики).

**Петтата глава, "Бои во компјутерска графика",** се занимава со квантитативните аспекти на боите. Дадени се множествата бои релевантни во компјутерската графика, основните техники за работа со нехроматски слики ( полутонирање и шаблонизирање), како и основните колор-модели за опишување на обоените слики ( RGB , HSV, YIQ, CMY колор модели). (7 слики)

Во **шестата глава, "Математички принципи во компјутерската графика",** се дадени некои основни поими од некои математички дисциплини кои се неопходни во компјутерската графика, како на пример: векторска алгебра и аналитичка геометрија и нивна примена, на пример, во проучувањето на геометријата на зраци во компјутерската графика (пресеци на зраци со површини, рефлексија и рефракција), особено при познатата техника на *следење зраци ( ray tracing)* која е опишана во оваа глава. Понатаму, дадени се основните 2Д и 3Д трансформации: транслација, ротација, скалирање и композиција од овие трансформации. Воведени се и поимите за афина и инверзна трансформација, како и трансформации кои ја менуваат структурата на објектите: стеснување, вртење и искривување (свиткување) (19 слики).

Во **седмата глава, "Основни 2Д - алгоритми",** се изложени основните 2Д - алгоритми за цртање 2Д - примитиви: линии, кружници и елипси. Овие основни алгоритми на компјутерската графика поради нивната едноставност и ефикасност се вградени во многу софтверски графички библиотеки, во плотерите и во графичкиот хардвер на модерните графички картици. Тоа се Бресенхамовите (мидпоинт) алгоритми за цртање линија, кружница и елипса. Потоа се дадени и трите основни геометриски алгоритми: за одредување дали точка припаѓа во внатрешноста на комплексен полигон, за пополнување на полигон, и за исцртување на прост многуаголник, кога се дадени n точки во рамнината (кои не се колинеарни) (13 слики).

**Осмата и деветтата глава** гласат " **Моделирање на објекти (1)" и "Моделирање на објекти (2)"** соодветно, каде што се опишани современите модели за приказ на објектите кои

потоа треба да бидат подложени на процесот на моделирање – што, всушност, претставува главна задача на компјутерската графика.

Во **осмата глава** се опишани: *полигоналниот мрежен модел*, како еден од најчесто користените модели за приказ на објектите и некои методи за креирање ваков модел, потоа познатиот метод на репрезентација на објекти преку *геометрија за конструкција на тврди тела* (CGS – Construction Solid Geometry) и техниките за *поделба на просторот* што го опфаќа објектот, кои се обидуваат да конструираат 3Д - објекти од фамилија вгнездени елементарни коцки наречени воксели, кои се 3Д - еквиваленти на пикселите во 2Д - репрезентацијата. На крајот е опишана репрезентацијата на објекти со *имплицитни функции*, каде што површините на објектите, наречени меки објекти (soft objects), се претставени математички со имплицитни формули.Ова е многу погоден модел кој се користи често во компјутерската графика како средство за намалување на комплексноста на алгоритмите за моделирање на објектите (31слика).

Во последната **(деветта) глава** се прикажани методите за приказ на објектите кои користат *би-кубни параметарски делови* – каде што основниот дел за приказ е криволиниски четириаголник, чии рабови претставуваат кубни криви, а внатрешноста на делот е закривена површина. Разгледани се најпопуларните формулации за вакви делови: Безиер и Б-сплајн дел. Овој метод се користи во случаи кога е потребно попрецизно претставување (заради параметарскиот приказ) во однос на приближното претставување со полигонална мрежна репрезентација, каде што полигоните се отсечки, дел од прави линии. Вообичаениот пристап за ваквите параметарски делови е преку 3Д (просторни) криви. Како најкарактеристични примери се разгледани Безиер и Б-сплајн кривите со нивните карактеристични својства. Потоа се дефинирани параметарските би-кубни делови како обопштување на овие криви. Рабовите на Безиер дел се Безиер криви и аналогно на Б - сплајн дел рабовите се Б-сплајн криви. На крајот се разгледани неколку методи на моделирање на површини со овие делови: дизајн на пресек со линеарни оски, потоа интерактивен дизајн со манипулација на полиедарот од контролни точки и методот на креирање делови од објекти со монтирање (вметнување) површини (41 слика).

Книгата е напишана на стручно ниво со јасен стил, детален опис на одделни алгоритми, илустрирана со голем број слики, решени примери и коректни математички формулации. Поради тоа, како и според содржините што ги покрива, соодветна е за универзитетски учебник, наменет за студентите на студиската група математика - информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје за предметот ***компјутерска графика***. Чест ми е на Наставно-научен совет на Градежниот факултет да му ја препорачам за издавање.

Рецензент
Проф. д-р Маргита Кон-Поповска, с.р.
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ): ОБЛАСТ: ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 103 седница одржана на 28.2.2014 година, донесе Одлука бр. 02-479/1 од 4.3.2014 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во звањето вонреден професор од научното подрачје организациони науки и управување (менаџмент), научна област: финансиски менаџмент, во состав: д-р Биљана Ангелова, редовен професор, д-р Неда Петроска Ангеловска, вонреден професор и д-р Васил Поповски, редовен професор.

На конкурсот објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ од 7.2.2014 година, се пријавија 2 (две) кандидатки:

1. д-р Диана Бошковска
2. д-р Павлина Стојанова.

По внимателното разгледување на приложената документација од пријавените кандидатки, Комисијата согледа дека единствено кандидатката Диана Бошковска ги приложила сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на еден наставник во звањето вонреден професор во научното подрачје организациони науки и управување (менаџмент), област: финансиски менаџмент, и врз основа на тоа го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1) Биографски податоци за кандидатката д-р Диана Бошковска

Кандидатката д-р Диана Бошковска е родена на 1.12.1972 година во Тетово. По завршувањето на средното училиште се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на којшто и дипломира на насоката деловна економија во 1996 година. Во 2004 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила постдипломските студии по деловна економија, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Инвестиционите проекти како потфати за реализација на развојната стратегија на претпријатијата“ и се стакнала со звањето магистер на економски науки од областа на деловната економија.

Докторирала на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2008 година на тема „Портфолио менаџментот -

современ приод во растот и развојот на  корпорациите“ и се стекнала со звањето доктор на економски науки.

Во декември 1998 година, кандидатката се вработила во Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како помлад асистент –истражувач, а нејзиното сегашно звање е научен соработник/доцент од областа на системот на планирање и анализа на работење на стопанските и другите субјекти.

Од 2008 година, кандидатката активно е вклучена во наставата на прв и на втор циклус на студии како на менторскиот систем на студирање, така и по ЕКТС на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, но и на други високообразовни институции во земјава.  На постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје е вклучена по предметите: инвестиционен менаџмент, инвестиции и трансфер на технологија, претприемаштво и трансфер на нови технологии и меѓународен бизнис и МСП. Од учебната 2012/2013 година кандидатката е вклучена во настовно-образовниот процес на трет циклус студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката организациски науки и управување (менаџмент). Исто така, во изминатиот период врши и активности повразани со менторирање на кандидати на магистерски и докторски трудови, а се јавува и како член на комисии на магистерски и докторски трудови.

Во текот на својот работен ангажман, кандидатката е активно вклучена во изработка на научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на Економскиот институт, но и при меѓународни организации. Во изминатиот период има учествувано на бројни научни собири, конференции и семинари во земјава и во странство, и има објавено значителен број на трудови во домашни и странски публикации.  Од странските јазици активно го користи англискиот јазик.

## а) Наставно образовна дејност

Д-р Диана Бошковска активно учествува во реализацијата на студиите од втор циклус кои ги организира Економскиот институг при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 1999 година.

Од 2008 година, во рамките на вториот циклус студии, менторска програма, задолжена е за предметите: управување и раководење со вложувања, застапен на студиската програма по финансиски менаџмент, глобален бизнис застапен на студиската програма меѓународен менаџмент и инвестиции и трансфер на технологија застапен на насоката меѓународна економија.

Од 2009 година кандидатката се вклучува во реализацијата на студиските програми по ЕКТ-системот (едногодишни и двогодишни) како предметен наставник по предметот инвестиционен менаџмент на студиската програма 4+1 и 3+2, на насоката финансиски менаџмент; инвестиции и трансфер на технологија, на студиската програма 3+2, на насоката меѓународна економија; претприемаштво и трансфер на нови технологии, на студиската програма 3+2, на насоката претприемаштво; меѓународен бизнис и МСП, изборен предмет на студиските програми 4+1 и 3+2.

Од учебната 2012/2013 година, кандидатката е вклучена и во наставно-образовниот  процес на третиот циклус студии при Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј" во Скопје, на насоката организациски науки и управување (менаџмент), како предметен наставник за предметите деловно планирање и инвестиционен и портфолио менаџмент.

Во рамките на наставно-образовната дејност во изминатиот 5-годишен период реализира консултативни часови при изработка на семинарски трудови, проектни задачи како предметен професор, но и во својство на ментор и член на магистерски и докторски трудови. За остварување на наставно-образовниот процес, кандидатката во коавторство изработила интерна скрипта по предметот управување и раководење со вложувања, како и пакет материјали по предметите: инвестиционен менаџмент, инвестиции и трансфер на технологија, претприемаштво и трансфер на нови технологии и меѓународен бизнис и МСП.

Од приложените табели изработени согласно со Правилникот на УКИМ за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања, може да се забележи обемна наставна дејност во изминатиот 5-годишен период, и тоа како наставна, така и менторска активност на вториот циклус студии. Освен на матичната институција, кандидатката д-р Диана Бошковска учествува во реализацијата на наставно-научниот процес на втор циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Вкупната наставно-образовна активност на кандидатката која главно се состои од предавања на матичната институција, но и на други високообразовни институции во земјата, членувања во комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски трудови, одржани консултации со студенти, подготовка на пакети материјали за предметите кои ги држи на втор циклус студии, подготовка на силабуси за нови предмети и други наставни активности наведени во табеларните прегледи, изнесува 127,9 бода.

*б)* **Научноистражувачка дејност**

Кандидатката во својата научноистражувачка активност е главно ориентирана кон проучување и анализа на проблеми од областа на финансискиот менаџмент, со особен фокус на инвестициониот и портфолио менаџментот. Нејзината научноистражувачка активност во последниве пет години вклучува активно учество во изработка на проекти и објавување на резултати од истражувањата во научни и стручни списанија и зборници од научни собири и конференции во земјата и во странство.

Кандидатката во изминатите пет години активно истражувала и објавувала свои трудови во меѓународни списанија и зборници на трудови со меѓународен уредувачки одбор, како што се трудовите:

- The free risk rate of return and factors that affect its assessment, IOSR-Journal of business management, Vol.9 issue 4, 2013;
- Some problems in determining the free risk rate of return, IOSR-Journal of business management, Vol. 14, issue 2, 2013;
- The cost of capital – determinant in investment decision, Economic development, no 3, Institute of Economics, Skopje, 2010;
- Methods for valuation the shares, Economic development, no.1-3, Institute of Economics, Skopje, 2011;

- The role and significance of the process of the internationalization of the SME's, Economic development, Year 14, no.1, Institute of economics, Skopje, 2012;
- Marketing communication and the "culture of services" in alternative tourism, Economic development, Year 14, no. 2-3, Institute of economics, Skopje, 2012 (во коавторство);
- Factors influencing outflow of researchers from Republic of Macedonia, Economic development, Year 15, no. 2-3, Institute of economics, Skopje, 2013 (во коавторство);
- Corporative communications and their significance for companies in tourism sector, во: Gospodarka Regionalna I Turystyka, Wyzsza Szkola Ekonomii, Turystyki I nauk Spotecznych w Klelcach, Kilce, 2010 (во коавторство);
- Importance of corporate and marketing communications for improving tourist offer, зборник на трудови од XI International conference, Service sector in terms of changing enviroment, ФТУ Охрид, октомври, 2011;
- Lease financing as an alternative way of funding SME's, зборник на трудови од V меѓународен бизнис форум на тема The emerging importance of knowledge and management skills, Стопанска комора за мал бизнис, Скопје, мај, 2011;
- The possibilities for engaging of higher education and scientific staff trough the development of e- entrepreneurship in the Republic of Macedonia, зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „ Employment, education and entrepreneurship, Vol. 3 (Education and employment opportunities for entrepreneurs), Faculty of business management and entrepreneurship, Белгард, октомври 2013;
- Reducing the outflow of researcher through development of e-entrepreneurship in the Republic of Macedonia, меѓународна конференција„ Migration and labour market", Економски факултет, УКЛО, Битола, октомври 2012 (во коавторство).

Кандидатката има објавено и трудови со оригинални научни резултати во научно-стручни списанија, и тоа:

- Странските инвестиции во Република Македонија, Економски развој Год. 10, бр.3, Економски институт - Скопје, 2008;
- Пазарот на капиталот и стратешките определби на државата за неговиот натамошен развој, Економски развој, Год. 11, бр.1-2, Економски институт – Скопје, 2009;
- Улогата на корпоративните комуникации за современиот тип на корпорација, Економски развој, Год.11 бр.1-2, Економски институт – Скопје, 2009 (во коавторство);
- Состобји и трендови во корпоративното управување, со особен осврт на Република Македонија, Економски развој, Год.12, бр.1-2, Економски институт, Скопје, 2010;
- Leasing sector in Macedonia-state and trends, Annals of the University of Petrosani, Economics, vol XI, part IV, Romania, 2011.

Кандидатката има објавено и трудови со оригинални научни резултати во зборници на трудови од одржани конференции и научни собири во земјава, како што се:

- The investment in the tourism-state and trend, зборник на трудови од X International conference: The influence of global economic recession on tourism, Faculty of tourism Ohrid, University St. Kliment Ohridski, јуни, 2009, Охрид;
- Assessment of the creation and application of knowledge in Republic of Macedonia, зборник на трудови од конференција на тема: Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење-состојби и перспективи, Скопје, Економски институт, Скопје, 2013 (во коавторство);
- Карактеристики на осигурувањето во Република Македонија, зборник на трудови од I меѓународна конференција на тема Безбедносен инжинеринг во функција на подобрување на условите за работа, Машински факултет, УКИМ, мај 2013;
- Странските инвестиции–состојби и тендови со особен осврт на Република Македонија, конференција на тема: Економијата и бизнисот во постранзиционот период, Економски факултет, Прилеп, УКЛО, 2010.

Кандидатката д-р Диана Бошковска учествувала и во неколку национални научноистражувачки проекти, од кои би ги издвоиле:

- Научната дијаспора од Република Македонија, УКИМ, Економски институт - Скопје, УКИМ, 2011-12;
- Формирање на претприемничка лабараторија, УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2012-13, УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2012-13;
- Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и граѓаните, УКИМ, 2013-2014;
- Проценка на потенцијалот за добро владеење во Македонија, ФИООМ, 2008.

Врз основа на увидот во поднесените материјали и соодветното бодување наведено во табеларниот приказ за реализираната научна активност на кандидатката која се состои во: изработка на научноистражувачки проекти, објавени научни и стручни статии во странски и домашни списанија со меѓународни уредувачки одбори, учества на меѓународни, конференции, менторства на кандидати за изработка на магистерски и докторски трудови, како и други активности, вкупниот број на бодови од научноистражувачката активност изнесува 100,2 бода.

**в) Стручно-апликативна дејност**

Во последите пет години кандидатката д-р Диана Бошковска е вклучена и во бројни активности од стручно-апликативната дејност. Во тој поглед е значајно да се потенцира учеството на кандидатката д-р Диана Бошковска во изработка на апликативни проекти за меѓународни институции како УНДП, ФИООМ и др. како експерт од областа на финансиите и финансискиот менаџмент, како и во

изработката и пријавувањето на неколку научноистражувачки проекти од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката е член на Наставно-научниот совет, но и се јавува како член и во други комисии на Економскиот институт формирани по разни основи, како што се комисија за самоевалуација, изработка на нормативни акти и сл. Исто така, д-р Диана Бошковска се јавува и како член на универзитетска Комисија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за финансии, инвестиции и развој од 2012 година, како и во комисии на државни органи и тела за обука и полагање на стручни испити во доменот на проблематиката во која работи. Имено, во 2012 година е ангажирана како член на Комисијата за спроведување на прва почетна обука и полагање на стручен испит за стекнување сертификат за проценител на побарувања и обврски.

Воедно, кандидатката била и член на организационен и научен собир (конференција) на тема: Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење- состојби и перспективи, Економски институт, Скопје, УКИМ; Безбедносен инженеринг во функција на подобрување на условите за работа, Машински факултет, УКИМ, 2013 и др.

Од последниот избор во октомври 2008 година до денес, д-р Диана Бошковска остварила вкупно 15 бода по сите основи за реализација на стручно-апликативната дејност.

Од приложените табели, евидентно е дека од наставно-научната, научната и стручно-апликативната дејност, кандидатката освоила вкупно 243,1 бод, што е тројно повеќе од предвидениот број на бодови за избор во наставно-научно звање – вонреден професор, согласно со Анекс 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог: Анекс 1: Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно – стручно звање)

## 2) Биографски податоци за кандидатката д-р Павлина Стојанова

Кандидатката д-р Павлина Стојанова е родена на 30.7.1976 година во Струмица. По завршувањето на средното образование во гимназијата УСО „Јане Сандански“ во Струмица, се запишала на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на кој во 1998 година дипломирала на департманот меѓународно право. Во 2004 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила постдипломските студии по сметководство и ревизија, со одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Нормативно регулирање на ревизијата со посебен осврт на нејзиното регулирање во Република Македонија“ и се стакнала со звањето магистер на економски науки.

Докторирала на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 7.10.2007 година, со одбрана на докторската дисертација на тема: „Развој и регулирање на ревизорската професија во услови на глобализација и во насока на олеснување на тековите на капиталот“.

Кандидатката Павлина Стојанова во изминатиот период не покажува континуиран наставно-научен интерес во потесната проблематика од областа на

финансискиот менаџмент. Ваквото стојалиште се потврдува со скромниот број на објавени научни и стручни трудови од оваа област. Од приложената документација евидентно е дека кандидатката нема учествувано во национални или меѓународни научноистражувачки проекти од потесната проблематика на финансискиот менаџмент.

Од доставената биографија не може да се утврди релевантноста на нејзината наставно-научна активност, бидејќи не се доставени податоци за оцена на пријавата на кандидатката.

***

По внимателното разгледување на приложената документација од пријавените кандидатки, Комисијата согледа дека единствено кандидатката д-р Диана Бошковска ги приложила сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на еден наставник во звањето вонреден професор во научното подрачје организациони науки и управување (менаџмент), област: финансиски менаџмент. Кандидатката д-р Павлина Стојанова не приложила податоци за научно-стручна или наставно–образовна дејност (според Образецот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, предвиден во Анекс 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања).

Согласно со горенаведеното, Комисијата пристапи кон оценување на пријавата на единствената кандидатка д-р Диана Бошковска, научен соработник/доцент при Економскиот институт во Скопје, што ги исполнува предвидените критериуми со конкурсот, а воедно има целосна и уредно доставена документација за избор во звањето вонреден професор.

Врз основа на внимателното проучување на поднесените материјали, Комисијата го донесе следниот заклучок.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените информации за научната активност на кандидатката д-р Диана Бошковска, Комисијата констатира дека во периодот од нејзиниот избор за доцент до денес, таа продолжила активно да работи на истражувања од областа на финансискиот менаџмент.

Од претходно изнесеното, со задоволство констатираме дека кандидатката д-р Диана Бошковска има остварено значителни резултати, согласно со приложената документација каде што се презентирани податоците за кандидатот. Имајќи ги предвид нејзините квалитени наставно-научни активности кои се согледуваат во бројни предавања спроведени во научното поле во кое се избира, како и позитивните оценки на студентите во поглед на нејзините наставни активности од самоевалуацијата спроведена во Економскиот институт; голем број објавени научни и стручни трудови, презентации и предавања, Комисијата смета дека кандидатката д-р Диана Бошковска со своето богато научно и педагошко искуство може да даде значителен придонес во развојот и унапредувањето на образовните процеси во високото образование. Од приложените биографски податоци може да се констатира дека кандидатката има континуитет и квалитет

во научноистражувачките, стручно-апликативните ангажмани и е перманентно посветена на унапредување на сопствените знаења.

Врз основа на извршениот преглед на целосната документација доставена од кандидатката, а поврзана со биографските податоци, изнесените резултати од научната и стручната дејност на кандидатката, сублимирани во табела за наставно-научните, научните и стручно-апликативните активности, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор во звањето вонреден професор и со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, д-р Диана Бошковска да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор, од научната област финансиски менаџмент.

Рецензентска комисија

1. Д-р Биљана Ангелова,
   редовен професор с.р.
2. Д-р Неда Петроска Ангеловска,
   вонреден професор с.р.
3. Д-р Васил Поповски,
   редовен професор с.р.

**АНЕКС 1**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО – СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Диана Борис Бошковска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Економски институт, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: финансиски менаџмент**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **1,2** |
| | Менаџмент и организација (Висока школа за новинарство и за односи со јавноста/ насока корпоративни комуникации и односи со јавноста, зимски семестар 2009/2010, 2+1)<br><br>2х15х0,04 | 1,2 |
| 2. | **Одржување на настава од втор циклус студии** | **43,5** |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1, задолжителен, 2+1 зимски семестар 2009/2010)<br><br>2х15х0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 3+2, задолжителен, 3+1, зимски семестар 2009/2010)<br><br>3х15х0,05 | 2,25 |
| | | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1, 3+2, задолжителен, 2+1, летен семестар) 2009/2010)<br><br>2x15x0,05 | |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво, 4+1/3+2, изборен, 2+1, летен семестар 2009/2010)<br><br>2x15x0,05 | 1,5 |
| | Претприемаштво и трансфер на нови технологии (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2, задолжителен и изборен, 2+2, летен семестар 2009/2010)<br><br>2x15x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен, 2+1, зимски семестар 2010/11)<br><br>2x15x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен, 2+1, летен семестар 2010/11)<br>2<br>x15x0,05 | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво, 4+1/3+2 изборен, 2+1, зимски семестар 2010/11)<br>2<br>x15x0,05 | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво, 4+1/3+2 изборен, 2+1, летен семестар 2010/11)<br>2<br>x15x0,05 | 1,5 |
| | Претприемаштво и трансфер на нови технологии (Економски институт/насока: Претприемаштво 3+2, задолжителен и изборен, 2+2, летен семестар 2010/2011<br>2<br>x15 x0,05 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиции и трансфер на технологија (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2 задолжителен и изборен, 3+1, летен семестар 2010/11) 3 x15 x0,05 | 2,25 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1, задолжителен, 2+1, зимски семестар 2011/12) 2 x15 x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 3+2, задолжителен, 3+1, зимски семестар 2011/12) 3x15 x0,05 | 2,25 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен, 2+1, летен семестар 2011/12) 2x15 x0,05 | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво 4+1/3+2 изборен, 2+1, зимски семестар 2011/12) 2x15 x0,05 | 1,5 |
| | Претприемаштво и трансфер на нови технологии (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2, задолжителен и изборен, 2+2, летен семестар, 2011/12) 2 x15 x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиции и трансфер на технологија (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2, задолжителен и изборен, 3+1, летен семестар 2011/12) 3x15 x0,05 | 2,25 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво 4+1/3+2 изборен, 2+0, летен семестар 2011/12) 2 x15 x0,05 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1, задолжителен, 2+1, зимски семестар, 2012/13) 2 x15 x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 3+2, задолжителен, 3+1, зимски семестар, 2012/13) 3 x15x0,05 | 2,25 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен, 2+1, летен семестар, 2012/13) 2 x15x0,05 | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво 4+1/3+2 изборен, 2+1, зимски семестар 2012/13) 2 x15 x0,05 | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво 4+1/3+2 изборен, 2+1, летен семестар 2012/13) 2 x15x0,05 | 1,5 |
| | Претприемништво и трансфер на нови технологии (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 задолжителен и изборен, 2+2, летен семестар 2012/13) 2 x15x0,05 | 1,5 |
| | Заштита и осигурување, интердисциплинарни студии по управување со системи за безбедност и здравје, Економски институт, Машински факултет, Медицински факултет, при УКИМ, изборен, 2+1, летен семестар, 2012/2013 2 x15x0,05 | 1,5 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт/насока:финансиски менаџмент 4+1, задолжителен, 2+1, зимски семестар 2013/14) 2 x15x0,05 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт/насока: претприемаштво 4+1/3+2 изборен, 2+1, зимски семестар 2013/14)<br>2<br>x15 x0,05 | 1,5 |
| | **Одржување на вежби (изработка на семинарски работи)** | **13,5** |
| | *Зимски семестар 2009/2010*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>*Летен семестар 2009/2010*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Претприемаштво и трансфер на нови технологии 2+2 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (2 x15 x 0,03) 0,9<br>Инвестиции и трансфер на технологија 3+1 (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45 | 0,45<br>2,25 |
| | *Зимски семестар 2010/2011*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0,45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>*Летен семестар 2010/20110*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0,45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>Претприемаштво и трансфер на нови технологии 2+2 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и | 0, 9<br>2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| | избoрен (2 x15 x 0,03) 0,9<br>Инвестиции и трансфер на технологија 3+1, (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45 | |
| | *Зимски семестар 2011/2012*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>*Летен семестар 2011/2012*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>Претприемаштво и трансфер на нови технологии 2+2 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (2 x15 x 0,03) 0,9<br>Инвестиции и трансфер на технологија 3+1 (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45 | 0,9<br><br>2,25 |
| | *Зимски семетар 2012/2013*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br><br>*Летен семетар 2012/2013*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски | 0, 9<br><br>2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>Претприемаштво и трансфер на нови технологии 2+2 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (2 x15 x 0,03) 0,9<br>Инвестиции и трансфер на технологија 3+1 (Економски институт/насока: меѓународна економија 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br>Заштита и осигурување, 2+1, интердисциплинарни студии (Економски институт, Машински факултет, Медицински факултет, Градежен факултет, Природно-математички факултет, при УКИМ), изборен (1 x15 x 0,03) 0,45<br><br>*Зимски семестар 2013/2014*<br>Инвестицонен менаџмент 2+1 (Економски институт/насока: финансиски менаџмент 4+1/3+2, задолжителен (1 x15 x0,03) 0.45<br>Мегународен бизнис и МСП 2+1 (Економски институт/насока: претприемаштво 3+2 и изборен (1 x15 x 0,03) 0,45 | 0,9 |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет** | **18** |
| | Организација и менаџмент (прв циклус, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста/ насока: корпоративни комуникации и односи со јавноста, 2008/2009)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Ивестиционен менаџмент (втор циклус, Економски институт/насока: финансиски менаџмент, 2008/2009 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Претпримаштво и трансфер на нови технологии (втор циклус, Економски институт/ насока: претприемаштво, 2008/2009 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиции и трансфер на технологија (втор циклус, Економски институт/ насока: меѓународна економија, 2008/2009 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (втор циклус, Економски институт/ насока: претприемаштво, Економски институт Скопје, 2008/2009 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Заштита и осигурување (втор циклус, интердисцилинарни студии Управување со системи за безбедност и здравје при работа Економски институт, Машински факултет, Медицински факултет, 2012/2013).<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5)с | 1,5 |
| | Портфолио менаџмент (втор циклус, Економски институт/насока: финансиски менаџмент, Економски институт Скопје, 2014 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Финансиски менаџмент (втор циклус, Економски институт/ насока: бизнис менаџмент, Економски институт Скопје, 2014)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Спојувања и преземања (втор циклус, Економски институт/ насока: бизнис менаџмент, Економски институт Скопје, 2014)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| | Корпоративни комуникации ((втор циклус, Економски институт/ насока: логистика на бизнисот, Економски институт Скопје, 2014) | 1,5 |
| | Деловно планирање (елаборат за трет циклус, организациски науки и управување - менаџмент, Економски институт, ИСППИ и Економски факултет, 2011 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиционен и портфолио менаџмент (елаборат за трет циклус, организациски науки и управување - менаџмент, Економски институт, ИСППИ и Економски факултет, 2011 г.)<br>-предавања (1)<br>-вежби (0,5) | 1,5 |
| 5. | **Консултации со студенти (менторски и ЕКТС)** | **1,42** |
| | Зимски и летен семестар 2008/2009 (100x0,002) | 0,2 |
| | Зимски и летен семестар 2009/2010 (130x0,002) | 0,26 |
| | Зимски и летен семестар 2010/2011 (170x0,002) | 0,34 |
| | Зимски и летен семестар 2011/2012 (160x0,002) | 0,32 |
| | Зимски и летен семестар 2012/2013 (100x0,002) | 0,2 |
| | Зимски семестар 2013/2014 (50x0,002) | 0,1 |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат на Економски институт и Економски факултет при УКИМ** | **9,5** |
| | Одбранети докторски трудови (2008-2013)- 14 кандидати<br>Прифатени докторски трудови (2008-2013)– 5 кандидати | |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура на Економски институт и Економски факултет при УКИМ** | **24** |
| | Одбранети магистерски трудови (2008- 2013)-75 кандидати<br>Прифатени магистерски трудови (2008-2013)- 5 кандидати | |
| 8. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **8** |
| | Автор на учебникот: Акциите –инструмент на портфолио менаџментот, (Одлука за издавање на учебник бр. 02-26/2 од 29.01.2014 од Економски институт, објавена рецензија во Билтен на УКИМ бр. 1017 од 17.10.2011), во фаза на издавање | 8 |
| 9. | **Интерна скрипта од предавања** | **4** |
| | Интерна скрипта од предавања, Управување и раководење со вложувања, Економски институт, УКИМ (менторски студии) | 4 |
| 11. | **Пакет материјали за одреден предмет** | **4** |
| | Пакет материјали за предметот Инвестиционен менаџмент, Економски институт, УКИМ (Одлука бр.02- | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 296/3 од 22.2.2011) | |
| | Пакет материјали за предметот Инвестиции и трансфер на технологија, Економски институт, УКИМ (Одлука бр.02-296/3 од 22.2.2011) | 1 |
| | Пакет материјали за предметот Претприемаштво и трансфер на нови технологии, Економски институт, УКИМ (Одлука бр.02-296/3 од 22.2.2011) | 1 |
| | Пакет материјали за предметот Меѓународен бизнис и МСП, Економски институт, УКИМ (Одлука бр. 02-423/2 од 21.2.2012) | 1 |
| | **ВКУПНО ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **127,9** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на докторска дисертација** | **6** |
| | 1) Борис Арсов, Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија (одбранета 2013)<br>2) Зденка Николовска, Економски и организациски аспкети од процесот на интегрирање на информациско-комуникациската технологијата во наставта на основното и средното образование (прифатена 2012) | |
| 2<br>. | **Ментор на магистерска работа** | **12** |
| | 1) Билјана Ѓузелкова, Лизингот како форма за финансирање на трговските друштва во Република Македонија (одбранета 2011)<br>2) Весна Кондратенко, Проблемите на Европската монетарна унија на патот кон оптимална валутна зона (одбранета 2012)<br>3) Роберт Грашковски, Процесот на утврдување на цената на капиталот во развиените пазари на капитал (одбранета 2012)<br>4) Ненад Милкиќ, Улогата и значењето на франшизата како модел на трансфер на технологија во развојот на современите компании за брза храна (одбранета 2013)<br>5) Елена Глигорова, Кредитната активност на банките во | |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија-состојби и трендови (одбранета 2013)<br>6) Мирослав Гавровски, Особености на системот на наплата на даночните приходи во Република Македонија (одбранета 2013)<br>7) Александар Дрејовски, Можности и перспективи на лиценцата како модел на трансфер на технологија во земјите во развој (прифатена 2012)<br>8) Борис Симовски, Транснационалните компании и нивната улога во развојот на автомобилската и текстилната индустрија, (прифатена 2012)<br>9) Деан Глигоров, Примената на поедноставената царинска постапка и нејзините фискални ефекти врз буџтеот на Република Македонија (прифатена 2012)<br>10) Светлана Каличанин, Можности и перспективи за развој на поштенските услугите во Република Македонија (прифатена 2013)<br>11) Бојана Георгиевска, Процесот на локална буџетирање во Република Македонија со посебен осврт на општина Бутел, (прифатена 2013)<br>12) Димитар Шавкуловски, Интернационализацијата и нејзиното влијание врз современите компании, (прифатена 2013) | |
| 3. | **Учесник во национален научен проект** | **9** |
| | Научната дијаспора од Република Македонија,УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2011-12 | 3 |
| | Формирање на претприемничка лабараторија, УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2012-13,УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2012-13 | 3 |
| | Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и граѓаните, УКИМ, 2013-2014 | 3 |
| 4. | **Монографија** | **9,6** |
| | Научната дијаспора од Република Македонија (група автори, во фаза на објавување), Економски институт, Скопје 2011-12 (кога се 4 или повеќе автори, секој добива по 60% од бодовите:8x0,6=4,8) | 4,8 |
| | Формирање на претприемничка лабараторија, (група автори, во фаза на објавување), Економски институт, Скопје 2012/2013, 8x0,6=4,8 | 4,8 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно-стручно списание** | **19,6** |
| | Странските инвестиции во Република Македонија, Економски развој, Год. 10, бр.3, Економски институт - | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје, 2008 | |
| | Пазарот на капиталот и стратешките определби на државата за неговиот натамошен развој, Економски развој Год. 11, бр.1-2, Економски институт – Скопје, 2009, | 4 |
| | Улогата на корпоративните комуникации за современиот тип на корпорација, , Економски развој, Год.11 бр.1-2, Економски институт – Скопје, 2009 (коавторство со д-р Татјана Петковска Мирчевска) | 3,6 |
| | Состобји и трендови во корпоративното управување, со особен осврт на Република Македонија, Економски развој, Год.12, бр.1-2, Економски институт, Скопје, 2010. | 4 |
| | Leasing sector in Macedonia-state and trends, Annals of the University of Petrosani, Economics, vol XI, part IV, Romania, 2011. | 4 |
| 6. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно-научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **20,4** |
| | The free risk rate of return and factors that affect its assessment, IOSR-Journal of business management, Vol.9 issue 4, 2013. | 3 |
| | Some problems in determining the free risk rate of return, IOSR-Journal of business management, Vol. 14, issue 2, 2013. | 3 |
| | The cost of capital – determinant in investment decision, Economic development, no 3, Institute of Economics, Skopje, 2010 | 3 |
| | Methods for valuation the shares, Economic development, no.1-3, Institute of Economics, Skopje, 2011 | 3 |
| | The role and significance of the process of the internationalization of the SME's, Economic development, Year 14, no.1, Institute of economics, Skopje, 2012. | 3 |
| | Marketing communication and the "culture of services" in alternative tourism, Economic development, Year 14, no. 2-3, Institute of economics, Skopje, 2012 (коавторство со д-р Татјана Петковска Мирчевска) | 2,7 |
| | Factors influencing outflow of researchers from Republic of Macedonia, Economic development, Year 15, no. 2-3, Institute of economics, Skopje, 2013 (коавторство со д-р | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Наташа Данилоска) | |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир** | **5,8** |
| | The investment in the tourism-state and trend, X International conference: The influence of global economic recession on tourism, Faculty of tourism Ohrid, University St. Kliment Ohridski, 04. – 05. 06. 2009, Ohrid (зборник на трудови, електронска форма), | 2 |
| | Assessment of the creation and application of knowledge in Republic of Macedonia**,** зборник на трудови **од** конференција на тема: Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење-состојби и перспективи, Скопје, Економски институт, Скопје, 2013. (коавторство со д-р Наташа Данилоска) | 1,8 |
| | Карактеристики на осигурувањето во Република Македонија, I меѓународна конференција на тема Безбедносен инжинеринг во функција на подобрување на условите за работа, Машински факултет, УКИМ, мај 2013. | 2 |
| 8. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **10,8** |
| | Corporative communications and their significance for companies in tourism sector, во: Gospodarka Regionalna I Turystyka, Wyzsza Szkola Ekonomii, Turystyki I nauk Spotecznych w Klelcach, Kilce, 2010 ( во коавторство со д-р Татјана Петковска Мирчевска) | 2,7 |
| | Importance of corporate and marketing communications for improving tourist offer, XI International conference, Service sector in terms of changing enviroment, ФТУ Охрид, 27-29.10.2011 (во електронска форма), (во коавторство со д-р Татјана Петковска Мирчевска) | 2,7 |
| | Lease financing as an alternative way of funding SME's, Зборник од V меѓународен бизнис форум на тема The emerging importance of knowledge and management skills, Стопанска комора за мал бизнис, Скопје, мај, 2011. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | The possibilities for engaging of higher education and scientific staff trough the development of e-entrepreneurship in the Republic of Macedonia, Меѓународна научна конференција „ Employment, education and entrepreneurship, Vol. 3 (Education and employment opportunities for entrepreneurs), Faculty of business management and entrepreneurship, Белгард, октомври 2013 (во електронска форма) (коавторство со д-р Татјана Петковска Мирчевска, д-р Зоран Јаневски) | 2,4 |
| 9. | **Учество на научен-стручен собир со реферат** | **6** |
| | The investments in the tourist –state and trend, Меѓународна конференција „The influence of global economic recession on tourism“, ФТУ Охрид, УКЛО, 2009. | 1 |
| | Странските инвестиции-состојби и трендови со особен осврт на Република Македонија, конференција на тема: Економијата и бизнисот во постранзициониот период, Економски факултет, Прилеп, УКЛО, октомври 2010. | 1 |
| | Importance of corporate and marketing communications for improving tourist offer, XI International conference-Service sector in terms of changing environment, ФТУ Охрид, УКЛО, октомври 2011. | 1 |
| | Lease financing as an alternative way of funding SME's, меѓународен бизнис форум „The emerging importance of knowledge and management skills, Стопанска комора за мал бизнис, Скопје, мај 2011. | 1 |
| | Assesment of creation and application of knowledge in Republic of Macedonia, научна конференција на тема Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење - состојби и перспективи, 30. 5. 2012 Скопје, Република Македонија, постер презентација). | 1 |
| | Reducing the outflow of researcher through development of e- entrepreneurship in the Republic of Macedonia, меѓународна конференција„ Migration and labour market“, Економски факултет, УКЛО, Битола, октомври 2012. | 1 |
| 10. | **Апстракти објавени во зборник на** | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | **конференција** | |
| | Reducing the outflow of researcher through development of e- entrepreneurship in the Republic of Macedonia, меѓународна конференција„ Migration and labour market“, Економски факултет, УКЛО, Битола, октомври 2012. | 0,5 |
| | Странските инвестиции –состојби и тендови со особен осврт на Република Македонија, книга на апстракти од конференцијата на тема : Економијата и бизнисот во постранзициониот период, Економски факултет, Прилеп, УКЛО, 2010. | 0,5 |
| | **ВКУПНО ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **100,2** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Студија, физибилити -студија, истражување на пазарот** | **3** |
| | Проценка на потенцијалот за добро владеење во Македонија, ФИООМ, 2008 (учесник) | 1 |
| | Локално буџетирање и финансиски/фискален мониторинг на општината Јегуновце, Крушево, Конче и Чаир,УНДП, 2012 (учесник) | 1 |
| | Локално програмирање, планирање и финансирање на капитални инвестиции на општината Јегуновце, Крушево, Конче и Чаир,УНДП, 2012(учесник) | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | **Член на организационен или програмски одбор на научен-стручен собир** | **1** |
| | Научен собир (конференција), Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење- состојби и перспективи (по повод 60 години од постоењето на | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | ЕИС), Скопје, 30.5.2012 | |
| | Научен собир (конференција), Безбедносен инженеринг во функција на подобрување на условите за работа, Машински факултет, УКИМ, мај 2013. | 0,5 |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **2** |
| | Странските директни инвестиции во РМ-состојби и трендови, предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проект од МОН на РМ, Економски институт, УКИМ, 2010. | 0,5 |
| | Небанкарскиот финансиски систем во РМ-состојби и трендови, предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проект од МОН на РМ, Економски институт,УКИМ , 2010 | 0,5 |
| | Зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија во<br>Република Македонија преку интензивна примена на електронска трговија“, предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проект од МОН на РМ, Економски институт – Скопје, 2011 | 0,5 |
| | Кредитоспособноста и кредитниот рејтинг на ЕЛС во функција на користење на алтернативни форми на финансирање на капиталните инвестиции, предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проект од МОН на РМ, Економски институт – Скопје, 2011 | 0,5 |
| 3. | **Член на универзитетска комисија** | **1** |
| | Член на комисија за финансии, инвестиции и развој при УКИМ од 2012 | 1 |
| | **Член на институтска комисија** | 7 |
| | Член на Научниот совет на Економскиот институт | 0,5 |
| | Член на Комисија за самоевалуација на Економскиот институт (2013/14) | 0,5 |
| | Член на организационен одбор за одбележување на 60 - годишниот јубилеј на Економскиот институт (2012) | 0,5 |
| | Член на комисија на Економскиот институт за изготвување на правилник за плати и надоместоци | 0,5 |
| | Член на Комисија за јавни набавки по различни основи во Економски институт (2009-2013) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | (10 x 0,5) | |
| 4. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **1** |
| | Член на Комисијата за спроведување на прва почетна обука и полагање на стручен испит за стекнување сертификат за проценител на побарувања и обврски, при Министерството за финансии на Република Македонија<br>(Одлука бр.04-1193/1 од 16.3.2012**)** | 1 |
| | **ВКУПНО ЗА СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **127,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **100,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15** |
| **ВКУПНО** | **243,1** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Д-р Билјана Ангелова, с.р.
2. Д-р Неда Петроска Ангеловска, с.р.
3. Д-р Васил Поповски, с.р.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК/ДОЦЕНТ ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ДЕМОГРАФИЈА, ОБЛАСТ: ИНТЕРАКЦИЈА МЕЃУ ДЕМОГРАФСКИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука (бр. 02-480/1 од 4.3.2014) на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во научното поле општествени науки, научно подрачје: демографија, научна област: интеракција меѓу демографските, економските и социјалните процеси. Комисијата е во состав: д-р Верица Јанеска, редовен професор, д-р Елка Димитриева, научен советник и д-р Силвана Мојсовска, редовен професор.

На конкурсот објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ од 31.1.2014 година, за избор на наставник/доцент во горенаведената област, се пријави само кандидатката д-р Александра Лозаноска, асистент-истражувач во Економскиот институт во Скопје.

Согласно со општите услови предвидени со закон, како и посебните услови во Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите акти на Универзитетот кои се однесуваат на изборот во наставно-научни звања, Комисијата ја разгледа поднесената пријава и приложената документација на кандидатката д-р Александра Лозаноска, асистент-истражувач во Економскиот институт во Скопје, и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Биографски податоци**

Д-р Александра Методија Лозаноска е родена на 25.6.1978 година, во Скопје. Основно и средно образование (средно економско училиште) завршила во Скопје со одличен успех. Во учебната 1997/1998 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек: деловна бизнис економија, насока: маркетинг. Дипломирала во 2001 година и се стекнала со звањето дипломиран економист.

Постдипломски студии запишала во учебната 2002/2003 година на Економскиот институт во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока: меѓународна економија. Предвидените испити ги положила со средна оценка 8,60. Магистрирала на 14.3.2007 година (Одлука бр. 09-424/1), со одбрана на магистерскиот труд: ***Образовната структура на населението и работната сила и нејзиното значење за економскиот развој на Република Македонија***, со што се стекнала со научен степен - магистер на економски науки.

Кандидатката д-р Александра Лозаноска, во 2009 година, на Економскиот институт во Скопје ја пријавила докторската дисертација под наслов ***Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија***. Пријавата е прифатена со усвојување на извештајот на Комисијата за утврдување на подобност на кандидатот и темата за изработка на докторската дисертација од страна на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје (Одлука бр. 09-1617/1). По успешната јавна одбрана на докторската дисертација, со Одлука на Комисијата за оцена и одбрана (бр. 09-1744/2 од 21.10.2013 година), кандидатката се стекнала со научен степен - доктор на економски науки.

На Економскиот институт во Скопје, д-р Александра Лозаноска е вработена од 1.9.2002 година, како помлад асистент-истражувач од областа население и работна сила (Одлука бр. 02-772/2 од 3.9.2002 година). За асистент-истражувач во истата област е избрана со усвојувањето на извештајот (објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 920, од 15 мај 2007 година) на 45. седница на Советот на Економскиот институт во Скопје, одржана на 28.5.2007 година (Одлука бр. 02-778/1). Со усогласувањето на систематизацијата на Економскиот институт во Скопје во 2010 година, согласно со класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација, нејзиното звање е преименувано во асистент-истражувач во научното подрачје: демографија и научната област: интеракција меѓу демографските, економските и социјалните процеси. На 20.6.2011 година (Одлука бр. 04-1112/1), со усвојувањето на извештајот (објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1009, од 1 јуни 2011 година) на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, кандидатката е преизбрана во звањето асистент-истражувач од истата област.

Д-р Александра Лозаноска активно учествувала во реализацијата на наставно-образовниот процес од втор циклус студии при Економскиот институт - Скопје. Притоа, од 2003 до 2009 година била асистент на програмата на постдипломски студии според менторски систем. Со Одлука на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје (бр.09-1413/1 од 16.10.2008 година) била распоредена како асистент на студиската програма по финансиски менаџмент, организирана според ЕКТ системот на втор циклус студии.

Од вработувањето во Економскиот институт во Скопје до денес, д-р Александра Лозаноска активно била вклучена во реализацијата на научноистражувачката програма на Институтот, учествувајќи во изработка на научноистражувачки и апликативни проекти, како и на научни собири, конференции и семинари во земјава и во странство. Истовремено, таа континуирано ги проширувала своите знаења и ги надоградувала вештините и компетенциите во научното подрачје демографија, посебно во научната област: интеракција меѓу демографските, економските и социјалните процеси.

Д-р Лозаноска солидно ги познава англискиот, шпанскиот и српскиот јазик.

## II. Научноистражувачка активност

Кандидатката д-р Александра Лозаноска во својата досегашна научноистражувачка активност е ориентирана на проучување на демографската проблематика, односно на населението и работната сила. Притоа, во нејзините проучувања, посебен акцент се става на интеракцијата меѓу демографските, економските и социјалните процеси. Прегледот на нејзината научноистражувачка активност, од вработувањето во Економскиот институт до денес, покажува дека кандидатката е коавтор во две објавени книги, автор на повеќе трудови објавени во научни или стручни списанија и зборници на трудови од научни конференции. Исто така, забележливо е нејзиното учество во реализацијата на научноистражувачки и апликативни проекти.

### *а) Објавени книги*

1. **Речник:** *Демографски терминолошки речник*, (коавтори: д-р А. Ќурчиев, д-р Е. Димитриева, д-р А. Јовановиќ, д-р В. Јанеска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт - Скопје, 2011 година, стр. 258.
2. **Книга од стручна област:** *Студија за Внатрешните миграции во Република Македонија*, (коавтори: д-р Елка Димитриева и д-р Верица Јанеска), Влада на

Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, ноември 2009 година, стр. 82.

***б) Изработени и објавени трудови***

1. **Докторска дисертација:** *Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Економски институт - Скопје, 2013 година, стр. 355.
2. **Статија:** *The Unemployment, Poverty and Social Exclusion in the Republic of Macedonia*, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 15 No. 1-2/2013; Skopje, 2013, стр. 214-231.
3. **Статија:** *European Union Labour Market Challenges and Structural Reforms after 2008 Global Financial Crisis*, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 14 No. 2-3/2012; Skopje, 2013, стр. 133-145.
4. **Реферат:** *Regional Demographic Changes in the Republic of Macedonia on the Example of Two Areas* (co-author Ph.D. Elka Dimitrieva), in the Spatial Demography of the Balkans: Trends and Challenges, Conference Proceedings of the IV th International Conference of Balkans Demography, Budva, MonteNegro, 13-15 May 2010, (Edition préparée par: Alain Parant), Volos, Greece, 2011.
5. **Статија:** *Политиката на кадри како дел од менаџментот на човечки ресурси во интернационалните компании*, списание: Економски развој, Год. 10, Бр. 3, Економски институт - Скопје, 2008, стр. 119-134.
6. **Статија:** *Предизвици и можни насоки на образовниот систем на Република Македонија за поттикнување на економскиот развој*, списание: Економски развој, Год. 10, Бр. 1, Економски институт - Скопје, 2008, стр. 77-94.
7. **Дискусија на тема:** *Проблеми и можности во функционирањето на малото стопанство и претприемништвото*, (објавен во Зборник на трудови од научниот собир: Претприемништво - иновации и конкурентност), Економски институт - Скопје, 2008 година, стр. 157-161.
8. **Магистерски труд:** *Образовната структура на населението и работната сила и нејзиното значење за економскиот развој на Република Македонија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски институт – Скопје, 2007 година, стр. 238.
9. **Реферат:** *Преселничките движења во Република Македонија во периодот на транзицијата* (коавтор: д-р Верица Јанеска), МАНУ, научен собир: „Актуелните демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите на Пописот на населението во 2002 година", МАНУ, 2007, стр. 211-234.
10. **Статија:** *Образовната структура на работната сила и нејзиното значење за економскиот развој на Република Македонија*, списание: Економски развој, Год. 9, Бр. 3, Економски институт - Скопје, 2007, стр. 175-194.
11. **Статија:** *Трансферот на технологијата во земјите во развој (ефекти и можности)*, списание: Економски развој, Год. 8, Бр. 1-2-3, Економски институт - Скопје, 2006, стр. 235-252.
12. **Статија:** *Државна регулација на пазарот на трудот во Република Македонија*, списание: Економски развој, Год. 7, Бр. 1-2-3, Економски институт - Скопје, 2005, стр. 177-192.
13. **Дискусија на тема:** *Деловните инкубатори-форма на организирање на малото стопанство*, (објавен во Зборник на трудови на Фондацијата „Фридрих Еберт"), 2003 година, стр. 236-239.

14. **Дискусија на тема:** *Образовна структура и активно население во струмичкиот регион,* (објавен во Зборник на трудови на Фондацијата „Фридрих Еберт“), 2003 година, стр. 74-77.

***в) Учество во изработка на научноистражувачки проекти и студии***

1. *Формирање на претприемничка лабораторија на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,* Економски институт – Скопје, 2012 – 2013 година;
2. *Научната дијаспора од Република Македонија,* Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2011- 2012 година;
3. *Внатрешните миграции во Република Македонија* (коавтори: д-р Верица Јанеска и д-р Елка Димитриева), Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија и UNFPA, 2008–2009 година;
4. *Демографските промени во Република Македонија во периодот на транзиција*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2003 – 2006 година;
5. *Менаџерска економија и финансиски менаџмент во единиците на локалната самоуправа,* UNDP, Скопје, 2002-2003 година;
6. *Проект за развој на мали и средни претпријатија, SME-Art project - SINTEF,* 2003;
7. *Развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија*, Економски институт - Скопје и Евро Балкан - Скопје, 2003;
8. *Странските директни инвестиции во Република Македонија – проблеми и можности,* Економски институт – Скопје, 2001-2003 година.

***г) Учество на научни собири, конференции, обуки и семинари***

1. **Конференција:** „Предизвиците на науката во економија базирана на знаење - состојби и перспективи“, Конференција по повод 60 години постоење на Економски институт - Скопје, Економски институт - Скопје, 30 мај 2012 година.
2. **Меѓународна конференција:** „Регионалната трговска интеграција на земјите од Југоисточна Европа: придобивки и предизвици“ - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Економски институт – Скопје и London School of Economics and Political Science, 12 декември 2011 година.
3. **Меѓународен научен собир:** „Дваесет години самостојност на Република Македонија (1991-2011)“, МАНУ, Скопје, 24-25 ноември 2011 година.
4. **Меѓународна конференција:** „Просторна демографија на Балканот: трендови и предизвици“, IV Меѓународна конференција за Демографија на Балканот, Будва, Црна Гора, 13-15 мај 2010 година.
5. **Конференција:** „Борба против невработеноста кај младите“, Фридрих Еберт и ЕБА, Скопје, 18 мај 2010 година.
6. **Семинар TAIEX:** „Учеството на Република Македонија во Програмата на Заедницата ПРОГРЕС“, Европска Комисија и Министерство за труд и социјална политика, 27 јануари 2009 година.
7. **Научен собир:** „Претприемништво, иновации и конкурентност“, Економски институт - Скопје, Факултет за бизнис администрација - ЈИЕ Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, година, Скопје, 25 јануари 2008.
8. **Семинар** за промоција на концептот: „Образование за возрасни“, Агенција за поддршка на претприемништвото, Проектот за развој на претприемништвото,

конкурентноста и иноваторството, Министерство за економија и Министерство за образование и наука, Економски институт - Скопје, 2008 година.

9. **Обука:** „Управување со проектен циклус“, Агенција за поддршка на претприемништвото, 29-31 октомври и 3-5 ноември, 2008 година.
10. **Панел дебата:** „Европски економски и социјален модел: Проверка на реалните состојби во членките на ЕУ и Македонија“, Фондација „Фридрих Еберт“ и Економски институт - Скопје, Македонски Бизнис Центар, Скопје, 17 мај 2007 година.
11. **Конференција** за политиката за вработување, CARDS - проект, Скопје, 13 декември, 2006 година.
12. **Научен собир:** „Актуелните демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите на Пописот на населението во 2002 година“; МАНУ, 2005 година.
13. **Научен собир:** „Напред или назад - надминување на пречките за имплементација на политиката за развој на секторот на МСП во стопанството на Македонија“, Економски институт - Скопје и Фондација „Институт отворено општество“, 13 декември, 2004 година.
14. **Презентација** на Национален извештај за човековиот развој од 2004 - Македонија, Децентрализација за човековиот развој - UNDP, 2004 година.
15. **Економски форум** - презентација на извештаите на Европскиот центар за малцински прашања: „Иницијатива за стратешки дијалог (работна група за економија), Анализа на делови од микро и макроекономијата и препораки“, (Европски центар за малцински прашања), 2004 година.
16. **Работилница:** „Промоција на извозот на услуги“, (ОЕЦД и Меѓународен центар за трговија), 2004 година.
17. **Семинар:** Идентификување на извозно - увозните интереси: Мерки на трговијата со услуги и квантитативни методи, ОЕЦД, 2004 година.
18. **Научен собир:** „Макроекономската политика и макроекономското моделирање“, Економски институт - Скопје, Фондација Фридрих Еберт, 11 ноември 2003 година.
19. **Научен собир:** „Финансирање на инвестициите и на развојот во Република Македонија“, Економски институт - Скопје, Фондација „Фридрих Еберт“, 27 март 2003 година.
20. **Научен собир:** „Семејните бизниси и можности за инвестирање и вработување“, Економски институт - Скопје, Фондација „Фридрих Еберт“, 31 јануари 2003 година.
21. **Научен собир:** „Можности за стопански разввој на примерот на една општина“, Економски институт - Скопје, Фондација „Фридрих Еберт“, 17 јануари 2003 година.
22. **Тркалезна маса** на тема: „Развојот на малите и средните претпријатија во Република Македонија“, во соработка со Евробалкан - Скопје, 2003.
23. **Семинар** за конкурентноста на македонското стопанство, (USAID Macedonian Fiscal Reform Project), 2003 година.
24. **Работилница** во рамки на „Проектот за поддршка на високото образование во општествените науки во Македонија“, 2003 година.
25. **Семинар:** The Fundamentals of Microeconomic Theory (USAID Macedonian Fiscal Reform Project), 2002.

**Приказ и оцена на поважните трудови поднесени за рецензија**

1. *Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија* – докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” Скопје, Економски институт - Скопје, стр. 355.

Докторската дисертација обработува исклучително актуелна и значајна проблематика, бидејќи мошне високата отворена невработеност беше и остана еден од најсериозните економски и социјални проблеми на Република Македонија. Основната хипотеза на дисертацијата е дека согледувањето на сите релевантни социо-економски аспекти на невработеноста, како и на проблемите на функционирањето на пазарот на работна сила, се основни претпоставки за формулирање на соодветна и конзистентна политика на вработување и политика на пазарот на работна сила во Република Македонија. Целта на истражувањето е преку опсежна анализа на промените на вработеноста и невработеноста во Република Македонија во подолг период, нивната условеност и последиците од постојните состојби на пазарот на трудот, да се идентификуваат политиката на вработување и политиката на пазарот на трудот за намалување на огромната невработеност.

Трудот е конципиран во осум поглавја. Во првото поглавје се елаборирани релевантни теоретски аспекти за работната сила и политиките на вработување, а претставен е и еден сеопфатен и конзистентен пристап за конципирање на политиката на вработување и на политиката на пазарот на трудот, кој е соодветен на состојбите и предизвиците со кои се соочуваат земјите во транзиција. Истражувањето во второто поглавје се однесува на искуствата на земјите од Европската унија и на земјите во транзиција за промените во структурата на работната сила (вработеноста и невработеноста), функционирањето на пазарот на трудот и нивните политики на вработување во последните две децении.

Во останатите шест поглавја од докторската дисертација се проучуваат промените и состојбата на пазарот на трудот, потоа нивната детерминираност, последици и импликации, како и досегашните политики на вработување и на пазарот на трудот во Република Македонија. Притоа, осознаена е генезата на растечката невработеност во периодот 1952-1989 година и структурата на работната сила во земјата пред започнувањето на процесот на општествено-економска трансформација. Врз база на сеопфатна анализа на промените во обемот и структурните белези на вработеноста и невработеноста во земјата во периодот на транзицијата, во која се користени сите расположливи извори на податоци, апроксимирана е постојната реална големина на неангажираниот дел од работната сила.

Резултатите од истражувањето на д-р Александра Лозаноска покажуваат дека за Македонија е карактеристично ниско ниво на активност на работоспособниот контингент, бидејќи во последната деценија повеќе од една третина од работоспособното население е надвор од економската активност. Тоа укажува на релативно голем обем на демографските резерви на работната сила во земјата и мошне нагласен т.н. хистереза ефект кој имплицира повлекување на дел од работоспособното население од економска активност. Од проучувањето на вработеноста се согледува дека во последните две децении, бројот на вработените растеше со мал интензитет, а стапките на вработеност останаа на релативно ниско ниво. Промените во структурата на вработените, пак, покажуваат дека стапките на вработеност на жените се значително пониски од оние на мажите, дека се зголемува вработеноста на помладите лица (25-39 години) и на вработените со средно и високо образование. Во однос на невработеноста резултатите од истражувањето го потврдуваат огромниот пораст на бројот на невработените и стапките на невработеност по 1997 година и нивно континуирано намалување од 2006 година. Промените во структурните белези на невработените се изразени во намалување на стапките на невработеност на жените и на младите (15-24), пораст на невработеноста на лицата со високо образование (за околу три пати во периодот 2000-2011) и доминантна застапеност на лицата кои чекаат за вработување подолго од 4 години.

Имајќи ги предвид сите расположливи извори на податоци, кандидатката невработеноста ја апроксимира на околу 250000 лица. За бројот на вработените, пак,

оценува дека оној на формално вработените се движи околу 500000 лица, а тој во неформалниот сектор го проценува на околу 150-200000 лица, од кои 120-140000 активни лица во земјоделството.

Во поглед на причините за промените во обемот и структурата на невработеноста во земјата истражувањето покажува дека во претранзициониот период преовладуваше влијанието на демографските одредници, а во периодот на транзицијата тие во најголема мера беа детерминирани од социо-економските одредници. Анализата на последиците и импликациите од големата невработеност, кои се посматраат преку нивната манифестација врз демографскиот, економскиот и социјалниот развој, упатува на повеќе релевантни заклучоци. Кандидатката, меѓу другото, заклучува дека невработеноста има неповолно влијание врз економскиот развој на земјата, дека во голема мера го условува порастот на сиромаштијата и социјалната исклученост на населението и дека има директно и индиректно негативно влијание врз развојот на населението.

Проучувањето на преземените политики, мерки и активности во областа на пазарот на трудот во последната деценија, покажува дека тие не придонесоа за позначително намалување на невработеноста. Резултатите од истражувањето во докторската дисертација потврдуваат дека ваквата состојба е условена од неконзистентниот пристап при решавањето на овој мошне сериозен проблем, посебно отсуството на политика на вработување со јасно определени подрачја на дејствување и координирани мерки и активности. Врз база на опсежното проучување на промените и постојните состојби со вработеноста и невработеноста, како и на евалуацијата на ефектите од досегашните политики, мерки и активности во оваа област, д-р Александра Лозаноска заклучува дека е неопходен еден поинаков приод во однос на решавањето на проблемот на невработеноста, притоа потенцирајќи ја потребата за идентификување на клучните подрачја на дејствување и на идните предизвици. Како клучни претпоставки за намалување на невработеноста ги издвојува креирањето на нови работни места и насоченоста и координирањето на активностите на секторските политики за поттикнување на вработувањето. Освен тоа, кандидатката дава свое видување и во однос на предизвиците со кои ќе се соочува земјата во иднина, особено во однос на профилираноста и квалитетот на образованието на расположливата работна сила.

2. *The unemployment, poverty and social exclusion in the Republic of Macedonia*, Journal of the Institute of Economics–Skopje, year 15 No. 1-2/2013, Skopje 2013, стр.214-231.

Со истражувањето во овој труд се идентификува меѓузависноста на невработеноста, сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија. Притоа, опфатени се релевантните аспекти на невработеноста, сиромаштијата и социјалната исклученост, како и стратегиите и мерките кои треба да овозможат нивно намалување. Врз основа на анализата на расположливите податоци, кандидатката констатира дека во Република Македонија приближно три од десет лица лица живеат под линијата на сиромаштија, а домаќинствата чии членови се невработени, имаат најголеми стапки на сиромаштија (40,7% во 2011 година).

Врз основа на резултатите од истражувањето, Лозаноска констатира дека за ефикасно решавање на проблемите на невработеноста, сиромаштијата и социјалната исклученост, фокусот треба да се стави не само на економските придобивки на краток и среден рок, туку и на социјалните трошоци и влијанија на долг рок. Кандидатката заклучува дека со политиките за активна инклузија на сиромашните и социјално исклучените лица на пазарот на работна сила, како и со зголемување на можностите за одржување на социјалните трансфери (пензии, здравствена заштита, детска заштита, долгорочна заштита и др.) на потребното ниво, ќе се создадат предуслови за намалување на невработеноста, сиромаштијата и социјалната исклученост во земјата.

3. *European Union labour market challenges and structural reforms after 2008 global financial crisis*, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 14 No. 2-3/2012, Skopje 2013, стр.133-145.

Во овој труд се проучуваат предизвиците и структурните реформи на пазарот на работна сила во Европската унија по глобалната финансиска криза од 2008 година. Анализата покажува дека оваа криза предизвика намалување на апсолутниот број и стапките на вработеност, како и пораст на вкупната невработеност во ЕУ и нејзините земји-членки. Кандидатката констатира дека ваквите промени создадоа бројни предизвици на пазарот на работна сила во ЕУ: нефлексибилни плати (особено минималната плата), централно детерминирање на платите, рестриктивни законски и институционални ограничувања итн. Слабата мобилност на работната сила во земјите-членки на ЕУ, како и намалувањето на продуктивноста на трудот, кои во голема мера произлегуваат од застарената и нефлексибилна индустриска структура, исто така, претставуваат голем предизвик на пазарот на работна сила на Унијата.

Според д-р Лозаноска, овие предизвици на пазарот на работна сила на ЕУ имплицираат потреба од спроведување на структурни реформи, при што како најзначајни се издвојуваат: политиките за активирање и помош за вработување, бенефициите за невработените лица, заштитата при работа, обуките и доживотното учење, даночните ослободувања за вработувања и поддршката на институции за згрижување на децата. Проучувањето претставува придонес во дискусиите за глобалната финансиска криза и за нејзините ефекти на пазарот на работна сила во ЕУ, како и за начинот на кој Унијата треба да одговори на идните предизвици.

4. *Regional demographic changes in the Republic of Macedonia on the example of two areas* (коавтор д-р Елка Димитриева), Зборник на трудови од 4. Меѓународна конференција за демографијата на Балканот „Просторната демографија на Балканот: трендови и предизвици“, Будва, Црна Гора, 2011 година.

Со истражувањето во овој труд, кој е работен во коавторство со д-р Елка Димитриева, согледани се регионалните диспаритети во развојот на населението во Република Македонија, преку примерот на пелагонискиот и полошкиот регион, кои се издвојуваат со најголеми отстапувања во порастот на населението. Со анализата се опфатени промените во обемот и структурните карактеристики на населението и нивната условеност од природните и миграционите движења, како и од старосната структура на вкупното население, во меѓупописниот период 1994-2002 година. Исто така, предмет на анализа се и очекуваните движења на вкупното население во овие два региона на краток, среден и подолг рок.

Согласно со резултатите од истражувањето, авторите констатираат дека пелагонискиот регион и понатаму ќе се соочува со интензивен процес на демографско стареење, а следствено и со намалување на вкупното и на работоспособното население. Во однос на полошкиот регион, пак, тие оценуваат дека ќе продолжи релативно поголемиот пораст на населението поради сè уште релативно широката репродуктивна основа и поголемата застапеност на младото население. Исто така, во трудот се укажува и на многубројните последици и импликации од различниот пораст на населението и интензитет на демографското стареење врз економскиот и социјалниот развој на двете подрачја и на земјата во целина. Авторите констатираат дека тоа претпоставува потреба од преземање на соодветни политики, мерки и активности во врска со природниот прираст на населението и со емиграцијата во странство, како и динамизирање на

економскиот развој, како значајна претпоставка за порамномерен регионален демографски развој.

5. *Предизвици и можни насоки на образовниот систем на Република Македонија за поттикнување на економскиот развој*, списание: Економски развој, Год. 10, Бр. 1, Економски институт - Скопје, 2008, стр. 77-94.

Проучувањето во овој труд има за цел идентификување на предизвиците на образовниот систем на Република Македонија и согледување на можните насоки за унапредување на образовното ниво на населението и на работната сила, во функција на поттикнување на економскиот развој на земјата. Покрај образовните карактеристики на населението и на работната сила, предмет на анализа се клучните детерминанти на растежот на човечкиот капитал, како и целите и насоките на европското образование. При истражувањето се користени сите стратешки документи поврзани со постојниот и идниот развој на образованието во Република Македонија.

Имајќи ги предвид добиените резултати од истражувањето, кандидатката заклучува дека со оглед на постојните неповолни состојби и идентификуваните предизвици на образовниот систем, неопходно е преземање на мерки и активности во повеќе насоки за унапредување на образовната структура на населението и растежот на човечкиот капитал. Притоа, сите активности во оваа област би требало да бидат сообразени со реалните можности на земјата за нивно остварување и насочени кон конзистентно усогласување на образовната структура на работната сила со потребите на пазарот на трудот. Според Лозаноска, тоа е една од клучните претпоставки за интензивирање на економскиот развој на Република Македонија.

## III. Мислење и предлог на Комисијата

Доставената документација и претходно изнесените информации за наставно-научната активност на кандидатката д-р Александра Лозаноска, потврдуваат дека таа повеќе од една деценија е ориентирана на проучување на проблематиката на населението и работната сила, со посебен фокус на интеракцијата меѓу демографските, економските и социјалните процеси. Комисијата констатира дека во текот на образовниот процес (изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација), како и нејзиниот досегашен работен ангажман како асистент-истражувач, таа континуирано ги проширувала и продлабочувала своите сознанија во оваа област. Истовремено, ги надградувала вештините и компетенциите неопходни за научноистражувачка работа. Освен тоа, за одбележување е активноста на д-р Александра Лозаноска во наставно-образовниот процес од втор циклус на студии во Економскиот институт во Скопје, со што се стекнала и со способности за вршење на наставна дејност.

Врз основа на севкупната научноистражувачка активност, како и од приложените трудови за рецензија и оцената на некои од нив, може да се констатира дека кандидатката солидно ја владее научноистражувачката методологија и дава свој придонес во проучувањата од областа на интеракцијата меѓу демографските, економските и социјалните процеси. Комисијата констатира дека д-р Александра Лозаноска има објавено релевантни трудови, била ангажирана во изработка на научноистражувачки проекти, учествувала на научни конференции и стручни собири, во земјата и во странство.

Од научноистражувачките трудови посебно се издвојува нејзината докторска дисертација на тема: *Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија*, која третира исклучително актуелна и сложена проблематика. При нејзината изработка таа успешно се справува со проблемот на неконзистентност на расположливата информациона основа за проучување на социо-економските аспекти на невработеноста во земјата, нуди аргументирани заклучоци и ставови и се определува за еден поинаков приод во однос на решавањето на проблемот на невработеноста, идентификувањето на подрачјата на дејствување и идните предизвици. Со тоа се потврдени научноистражувачките способности на кандидатката и нејзината оспособеност за натамошни истражувања во областа на интеракцијата меѓу демографските, економските и социјалните процеси.

Приложениот образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање (Анекс 2) на д-р Александра Лозаноска покажува дека во нејзиниот досегашен ангажман за наставно-образовната дејност остварила 21,324 поени, за научноистражувачката дејност-70,5 и за стручно-апликативната дејност-17,0 поени, односно вкупно 108,824 поени. Со тоа кандидатката ги исполнува критериумите за избор во звањето доцент согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250, од 15 јули 2013 година).

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата заклучува дека кандидатката ги поседува потребните квалификации за вршење на наставни активности и научноистражувачка работа и во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор во наставно-научно звање. Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере кандидатката д-р Александра Лозаноска во наставно-научното звање доцент, во областа интеракција меѓу демографските, економските и социјалните процеси.

**Рецензентска комисија**

1. **Д-р Верица Јанеска, с.р.**
   редовен професор

2. **Д-р Елка Димитриева, с.р.**
   научен советник

3. **Д-р Силвана Мојсовска, с.р.**
   редовен професор

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Александра Методија Лозаноска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Економски институт – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: интеракција меѓу демографските, економските и социјалните процеси**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | **0,2** |
| | Часови за академско пишување (Економски институт/насока: Финансиски менаџмент 3+2/4+1, зимски семестар 2009/10) (0,05 x 2 часа на почеток од семестарот) | 0,1 |
| | Часови за академско пишување (Економски институт/насока: Финансиски менаџмент 3+2/4+1, летен семестар 2009/10) (0,05 x 2 часа на почеток од семестарот) | 0,1 |
| **2.** | **Одржување на вежби** | **18,0** |
| | Методологија на научно-истражувачка работа (Економски институт - Скопје, (2003 – 2006 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – менторска настава - изработка на семинарски труд | 1,8 |
| | Долгорочни инвестициони одлуки (Економски институт - Скопје, (2003 – 2006 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – менторска настава - изработка на семинарски труд | 1,8 |
| | Инвестиционен менаџмент (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2009/2010, 2010/2011 и 2011/2012 и летен семестар во учебна 2009/2010, 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – задолжителен предмет – изработка на семинарски труд | 2,25 |
| | Менаџерско сметководство (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2009/2010, 2010/2011 и 2011/2012 и летен семестар во учебна 2009/2010, 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – задолжителен предмет – изработка на семинарски труд | 2,25 |
| | Меѓународен финансиски менаџмент (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2009/2010 и 2010/2011 година и летен семестар во учебна 2009/2010 и 2010/2011 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – задолжителен предмет – изработка на семинарски труд | |
| | Финансирање и управување со мали и средни претпријатија (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Финансирање и управување со мали и средни претпријатија (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година и летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – задолжителен и изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,9 |
| | Управување со обртни средства и извори (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Управување со обртни средства и извори (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година и летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – задолжителен и изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,9 |
| | Финансиска анализа и известување (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Финансиска анализа и известување (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година и летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,9 |
| | Проектен менаџмент (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Проектен менаџмент (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година и летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,9 |
| | Комерцијално банкарство (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Корпорациски финансии (Економски институт - Скопје, зимски семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Меѓународен бизнис и МСП (Економски институт - Скопје, | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| | летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | |
| | Финансирање на мали и средни претпријатија (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2009/2010 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Економика на претпријатија (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| | Организациско однесување (Економски институт - Скопје, летен семестар во учебна 2010/2011 година), 0,03 (поени за часови неделно) x 1 (час неделно) x 15 (недели) – изборен предмет – изработка на семинарски труд | 0,45 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | **2,124** |
| | Менаџерско сметководство, Економски институт - Скопје, 2009/2010 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 56 студенти | 0,112 |
| | Инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 56 студенти | 0,112 |
| | Меѓународен финансиски менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 56 студенти | 0,112 |
| | Менаџерско сметководство, Економски институт - Скопје, 2009/2010, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 34 студенти | 0,068 |
| | Инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 34 студенти | 0,068 |
| | Меѓународен финансиски менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 34 студенти | 0,068 |
| | Финансирање и управување на МСП, Економски институт - Скопје, 2009/2010, (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен и изборен, 16 студенти | 0,032 |
| | Управување со обртни средства и извори, Економски институт - Скопје, 2009/2010, (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен и изборен, 12 студенти | 0,024 |
| | Финансиска анализа и известување, Економски институт - Скопје, 2009/2010, (летен семестар, 4+1) – изборен, 35 студенти | 0,07 |
| | Проектен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010, (летен семестар, 4+1) – изборен, 18 студенти | 0,036 |
| | Меѓународен бизнис и МСП, Економски институт - Скопје, 2009/2010, (летен семестар, 4+1) – изборен, 5 студенти | 0,01 |
| | Менаџерско сметководство, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 99 студенти | 0,198 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 99 студенти | 0,198 |
| | Меѓународен финансиски менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 99 студенти | 0,198 |
| | Финансиска анализа и известување, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – изборен, 29 студенти | 0,058 |
| | Комерцијално банкарство, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – изборен, 6 студенти | 0,012 |
| | Проектен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – изборен, 11 студенти | 0,022 |
| | Корпорациски финансии, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (зимски семестар, 4+1/3+2) – изборен, 12 студенти | 0,024 |
| | Менаџерско сметководство, Економски институт - Скопје, 2010/2011, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1) – задолжителен, 6 студенти | 0,012 |
| | Инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1) – задолжителен, 8 студенти | 0,016 |
| | Меѓународен финансиски менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011, дополнителен конкурс (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 10 студенти | 0,02 |
| | Финансиска анализа и известување, Економски институт - Скопје, 2010/2011 (летен семестар, 4+1/3+2) – изборен, 49 студенти | 0,098 |
| | Проектен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011, (летен семестар, 4+1/3+2) – изборен, 13 студенти | 0,026 |
| | Финансирање и управување на МСП, Економски институт - Скопје, 2010/2011, (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен и изборен, 39 студенти | 0,078 |
| | Управување со обртни средства и извори, Економски институт - Скопје, 2010/2011, (летен семестар, 4+1/3+2) – задолжителен и изборен, 26 студенти | 0,052 |
| | Организациско однесување, Економски институт - Скопје, 2010/2011, (летен семестар) – изборен, 5 студенти | 0,01 |
| | Економика на претпријатија, Економски институт - Скопје, 2010/2011, (летен семестар) – изборен, 1 студент | 0,002 |
| | Менаџерско сметководство, Економски институт - Скопје, 2011/2012 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 97 студенти | 0,194 |
| | Инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2011/2012 (зимски семестар, 4+1/3+2) – задолжителен, 97 студенти | 0,194 |
| **4.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **1,0** |
| | Вежби за предметот инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2009/2010 година | 0,5 |
| | Вежби за предметот инвестиционен менаџмент, Економски институт - Скопје, 2010/2011 година | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **21,324** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **10,0** |
| | Менаџерска економија и финансиски менаџмент во единиците на локалната самоуправа - UNDP, 2002-2003 година (учесник во меѓународен научен проект) | 5 |
| | Проект за развој на мали и средни претпријатија, SME-Art project - SINTEF (учесник во меѓународен научен проект) | 5 |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект** | **18,0** |
| | Формирање на претприемничка лабораторија на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2012 – 2013 година (учесник во национален научен проект) | 3 |
| | Научната дијаспора од Република Македонија – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2011 – 2012 година (учесник во национален научен проект) | 3 |
| | Внатрешните миграции во Република Македонија (коавтори: д-р Верица Јанеска и д-р Елка Димитриева), Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија и UNFPA, 2008 – 2009 година (учесник во национален научен проект) | 3 |
| | Демографските промени во Република Македонија во периодот на транзиција, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2003 – 2006 година (учесник во национален научен проект) | 3 |
| | Странските директни инвестиции во Република Македонија-проблеми и можности, Економски институт - Скопје, 2001-2003 година (учесник во национален научен проект) | 3 |
| | Развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија, Економски институт - Скопје и Евро Балкан - Скопје, 2003 (учесник во национален научен проект) | 3 |
| **3.** | **Монографија** | **16,0** |
| | Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија (докторска дисертација), Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Економски институт – Скопје, 2013 година | 8 |
| | Образовната структура на населението и работната сила и нејзиното значење за економскиот развој на Република | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија (магистерски труд), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски институт – Скопје, 2007 година | |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно-научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **6,0** |
| | The unemployment, poverty and social exclusion in the Republic of Macedonia, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 15 No. 1-2/2013, Skopje 2013 | 3 |
| | European Union labour market challenges and structural reforms after 2008 global financial crisis, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 14 No. 2-3/2012, Skopje 2013 | 3 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно-научно популарно списание** | **10,0** |
| | Политиката на кадри како дел од менаџментот на човечки ресурси во интернационалните компании, списание: Економски развој, Год. 10, бр. 3, Економски институт - Скопје, 2008 година | 2 |
| | Предизвици и можни насоки на образовниот систем на Република Македонија за поттикнување на економскиот развој, списание: Економски развој, Год. 10, бр.1, Економски институт - Скопје, 2008 година | 2 |
| | Образовната структура на работната сила и нејзиното значење за економскиот развој на Република Македонија, списание: Економски развој, Год. 9, бр. 3, Економски институт - Скопје, 2007 година | 2 |
| | Трансферот на технологијата во земјите во развој (ефекти и можности), списание: Економски развој, Год. 8, бр. 1-2-3, Економски институт - Скопје, 2006 година | 2 |
| | Државна регулација на пазарот на трудот во Република Македонија, списание: Економски развој, Год. 7, Бр. 1-2-3, Економски институт - Скопје, 2005 година | 2 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир** | **7,8** |
| | Преселничките движења во Република Македонија во периодот на транзицијата, (како коавтор со д-р Верица Јанеска); МАНУ, научен собир: „Актуелните демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите на Пописот на населението во 2002 година", МАНУ, 2007 (2*0,9) | 1,8 |
| | Проблеми и можности во функционирањето на малото стопанство и претприемништвото, (објавен во Зборник на трудови од научниот собир: Претприемништво - иновации и конкурентност), Економски институт - Скопје, 2008 година; | 2 |
| | Деловните инкубатори-форма на организирање на малото стопанство, (објавен во зборник на трудови на фондацијата Фридрих Еберт), 2003 година | 2 |
| | Образовна структура и активно население во струмичкиот регион, (објавен во зборник на трудови на фондацијата Фридрих Еберт), 2003 година | 2 |
| **7.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во** | **2,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | **зборник на трудови на научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Regional demographic changes in the Republic of Macedonia on the example of two areas (co-author Ph.D. Elka Dimitrieva), in the Spatial Demography of the Balkans: Trends and Challenges, Conference Proceedings of the IV th International Conference of Balkans Demography, Budva, MonteNegro, 13-15 May 2010, (Edition préparée par: Alain Parant), Volos, Greece, 2011, (3*0,9 поени). | 2,7 |
| | **Вкупно** | **70,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Објавени книги од стручна област** | **10,0** |
| | Книга од стручна област (коавтор): *Студија за Внатрешните миграции во Република Македонија*, Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, ноември 2009 година, стр. 82 | 7,0 |
| | Речник (коавтор): *Демографски терминолошки речник*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт - Скопје, 2011 година, стр. 258 | 3,0 |
| **2.** | **Техничка подготовка на елаборат за нова студиска програма** | **1,0** |
| | Техничка подготовка на предлог - проект за воведување на едногодишни студиски програми од втор циклус на студии на Економски институт – Скопје, 2009 година | 0,5 |
| | Техничка подготовка на предлог - проект за воведување на двегодишни студиски програми од втор циклус на студии на Економски институт – Скопје, 2009 година | 0,5 |
| **3.** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | **1,5** |
| | Промотивни материјали и ажурирање на веб-страницата на Економскиот институт во Скопје | 0,5 |
| | Промоција и изготвување на промотивни материјали за насоките на постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје | 0,5 |
| | Подготовка на презентација во Економски институт во Скопје, за промоција на книги на дел од Програмата на Владата на РМ за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници, 28 мај 2010 година | 0,5 |
| **4.** | **Член на факултетска (институтска комисија)** | **4,5** |
| | Член на Комисија за јавни набавки во 2012 година (Одлука бр. 02-1375/1 од 13.6.2012 година) | 0,5 |
| | Член на Комисија за јавни набавки во 2011 година (Одлука бр. 02-2496/1 од 15.12.2011 година) | 0,5 |
| | Член на Комисија за јавна набавка на печатење и укоричување на изданија на Економскиот институт во Скопје во 2008 година (10-1712/1 од 10.12.2008 година) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на организационен одбор за одбележување на 55 години постоење и работа на Економскиот институт во Скопје (Одлука бр. 02-1525/1 од 23.11.2006 година) | 0,5 |
| | Член на комисија за избор на членови на Советот на Економскиот институт (Одлука бр. 02-1392/1 од 2.12.2004 година и Одлука бр. 02-338/1 од 5.4.2004 година) (2*0,5) | 1 |
| | Член на Пописна комисија (02-11/1 од 9.1.2004 година и 02-18/1 од 9.1.2003 година) (2*0,5) | 1 |
| | Член на Комисија за организирање на вонреден попис (02-774/1 од 30.5.2007 година) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **17,0** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **21,324** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **70,5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **17,0** |
| **Вкупно** | **108,824** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Верица Јанеска, претседател с.р.

2. Проф. д-р Елка Димитриева, член с.р.

3. Проф. д-р Силвана Мојсовска, член с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ВОВЕД ВО РОБОТИКАТА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), на својата редовна седница одржана на 18.12.2013 год., донесе Одлука заведена под број 02-2906/34, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** од авторот проф. д-р Елизабета Лазаревска.

Со оваа Одлука за рецензенти се одредени: проф. д-р Стојче Десковски и доц. д-р Васко Саздовски. Според Одлуката, а согласно со член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ и измените на овој член објавени во Универзитетски гласник бр. 264 од 1 ноември 2013, рецензентите треба да напишат рецензии кои имаат заеднички дел и посебни делови потпишани од рецензентите.

По прегледот на доставениот материјал за учебно помагало под наслов „**Збирка решени задачи по вовед во роботиката**“, јас, проф. д-р Стојче Десковски, во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### А. Заеднички дел на рецензијата:

- Назив на учебното помагало: Збирка решени задачи по вовед во роботиката.
- Назив на предметната програма на која се однесува учебното помагало: роботика 1.
- Назив на студиската програма на која и припаѓа предметот: компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР).
- Фонд на часови настава и ЕКТС-бодови: фонд на часови 2+2+2+0, ЕКТС-бодови: 6.
- Автор на учебното помагало: проф. д-р Елизабета Лазаревска.
- Време и акт на изборот на рецензентите: Одлука на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, донесена на седницата одржана на 18 декември 2013 година. Актот – Одлуката е донесена на 18.12.2013 год. (акт број 02-2906/34).
- Издание: прво издание.
- Општи податоци за учебното издание: Текстот на поднесениот ракопис за учебно помагало е напишан на кирилица, подготвен на компјутер, содржи 349 нумерирани страници А-4 формат. Трудот има содржина во која се наведени

шест нумерирани наслови во кои се обработува предметната материја и литература.

## Б. Посебен дел на рецензијата од проф. д-р Стојче Десковски

- **Краток опис на содржината:**

Материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** ги содржи следниве тематски целини:

1. Вовед;
2. Кинематика на една роботска рака;
3. Диференцијални движења и брзини;
4. Динамика на една роботска рака;
5. Планирање на траектории на една роботска рака;
6. Литература.

- **Оцена дали учебното помагало е во согласност со предметната програма:**

Учебното помагало под наслов „Збирка решени задачи по вовед во роботиката“ е напишано за потребите на вежбите по предметот роботика 1, кој го слушаат студентите на ФЕИТ на студиската програма компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР). Исто така, програмата по предметот роботика 1 ја слушаат и студентите на ФЕИТ на студиската програма електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), за кои исто така е наменето учебното помагало. Компарирајќи ја содржината на учебното помагало со предметната програма по предметот роботика 1, може да се заклучи дека поголемиот дел програмата е покриен во делот на вежбите по роботика 1. Не се покриени темите кои се однесуваат на управувањето, сензорите и актуаторите во роботските системи. Но, треба да се има предвид дека управувањето на роботите детално се обработува во следниот предмет роботика 2, каде што ќе има повеќе простор за обработка на задачи од обласа на управувањето.

Авторот на учебното помагало, проф. д-р Елизабета Лазаревска, како наставник по предметот роботика 1, го изработила ова учебно помагало како резултат на подготовките за вежби по овој предмет. Обработката на задачите е квалитетно направена при што, покрај дефиницијата на задачите и нивните решенија кои се целосно изведени, дадени се и неопходни објаснувања, а каде што било потребно дадени се соодветни слики и графички прикази на решенијата.

- **Категоризација:** учебно помагало

- **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот:**

Ракописот за учебното помагало под наслов „Збирка решени задачи по вовед во роботиката“ содржи материјал што треба да послужи за вежбите при реализацијата на предметот роботика 1 што го слушаат судентите на ФЕИТ на

студиските програми компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР) и електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ). По обемот и содржината, ракописот одговара на предметната програма по предметот роботика 1. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои е учебното помагало наменето. Во учебното помагало се застапени доволен број решени задачи, илустрации и цртежи што ја подобруваат разбирливоста и квалитетот на материјалот.

Како причина за објавување на учебното помагало, покрај потребите на вежбите по предметот роботика 1, може да се истакне фактот дека не постојат слични материјали на македонски јазик од областа на роботиката кои би го надоместиле недостатокот на литература. Ова е прво такво издание кое може да се користи освен на ФЕИТ и на други факултети и студиски програми каде што се изучуват основите на роботиката.

Поаѓајќи од ова поширока цел и од фактот дека издавањето на учебното помагало е во надлежност на Универзитетот, потребно е материјалот да биде квалитетно изработен како во стручна така и во техничка и методолошка смисла. Затоа се предлага авторката да ги погледа забелешките и предлозите кои и се претходно доставени и да ги направи потребните корекции на текстот.

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство можам да предложам доставениот материјал под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** од авторот проф. д-р Елизабета Лазаревска, по отклонувањето на дадените забелешки и по извршеното лекторирање, да се издаде како учебно помагало за студентите на насоките: компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР) и електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ) на ФЕИТ, како и за поширока употреба за други предмети на ФЕИТ и на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

- **Предлози за потребни корекции:**

При прегледот на материјалот воочени се одредени грешки со чија корекција ќе се подобри квалитетот на учебното помагало. Забелешките на текстот и воочените грешки кои се од технички и методолошки карактер, се нотирани во добиениот материјал и и се соопштени на авторката во посебна форма.

**Рецензент**

Ред. проф. д-р Стојче Десковски, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ВОВЕД ВО РОБОТИКАТА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), на својата редовна седница одржана на 18.12.2013 год., донесе Одлука заведена под број 02-2906/34, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** од авторот проф. д-р Елизабета Лазаревска.

Со оваа Одлука за рецензенти се одредени: проф. д-р Стојче Десковски и доц. д-р Васко Саздовски. Според Одлуката, а согласно со член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ и измените на овој член објавени во Универзитетски гласник бр. 264 од 1 ноември 2013, рецензентите треба да напишат рецензии кои имаат заеднички дел и посебни делови потпишани од рецензентите.

По прегледот на доставениот материјал за учебно помагало под наслов „Збирка **решени задачи по вовед во роботиката**“, јас, доц. д-р Васко Саздовски, во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### А. Заеднички дел на рецензијата:

- Назив на учебното помагало: Збирка решени задачи по вовед во роботиката.
- Назив на предметната програма на која се однесува учебното помагало: роботика 1.
- Назив на студиската програма на која и припаѓа предметот: компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР).
- Фонд на часови настава и ЕКТС-бодови: фонд на часови 2+2+2+0, ЕКТС-бодови: 6.
- Автор на учебното помагало: проф. д-р Елизабета Лазаревска.
- Време и акт на изборот на рецензентите: Одлука на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, донесена на седницата одржана на 18 декември 2013 година. Актот – Одлуката е донесена на 18.12.2013 год. (акт број 02-2906/34).
- Издание: прво издание.
- Општи податоци за учебното издание: Текстот на поднесениот ракопис за учебно помагало е напишан на кирилица, подготвен на компјутер, содржи 349 нумерирани страници А-4 формат. Трудот има содржина во која се наведени шест нумерирани наслови во кои се обработува предметната материја и литература.

**Б. Посебен дел на рецензијата од доц. д-р Васко Саздовски**

- **Краток опис на содржината:**

Материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** ги содржи следниве тематски целини:

1. Вовед;
2. Кинематика на една роботска рака;
3. Диференцијални движења и брзини;
4. Динамика на една роботска така;
5. Планирање на траектории на една роботска рака;
6. Литература.

- **Оцена дали учебното помагало е во согласност со предметната програма:**

Учебното помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботика-та“** е подготвено за потребите на вежбите по предметот роботика 1, кој го слушаат студентите на ФЕИТ на студиската програма компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР). Исто така, програмата по предметот роботика 1 ја слушаат и студентите на ФЕИТ на студиската програма електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), Како што е наведено, проф. д-р Елизабета Лазаревска, како наставник по предметот роботика 1, го изработила ова учебно помагало како резултат на подготовките за предавања и вежби по овој предмет.

Материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** ги содржи следниве тематски целини: 1. Вовед (стр. 1 до стр. 28); 2. Кинематика на една роботска рака (стр. 29 до стр. 152); 3. Диференцијални движења и брзини (стр. 153 до стр. 228); 4. Динамика на една роботска така (стр. 229 до стр. 302); 5. Планирање на траектории на една роботска рака (стр. 303 до стр. 348); 6. Литература (стр. 349);

Задачите по горенаведените теми опфаќаат задоволителен опсег на решенија на проблеми за кинематика, динамика и планирање на траекторија на роботска рака. Задачите и презентираните решенија за диференцијалните движења и брзини на роботска рака ги дополнуваат претходно наведените проблеми и го чинат учебното помагало една логична целина.

Според содржината и материјата која ја обработува ова учебно помагало може да биде корисно и за студентите на други технички факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и на останатите универзитети во Република Македонија каде што се негуваат слични наставни дисциплини.

- **Категоризација:** учебно помагало.

- **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот:**

Ракописот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи по вовед во роботиката“** од проф. д-р Елизабета Лазаревска може да се користи во наставата на ФЕИТ, по предметот роботика 1, како и во наставата по други сродни предмети на ФЕИТ, како и на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

Издавањето на ова учебно помагало ќе биде од голема корист за студентите. Преку ова учебно помагало студентите ќе имаат можност за ефикасно совладување на предметните содржини по наведените и сродни предмети.

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство можам да предложам доставениот материјал, по отстранувањето на дадените забелешки и по извршеното лекторирање, да се издаде како учебно помагало за студентите на насоките компјутерско системско инженерство и автоматика и електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија на ФЕИТ, како и за поширока употреба за други предмети на ФЕИТ и на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

- **Предлози за потребни корекции:**

За време на читањето на материјалот воочена е потреба за корекција и дополнителна поделба на горенаведените тематски целини. Воочена е и потреба за цитирање на користената литература. Овие корекции ќе донесат подобра прегледност при читањето и решавањето на задачите и подобрување на квалитетот на материјалот во целост. Исто така ќе создадат можности за следење на напредокот на читателот при решавањето на задачите.

Со цел материјалот да биде квалитетно изработен како во стручна така и во техничка и методолошка смисла, предлагам авторката да ги коригира забелешките и предлозите кои и се претходно дадени.

Издавањето на ова учебно помагало ќе биде од голема корист за студентите. Преку ова учебно помагало студентите ќе имаат можност за ефикасно совладување на предметните содржини по наведените и сродни предмети.

**Рецензент**

Доц. д-р Васко Саздовски, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ГРАФИКА,ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ И ЦРТАЊЕ НА КАТЕДРАТА ЗА ГРАФИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 17. 1. 2014 година, формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. д-р Трајче Блажевски, претседател, ред. проф.м-р Јован Шумковски, член и ред. проф. м-р Небојша Радојев, член.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и ,,Коха“ од 13.12.2013 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите графика, графички техники и цртање на Катедрата за графика при Факултетот за ликовни уметности во Скопје, се пријави кандидатот вонр. проф.м-р Мирко Вујисиќ.

Врз основа на приложената документација од страна на пријавениот кандидат, како и врз основа на неговата педагошка и ликовна дејност и останатите референци, Рецезентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Мирко Вујисиќ е роден во Прилеп во 1957 година. Училиште за применета уметност завршил во Скопје, на Одделот за графика, во 1977 година. Педагошка академија завршил во 1979 година. Во 1984 година дипломирал во првата генерација на Факултетот за ликовни уметности, во Скопје на Одделот за графика во класата на проф. Драгутин Аврамовски-Гуте. Во 1998 година магистрирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград, во класата на проф. Небојша Радојев. Во 1984 год. ја добил наградата на ФЛУ- ,,За најдобар покажан успех во текот на студирањето по матичниот стручно-уметнички предмет графика.”

Во 1985 год. ја добил Наградата за најдобар студент на генерацијата на Универзитетот ,,Св Кирил и Методиј” во Скопје.

Во 1989 год. ја добил Повелбата и Наградата од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” за покажан најдобар успех во студирањето меѓу двата јубилеја 1949-1989 год., а по повод 40-годишнината од основањето на Универзитетот.

Изложува: графика, цртеж, слика, калиграфија на голем број самостојни и групни изложби во земјата и во странство.

Учество – претседател на Комисија за организација и промовирање на изложбата Прво меѓународно биенале на графика-Ех Либрис-Отворено графичко студио- Скопје.

Предава цртање, графика и графички техники. Во својата педагошка активност се посветува и со подготовка, пишување на рецензии и предговори, промоивирање на изложби и афирмирање на млади уметници.

Живее во Скопје на адреса: ул. ,, Јани Лукровски” бр. 5-1/26
Тел: 078 454 116, 076 67 97 74, 27 78 39 6
е-адреса : mirkovuisic@yahoo.com
е-адреса: vuisic@flu.ukim.edu.mk

**Творечка активност**

Самостојни изложби

1976- Скопје, Галерија на Домот на ЈНА
1986- Скопје, Културно - информативен центар
1988- Врање, Србија, Галерија на Народен музеј
- Скопје, Уметничка галерија ,,Скопје” (Даут пашин амам)
1998- Куманово, Народен музеј
1999- Скопје, КИЦ, Изложба на графики мал формат
2000- Битола, Уметничка галерија, Изложба на графики
- Лесковац, Србија, Галерија ,,Сунце”
2001- Београд, Салон на ФЛУ, Изложба на графики
2003- Скопје, Галерија Аеро, Изложба на цртежи
2004- Струмица, Работнички универзитет ,,Јоска Свештарот”

Изложба на графики и цртежи
2005- Штип, Уметничка галерија ,,Безистен”, Изложба на графики

2010 – Изложба на слики , Македонска опера и балет МОБ Скопје

2010 - Изложба на цртежи, ,, Национална установа Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј - Штип

2011 - Изложба на цртежи и графики, Галерија ,,Мост” , Подгорица, Р. Црна Гора

2011 - Изложба на графики, цртежи, слики, Галерија ,,Робевци “ - Охрид

2012 - Изложба на графики, цртежи, акварели, Ликовен салон - Велес

2014-Изложба на графики и цртежи-Дом на армија, Салон ДЛУМ-Скопје

2014-Изложба на слики- Дом на културата- Кавадарци

Групни изложби

1982- Сараево, БиХ, Colegium artisticum, ,, Заедно 82”
- Белград, Дом на културата Студентски град
- Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”
1983- Сараево, БиХ, Colegium artisticum, ,, Заедно 83”

- Прилеп, Прилепска колонија, Дом на културата ,,Марко Цепенков”
- Сараево, БиХ, изложба на графики од студенти на југословенските академии, Дом на општествени дејности
- Скопје, Сликарство мал формат
- Скопје, Гала вечер со ,,Вечер”, изложба на млади сликари МНТ

1987- Битола, 6-то Триенале на југословенска графика

1988- Белград, Изложба на членовите на ДЛУМ, Дом на ЈНА
- Цетиње, 22 изложба на југословенската ликовна уметност
- Банска бистрица, ЧССР, Internacional woodgraving and woodetching exibition
- Врање, Србија, 15 ликовна колонија ,,Прохор Пчински”
- Скопје, графичка мапа на ФЛУ, галерија ,,АРТ Компас”

1989- Москва, СССР, Македонска графика
- Москва, СССР, Југосовенски уметници за Ерменија
- Белград, Србија, Мајска изложба на графика на Белгрдаскиот круг, галерија на графички колектив
- Белград, Србија, Современа македонска графика, Галерија УЛУС
- Канагава, Јапонија, 15 Internacional independente exibition

1990- Битола, 7 Триенале на југословенската графика
- Канагава, Јапонија, 16 Internacional independente exibition
- Скопје, галерија ГЛАМ, Сликарство мал формат

1991- Смедерево, Ликовна колонија ,,Графика 91”, Дом на културата
- Белград, ,,Графика 91”, Дом на културата Студентски град
- Скопје, Слики, графики и скулптури, Галерија ,,Анима”

1992- Белград, Изложба на мала графика, Графички колектив
- Темпи, Аризона, САД, Art Gallers State Univerzits of Tempi
- Гејнзборо Н.Ц. САД
- Ричмонд, Вирџинија, САД
- Мериленд, САД
- Њукасел, Австралија, Gallers of the Univerzits Newcastle

1993- Лесковац, Меѓународна изложба на графика од мал формат, Галерија ,,Сунце”
- Белград, Србија, Меѓународно биенале на графика, ,,Цвијета Зузориќ”

1994- Битола, Меѓународно графичко Триенале

1995- Варна, Бугарија, 8 Триенале на графи

- Темпи, Аризона, САД, Art Gallers state Univerzits of Tempi
- Гејнзборо Н.Ц. САД
- Ричмонд, Вирџинија, САД
- Мериленд, САД
- Њукасел, Австралија Gallers of the Univerzits Newcastle

Лесковац, Меѓународна изложба на графика од мал формат, Галерија Сунце

1996- Белград, Србија, Меѓународно биенале на графика, “Цвијета Зузориќ”
- Валандово, Ликовна колонија, Дом на културата
- Анкара, Турција, Изложба од ликовната колонија Валандово 96

1997- Ужице, Србија, Трето меѓународно графичко триенале на сува игла
- Лесковац, Србија, 3 Меѓународно биенале на графика од мал формат, Галерија Сунце

1998- Белград, Србија, Меѓународно биенале на графика, “Цвијета Зузориќ”
1999- Варна, Р. Бугарија, Меѓународно биенале на графика
- Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ
- Скопје, КИЦ, сликарство мал формат
- Скопје, Галерија на ДЛУМ, Македонско ликовно творештво мал формат
2000- Врање, Југославија,Народен музеј, Новогодишна изложба
- Вирновал, Белгија, Биенале на графика мал формат
- Скопје, изложба на ДЛУМ- цртеж
- Ниш, Југославија, Галерија на Србија, Сиќево, Ликовна колонија
- Скопје, Годишна изложба на графика
2001- Белград, Југославија, Графички колектив, изложба на мала графика
- Тетово- Домот на култура, Меѓународно биенале на мала графика
- Ниш, СЦГ, Галерија Србија, Нишки цртеж
- Варна, Р. Бугарија, Меѓународно графичко биенале
- Скопје, Портрет-автопортрет
2002- Виронвал, Белгија, Биенале на графика мал формат
- Велес, Меѓународно биенале на мала графика
- Скопје, КИЦ, Сликарство мал формат
- Ниш, СЦГ, меѓународна изложба на мала графика
2003- Варна, Р. Бугарија, меѓународно биенале на графика
- Тетово- Дом на културата, Меѓународно биенале на мала графика
- Ужице, СЦГ, меѓународно графичко биенале, сува игла
- Битола, Меѓународно графичко биенале
- Скопје, Ликовен салон на МАНУ, слика со песна
2004- Скопје, МГС, 50 години на ДЛУМ, Јубилејна изложба
- Ниш, Р. Србија, изложба на “Нишкиот графички круг”
- Осијек, Р. Хрватска, “Млада македонска графика”
- Скопје, Зонта Клуб, Дом на АРМ
- Ниш, Р. Србија, Галерија “Србија”, изложба на графики од три балкански градови
2005- Софија, Р. Бугарија, Галерија “СИБАНК”, изложба на графики од три балкански градови
2005- Малме, Шведска, Галерија “Ј.Т. АРТ”, изложба на македонски ликовни уметници
2006- Скопје, Национална галерија “Чифте-амам”, изложба на “Маил арт”, асоцијација за култура ИКОН
2006- Белград, Р. Србија, Дом на култура “Студентски град” изложба од циклусот „Професор и неговите студенти”,
2008- Скопје и Битола, Денови на културата на Србите во Македонија
2009- Скопје, КИЦ, Изложба на графика- мал формат

2012 - Изложба на слики , Дом на железница, Општина Палилула - Белград, Р.Србија

2013- Велигденска изложба , Асоцијација ИКОН - Скопје

2012 - Изложба на слики, хотел “ Уни Палас “ - Кавадарци

2012 – Изложба на слики, Дом на културата - Струмица

2013 - Изложба на цртежи и слики, хотел ,,Црвен Крст” - Струга

2013-Подгорица,Црна Гора-Изложба на Македонски уметници

2013-Лоц,Полска-Меѓународна изложба на графика мал формат

2014-Скопје, Втора меѓународна изложба ,,Мост “ македонско- турска соработка – изложбата ќе биде претставена во повеќе градови низ Македонија и Турција.

**Учество на поважни меѓународни ликовни семинари и колонии**

2012 - 2013 - ,, Палета” - Београд, ,,Покајница” - Велика Плана, ,, Рибарска Б.” - Р. Србија, Струга, Кавадарци, Струмица

Награди и признанија

1986- Откупна награда за графика на НУБ “Климент Охридски”
1987- Годишна награда за графика на ДЛУМ “Моша Пијаде”
1988- Меѓународно признание за графика во Банска Бистрица ЧССР
1992- Откупна награда за графика од МСУ
1997- Втора награда на Меѓународно графичко триенале во Лесковац
1999- Награда за графика на изложбата ,,Македонско ликовно творештво“, мал формат
2001- Меѓународна награда за графика на меѓународно биенале на мала графика во Тетово
2002- Меѓународна награда за графика на меѓународно биенале на мала графика во Велес

**Други наставно-образовни активности**

Организирање и реализација на едукативна посета на изложби
2003- Белград, Музеј на современа уметност, посета на меѓународната изложба на графики “Поп- арт и нова фигурација”
2003- Тетово, Дом на културата, посета на Меѓународното биенале на мала графика
2003- Велес, посета на Второто меѓународно биенале на мала графика
2003- Белград, посета на изложбата “Тахиќанки” од Пол Гоген
2003- Белград, Галерија на “Цвијета Зузориќ”посета на изложбата на графика, цртеж, и слики од Бернард Шулце, Емил Шумахер и Фред Тилер, во организација на Институтот за меѓународни врски

2003-2006- Белград. Галерија “Графички колектив” перманентна посета на графичките изложби
2003-2006-Белград, Галеријата на “Графичкиот центар-Академија” перманентна посета на графичките изложби
2003-2006-Белград, посета на изложбите на “Октобарски салон”
2003-2006- Белград, посета на годишните изложби на “УЛУС”
2004- Белград, Галерија на “САНУ”, посета на изложба на слики, акварели и цртежи на Кристобал Торал
2004- Белград, Галерија на шпанскиот културен центар“Сервантес”, посета на изложбата на графики на автори од 18-20 в. “Омаж на Веласкез”
2005-Белград, Народен музеј, посета на изложбата на првите одливи од антички скулптури со можност за тактилно чувствување
2006-Белград, Галерија ,,New moment“, посета на изложбата на графики и колажи од Пикасо, Дали, Ворхол, Раушенберг...
Организирани изложби со студенти
2004- Штип, Галерија “Безистен”, изложба на графики на студенти
2006- Белград, Галерија на Домот на културата “Студентски град” изложба од циклусот “Професорот Мирко Вујисиќ и неговите студенти”. Истата изложба се отвори на Академијата за ликовни уметности во Нови Сад и во Галеријата “Безистен” во Штип.

**Творечка активност**

Проф. м-р Мирко Вујисиќ своето ликовно творештво го базира на ликовните медиуми графика и сликарство, каде што примат има линијата како основен ликовен елемент како во графичкиот израз така и во делови од останатите медиуми во ликовноста, потоа шрафурата како еден од начините за надградба во графичното ликовно создавање во графиката, па се до медиумот сликарство и процесот сликање, каде што присуството на споменатиот ликовен постулат-линијата е присутна директно и индиректно во прикажаната форма на реалното, иреалното, просторноста, позадината и слично создавајќи целина во содејство со бојата,тонот,структурата и останатите ликовни градители на ликовното дело.Графичките дела на Вујисиќ не внесуваат и во просторното и тоа графичко решавање на старите мајстори како што се студијата,скицата во потесен и поширок поим на графиката, било да е тоа цртежот како посебно ликовно дело,творечки процес, медиум или сето тоа преточено во мултипликација, поточно графички кажано умножување на ликовното дело по пат на печатење со допир на постојните графички поделби висока, длабока, рамна и пропусна и умножување без допир дигитално(со сите технички иновации-иглично ласерски и сл) наречена компјутерска графика,незаборавајќи ја и индустрискиот офсет штампа-печат и слични технологии, приспособени за уметничко творење. Призвукот на неокласицизмот, неоромантизмот и останатите историски периоди во различни сегменти од ликовната уметност се испреплетуваат меѓусебно со едно ново современо видување на ликовниот јазик на проф. Вујисиќ, како во графиките така и во сликарските дела.Во ликовното творештво на Вујисиќ најприсутен елемент покрај другите од авторовиот видео круг е портретот. Портретот е присутен како главен или спореден на некои места во делото како еден неделив

дел кој не гледа, не посматра, не следи директно, индиректно, дискретно, срамежливо и слично. Портретот е мајсторски графичко сликарско ликовно решен, припаѓа во разноразни простори на уметничкото проседе.Портретот-лицето,изразот за истото негово ликовно височество за кого Ирена Павлова де Одорико во осврtот во еден од каталозите на проф. Мирко Вујисиќ ќе напише-цитира од "Речникот на Симболите" за лицето пишува "Никој никогаш го нема видено своето лице", што значи дека никој никогаш не можел да се види себеси, доколку не се појават напомош огледала и сликите. Лицето значи не е дадено да се види за себе,тоа е за другиот,но луѓето сакале или не им се покажува преку лицето и изразот најживиот најчувствителниот дел, внатрешното јас,делумно со големо кое оддава многу повеќе отколку било кој друг дел од ова наше тело.Во прилог за човековото лице и изразот Макс Пикард ќе напише "Човекот никогаш не се дрзнува да погледне нечие лице без извесно стравување, затоа што лицето првенствено постои за да биде видено од самиот бог". Творештвото на Вујисиќ е галерија на лица компонирани во еден чудесен метафизички свет каде што егзистираат калиграфијата, симболот, знакот, мислата, метафората, параболата и останатите други нешта кои го градат прашалникот на авторовиот надреален сон, исполнет со мистериозност , меланхоличност, чувствителност и скоро секогаш погледот е лоциран кон она нешто што е неодгатливо, неодоливо. Поконкретно, графичкото творештво преку цртежот(перо,молив,креон туш или сл) или печатената графика (бакропис,акватинта,сува игла,медзотинта,линорез) се еден различен своевиден запис хронологија од погледи на авторовата душа. Во предговорот за каталогот, м-р. Срџан Марковиќ ќе напише. ,,Графичките искази на Мирко Вујисиќ претставуваат изработка и дефинирање на метафората за изминливоста на времето и нештата.Творецот своите графички искази ги претвора во возбудливи настани во кои се провлекуваат вистините од светот во кој живееме и со реалноста на неговите внатрешни светови.Неговата графичка наобразба и практика започнува во средното училиште за применета уметност на одделот за графика,продолжува на Педагошката академија-група: ликовно воспитување,подоцна да би дипломирал во првата генерација на Факултетот за ликовни уметности на Одделот за графика во класата на проф. Драгутин Аврамовски-Гуте. Магистерските студии ги завршил во Белград на ФЛУ во класата на професорот Небојша Радојев. Во 1984 година ја добил наградата ,,За најдобар покажан успех во текот на студирањето по матичниот стручно-уметнички предмет Графика". Во 1985 година ја добил наградата ,,За најдобар студент на генерацијата на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, како и повелба и награда од споменатиот Универзитет ,,За покажан најдобар успех во студирањето меѓу двата јубилеја, 1949-1989, по повод 40 години од основањето на Универзитетот.Веднаш по дипломирањето бил вработен како стручен соработник во Графичкиот оддел при ФЛУ. Од 1999 година е избран за доцент- Реферат објавен во Билтен бр. 725 на ФЛУ, по предметите графика со графички техники и цртање во графичкиот оддел. Вујисиќ бил продекан на Факултетот од 2000 до 2002 година,а од 2003 раководител на Графичкиот оддел. Во 2004 година ( Билтен бр 850) е избран возвањето вонреден професор по предметите графика , графички техники и цртање во Графичкиот оддел. Во 2009 година (Билтен бр. 963) Рецензентската комисија негативно го оценува неговиот реизбор за редовен професор.Својата педагошка дејност со студентите и творечката активност продолжува и во

наредниот период.Воопштено кажано и претходно неговата педагошка активност освен во графичките атењеја се реализира и со едукативни посети на изложби,графички работилници,организирање на изложби и отварање на истите подготовка на разни предговори,рецензии како и посредување при разни други културни манифестации со една единствена цел-едукација на студентите.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ликовното творештво и истражување на вонр.проф. м-р Мирко Вујисиќ во медиумите графика и сликарство, е во подем, за што сведочат и неговите експонирања на домашната и надворешната ликовна сцена. Земајќи ги предвид и резултатите од неговото севкупно ангажирање во педагошко-образовниот процес и коректниот однос кон колективот на ФЛУ, придонесе Рецензентската комисија да донесе заклучок дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за избор за наставник во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му предложи, вонр. проф. м-р Мирко Вујисиќ да биде избран во звањето редовен професор по предметите графика, графички техники и цртање на Катедрата за графика.

**Рецензентска комисија**

Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, претседател, с.р.
Ред. проф. м-р Јован Шумковски, член, с.р
Ред. проф. м-р Небојша Радојев, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **вонр. проф. м-р Мирко Вујисиќ**
**Институција:** **Факултет за ликовни уметности – Скопје**
**Научно- уметничка област: Катедра за графика**

| Ред. број | **Назив на активноста :** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Графика,2006/2007,зимски, 4x150x0,04 | **2,4** |
| | Графика,2007/2008, летен/зимски, 10x15x0,04 | **6** |
| | Графика,2008/2009,летен/зимски,6x15x0,04 | **3,6** |
| | Графика,2009/2010,летен/зимски,8x15x0,04 | **4,8** |
| | Графика,2010/2011,летен/зимски,10x15x0,04 | **6** |
| | Графички техники,2006/2007,зимски,2x15x0,04 | **1,2** |
| | Графички техники,2007/2008,летен/зимски,2x15x0,04 | **1,2** |
| | Графички техники,2008/2009,летен/зимски,4x15x0,04 | **2,4** |
| | Графички техники,2009/2010,летен/зимски4x15x0,04 | **2,4** |
| | Графички техники,2010/2011,летен/зимски,4x15x0,04 | **2,4** |
| | Цртање,2006/2007,зимски,2x15x0,04 | **1,2** |
| | Цртање,2007/2008,летен/зимски,4x15x0,04 | **2,4** |
| | Цртање,2008/2009,летен/зимски,10x15x0,04 | **6** |
| | Цртање,2009/2010,летен/зимски,6x15x0,04 | **3,6** |
| | Цртање,2010/2011,летен/зимски,4x15x0,04 | **2,4** |
| **2.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Графика 2009/2010, летен/зимски,8x15x0,05 | **6** |
| | Графички практики 2009/2010, летен, 3x15x0,05 | **2,25** |
| | Графика и тегники,2009/2010, летен/зимски, 2x15x0,05 | **1,5** |
| **3.** | **Одржување на вежби** | |
| | Графика,2006/2007, зимски, 6x15x0,03 | **2,7** |
| | Графика,2007/2008, летен/зимски, 12x15x0,03 | **5,4** |
| | Графика,2008/2009, летен/зимски, 6x15x0,03 | **2,7** |
| | Графика,2009/2010, летен/зимски, 10x15x0,03 | **4,5** |
| | Графика,2010/2011, летен/зимски, 10x15x0,03 | **4,5** |
| | Графички техники,2006/2007, зимски,2x15x0,03 | **0,9** |
| | Графички техники,2007/2008, летен/зимски,2x15x0,03 | **0,9** |
| | Графички техники,2008/2009, летен/зимски,4x15x0,03 | **1,8** |
| | Графички техники,2009/2010, летен/зимски,4x15x0,03 | **1,8** |
| | Графички техники,2010/2011, летен/зимски,4x15x0,03 | **1,8** |
| | Цртање,2006/2007, зимски,2x15x0,03 | **0,9** |
| | Цртање,2007/2008, летен/зимски,4x15x0,03 | **1,8** |
| | Цртање,2008/2009, летен/зимски,10x150x0,03 | **4,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | Цртање,2009/2010,летен/зимски,8x15x0,03 | **3,6** |
| | Цртање,2010/2011,летен/зимски,8x15x0,03 | **3,6** |
| | Графика,2009/2010,летен/зимски,8x15x0,03 | **3,6** |
| | Графички практики,2009/2010,летен,3x15x0,03 | **1,35** |
| | Графика и техники,2009/2010,летен/зимски,2x15x0,03 | **0,9** |
| **4.** | **Консултации со студенти** | |
| | 2009/10, летен/зимски,4x15x0,002 | **0,12** |
| | 2010/11,летен/зимски, 4x15x0,002 | **0,12** |
| | Мантор на дипломска работа, 2006/2014,31x02 | **6,2** |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура,2006/2014,6x0,3 | **1,8** |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа,2006/2014,50x0,1 | **5,0** |
| | **Вкупно** | **118,36** |

**Н
АУ
ЧН
ОИ
СТР
АЖ
УВА
ЧК
А
ДЕЈ
НО
СТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | Ментор за магистерска работа 2008/2014 19x1 | **19** |
| | **Вкупно** | **19** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **9** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик)** | |
| 1 | **2013**- Подгорица , Р.Црна Гора , Изложба на цртежи и графики “ Галерија Мост ” | 7 |
| | **Самостојни изложби – во странство** | |
| 1 | **2012** – Београд , Р.Србија , Изложба на слики ”Дом на железница “ – општина Палилула | **4** |
| | **Самостојни изложби – во земјата** | |
| 1 | **2010 –**Скопје, Изложба на слики “МОБ”- Скопје | **3** |
| 2 | **2010-** Штип, Изложба на цртежи “Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј ” | **3** |
| 3 | **2011 –** Охрид, Изложба на графики , цртежи , слики , Галерија ,, Робевци ” | **3** |
| 4 | **2012** - Велес, Изложба на графики , цртежи , акварели “Ликовен Салон ” | **3** |
| 5 | **2014 –** Скопје, Изложба на графики и цртежи “ Дом на Армија” , салон ДЛУМ – Скопје | **3** |
| 6 | **2014-** Кавадарци, Изложба на слики “Дом на културата ” | **3** |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана Манифестација (во странство)** | |
| 1 | **2013-** Лоѓ , Полска , Меѓународна изложба на графика мал | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | формат | |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата)** | |
| 1 | **2014-** Скопје и други градови низ Македонија и Турција , Меѓународна изложба ,, Мост ” | **5** |
| | **Груно јавно претставување со ликовни дела ( во земјата )** | |
| | **2008** – Скопје и Битола, Ден на културата на Србите во Македонија | **1** |
| | **2009 -** Скопје , КИЦ , Изложба на графики мал формат | **1** |
| | **2012 –** Кавадарци , Изложба на слики, хотел ,,Уни Палас “ | **1** |
| | **2012** – Струмица , Изложба на слики , ” Дом на културата“ | **1** |
| | **2013** – Струга , Изложба на слики , Хотел ”Црвен Крст“ | **1** |
| | **2013** – Скопје , Велигденска изложба , Асоцијација ”ИКОН“ | **1** |
| | **Учество на ликовни колонии –во странство во периодот од 1998-2013 година** | |
| 1 | **2012** – Белград, Р. Србија, ,,Палета” | **1** |
| 2 | **2012** – Велика Плана, Р.Србија ,,Покајница” | **1** |
| | **Учество на ликовни колонии – во земјата во периодот од 1998-2013 година** | |
| 1 | **2012** – Струга, Сликарска ликовна колонија | **0,5** |
| 2 | **2012**– Кавадарци, Сликарска ликовна колонија | **0,5** |
| 3 | **2012**–Струмица, Сликарска ликовна колонија | **0,5** |
| | **Позначајни награди и признанија** | |
| | **Вкупно** | **45** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Член на национална жири комисија** | |
| | 2012-Претседател на Комисијата за организација и промовирање на изложбата на ,,Првото меѓународно биенале на графика”-изложба на Ex Либрис-Отворено графичко студио-Скопје | 2x1= **2** |
| | **Вкупно** | **2,0** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **118,36** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **19,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **45,00** |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **2,00** |
| **Вкупно** | **184,36** |

**Рецензентска комисија**
Ред. проф .д-р  Трајче Блажевски, претседател, с.р.
Ред. проф. м-р  Јован Шумковски, член, с.р.
Ред. проф. м-р Небојша Радојев, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИПЛОМАТИЈА И КОНТРАДИПЛОМАТИЈА: ВЛИЈАНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ ВРЗ ИДНИНАТА НА ДИПЛОМАТИЈАТА“ ОД М-Р ИГОР ГЕЛЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата III редовна седница одржана на 22.1.2014 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје нè избра за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Игор Гелев под наслов ,,Дипломатија и контрадипломатија: влијанието на информатичкото разузнавање врз иднината на дипломатијата“.

Комисијата во состав: проф. д-р Билјана Ванковска (ментор), проф. д-р Тони Милески, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Лидија Георгиева и доц. д-р Рина Киркова-Танеска, пред Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет имаат чест да го поднесат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд на м-р Игор Гелев, докторанд на Институтот за безбедност, одбрана и мир - од областа на безбедноста под наслов ,,Дипломатија и контрадипломатија: влијанието на информатичкото разузнавање врз дипломатијата“, е изложен на вкупно 272 страници компјутерски отчукан текст. Текстот е поткрепен со 258 фусноти, илустриран со 20 графички прикази, 31 табела и резултати од квантитативното истражување, интерпретирани на 72 страници. Трудот претставува систематизирана и конзистентна целина составена од вовед и три дела. Всушност, во третиот дел се изложени заклучоците од извршеното истражување. Библиографијата е составена од релевантни документи и акти, како и домашни и странски публикации, книги, статии и анализи.

Воведниот дел ги содржи клучните одредници на истражувањето. Оттука, тој упатува на предметот и целите на истражувањето, а воедно ги формулира проблемот, хипотетичката и методолошката рамка на истражувањето. Теориската рамка во која се движи ова истражување се меѓународните односи и меѓународната безбедност, а во средиштето се наоѓа концептот на „нормативната моќ” на меѓународната дипломатија, според кој светската дипломатска хармонија се заснова на претходно договорени и уредени меѓународни дипломатски односи кои се почитуваат меѓу државите. Но, истражувањето ги надминува класичните и донекаде застарени концепти поврзани со дипломатијата во меѓународните односи, па во фокусот ги става најновите тероиски и практични предизвици во вид на контрадипломатија и информатичко разузнавање, за кои се оценува дека имаат огромно влијание врз иднината на дипломатијата каква што е досега позната. Во таа смисла, докторандот најнапред го дефинира поимот контрадипломатија, а потоа ги обликува методите за мерење на влијанието на контрадипломатијата (или информатичко разузнавање) врз иднината на дипломатијата во специфични околности, во кои денес се одвиваат меѓународните односи.

Најновите случувања и теоретските анализи кои следуваат, го поставуваат клучното прашање: дали нормативната моќ (тука се вклучени и меката и тврдата моќ) на дипломатијата им служи на националните или глобалните интереси, или може да го креира и обликува светското јавно мислење и за прашања поврзани со легитимацијата на употребата на сила во име на наводни хуманитарни цели? Во таа смисла и ова истражување, кое е засновано на конструктивистички премиси, дава одговор на овој и сличен вид на прашања, и тоа преку идентификација на феноменот на Викиликс како интернетски инструмент преку кој разни актери (свиркачи) да можат да пласираат документи, видео- и аудио снимки за сето она што современите и (не)демократски институции се обиделе да го сокријат од своите граѓани, а се смета за дел од надворешната, односно внатрешната политика на државата/државите. Во таа смисла, истражувањето е насочено на интегралноста на дипломатскиот естаблишмент и одговорноста кон своите граѓани. Па така, теориското определување на проблемот на истражување се лоцира во рамките на меѓународната дипломатија, односно преку различни теориски постулати како што се институционализмот, глобализацијата, колективизмот, либерализмот, како и преку разни теории на дипломатските процеси, почнувајќи од дипломатскиот функционализмот, па сè до либерал-интерговерментализмот и дипломатскиот културализам.

Во првиот дел од дисертацијата, кандидатот се фокусира на теориската елаборација на дипломатијата, следејќи ги таксономијата на настаните и еволуцијата на дипломатијата во поимна и содржинска смисла, притоа задржувајќи ја првобитната врска со традиционалната дипломатија. Почетната теза е дека дипломатијата на меѓународната сцена значи управување на меѓународните односи преку преговарање, односно практицирање на соработката на односите меѓу државите со мирољубиви средства. Со други зборови, таа претставува процес на транснационална комуникација меѓу политичките елити на светската политичка арена.

Бројните предизвици детерминирани од новите општествени, па и светски процеси постулираа еден друг вид на (не)институционална дипломатија наречена повеќедимензионална дипломатија. Кога станува збор за ваков вид на дипломатија, се забележува дека иако терминот не се среќава често во научната литература, тој се користи како платформа за опишување на сите други видови на дипломатија, вклучително и т.н. сајбер-дипломатијата.

Овој вид на дипломатска колоборативна соработка требаше да претставува ексклузивен вид на дипломатија меѓу државите, и особено големите сили, сè додека недржавните актери на контрадипломатијата не ги обелоденија нус-производите од ваквиот вид на дипломатија во вид на флагрантно кршење на меѓународното право и на човековите права. Недржавните актери ги стимулираа процесите во сајбер-дипломатијата и го најавија, односно го промовираа своето алтернативно влијание на меѓународната дипломатска сцена, а класичната дипломатија ја деконструираа и ја ослободија од велот на тајноста.

Кога говориме за недржавните актери, акцентот е ставен на глобалното цивилно општество околу поимното определување на јавната дипломатија како репрезент на современата дипломатија и контрадипломатијата како нејзина

противтежа. Глобалното цивилно општество претставува сложен комплексен динамичен систем на вмрежени субјекти со различни цели, задачи и активности чијшто мултиплицирани ефекти се рефлектираат во секој крај од светот. Субјектите и актерите на глобалното цивилно општество можат да бидат напредни или регресивни форми, демократски или недемократски, или, пак, елитистички или сиромашни творби во процесот на глобализација. Како и да е, глобалното цивилно општество денес претставува доминантен актер на глобалната сцена со тенденција да го заземе приматот во општествата кои се имуни на процесот на глобализација. Најекспонирани и најактуелни процеси или креации на глобалното цивилно општество се јавната дипломатија и нејзиниот еквилибриум контрадипломатијата со своите “предатори” - недржавните актери.

М-р Гелев издвојува дека јавната дипломатија претставува сублимат на внатрешната и на надворешната политика за постигнување на (над)националните цели. Па така, наместо да се влијае директно на владите или челниците на државите за промена на политичкиот курс, тоа се прави врз индивидуи, непрофитни здруженија и останати релевантни чинители кои имаат влијание во креирањето на внатрешната политика. Во услови на криза на дипломатијата, јавната дипломатија може да понуди излез од мултидимензиониран проблем. Јавната дипломатија со помош на недржавните актери креира и дизајнира најразлични политички, социо-економски или безбедносни ситуации. Недржавните актери имаат големо влијание на сите полиња и се незаменлив дел на јавната дипломатија. Одликата на недржавните актери е во моќта на иницирање или катализирање на суштествени политички процеси кои (ќе) имаат вкупен импакт на целокупната ситуација.

Кандидатот со право заклучува дека контрадипломатијата се јавува како резултат на оксиморонот јавно-тајна дипломатија. Тајните дипломатски депешеа кои говореа за бројни коруптивни скандали, кршење на човековите права, (не)хумани воени интервенции и сл., беа обелоденети од страна на недржавните актери на контрадипломатијата. Недржавните актери на контрадипломатијата ги користеа социјалните мрежи и виртуелниот сајбер-простор за креирање на јавното мислење.

Во вториот дел, кандидатот извршил квалитативна и квантитативна анализа на тоа што е предмет на истражување. Па така, во квалитативниот дел е вршена анализа на изјави, интервјуа и аудиоснимки на актерите кои директно или индиректно се инволвирани во јавната дипломатија или контрадипломатијата. Со користење на холистичката метода, кандидатот вршел логично поврзување на изјавите од релевантните актери со податоците од објавените класифицирани документи и анкетите на реномирани куќи за испитување на јавното мнение и политичкиот рејтинг на испитаниците.

Квантитативниот дел од истражувањето опфаќа мерење на фреквенцијата на основната единица на анализа на истражениот материјал и одредување на темите кои се истражуваа по број на објави, анализа на содржината и медиуми (по тип и вид) и се врши класификацијата на добиените резултати. На тој начин е направена аналитичко-синтетичка анализа и холистичка проверка на претходно зададените претпоставки за афирмација на контрадипломатијата. Па така, со анализата на содржината има јасно датирање на хипотезите и определување на афирмацијата на содржината на текстовите и

нејзината поврзаност со “публиката”, а воедно ги идентификува и релевантните настани кои се последица или имале влијание на политичките збиднувања во меѓународни рамки.

Третиот дел го содржи сублиматот, односно заклучокот на трудот со истакнување на научниот придонес, теориската и практична полза, како и препораки. М-р Гелев ги сублимира анализите и наодите до кои дошол во текот на истражувањето во вид на научен заклучок. Заклучните согледувања се однесуваат на конкретни сознанија за секое прашање кое е предмет на разгледување на овој труд. Па така, се заклучува дека „свиркачите“ како недржавни меѓународни актери, како поединци или организирани групи, промовираа поинаков концепт на обзнанување и своевидно „лустрирање“ на (не)вистините на настаните и политиката на меѓународната сцена водена од големите сили, притоа поттикнувајќи граѓанско освестување во државите засегнати од информациите, но и поголема внимателност во комуникацијата со другите држави и сопствените дипломатски претставништва. Благодарение на контрадипломатијата ќе расте способноста на малите актери да донесат прашања од интерес на глобалната дебата, а на големите актери ќе им биде намалена неограничената моќ.

Заклучоците кои произлегуваат од истражувањето нудат препораки и за тоа каква позиција треба да заземе Република Македонија на меѓународната политичка сцена, по однос на надворешната политика и изборот на стратешките партнери. Исто така, истражувањето покажува дека е потребно креирање на здрава клима за функционирање на цивилно општество, како и вклучување на цивилните актери во прашања кои се однесуваат за надворешната политика на државата, но и помош при гео-политичкото позиционирање на меѓународната дипломатска сцена, како и поддршка на недржавните актери како коректори на општествените аномалии.

Членовите на Комисијата, откако ја прочитаа докторската дисертација, се состанаа и се сложија околу заедничката едногласна

**ОЦЕНКА**

Докторската дисертација под наслов ,,Дипломатија и контрадипломатија: влијанието на информатичкото разузнавање врз иднината на дипломатијата“, поднесена од кандидатот м-р Игор Гелев, докторанд на Институтот за безбедност, одбрана и мир - од областа на безбедноста, претставува иновативен, солиден и конзистентен труд, кој недвосмислено ја демонстрира умешноста за елаборирање сериозни теориски концепти и за нивно збогатување, особено по прашања за кои постојат објективни пречки во истражувањето на веродостојноста и конзистентноста во подолг временски период за да се потврдат хипотезите и добиените резултати. Научната обработка на новите феномени, како што се контрадипломатијата, „свиркачите“, и, воопшто, актерите на глобалното цивилно општество, претставува несомнен научен придонес во досега неистражената сфера на теоријата на безбедноста, меѓународните односи и меѓународната безбедност. Сознанијата стекнати низ

ова истражување се од интердисциплинарна, ама и трансдисциплинарна природа, и се презентирани на начин кој создава своевидна синергија и како таква ќе биде појдовна основа за многу идни истражувања на ова што засега е феномен и новина на меѓународен и национален план.

Во изборот на методолошкиот пристап во истражувањето, кандидатот ја демонстрира умешноста да употребува соодветна методологија во истражување на мошне комплексно и досега неистражено прашање, особено во делот на поврзување на добиените резултати од квантитативното истражување со квалитативното истражување. Имајќи ги предвид специфичностите на проблемот и предметот на истражување, дисертацијата има и одредени слабости, кои генерално не го намалуваат квалитетот на истражувањето. Добиените сознанија меѓусебно се надополнуваат, што ѝ дава посебен квалитет на избраната тема. Трудот изобилува со податоци кои се сместени во соодветен контекст, анализирани и компарирани.

Комисијата едногласно ја презентира својата позитивна оценка за докторската дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му предложи постапката да ја проследи во наредната фаза, односно да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација на докторандот м-р Игор Гелев.

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.

Проф. д-р Тони Милески, с.р.

Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

Доц. д-р Рина Киркова – Танеска, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗАЕДНИЧКИТЕ И ПОСЕБНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ОПЕРАТИВНИТЕ МЕНАЏЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “, изработена од М-Р ТОНИ СОКЛЕВСКИ,
ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ во Скопје

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Тони Соклевски со наслов *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија*, Научниот совет на ИСППИ, на својата седница одржана на 18.12.2013 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. проф. д-р Мирјана Борота Поповска
2. проф. д-р Радмил Поленаковиќ
3. проф. д-р Јорде Јакимовски
4. вон. проф. д-р Кирил Постолов
5. доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на ИСППИ го доставуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

**1. Општи согледувања**

Докторската дисертација од кандидатот м-р Тони Соклевски со наслов *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија*, укажува на нагласената потреба во Република Македонија да се антиципира улогата и значењето на оперативниот менаџмент, бидејќи самиот по себе тој е клучен фактор за зголемување на профитот преку подобрување на производната ефикасност. Призмата низ која се елаборира тезата е стратегискиот пристап во менаџирањето на човечките ресурси, поточно аспектот на компетенции, со единствена цел да се моделира функцијата на оперативниот менаџмер на ниво на професионалност. Како резултат се очекува подобрување на процесите и функциите кои ќе резултираат во високи приходи и ниски тошоци и постигнување одржлива конкурентска предност. Во трудот се настојува да се воспостави изгубената врска меѓу теоријата и практиката во доменот на стратегискиот третман кон оперативниот менаџмент.

Предметот на ова истражување е да се дефинираат заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во РМ, т.е. влијанието на компетенциите како значаен фактор за успешно и професионално извршување на оперативните функции во соодветните оперативни области.

Голем број релевантни студии, спроведени во развиените земји, потврдуваат дека стратешкиот пристап кон унапредувањето на професионализацијата на оперативните менаџери и инвестирањето во унапредувањето на нивната компетентност е поврзано со супериорни организациски перформанси. Во македонски контекст, оваа проблематика е недоволно истражувана и со овој труд се прави придонес во разбирањето на релациите меѓу стратегијата на организацијата и оперативните менаџери.

Способноста да се одговори на предизвиците поставени помеѓу врвниот (топ) менаџмент , оперативниот и линискиот менаџмент лежи во градење на модел на компетенции на оперативниот менаџер, кои би прераснале во национални стандарди.
Незадоволителните резултати во работењето на повеќето производствени и услужни организации во Македонија, покрај другото, се должи и на несоодветното менаџирање на човечките ресурси по однос на компетенциите и работните однесувања потребни за ефикасно и ефективно извршување на организациските стратегии. Основен недостаток на организациите во Р. Македонија е непостоење (или немање) на функционален систем за оперативно менаџирање дури и во услови кога организацијата има развиени и дефинирани конкурентни стратегии, а и пошироко во рамките на општото опкружување.

Врз основа на опсежен преглед на литературата и истражување на теоријата за оперативниот менаџмент и менаџментот на човечки ресурси базиран на компетенции, развиена е концептуална рамка во која се утврдува нивото на компетенции потребни за реализација на работните задачи и активности и исполнување на барањата кај трите нивоа на менаџмент (топ, оперативните и линиските менаџери).
Тестирањето на хипотезите е извршено преку квантитативен метод и статистичка анализа на податоци добиени од прашалници дистрибуирани до 224 испитаници, од кои 40 врвни менаџери, 104 оперативни менаџери и 80 линиски менаџери. Профилот на испитаните оперативни менаџери е следен: во 70% случаи, тоа е маж на возраст од 41 до 50 години и работно искуство од околу 10 години како оперативен менаџер, главно со високо образование. Примерокот на организации според сектори на дејности е направена според класификацијата на Државниот завод за статистика, при што се опфатени менаџери од различни видови на производствени и услужни организации.

Дизајнот на истражувањето и креирањето на инструментите се надоврзува на претходни емпириски истражувања и веќе развиени инструменти од страна на најзначајните истражувачи во теоријата на компетенции за менаџерите во

развиените економии, особено во Англија и Велс (Мансфиелд, Митцхел, Франк, Миллер).

**2. Придонес на докторската дисертација**

Докторската дисертација од м-р Тони Соклевски со наслов *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија*, преку систем на рационални, функционални, логички, епистемолошки и технички компоненети ги верификува, ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област.

Со ова истражување се дефинира моделот на компетенции (заедничките и посебните компетенции) на оперативните менаџери во Република Македонија кој може да преставува основа за формирање на национални стандарди за оперативните менаџери. Основа на овој модел е балансот помеѓу потребните компетенции и барањата што треба да ги исполнат оперативните менаџери како критериуми. Според добиените резултати од истражувањето се докажа постоењето на компетенции за работни задачи, активности и во контекст на работата, постоење на барања за знаење/образование, вештини, способности и работен стил, како и постоење на посебните компетенции.

Согласно со претходното, дисертацијата го потенцира значењето на конкурентност на организациите, давајќи им насоки на менаџерите за нејзино унапредување преку создавање на ефективен модел на компетенции на оперативните менаџери.

Практичното значење на докторската дисертација е во можноста понудените структурни модели за оперативен менаџмент да се искористат од страна на компаниите во Република Македонија.

Овој труд означува чекор натаму и отвора простор за започнување нови процеси за понатамошна трансформација и засилување на улогата и значењето на оперативниот менаџмент во модерниот менаџмент и севкупното работење.

**3. Содржина на дисертацијата**

Теоретското елаборирање и анализата во докторската дисертација со наслов *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија*, поднесена од кандидатот м-р Тони Соклевски е содржана на 250 страници текст, со голем број на шематски прикази, табели, графикони и илустрации, поткрепено со најнови сознанија од оваа област, кои кандидатот ги црпи пред сè од странска литература - книги и научни трудови, поврзани со предметот и целите на истражувањето.

Оваа докторска дисертација ги содржи следниве делови: воведно излагање, теоретска рамка на истражувањето, методологија на истражувањето, заклучни согледувања и препораки. Теоретската рамка содржи три тематски целини (1.-3. поглавје): компетенции, оперативен менаџмент и оперативни менаџери, а вториот дел, методологијата на истражување се состои од пет тематски целини (4.–8. поглавје): дефинирање на истражувањето, предистражување, хипотетска рамка и методолошки пристап, анализа и интерпретација на резултатите и модел на компетенции.

Во ***воведниот дел*** се изнесени најсовремените теоретски истражувања од областа на компетенциите на менаџерите и оперативниот менаџмент, актуелноста на проблемот на истражување како во светски размери, така и во Република Македонија.

***Првото поглавје*** се однесува на современите светски теории за компетентост кои ги дефинираат компетенциите како идентификувани однесувања, знаења, вештини и способности, кои директно и позитивно влијаат на успехот на вработените и организациите. Во ова поглавје потенциран е предизвикот на современата теорија на компетентност: да се развие конзистентна и кохерентна типологија на компетентност дури и во земјите каде што постои очигледна разновидност во приодите. Секој од четирите доминантни пристапи има особено силни страни. Традиционалниот американски пристап покажа важност на индивидуалните карактеристики и употребата на компетентноста на однесувањето како средство за развивање на супериорни перформанси. Британскиот приод ја покажа вредноста на професионално дефинираните стандарди на функционалната компетенција и нивната применливост на работното место. Пристапот усвоен во Франција и Германија го демонстрира потенцијалот на мултидимензионален и повеќе аналитички концепт на компетентност. Покрај тоа, постојат знаци на конвергенција во националните пристапи кон компетенции, не само во Европа туку и меѓу европски и американски модели, што укажува дека постои вредност во мултидимензионалниот пристап за развивање на глобалното разбирање на овој термин.

Во ***второто поглавје*** се истакнува значењето на оперативниот менаџмент со своите три компоненти: развој на производи и/или услуги, дизајн на процеси и веригата на набавки и неговото директно влијае врз целите на изведба, односно врз организациската изведба, а преку неа заедно со линискиот менаџмент на тековната организациска конкурентност. Во ова поглавје, со систематски приод, оперативниот менаџмент се дефинира како термин кој ги соединува активностите, одлуките и одговорностите на оперативните менаџери.

***Третото поглавје*** се однесува на оперативните менаџери како човечки ресурси задолжени за менаџирање со оперативните функции во чии рамки се врши трансформација на ресурсите. При тоа, се нагласуваат нивните одговорности во организацијата кои придонесуваат за ефективно производство на производи и услуги и потребните компетенции за професионално извршување на своите задачи.

***Четвртото поглавје*** прецизно го дефинира истражувањето преку појавата, проблемот, предметот, целите, очекуваните резултати и корисниците на истражувањето.

Во ***петтото поглавје*** се дадени заклучоците и препораките од извршеното предистражување во македонските фирми кое беше наменето за перцепцијата на поимот оперативен менаџер во фирмите со производствена и услужна дејност, како и за кои знаења, способности, вештини и компетенции треба да ги имаат на нивното соодветно работно место. Резултатите од ова предистражување беа појдовна точка во градењето на истражувањето на трудот и почетен темел на моделот на компетенции на оперативните менаџери во РМ.

***Во шестото поглавје*** поставена е хипотетската рамка и методолошкиот приод во истражувањето, истражувачкиот дизајн, примерокот, методите, постапките и инструментите употребени во истражувањето.

Содржината на ***седмото поглавје*** се состои од дескриптивна анализа и интерпретација на добиените резултати, како и статистичко тестирање и докажување на предложените хипотези. Во ова поглавје, детално се елаборираат и обработуваат сите значајни аспекти на заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во РМ, потребни за успешно и професионално извршување на работното место.

Во завршниот дел, ***Заклучни согледувања и препораки од истражувањето,*** се сублимираат комплетните сознанија и заклучоци кои се однесуваат на компетенциите на оперативните менаџери во Р. Македонија. Посебен дел е посветен на препораките и нивните импликации во менаџирањето со човечките ресурси.

Со ова истражување се потврдија заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија кои се основа за формирање на национални стандарди за оперативните менаџери.

## 4. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Тони Соклевски, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е: *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија*, дава сериозен и значаен научен придонес во областа на организациските науки-менаџментот. Трудот претставува самостоен, оригинален и научно високостручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен е врз база на обемен научен материјал, со спроведување на комплексно истражување на терен, и има извонредно значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Од содржината, методологијата и начинот на изработка на дисертацијата, како и од прикажаните резултати од истражувањето, преку успешниот спој на области, се потенцира деталното познавање на предметот на истражување, студиозен и темелен пристап и владеење со презентираната проблематика.

Докторандот добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се темели врз доследна примена на основните епистемолошки начела: сеопфатност, сисатематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

Во елаборацијата на трудот, кандидатот, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло, генеза и значење.

Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно трудот се темели врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатот покажува дека е способен да го

обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд.
Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на оригинален модел за компетенциите на оперативните менаџери , применлив во организациите во Република Македонија, што има за цел зголемување на конкурентската способност на македонските деловни субјекти, а со тоа и на националната економија.
Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација и од аспект на содржина, обем и постигнатото ниво на квалитет.
Покрај научно-теорискиот придонес за донесување одлуки од стратегиско значење, исклучителна важност има научно-апликативниот придонес на докторската дисертација. Преку креативноста, мултидисциплинарниот и научниот пристап е овозможено поврзување на целото истражување во една логичка целина, чија вредност е зголемена со можноста за примена во практиката.
Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатот во својата докторска дисертација целосно успеал да одговори на предизвиците што ги поставил при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.
Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на ИСППИ:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација со наслов *Заедничките и посебните компетенции на оперативните менаџери во Република Македонија,*
2. на кандидатот м-р Тони Соклевски да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на
докторската дисертација

1. Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

2. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ с.р.

3. Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.

4. Вон. проф. д-р Кирил Постолов с.р.

5. Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ с.р.